УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ„
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ФИЛОЗОФИЈА
С К О П Ј Е

# ЛИБЕРАЛНА ТЕОРИЈА НА МАЛЦИНСКИТЕ ПРАВА
## (Компаративна студија на Хрватска и Македонија)

**изработила:**
**Весна Станковиќ-Пејновиќ**

**ментор:**
**Бранко Саркањац**

**СКОПЈЕ, 2007 година**

# СОДРЖИНА

| | | |
|---|---|---|
| | **ВОВЕД** | 1 |
| 1. | **ДИСКУРС НА ЛИБЕРАЛИЗМОТ** | 5 |
| 1.1. | ИСТОРИСКА ГЕНЕЗА НА ЛИБЕРАЛИЗМОТ | 7 |
| 1.2. | ПРИНЦИПИ НА ЛИБЕРАЛИЗМОТ | 9 |
| 1.2.1. | СЛОБОДАТА КАКО ВРВНА ВРЕДНОСТ | 9 |
| 1.2.2. | АВТОНОМИЈА И ПРИНЦИП НА ГРАЃАНСТВО | 11 |
| 1.2.3. | ТОЛЕРАНЦИЈА | 12 |
| 1.2.4. | МОРАЛНОСТ, ПРАВЕДНОСТ, ИНДИВИДУАЛИЗАМ | 14 |
| 1.3. | СОВРЕМЕН ЛИБЕРАЛИЗАМ | 16 |
| 1.4. | ТЕОРИЈА НА ПРАВЕДНОСТ | 17 |
| 1.5. | ЛИБЕРТАРИЈАНИЗАМ | 20 |
| 1.6. | ЕГАЛИТАРИЗАМ | 22 |
| 2. | **РЕВИЗИЈА НА ЛИБЕРАЛНИТЕ НАЧЕЛА КОН НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНЗТВА** | 23 |
| 3. | **ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ДРЖАВА** | 32 |
| 3.1. | НАЦИОНАЛНА ДРЖАВА | 33 |
| 3.2. | МУЛТИНАЦИОНАЛНА ДРЖАВА | 37 |
| 4. | **ДЕФИНИЦИЈА ЗА НАЦИЈА** | 40 |
| 5. | **ДЕФИНИЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО** | 49 |
| 5.1. | ДЕФИНИЦИЈА ЗА ЕТНИЧКА ГРУПА | 53 |
| 6. | **ДЕФИНИЦИЈА ЗА КУЛТУРАТА** | 56 |
| 6.1. | ДЕФИНИРАЊЕ НА ЈАЗИКОТ | 61 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | **ИСТОРИЈА НА МАЛЦИНСКОТО ПРАШАЊЕ** | 64 |
| 7.1. | ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА ВО ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ | 68 |
| 7.1.1. | ПОВЕЛБА НА ОН И УНИВЕРЗАЛНАТА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА | 68 |
| 7.1.2. | МЕЃУНАРОДЕН ПАКТ ЗА ГРАЃАНСКИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА | 69 |
| 7.1.3. | ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИЛИ ЕТНИЧКИТЕ, ВЕРСКИТЕ И ЈАЗИЧНИ МАЛЦИНСТВА | 70 |
| 7.2. | ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА ВО РАМКИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ | 71 |
| 7.2.1. | ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ФУНДАМЕНТАЛНИ СЛОБОДИ | 71 |
| 7.2.2. | ЕВРОПСКА ПОВЕЛБА ЗА РЕГИОНАЛНИ ЈАЗИЦИ | 72 |
| 7.2.3. | РАМКОВНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА | 72 |
| 7.3. | ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВА И ОБСЕ | 74 |
| 7.3.1. | ЗАВРШЕН АКТ ОД ХЕЛСИНКИ | 74 |
| 7.3.2. | ДОКУМЕНТ ОД КОПЕНХАГЕН | 75 |
| 8. | **ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ ПРАВА** | 77 |
| 8.1. | БАРАЊА НА МАЛЦИНСТВАТА - БАРАЊА ЗА ГРУПНИ ПРАВА | 83 |
| 9. | **ЛИБЕРАЛИЗАМ И МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ** | 90 |
| 10. | **МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ ВО ЕВРОПА** | 109 |
| 10.1. | ЧЕТИРИ МОДЕЛИ НА МУЛТИКУЛТУРЕН ПРОСТОР | 111 |

| | | |
|---|---|---|
| 10.2. | МУЛТИКУЛТУРНИ ДРЖАВИ | 115 |
| 10.2.1. | ФРАНЦИЈА | 118 |
| 10.2.2. | ШВАЈЦАРИЈА | 120 |
| 11. | **МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ НА АМЕРИКА И КАНАДА** | 122 |
| 11.1. | ИМИГРАНТИ | 123 |
| 11.2. | ГОЛЕМИ МАЛЦИНСКИ ГРУПИ | 124 |
| 11.3. | МАЛЦИНСТВАТА ВО САД И КАНАДА | 128 |
| 12. | **МАЛЦИНСТВА ВО ЕУ** | 131 |
| 12.1. | МАЛЦИНСТВАТА ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЗАПАДНАТА ДЕМОКРАТИЈА | 131 |
| 12.2. | МАЛЦИНСТВАТА ВО ИСТОЧНА И ЦЕНТРАЛНА ЕВРОПА | 134 |
| 12.3. | ПОЗИЦИЈАТА НА МАЛЦИНСТВАТА ВО ЕВРОПА ПО 90-те ГОДИНИ ОД 20.ВЕК | 137 |
| 12.3.1. | УНГАРИЈА | 137 |
| 12.3.2. | СЛОВАЧКА | 138 |
| 12.3.3. | СЛОВЕНИЈА | 139 |
| 12.3.4. | ФИНСКА | 140 |
| 12.3.5. | ИТАЛИЈА | 142 |
| 12.3.6. | БЕЛГИЈА | 145 |
| 12.3.7. | АВСТРИЈА | 147 |
| 12.3.8. | ВЕЛИКА БРИТАНИЈА | 148 |
| 12.3.9. | ГЕРМАНИЈА | 150 |
| 12.3.10. | ГРЦИЈА | 151 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | **МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА** | 154 |
| 13.1. | ИСТОРИСКИ КОНТЕКСТ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА | 154 |
| 13.2. | МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ КАКО ФАКТ | 158 |
| 13.3. | ПОЛИТИЧКИ И ПРАВНИ ПРЕЧКИ ЗА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ | 161 |
| 14. | **РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА** | 165 |
| 14.1. | ЕКОНОМСКИ АРГУМЕНТ | 165 |
| 14.2. | НАЦИОНАЛИЗАМ | 169 |
| 14.3. | КУЛТУРЕН АРГУМЕНТ | 174 |
| 14.4. | АРГУМЕНТ НА МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИТИКА | 176 |
| 14.5. | АРГУМЕНТ НА УЛОГАТА НА ЛИЧНОСТ | 178 |
| 14.6. | ИНСТИТУЦИОНАЛЕН АРГУМЕНТ | 179 |
| 14.7. | ЗАШТИТА НА ЕТНИЧКИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА | 182 |
| 15. | **ЛИБЕРАЛНИОТ ПЛУРАЛИЗАМ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА** | 186 |
| 15.1. | ГРАДЕЊЕ НАЦИЈА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА | 189 |
| 15.2. | МОЖНОСТИТЕ НА ЕТНОКУЛТУРНАТА ПРАВЕДНОСТ НА ЈУГОИСТОКОТ НА ЕВРОПА | 194 |
| 15.3. | АСПЕКТИ НА ЕТНОКУЛТУРНАТА ПРАВДЕДНОСТ | 195 |
| 16. | **МАЛЦИНСТВАТА ВО МАКЕДОНИЈА** | 198 |
| 16.1. | ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ НА МАКЕДОНИЈА | 198 |
| 16.2. | СПЕЦИФИЧНИ МАЛЦИНСКИ ПРАВА | 203 |
| 16.3. | ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОХРИДСКИОТ ДОГОВОР | 207 |

| | | |
|---|---|---|
| 16.4. | РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ОХРИДСКИ ДОГОВОР | 211 |
| 17. | **МАЛЦИНСТВОТО ВО ХРВАТСКА** | 214 |
| 17.1. | ДЕМОГРАФИЈА НА МАЛЦИНСТВАТА | 214 |
| 17.1.1. | ПОГОЛЕМИ МАЛЦИНСКИ ЗАЕДНИЦИ | 216 |
| 17.2. | 17.2. ПОЛИТИЧКИ ПРАВА НА МАЛЦИНСТВАТА | 218 |
| 17.2.1. | ПРАВО И НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА | 218 |
| 17.3. | ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА МАЛЦИНСТВАТА | 221 |
| 17.4. | ОБРАЗОВАНИЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА | 224 |
| 17.5. | МИСЛЕЊЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА МАЛЦИНСТВАТА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА | 225 |
| 18. | **ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОМЕНИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА КАКО УСЛОВ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ КОН ЕУ** | 229 |
| 18.1. | ПОЛИТИЧКИ УСЛОВИ | 230 |
| 18.2. | БЕЗБЕДНОСНИ УСЛОВИ | 232 |
| 19. | **ЗАКЛУЧОК** | 237 |
| | **БИБЛИОГРАФИЈА** | 244 |
| | **ЗАКОНИ И МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ** | 257 |
| | **ИНТЕРВЈУА И ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ** | 259 |

# ВОВЕД

Западните политички теоретичари ја изучувале релевантноста на етнокултуралниот, јазичниот и религискиот плурализам во демократските општества се Чарлс Тејлор, Вил Кимлицка, Јаел Тамир, Дејвид Милер, Џеф Спинер, Алан Буканан, Рејнер Баубек, Џејмс Тули, Мајкл Волзер и Ајрис Мерион Јанг. Тие го дефинирале новиот пристап кон етнокултурната различност според кој правдата бара јавно признавање и прифаќање на различноста. Овој нов, либерално плуралистички пристап значително се разликува од вообичаеното либерално сфаќање "радикално либерално", според кое етнокултуралната различност се сместува во приватна сфера и не е јавно поддржана во форма на малцински права или мултикултурализам. Во земјите во кои се распадна социјализмот, либералите на политички план имаат многу изгубено поради тоа што не го признала постоењето на етнокултурната димензија на политичката современост. Подоцна либералните мислители сфатиле дека е можно да се решат постојните политички проблеми со проширување на либералната теорија вклучувајќи ги односите помеѓу групите кои својот идентитет го гледаат во културна и етничка форма. Малцинските права имаат основа во либералната теорија која ги уважува вредностите на културната припадност и праведноста на посебните малцински барања.

Според либерално плуралистичкото начело, клучен предуслов за стабилна и праведна демократија е јавното искажување и институционализацијата на етнокултурните различности. Отфрлајќи го митот за "етнокултурната неутралност" на либералната држава, се нуди алтернативен модел кој го застапува принципот на етнокултурно малцинство со легитимни барања за одредени права врзани за групите со цел усогласување на своите различни идентитети. Барањата на малцинските групи на запад се движат од емигрантскиот мултикултурализам (Канада, Велика Британија, САД), правата на самоуправа на кои инсистираат националните малцинства, низ формата на регионална автономија или "мултинационален федерализам" (Канада,

Каталонија, Шкотска), и правата на самоуправа за домородните народи (американските Индијанци, Инуитите во Канада, Самите во Скандинавија).

Западните политички теоретичари на либералниот плиурализам, но ниту научниците од подрачјето на Југоисточна Европа, не пишувале за примената на либерално-плуралистичката теорија на југоистокот на Европа. Иако не недостасуваат трудови за опишување и дијагностицирање на етничките конфликти, многу малку трудови се занимаваат со теоретизирањето за природата на правата на малцинствата или нивниот однос кон правдата и демократијата. За да се избегне сфаќањето според кое етничките односи се *ad hoc* компромиси, потребно е да се утврди дали западната политичка теорија дава било каков основ за концептуализација на малцинските права во ова подрачје.

Многу западни расправи за југоистокот на Европа се темелат на пост-воената радикално-либерална претпоставка за различностите, која се темели врз стереотипната споредба на (мирољубивиот, демократскиот, толерантниот) западен "граѓански национализам" и (агресивниот, авторитативниот, ксенофобичниот) источен "етнички национализам" или етнички исклучивиот "уставен патриотизам" на западот и етнички инклузивниот "балкански" исток. Етничките конфликти се прикажани како остатоци на премодерните и предлибералните трибализми кои мора да се надминат за да се воспостави либерална демократија, и како докази дека ова подрачје не е подготвено за либерална демократија.

Теоретичарите на либералниот плурализам ги оспоруваат овие традицииондлни дихотомии на истокот и западот, и ја оспоруваат тезата дека западните "граѓански" нации ги трансцендирале сите форми на етнокултуралниот плурализам. Етничките судири сериозно влијаеле врз процесот на демократизацијата; земјите со етнички и јазични проблеми имаат проблем кон воспоставувањето на демократското и граѓанското општество (Словачка, Украина, Романија, Македонија), додека пак во други, етничките конфликти довеле до граѓански војни (Хрватска, Србија, Грузија, Чеченија).

Теоретичарите на либералниот плурализам нудат принципите кои искуството на западните демократии може да им ги понуди на земјите кои

се соочуваат со етничките конфликти. Главната идеја водилка им била задоволувањето на идејата за правда. Бројните судири, барем во иницијален смисол, причина се за неправда на етнокултуралната провиниенција. Доколку нема отворени судири, често се среќаваат барања за залафања за јазични права, политичко претставување, различни форми на автономија, попримерени воспитно-образовни програми, на оние кои се во бројчано малцинство затоа што постојните решенија не ги сметаат за праведни. Вкупноста на тие залагања и барања се субсмира тогаш во она што се нарекнува малцински права - разнобразни настојувања и тежненија за постигнување на правдата во нејзиниот етнокултурален аспект. Иако причините за ваквите тежненија имаат силна историска димензија во смисла дека тие се последица на неправди и недоследности од минатото, либералната теорија на малцинските права има една значајна перспективна димензија. Либералната теорија е насочена кон иднината, со примарна цел на настојувањето на задоволувањето на идеалот на правдата. Појдовноста на либералната теорија е дека правдата во едно мултикултурално општество е поврзана освен со ги универзалните човекови права и со малцинските права. Малцинските права како дел од пошироките човекови права тргнуваат од фактот дека членството во малцинската група е работа на личен избор. Индивидуите, а не групите се базични единици на човековите права.

Третманот на националните малцинства повеќе не се смета како тематика на домашната политика, туку на легитимниот меѓународен мониторинг или според зборовите на ОБСЕ, правата на малцинствата се работа на легитимната меѓународна грижа, т.е. се оди во насока на интернационализирање на правата на малцинствата, а се со цел давање на права на малцинствата за живот и работа во рамките на својата култура. Меѓународната рамка е установена со цел западните модели на решавање на малцинските права да можат да се применат врз новодемократизираните земји на југоисточна Европа. Малцинските права имаат за цел заштита на интегритетот и идентитетот на националните малцинства, и осигуравање на партиципација на малцинствата во политичкиот и економскиот живот на земјата. Повеќето национални држави немаат успеано адекватно да го решат малцинското прашање, бидејќи истото го имаат фокусирано како

територијално и безбедносно. Решението го нуди новиот модел на либерално демократската држава кој ја напушта "етнокултуралната неутралност", моделот на градење нација кој се потпира врз политиката на владата во унапредувањето на повеќе социеталните култури внатре во една држава. Со други зборови, на сите граѓани низ процесот на *градење на нацијата* им е понудена можност за еднаква шанса со еднаква достапност до образовните и економските можности, како и до законодавните институции и државни служби.

Неколку западни организации одлучиле дека уважувањето на правата на малцинствата е еден од предусловите за приклучување кон НАТО и ЕУ. Земјите кои сакаат да се приклучат на овие организации мораат да им дозволат детален меѓународен мониторин на статусот на нивните малцинства и да ги прифатат европските норми за малцинските права, како што се принципите за националните малцинства кои ОБСЕ ги има прифатено во 1990 година, или Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства усвоени од Советот на Европа во 1995 година. Одлуката на западните организации да инсистираат на уважувањето на правата на малцинствата, како предуслов за влез во европските интеграции, е прв посериозен случај за тестирање наизводливоста и пожелноста за примената на западните стандарди за положбата на малцинствата во другите подрачја на Европа.

# 1. ДИСКУРС НА ЛИБЕРАЛИЗМОТ

Политичката доктрина и пракса на либерализмот опфаќа подрачја на општество, економија и политика, различни и често противречни процеси и перспективи. Либерализмот се појавил како прва и најрана нововековна идеологија оспорувајќи ги усталените и канонизираните сфаќања за владејачкиот општествен и политички поредок, давајќи нова филозофија и нови погледи на општеството и историјата. Во тој период, подолг од три века, либерализмот станува космополитска идеја која со својата отвореност и ширина покажува способност да се обновува и покрај општествените промени и тоа не само како социјална доктрина, туку и како политичка идеологија.

Гуидо де Руџеро[1] покажува дека либерализмот поаѓа од постулатот на духовната слобода на човекот така што и наспроти детерминистичкото толкување на човечкото дејствување и однесување се поставува слободна човечка личност свесна на својата способност за непречен развој. Либерализмот е една филозофија или поглед на свет која се спротивставува на притисоците на надворешните авторитети и неоправданото мешање и манипулирање со личната човекова сфера, без оглед дали се работи за религиозната, моралната, интелектуалната, социјалната, економската или политичката област од животот. На сличен начин и Дејвид Хелд[2] ја гледа суштинската црта на либерализмот. Тој смета дека е тоа оној ментален став со кој се тежнее кон запазување на вредноста на личната слобода, а посебно на слободата на избор и одлучување, толеранцијата и разумот, наспроти тиранијата и апсолутизмот. Мане[3] ја гледа основната идеја на либерализмот во идејата на поединецот како човечко битие кое е по природа носител на одреден број на права, а тие права се независни од функцијата и местото кое човекот го има во општеството, а истите го прават еднаков со сите други луѓе.

За Хобхаус либерализмот е: *„верување дека општеството може да биде сигурно утемелено на самонасочената сила на личноста и дека тоа е единствен темел на кој може да се гради вистинска заедница, а бидејќи се на тој начин*

[1] Види Ruggiero, G., *Storia del liberalisimo europeo,* Bati, 1925.
[2] Held, D., *Models of Democracy,* Polity Press, Cambridge, 1988, 41.
[3] Види Manent, P. , *Intelektualna istorija liberalizma,* Beograd, 1994.

*востановени нејзините основи над сè длабоки и широки, границите на тој развој не постојат.*“[4]

Филозофските темели на класичниот либерализам се поставени во расправите на големите европски политички мислители во периодот од 16. до 18. век. Во пантеонот на основачите на либералната доктрина се издвојуваат имињата на Хобс, Лок, Бентам, Хјум, Спенсер, Фенелон, Монтескје, Волтер, Токвил, Гизо, Кант, Умболт, Мил и многу други.

Главен духовен темел следен од овие филозофи била теоријата за природните права, а покрај неа и движењето на реформацијата и просветителството кои ги афирмирале битните историски претпоставки на слободата во модерната смисла. На сите творци на филозофијата на раниот либерализам заедничка им е идејата за индивидуалната слобода како изворно природно право на секој поединец, поврзана со полната автономија на личноста кон секој друг човек и власта. Таа идеја е централен поим на севкупната либерална идеологија. Како што е идејата на еднаквоста сентрален поим на демократија, така и слободата на човекот (поврзана со ревноправноста) е јадро и основна појдовна точка на сите варијанти на либералната идеологија. Слободата е до таа мерка битна за либералната доктрина и пракса така што од неа потекнува и самото име на оваа политичка филозофија (*libertas*- слобода.)

Постулатите на природното право кои се темелно разработени во политичката мисла на Лок, го добиле статусот на аксиоматски начела и обрасци на модерната демократска мисла. Тријадата на клучните природни права: право на живот, на слобода и на сопственост по Лок се изворни и неотуѓиви својства на секоја човечка единка. Ширината на природно правните постулати овозможила раниот либерализам, како идеологија на ослободување, успешно да се спротивстави, на различните стеги на сталешкото општество и на ригидните канони на обичаите и владетелската црква. Ослободителната мисија на либералната политичка филозофија била нарочно поттикната со сеопфатниот процес на секуларизација на идеи и институции, со поделба на општеството на јавна и приватна сфера и со потиснување на верските уверенија во приватната сфера.

[4] Grines, A. P., „Liberalism“, Oxford University Press, 1974, *Politička misao,* XVIII, br.3, 1981, 348.

Подунавац[5] смета дека либерализмот е некој вид на историска реакција на различни системи на авторитарното и арбитрарното владеење, при што акцентот е на оној вид на систем во кој индивидуалните граѓански слободи се воспоставуваат како главна брана на можната тиранија на државата. Либералната стратегија воспоставува ваков систем воглавно на три начини: со минимализирање на државата, со автономија на општеството (поредок на цивилното општество) и со процедуралната легитимност.

Во јадрото на либералните концепции е идејата за ограничена влада чии последици се владеење на правото, поделбата на власта, конституционализам и приоритет на граѓанските права, со кои власта се сведува во своите потесни граници. Соодветно на изворната либерална доктрина, средствата за ограничување на власта не се само правни и политички. Еден од клучните либерални постулати е и автономијата на економскиот домен и одбраната на приватната сопственост. Најголемите проблеми на либералната доктрина лежат во тешкотиите за успешно разрешување на противречните принципи на минималната држава и индивидуалните слободи и одговорности на една и проблемите на политичката демократија и дистрибутивната правда (како корекции на општествените нееднаквости) на друга страна.

## 1.1. ИСТОРИСКА ГЕНЕЗА НА ЛИБЕРАЛИЗМОТ

Либерализмот во својата изворна форма настанал во Англија во текот на 17. век, за даподоцна се развие во Европа, а првенствено во Франција. Рационализмот, просветителството и теоријата за природните права, како нови идејни темели на општествената положба на човекот, се главни филозофски извори на либерализмот, а во историски контекст либерализмот е врзан со појавата на реформацијата. Во текот на 17. век, Европа како обединета заедница на универзалната црква, католичкото христијанство, се менува со полицентрична структура на независни држави. Наместо верска заедница, настапува време на договори и на договорна согласност на слободните волји. Настапува нова општествена состојба во која канонитe на верата ги заменува секуларната идеологија на индивидуализмот, на приватното стекнување и автономното

[5] Podunavac, M., „Diskurzivna strategija liberalizma“, *Kulturni radnik*, Zagreb, 4/90, 1990, 77-89.

граѓанско општество, кое се обликува во ликот на новото „божество“ на нацијата. Можно е дека во тој развој либерализмот во извесна мерка го запоставил органскиот елемент во политичкото устројство и во државата, но останува фактот дека историскиот настап на либералната доктрина го поттикнал формирањето на општеството во кое човекот не само слободно да ја бирал верската заедница, туку ги потикнувал и границите на државната власт, *„општество во кое човекот си припаѓа само на себе, а на самиот човек припаѓа и сета одговорност за остварување на личните и општествените цели“.*[6]

Историскиот настанок на либерализмот пратен е и со трансформаците на постоечките државни форми и идеи. Ласки наведува дека реформацијата довела до создавање на апсолутистичка држава, а дека та го предизвикала убразила создавањето на либерализмот и либералната држава. Со спротивно мислење е Љубомир Тадиќ[7], кој не смета дека настапувачкиот либерализам и апсолутистичка држава се меѓусебно исклучени спротности, имено, додека либерализмот во Европа бил се уште слаб, него му одговарала и му давала поткрепа силната, апсолутистичка држава. Токму таквата држава ги подготвила економските и другите услови за подоцнежното јакнење на либералните институции и на доминацита на граѓанството, заради што апсолутистичката држава станала непотребна. Покрај тоа, фазата на апсолутистичката држава му била потребна на либерализмот и заради ширење на економскиот и политичкиот простор. Во нејзините рамки, во јавниот домен нема место за принципи на социјална држава, за солидарност и дистрибутивна правда, што во идниот развој на општеството ќе се покаже како една од екстремните црти и слабости на либерализмот. Дури многу подоцна, со обновување на либералните постулати во современ неолиберализам, првобитните крути и радикални принципи на либералната економија, им одстапуват место на мешовитите концепции на општествената распределба во кои се прифаќаат принципи на солидарнос и взаемност.

[6] Laski, H., „The rise of Liberalism“, во *Encyclopedia of the Social Sciences*, ed. Seligman's Tom I, Intr. VII, 103-104.
[7] Tadić, Lj, „Legitimnost i legalnost“, во *Liberalizam i socijalizam*, Centar za filozofiju i društvenu teoriju, Beograd, 24-31, 1984.

## 1.2. ПРИНЦИПИ НА ЛИБЕРАЛИЗМОТ

### 1.2.1. СЛОБОДАТА КАКО ВРВНА ВРЕДНОСТ

За филозофијата на либерализмот бездруго се врзува онаа димензија на слободата која е врзана за автономијата, приватноста и индивидуализмпот, значи слобода во негативна смисла (слобода „од“). Траговите на разликување на оваа димензија на слободата од позитивната слобода (слобода за или слобода на учество) водат до доцната антика, иако во демократиите на грчкиот полис негативната слобода била готово непризнаена, ако не и непозната. Во старите политички заедници зависноста на поединецот од целината на општеството била до тој степен изразена, така да активната, позитивната слобода била главно мерило за политичката зрелост и вредност на човекот. За оваа слобода да се дополни со слободата на неучество, со автономијата на приватната сфера на поединецот, морало да се помине долг пат од старите демократии до либерализам.

Прпиќ[8] разликува два битни аспекта на либералното прашање за слободата. Политичката власт е сфатена како нужен елемент на животот во заедница, но и како најголема закана за остварување на човековата слобода. Вториот аспект се однесува на проблемот на одредување и институционализација на слободата. Потребно е да се одреди граница на досегот на политичката власт и нејзините права да навлегува во правото на поединецот, од една страна и одредување на правата на индивидуата, од друга страна. Слободата и се конституира токму во овој однос помеѓу поединецот и политичката власт.

Потеклото на слободата во нејзиното негативно значење е врзано за настанокот на класичната и раната либерална традиција или борбата на новите општествени групи со тогашните центри на световна и духовна моќ. Слободата, во смисла на независност и непреченост во корист на поединците и заедниците, била една од главните темели на политичката филозофија на Томас Хобс. Според него задача на државата е заштита на приватната сфера и заштита на негативната слобода на поединците од разни надворешни мешања. Подоцнежните филозофи,

[8] Prpić, I., „O liberalističkom određenju slobode“, *Naše teme*, 3, 1978, 369.

како што е Лок, покрај заштитничката улога на либералната држава, го разработувале прашањето за границите на мешање на државата во приватниот домен, односно проблемите на ограничување на државната власт за да се осигура слободата на граѓаните во либерално значење.

Во развитокот на европскиот либерализам настанало теориско и историско двојство во сфаќањето на слободата, со нејзиното разликување на негативна (англиска традиција) и позитивна слобода (француска традиција). Позадината на идејната различност се наоѓа во специфичностите на општествените превирања во тие земји. Во Француската револуција раскинот со анциен региме бил многу порадикален отколку во Англија. Во Франција општествените слоеви масовно партиципираат во борба против старото устројство, па се и подзасителни барањата за демократските, а не само либерални промени во општеството, значи и до афирмација на слободата во активна, позитивна смисла. Разликата на тие две револуција условиле и различните историски развои, но и распоредот на социјалните сили кои партиципирале во тие револуции.

Во Англија благородништвото се обединува со новиот граѓански сталеж и со народот, тежнеејќи кон независност од доминантниот центар на моќта. Заради тоа тука се јавува разликување помеѓу јавната и приватната сфера, односно тежнеење со сите средства да се осигура неприкосновеност на приватноста. Заради сето тоа, слободата во негативна смисла е главна содржина на целиот процес на политичката еманципација.

Во предреволуционерната Франција постоела изразита доминација на бројната аристократија со ослабена кралска власт, па целта на револуцијата, во однос на Англија бил порадикален: се тежнеело кон уништување на монархијата и бројните привилегии на аристократијата. Во Франција нема сојузи на општествените сталежи, туку доминантно е тежниенито за социјална еднаквост, кое е и едно од главните пароли на Француската револуција. Еднаквоста не добила социјална и економска форма, туку се сведува на политичка и правна еднаквост. По револуцијата масите ја чувствуваат државната власт како дел од себе, па сакаат и да ја задржат како сфера на своето понатамошно влијание. Сите тие појави му даваат насока на францускиот либерализам кој ја истакнува

слободата во позитивна смисла како вредност која бара постојани жртви и ангажман на народот.

Додека англиските либерали се занимавале со прашања за индивидуалните слободи и политичките институции неопходни за нивната заштита, француските либерали размислуваат за социјални промени и односи во општеството, а дури врз основа на нив и за новите политички институции.

Сепак, важно е да се нагласи дека едностраноста и крајноста, било во позитивното, било во негативно толкување на слободата, не можат да дадат трајни и автентични демократски ефекти во политичката пракса. Слободата во негативната смисла останува еден од клучните постулати на демократијата, но со свест за остварените досегнувања и границите за остварување на таа димензија на слободата, која остава премногу простор за опасностите на приватизацијата и општествените нееднаквости. Од друга страна, позитивната слобода може да биде знак за предавство на индивидуалноста на критичкото расудување на политичките групи со можност на запаѓање во замките на политичка манипулација.

Демократската пракса во некои современи земји (скандинавски земји) покажува дека тие ги имплементирале различните демократски и либерални традиции во своите општествени и политички системи, па и тие кои се однесуваат на позитивната и негативната слобода, партиципациите и активните улоги на граѓаните и државата, заштитите на приватната сфера на човекот и на чувањето на неговата индивидуалност и одговорност за себе и општествената заедница.

## 1.2.2. АВТОНОМИЈА И ПРИНЦИП НА ГРАЃАНСТВО

Либерализмот е доктрина која од самиот почеток, покрај уважувањето на правата на мнозинството, признава и политичка улога на малцинствата, што подразбира прифаќање и толеранција на релативната самостојност и посебните (специфични) права на различните групи и колективи, но и автономен статус на човекот (граѓанинот) во рамките на неговата заштитена, приватна сфера. Во тек на историскиот развиток колективните автономии ги менуваат односите на зависност во рамките на феудалното општество во општествена структура на

раниот либерализам. Граѓанските револуции беа завршен акт во борбите за универзално проширување на автономијата до секој член на општеството. Смислата на нововековните автономии е изворно општествена во однос на постоечката власт затоа што тежнее кон конституционализам и ограничување на власта, а тесно е врзана за ширење на политичката репрезентација и индивидуалните права.

Принципот на граѓанството, кој во развитокот на либералната демократија означува една од клучните трансформации на општеството, секако е една од најмоќните движечки сили на модерната политичка историја. Граѓанството не го унапредува човекот со доделени или природно настанати атрибуции, туку човекот кој настанува во процесот на само остварување, со сопственото општествено издигнување во економската сфера, односно врлините и слободите во политичката сфера. Граѓанството е водено со идеите на природното право, ја овозможило слободата на индивидуалниот избор, како и процесите за влијание врз власта и нејзиното ограничување. Принципот на граѓанство до денес останал главно потриралиште на човечката политичка независност и една од најголемите придобивки на либералната епоха, но и критичар на јавната сфера на модерната демократска држава.

### 1.2.3. ТОЛЕРАНЦИЈА

Толеранцијата е длабоко и неразделно вткаена во сите битни постулати на либерализмот и во самата негова генеза и не може да се раздели од било кој либерален принцип или либерална вредност. Почитувањето на правата на малцинствата од страна на мнозинството, согласноста и договорното (слободно, доброволно) изразување на волјата и заснованието на договорните права и обврски, репрезентацијата и конституционализмот, правната и политичката еднаквост или кој друг принцип, веќе по својата иманентна логика и значењата претпоставуваат меѓусебна трпеливост и толеранција.

Првобитните идеи и постулати на толеранцијата во либерална смисла се однесуваат на трпеливоста во верската сфера (слобода на совеста). Тие настануваат во филозофската традиција на рационализмот и скептицизмот, а подоцна и на просветителството и утилитаризмот. Големите филозофски

протагонисти и иницијатори на идеите за толеранција, како што се Бејли, Де Спиноза, Лок, Волтер и Русо биле сведоци на беспоштедните верските омрази, верски нетрпеливости и стремежи на универзалистичката католичка црква за зачувување на апсолутната власт во духовната сфера. Соочени со состојбата и приликите спротивни на елементарните барања на рационализмот и хуманизмот, раните либерални мислители настојувале да ја оживеат и аргументираат античката традиција на трпеливост. Лок и Волтер ја истакнувале неспоивоста на верскиот догматизам со основните постулати на слободата и природното право, додека Спиноза дал силни аргументи за неспоивоста на слободата на мислата и слободата на совеста со било какви форми на принуда и исклучивост. Во својата расправа За слободата[9], Мил ги развил идеите на најшироката толеранција и отвореното општество во кое до вистината во релативна смисла се доаѓа преку слободата на мислата и говорот, во расправи засновани на толеранција. Водечката мисла на Мил се темелела на идејата дека напредокот кон цивилизацијата барал извесно совладување на индивидуалната слобода, а напредокот во цивилизацијата бара голема слобода на поединеците. За него слободата е знак за можност за слободен развиток на индивидуалноста со можност на остварување на сите оние потенцијали кои поединецот е способен да ги досегне.

Расправите околу толеранцијата одамна го имаат пречекорено подрачјето на религијата, пренесувајќи се на терен на моралот и политиката. Во различните варијанти на етичкиот релативизам и моралниот плурализам дошло до низа современи сфаќања и откритија за импликациите на принципот на толеранцијата во општествените односи, особено од гледна точка на слободата и демократијата. Либералните идеи на толеранцијата придонеле за спречување на различните форми на догматизмот, фанатизмот и исклучивоста во различните подрачја на животот, па и во политиката. Идејата на толеранцијата во закрила на либерализмот стекнала статус на културна и цивилизациска идеја која придонесува кон потполно етичко втемелување на политиката, пропишувајќи *„правила на играта"* во политички процес, чиј носител се токму правилата на толеранцијата.

[9] Prpić, I., „O liberalističkom određenju slobode", *Naše teme*, 3, 1978, 369.

## 1.2.4. МОРАЛНОСТ, ПРАВЕДНОСТ, ИНДИВИДУАЛИЗАМ

Кога станува збор за така сложени либерални вредности и постулати како што се моралноста, праведноста и индивидуализмот, либерализмот како историска идеологија дал ограничени и противречни резултати. Низ историјата се потврдувало дека е тешко да се смират барањата на економската и политичката слобода со идеите за социјална правда. Заради тоа, многу нови аналитичари на либерализмот и демократијата, од половината на 20. век до денес бараат можности за помирување и порационално втемелување на либералните начела и институции во новите концепции на социјалната и дистрибутивната правда, наспроти деструктивните ефекти на социјалното раслојување и ирационалната потрошувачка, кои ги фаворизира изворната идеологија на либерализмот и унитаризмот.

Во филозофијата на Кант се развиваат, поаѓајќи од идеите на просветителството значајни етички постулати на либерализмот. Позната е мислата на Кант по која суштината на моралноста е во тоа да друга личност мора да се земе како цел, а не како средство, од каде што се изведува и неговиот категорички императив. Ваквото етичко начело ја реафирмира човековата индивидуалност, рационалност и хуманизмот како битни општествени вредности, а со самото тоа ја негира премоќта на колективните сили и држави над човекот. Легитимна е онаа влада која го признава и подразбира човекот како полновредно суштество и појдовна основа за своето дејствие во вршење на власта. Според либералната теорија таквата легитимност е предмет на постојано испитување. Главните либерални институции и субјекти се постојано подвргнати на критика од јавноста која влијае на политичкиот процес од гледна точка на почитување на автономната и заштитената сфера на човечките права и слободи.

Во филозофијата на раниот либерализам изразена е идејата на комутативна правда, постулат кој со настанокот и зацврстувањето на граѓанското општество се остварува како идеал на „слаба држава и силно општество„ - значи држава која нема да врши принуда, туку ќе ги заштитува своите граѓани. Подоцнежниот општествен развој се повеќе ќе го истакнува принципот на *дистрибутивна правда*, кој ќе го следи политичкиот и државниот интервенционизам.

Една од најизразитите карактеристики на изворниот или раниот либерализам е индивидуализмот во двојна форма: еманципација од сталешката зависност и затвореност, а од друга страна слободната пазарна конкуренција на независните индивидуи. Индивидуализмот во раната либерална фаза ги сведувал социјалните односи на морални односи на индивидуите. Филозофската смисла на индивидуализмот и на личната автономија не е еднаков во сите стрми и епохи на либерализмот. Иако го заговарал индивидуализмот, Хобс како прва потреба на секој поединец ја видел потребата за сигурност, со онаа вредност која може да се стекне и зачува само со посредство на моќна држава, Левијатан. Наспроти Хобс и подоцна на Хегел кои ја величеле силната држава и правно уреденото општество како олицетворение на разумот, најголем број на либералните мислители смета дека личната автономија и слобода се темелат на природните права и дека најдобро се чуваат во отворена општествена средина.

Според многу мислења, стариот либерализам, здружен со доктрината „мир, штедливост и реформи“, слободната трговија и слободното договарање, исчезнуваат со Гледстон. *„19. век може да се нарече столетие на либерализмот,“* пишува Хобхаус, *„но неговите познавачи знаат дека денес среќата не го служиј ова големо движење“.*[10]

Либералните мислители под влијание на историските промени, а нарочно на врвот на индустриската епоха, во текот на 19. и 20. век, ги менуваат своите промислувања под влијание на сопственичкиот индивидуализам и со концентрација на приватната сопственост и богатство, а потиснувајќи ги очекувањата на втемелувачите на просветителството и рационализмот кои тежнеле кон нова моралност на слободниот човек и будењето на личноста. Неоспорните придобивки на либерализмот, политичкото претставување, владеењето на правото и правната држава како противтежа на политичкото самоволие и поданичката зависност на луѓето, сепак не резултирале со создавање на вистинска заедница на слободните поединци. Поновите истражувања покажуваат дека правото, како и државата припаѓаат на сферата на нужност, а не на сферата на полното самоостварување на личноста и слободната заедница.

[10] Види Mill, J. S., *O slobodi,* Filip Višnjić, Beograd, 1988.

## 1.3. СОВРЕМЕН ЛИБЕРАЛИЗАМ

Кон крајот на 19. век просветителскиот либерализам има само еден сериозен теориски натпреварувач, марксизмот. Либералната демократија секогаш била предмет на критика, но по катастрофата предизвикана со Првата светска војна оспорена е дури и нејзината животна способност. Сепак, ниту десницата, ниту левицата не придонеле за решавање на проблемот. Бранителите на либерализмот не го ревидирале своето учење ниту заради критиката на десницата, ниту на левицата. Тие го бранеле либерализмот од напади и откривале извори на тоталитарна власт во она во кое виделе како на искривени никулци на самата либерална традиција. Долго време се сметале дека утилитаризмот е морална теорија со помош на која либералите би требале да расправат за проблемите на моралот и политиката. Обновувањето на политичката филозофија од седумдесеттите години на 20. век ја карактеризира силна критика на утилитаристичките темели на наследената традиција. Овој пресврт го започна Џон Ролс. Делата на Џон Ролс, Роберт Нозик и Роналд Дворкин ја вградуваат современата политичка филозофија во традиција на либералното просветителство.

Политичкиот морал на современиот либерализам се темели на два предуслова кои е важно да бидат остварени за водење на добар живот. Првиот предуслов се састои во тоа дека живееме во согласност со нашите уверувања, а другиот, дека сме слободни да ги преиспитаме тие услови. Од таа причина поединците мораат да имаат ресурси и слободи, потребни за живот во согласност со своето уверување за вредноста. Тие причини се произлезени од традиционалните либерални грижи за граѓанските и личните слободи. Ако поединци располагаат со културни услови кои ќе им овозможат различни погледи за добар живот, тогаш ќе бидат во можност да ја стекнат и способноста за преиспитување на тие погледи. Оттука произлегува и традиционална либерална грижа за образование, слобода на изразување, слобода на медиуми, уметничка слобода. Тие слободи ни овозможуваат да процениме што е вредно во животот на единствен начин на кој можеме да судиме за тие прашања. Овој приказ на нашиот суштински интерес ја чини основата на либералната политичка теорија. Според либерализмот, власта ги третира луѓето како еднакви,

со еднакво занимање и почитување, така да на секој поединец му осигурува слобода и ресурси потребни за преиспитување и дејствување во согласност со тие уверувања. Ова барање го создава темелот на современите либерални теории на правичноста.

## 1.4. ТЕОРИЈА НА ПРАВЕДНОСТ[11]

За разлика од припадниците на претходната генерација на либералните автори, Ролс својата инспирација не ја црпи од идеолошките расправи против тоталистички настроените непријатели, туку неговото дело е одраз на идеолошките расправи внатре во самата либерална традиција. Ролсовото промислување мора да се сагледува низ призма на движењето за граѓанските права и востановување на политиката на позитивната акција во САД, но преку долготрајни стремежи за оспорување на изворното *laisse-faire* сфаќање на либерализмот, стремежи присутни уште од *New Deil*. Ролс ја превзема теориската реконструкција на либералната политичка филозофија во светлото на промените во американската политика.

Ролс поаѓа од претпоставката дека во добро уредено општество остварувањето на секоја вредност мора да биде поврзано со праведноста. Со други зборови, таа ги определува целите кои луѓето мораат да ги следат. Ако поединец делува во согласност со барања за праведност, тој одлучува што треба да стори со својот живот, а не власта над него. Својата теорија на праведност Ролс ја покажува како теорија на рационален избор.[12] Политичкиот живот се организира не повикува никакви метафизички принципи. За да ги издвоиме принципит на праведноста во рамките на поширок круг на можните правила на соработка, условите мора да бидат прецизно одредени. Заради тоа Ролс својата теорија ја нарекува теорија на праведност (*justice*) како правичност (*fairness*). Ролсовата теорија на праведност е изградена на двоен аргумент:принципите на

[11] Ролс својата теорија ја нарекол „justice as fairness“ што се на македонски преведуваше како праведност, исправност или непристрасност, според превод на Драган Јакимовски на книгата на Џон Ролс, Теорија на праведноста. *Webster's Third International Dictionar, 1981*, за терминот „*fairness*“ ги дава следниве значења: the qality or state of being fair; esp.:fair or impartial treatment; reasoneabless (the guarantees of fairness-contained in the judicial process). Fairness означува таков однос помеѓу луѓето во кој се прифатени заеднички „*правила на играт*“, во кој припадник на добрата на некоја институција ги респектира нејзините правила како услови под кои делуваат и сите останати членови на заедницата.

[12] Rawls, J., *A Theory of Justice*, Oxford University Press, 1971, 94, 411.

правдата ги бираат поединци кои се „взаемно незаинтересирани", т.е. не го наоѓаат својот интерес во интересот на некој друг. Изборите сепак, од друга страна, се донесуваат под присили кои ги одредуваат барањата за моралност.[13] Кога ќе се постават моралните принуди, со договор се утврдуваат принципите на праведност. Бидејќи согласноста не дава исправни принципи на правда ако не е постигната под услови на праведност, релевантниот одговор може да биде само хипотетичен: тоа е договор кој взаемно незаинтересираните, рационални поединци едногласно би го прифатиле со помош на потполно различни процедури, под услов свесно да избираат од положба на праведноста. Условите би требало да се одредат со помош на потполно различна процедура, која тој ја нарекува метода на рефлективна рамнотежа.

Поединците во „почетна состојба" *(original position)* за темели на уставниот поредок на заедничката држава избираат два принципа: секоја личност треба да има еднакво право на вкупен состав на еднакви темелни слободи; социјалните и економските нееднаквости мора да бидат тако уредени да во исто време бидат од најголема корист на општествено најмалку привилегираните слоеви и за да шансите врзани за службите и позициите бидат отворени на сите под еднакви услови. Ролс го формулира концептот на праведноста во „општа концепција": *„Сите примарни општествени добра – слободата и шансите, приходот и богатството, и темелите на самопочитувањето – треба еднакво да се распределат, освен ако нееднаквата распределба на некои или сите наведени добра оди во полза на најмалку привилегираните".*[14] Ролс со принципите на праведноста ги опфаќа четирите категории на примарните добра: слободата, шансите за стекнување на атрактивни служби и позиции, материјалните добра и темелите на самопочитување. Два принципа на праведност се однесуваат само на првите три категории на добрата со претпоставка дека нивната примена на сите им овозможува стекнување на самопочит со тоа што им нуди средства да одберат цели и да ги остварат своите планови.

Општествата кои Ролс ги има во предвид не се светоназорски, вредносно и идеолошки хомогени, туку нивните припадници имаат различни уверувања за заедницата и сакаат да остварат различни концепти на добра и врз база на тие

[13] Rawls, J., *A Theory of Justice*, Oxford University Press, 1971, 13, 584.
[14] Rawls, J., *A Theory of Justice*, Oxford University Press, 1971, 94, 302.

уверувања создаваат различни заедници и се здружуваат во различни сојузи. Ако Ролс има во предвид плурални општества, се поставува прашање за односот помеѓу праведноста и нормите и вредностите во поединечните „општествени сојузи“? Како да се воспостави согласност помеѓу праведноста и различните верски, филозофски и морални доктрини? Според Ролс, предмет на праведноста не се сите подрачја на општествениот живот, туку само подрачјето на „преклопувачкиот консензус“[15], односно така наречената темелна структура на општеството.[16]

Оваа структура ги опфаќа главните општествени институции – уставот, стопанскиот режим, правниот поредок и неговото одредување на сопственост и начинот на кој тие институции се поврзани во еден систем. Ролс сака правдината да биде прифатена како заедничка политичка концепција на праведноста[17] и како темел на поредокот на заедничката држава. Целите на кооперацијата, стабилноста, хармонијата и транспарентноста на општеството некои автори ги гледаат како Ролсов комунитаријанизам кој беше запоставен од страна на многу расправи за Ролсовата филозофија.[18] Кооперација подразбира взаемност и реципроцитет, што значи дека членовите на Ролсова заедница ја делат добивката. Стабилноста подразбира соработка помеѓу членовите на заедницата. Хармонија и транспарентноста значат дека плановите на индивидуата се комплементарни и што е уште поважно, индивидуата е транспарентна кон себе, ама и кон другите членови на општеството на начин дека планот на животот на индивидуата е дел на поголем социјален план.[19]

Луѓето кои се согласуваат со темелната морална идеја дека општеството треба да ги третира своите членови како слободни и еднакво рационални личности, се согласуваат дека општествената соработка треба да ја регулираат принципи кои се правични во смисла на почитување на сечија еднаквост и слобода. На поединците треба да им се дозволи да го следат својот личен интерес

[15] Концептот на *overlapping concensus* Ролс развива во текстот „The idea of an Overlapping Consensus“, *Oxford Journal of Legal Studies,* Vol.7, No 1.Spring 1987, 1-25.
[16] Rawls, J., *Politički liberalizam*, 38, 65, 149.
[17] Политичкиот концепции на праведноста имаат три обележја: 1) тие се однесуваат само на темелна структура на општеството, 2) независни се од сеобфатните доктрини, и 3) формулирани се во темелните политички појми (демократски) на политичкичките култури на општеството. Rawls, J., *Politički liberalizam*, 38, 65, 149.
[18] Alejandro, R., „Rawls's Communitarianism“, *Canadian Journal of Philosophy,* Volume 23, Number 1, March, 1993, 75-100.
[19] Rawls, J. *A Theory of Justice*, 3-6.

единствено во рамките на ограничувања кои ги поставуваат правилата. Заради тоа Ролс својата Теорија на праведност ја започнува со тврдењето дека „правдата е првата доблест на општествените институции“.[20]

За Ролс праведност како правичност *(justice as fairness)* има две цели. Првата ги објаснува основните права и слободи, како и нивните приоритети, а втората тие објаснувања ги поврзува со разбирањето на демократската еднаквост која води до принципот на еднаквост на можностите и принципот на разлика. Сентралните идеи и цели на сфаќањето на правдата како праведност тој ги гледа како филозофско сфаќање на уставната демократија.

Основната идеја на класичниот, просветителски либерализам е одредувањето на најголемата вредност на поединците како автономни личности, а Ролс тврди дека дава соодветносовремено толкување на либералната теорија. Теоријата не се подразбира како една теорија на праведност, што би можело да се заклучи од насловот[21]; нејзина цел е во главни црти да пружи најдоследен и најпривлечен приказ на либералната политичка традиција.

## 1.5. ЛИБЕРТАРИЈАНИЗАМ

Ако Теоријата на праведноста може да се чита како одбрана на државата на благосостојба, делото на Роберт Нозик[22], *Анархија, држава и утопија* претставува одбрана на „државата ноќен чувар“ спротивно на оние аргументи во либералната традиција кои говорат за напуштање на таквото сфаќање на државата. Нозик како и Ролс дава својствено толкување на либерализмот, толкување кое тој го нарекува либертерско толкување; како и Ролс, Нозик ја прифаќа вредноста на индивидуалната автономност, како и идејата дека праведната политичка заедница сите свои членови треба да ги третира како еднакви. Како и Ролс, тој нагласува дека третирањето на поединците како еднакви изискува третирање на поединците како одделни индивидуи. Нозик тврди дека третирањето на луѓето како автономни суштества треба да се толкува како да се тие носители на правата. Овие основни права не се оправдуваат со

[20] Исто, 3.
[21] Наслов на делото, *A Theory of Justice*, заради неодредениот член пред зборот теорија ни сугерира дека се работи за една од теориите на праведноста.
[22] Nozick, R., *Anarchy, State, and Utopia*, Oxford, 1974, 160.

добрите ефекти на нивното почитување, туку со погрешноста во нивните прекршоци. Во соодветно структурираната политичка теорија тие не се изведени туку се основни.

Слободните и еднакви автономни суштества треба да се набљудуваат како носители на правата, не затоа што тие под одредени хипотетички околности би избрале да ги имаат тие права, туку затоа што тие како автономни суштества се носители на тие права. Автономноста подразбира слобода на избор, а слободата на избор значи постоење на простор за заштитени опции. За да некоја личност биде слободна да дејствува внатре во тој простор, потребно е да постојат утврдени граници кои никој друг, без согласност на дотичната личност не смее да ги премине. Потребни се права кои ќе го заштитат ова подрачје во кое поединецот е слободен да ги донесува своите избори. Почитувањето на личната автономност значи да не се нарушуваат нечии лични права.[23]

Нозик предлага три вида на теорија на правда. Првиот вид го формулира „принцип на конечниот резултат". Во согласност со овој принцип општеството е праведно ако во кое било време поединецот располага со исто количество на добра како и кој било друг поединец. Другиот вид на „устроените принципи" подразбира дека распределбата на општествениот производ мора да варира размерно на вложениот труд. Третиот вид утврдува „историски принципи". Принципот е историски ако со него се тврди дека праведноста на распределбата не зависи од нејзината форма или устројство во одреден момент туку од тоа како до неа е дојдено.[24]

На прв поглед може да изгледа дека станува збор за иста идеја како што е и Ролсовата идеја на „чистата процедурална правда". Ролс исто така смета дека не е битна структурата на распределбата, туку дека се битни процедуралните правила на нејзиното спроведување. Меѓутоа, тој овој втор принцип го дефинира така да структуралните принуди ги вградува во самите правила. Во согласност со принципот на разликата, не смее да се дозволи зголемување на разликата помеѓу богатите и сиромашните. Таквиот принцип на разлика не и припаѓа на класата на историски принципи, во кое го вбројува Нозик, туку на класата на устроени принципи.[25] Со аргументација во делото Анархија, држава и утопија сака да се

[23] Исто, 30.
[24] Исто, 153.
[25] Kiš, J., *Suvremena politička filozofija*, Biblioteka Theoria, Novi Sad, 1998, 25

покаже дека неисториските принципи, било да припаѓаат на видот на „конечни резултати" или на устроениот видот се нужно некохерентни.

Либертаријанците со својата аргументација не се принудени да усвојат анархизам, туку можат да ја усвојат државата која се означува како „ноќен чувар" т.е. минимална држава. Нозик не им придава доволно внимание на значењето кое за теоријата на правдата има меѓузависност на индивидуалните избори и дела, и цени кои на другите луѓе им ги наметнува личност која стекнува контрола над некој редок ресурс.

## 1.6. ЕГАЛИТАРИЗАМ

Придонесот на Роналд Дворкин на теоријата на праведноста може да се сфати како обид да се подобри Нозиковата теорија во врска со ова прашање Исто како Ролс и Нозик, Дворкин тргнува од просветителска идеја дека праведното општество сите свои членови ги третира како еднакви, т.е. како автономни суштества. Исто како и Ролс и Нозик, Дворкин верува дека општеството ги третира поединците како еднакви во колку ретките ресурси не им се распределени на праведен начин.[26] Како и другите двајца, Дворкин ја нуди својата теорија на дистрибутивна правда како вид на толкување на апстрактната идеја на еднаквост.

Дворкин го прифаќа и разработува главното тврдење на Ролс дека теоријата на праведните распределби, ако се темели на теоријата на еднаквост мора да биде вообличена со разликата помеѓу она што и припаѓа на поединечната морална личност и она што им припаѓа на околностите во кои поединецот се наоѓа. Во праведното општество, тврди Дворкин согласен со Ролс, пристапот до ресурсите не треба да зависи ниту од природните случајности, ниту од општествената условеност, туку од она за што поединците мора да се сметаат одговорни, т.е. од нивните постапки и избори. Општеството кое поединците ги третира како еднакви мора да биде засновано на егалитаристичка распределба на ресурсите, а еднаквоста не се темели на задоволување или благосостојба, туку на ресурсите.

[26] Dworkin, R., „What is Equility? Equality of Resources", *Philosophy and Public Affairs* 10, 1981, 345.

Исто како и Нозик и Дворкин се стреми кон отфрлање на принципот на правда кој се темели на договор. Неговиот главен аргумент, како и на Нозик, насочен е кон структурата на Ролсовото сфаќање. Принципите кои ги регулираат и оправдуваат институциите на доброто општество, според мислењето на Дворкин, мораат да одразуваат апстрактно барање поединците да се третираат како еднакви. Самиот Дворкин ја признава сличноста помеѓу неговата и Нозиковата критика на Ролс. Посебно е изричит кога кажува дека примерената теорија на правдата ги создава историските принципи, а не принципи на конечниот резултат или пак устроените принципи. Идеалот на дистрибутивната еднаквост, тврди Дворкин, мора да води сметка за индивидуалните избори и постопки, а само историските принципи го поседуваат овој вид на внимателност.[27]

Мислењето на Дворкин е сепак поблиску до Ролс околку до Нозик. Нозик сака да определи опсег и содржина на индивидуалните права за личности кои се проучуваат посебно, вон рамките на нивните сопернички интереси. За Дворкин општеството е колектив, а поединците морат да имаат право на праведна распределба на ресурсите за општа употреба. Меѓутоа, без оглед на разидувањата, Дворкин како и Ролс и Нозик размислува цврсто во внатрешноста на либералната традиција. Се смета дека неговата теорија ја оправдува уставната демократија со големи индивидуални права. Тој го прифаќа пазарот како главен механизам на координација на економијата, па така и неговата дефиниција на еднаквост на ресурсите е вообличена со пазарни трансакции.

[27] Исто, 338.

## 2. РЕВИЗИЈА НА ЛИБЕРАЛНИТЕ НАЧЕЛА КОН НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

Со оглед на длабоко прифатеното сфаќање, либерализмот изворно се спротивставува на било каква заштита на посебни групни права. Со други зборови традиционалната претпоставка на либерализмот е дека почитување на индивидуалната автономија не дава политичко признавање на културен идентитет. Поединецот се смета како ултимативна единица на морална вредност затоа што поседува морален стандард кој е во него самиот, како „самогенеративен извор на исправни побарувања"[28] и одреден тип на егалитаризмот – секој поединец има еднаков морален статус, па затоа властите го третираат како еднаков, со еднакво уважување и почитување.[29]

Меѓутоа потребно е да се прошират аргументи на современите авторитети на либерализмот против различните облици на нееднаквост на поединецот. На тој начин се оправдуваат посебни права на малцинските групи чии членови поднесуваат културна нееднаквост. Либерализмот не само да може да отвори простор за силен мултикултурализам во вид на културни права, туку и го налага во ситуација на културна нееднаквост.

Поединците мора да имаат највисок морален статус, а власта секого треба да го почитува како еднаков, а либералите бараат за секој поединец еднаква права и овластувања.

Стандардно либерално сфаќање на малцинските права е врзано за дискриминација или/и повластица. Таков облик на право кој е врзан за посебна група внатре во заедницата е потребно да се сфати како битна компонента на либералната политичка пракса, а не како натпреварувач на либерализмот.
Општи проблем со кој се сочуваат сите трајни политички малцинства е проблем на стекнување на правичен удел. Барање за посебни права или ресурси е втемелен во различност на изборот или нееднакви околности. Еден од темелите на одбрана на правата на малцинствата може да се најде во нееднакви околности, што е во спротивност со либералната теорија на правдина.

---

[28] Rawls, J., „Kantian Constructivism in Moral Theory", *Journal of Philosophy*, sv 77, 1980, 53.
[29] Dworkin, R., „In Defense of Equality", *Social Philosophy and Policy*, sv 1; Rawls, *A Theory of Justice*, 511.

Според либерализмот, власта ги третира луѓето како еднакви, со еднаков пристап и почитување, осигурувајќи му на секој поединец слобода и ресурси потребни за повторно преиспитување и дејствување ви согласност со тие уверувања. Ова барање е темел на современите либерални теории на правдина. Основните права и слободи и нивниот приоритет им гарантираат на сите граѓани еднакви социјални услови за напредок и развиток на нивните морални способности – способноста за чувство на правда и способноста за разбирање на доброто. Со чувствување на правда граѓанинот го применува чувството за правда на основната структура на општеството, а со способноста за примена на граѓанските моќи на практичен разум и мислење се формира, менува и спроведува нивното сфаќање за добро. *„Еднакви политички слободи, заедно со нивната непристрасна вредност и слобода на мислење, слобода но совеста и слобода за здружување, треба да обезбедат развиток на моралните моќи да биде слободен во двата случаи“.*[30]

Теоријата на општествен договор на Лок, Русо и Кант, Ролс ја донесува на повисок ниво на апстракција. Тој ги нагласува главните структурални црти на алтернативното сфаќање на правда кое е имплицитно назначено во договорната традиција. Тој го втемелува своето мислење врз тоа сфаќање. Вака сфатена правдата е најпримерен основ за демократско општество.

Со користење на начелото на праведност Ролс[31] стреми кон заштита на културата на слободата за која смета дека е предуслов за неговата теорија. Тејлор[32] и Дворкин[33] го подржуваат такво размислување. И двајцата сметаат дека способноста за обликување на добар живот бара расправа која ќе ги одреди и појасни алтернативите пред кои се наоѓаме, односно присутноста на луѓето кои се обидуваат да ја оживеат културата на минатото или кои ги подржуваат културните иновации. Тоа се општествени услови нужни за поединците како би добиле слобода на избор која ја пропагира либерализмот.

Либералите го увидуваат значајот на должноста во пропагирање и заштита на такви општествени услови и тие должности ги прифаќаат затоа што ги пропагираат, а не ги оспоруваат целите на либералната политика. Значајот на

---

[30] Rawls, J., *A Theory of Justice*, 8.
[31] Исто, 331, 441-442, 522-520.
[32] Види Taylor, Ch., „Philosophical Papers", sv.2, *Philosophy and the Human Sciences*, Cambridge University Press, Cambridge, 1985.
[33] Dworkin, R., *A Metter of Principle*, Harvard University Press, London, 1985, 229-232.

тие должности ги истакна и другиот либерал, Џозеф Раз.[34] За разлика од Дворкин и Тејлор тој смета дека власта не може да ги исполни таквите обврски без да го наруши средишното начело на неутралниот интерес. Власта не би смеела да ја искористи супериорноста или инфериорноста на било чиј концепт на доброто како причина на државно дејствување. Тој нагласува дека јавната поддршка на културната структура е значајна за сите луѓе и сите треба да ја подржуваат, без оглед на нивните различни разбирања за добар живот.

Бидејќи либералите веруваат дека властите треба да ги третираат сите поединци еднакво, праведноста бара да на секој поединец му се осигури слобода и ресурси кои се неопходни за испрашување и дејствување согласно нашите уверувања за вредности. Либералното општество е правно општество, уредено според начелата на правдина. *„Праведноста ги исправува недостатоците во општествена координација, но тие недостатоци се неискоренлива одлика на општествениот живот, но на тој начин подеднакво се изразува почитување кое им се должи на поединците како на цели сами по себе, а не како на средства за нечие добро или уште повеќе за заедничко добро"*.[35]

Либерален концепт на праведност се темели на апстрактна егалитарна платформа. И за Ролс и за Дворкин интересите на секој граѓанин заслужуваат еднакво уважување на две општествени нивоа: на економскиот пазар и во политичкиот процес на мнозинската власт. Но без посебно одредени законски регулативи, пазарна економија и политички одлуки на мнозинството, малцинските групи губат или се надгласани во прашањата кои се клучни за опстанок на нивната културна заедница.

Либералната правдина е издржан политички морал за управување со нашите политички институции и пракси. Изразува прифатлив и посакуван концепт на заедницата, увидува дека припадноста на културната заедница е битен елемент на нашиот развиток и избор, а во исто време го почитува стремежот кон самостојност. Таа согледува еднаквост на припадниците на заедницата, во приказ на правдина, без да ги присилува луѓето да бараат тоа што им припаѓа на штета на другите луѓе. Индивидуализмот кој се наоѓа во темелот на либерализмот не и штети на нашиот општествен карактер или на нашата

[34] Raz, J., *The morality of freedom*, Oxford University Press, 1986, 162.
[35] Kymlicka, W., *Liberalizam, zajednica i kultura*, Deltakont, Zagreb, 2004, 131.

заедница. Многу од политичките институции на либералната демократија го имплементираат во себе концептот на правдина и праведно општество.

Меѓутоа, важно е да се нагласи дека либералите кога мислеа за граѓански еднаквости и слободи претпоставуваа дека сите живеат во единствена заедница. Тие не согледуваа два аспекта на заедницата. Еден, политички во кој сите поединци користат права и одговорности кои произлегуваат од либералната праведност зошто сите се сограѓани живеат во иста политичка заедница, а го занемаруваа другиот, културен. Во културната заедница поединците ги обликуваат и ги ревидираат своите цели и амбиции. Луѓето во истата културна заедница ја делат културата, јазикот и историјата која ја одредува нивната културна припадност. Таквата разделба може да се посматра и како два аспекта на иста заедница. Политичката заедница може да се преклопува со културната заедница, како е предвидено во националната држава, а тоа имплицитно го претпоставува поголемиот дел на современи политички теории. Но тие два облика на заедницата не мора да се поклопуваат. Политичката заедница може да содржи две или повеќе групи на луѓе со различита култура, јазик и традиција. Таквата слика наоѓаме во мултикултурна држава, односно во културно плуралистички држави.

Припадниците на мнозинскиот народ го добиваат сето она за што малцинствата мора да се изборат. Тоа е важна нееднаквост и ако се занемари се претовара во неправда. Посебен политички статус може да ја исправи таа нееднаквост како гарант на сигурноста на малцинските заедници и еднаквост со мнозинската нација. *„Потребни се политичките права кои ќе ги отстранат нееднаквостите во контекст на избор кој престанува пред луѓето за било што да се одлучат“.*[36]

За осигурување на еднаквост не се доволни програми на привремени афирмативни акции, туку се потребни групни права. Врз темел на таа претпоставка, правата на малцинствата може да прават значаен дел на препознатлива теорија на еднаквоста. Правата на малцинствата ја осигуруваат положбата во која припадниците на малцинската култура ќе имаат пристап кон сигурна културна структура во која ќе ја имаат можноста за избор, па ќе можат да ја пропагираат културната еднаквост. Ако културната еднаквост ја сфатиме

[36] Исто, 191.

како примарно добро кое е темел на нашите избори, очевидна е потребата за посебни политички права и статус за малцинска култура. Во хомогено општество контекстот на избор, како вид на јавно добро, е достапен на сите. Кога е збор за културно плуралистички општества, таму е заштитата на контекстот на избор посебен извор на политички права.

Постојат политички и филозофски причини за покушај на одбрана на малцинските права во либерализмот, а не против него. „*Во тоа лежи прилика за истражување на културната припадност и за либералите постојат значајни политички разлози за одбрана на правата на малцинствата.*“[37]

Иако културната припадност е значаен дел на либералното стремење за автономија на индивидуа, либералните теоретичари не го сметат за примарното добро. Ролс не посветува внимание на човечко дејствување во рамките на културен контекст. Тој го усвојува аргументот за слобода на Мил кој се ослонува на фактот дека нашиот личен развој зависи од културната структура околу нас.[38]

Дворкин го истакнува значењето на културната структура која обезбедува услови потребни за донесувањето на конструктивни одлуки. За Дворкин „*средиште на културната структура на заедницата е заеднички јазик*“, а „*ја наследуваме културната структура и имаме одредени должности, заради самата праведност, да ја зачуваме таа структура барем подеднакво богата како што и сме ја затекле*“.[39]

Од таквиот став може да се заклучи дека Ролс и Дворкин, како и поголемиот дел политички теоретичари од нивно време тргнуваат од претпоставка дека политичката заедница е идентична со културната заедница. Културната припадност е примарно добро во културно хомогени земји, но само како вид на јавното добро кое е достапно на сите, а не е извор на различни побарувања на посебни права. Иако и двајцата го увидуваат значењето на заштита на културната структура, сепак го отфрлаат тврдењето дека е потребно да се заштити посебен карактер на културата. На имплицитен начин ја признаваат културната припадност како примарно добро, но на експлицитен начин не и признаваат статус претпоставувајќи дека во секоја политичка заедница постои само една таква културна структура.

[37] Исто, 157.
[38] Rawls, J., 209 – 210.
[39] Dworkin, R., *A Metter of Principle*, Harvard University Press, London, 1985, 230, 233.

Заговорниците на либерализмот го намалуваат значењето на припадноста на културната заедница во контекстот на избор. Ролс смета дека во праведно општество самопочитта е гарант на нашето уважување како еднакви граѓани, а тоа очигледно не е културната заедница.[40]

Според Кимлицка, културната припадност е значајна за разбирање на примарното добро. Во развивање на теорија на праведноста би требало пристапот кон културата да се третира како нешто што може да се очекува дека луѓето го сакаат без оглед на своите посебни концепции на доброто.[41]

Како што истакнува Ролс, во одлучувањето како ќе ги живееме нашите животи, не започнуваме де ново, туку живееме спрема *„дефинирани идеали и форми со кои се развиваа и живееја многубројни единки, понекогаш и генерации."*.[42] Според овој аргумент, нашите култури даваат неброено многу можности на избор. Кимлицка смета дека припадноста на културата е нужна за вистинско живеење на добар живот, додека можностите на самото рационално делување се развиваат само внатре во културата. Кимлицка исти така смета дека обезбедувањето на културната припадност е примарно добро, што е и евидентно кај единката кога нејзината култура е уништена, а обезбедувањето на индивидуалното делување зависи од обезбедувања да се партиципира во културата.[43]

За Портер *„истакнувањето на етнички разлики е чекор наназад во однос на либералното сфаќање на единство на човештвото"*. Либерализмот ги третира поединците како еднакви граѓани, без оглед на расна или етничка припадност. За него правата на малцинствата се не само *„ назадни, него и за жалење"*.[44]

Критика на либерализмот од страна на Потинг и Гибинс[45] се темели на тврдењето дека поединците се дел на општеството независно од културната

[40] Rawls, J., 544 – 555

[41] Kymlicka, W., *Multicultural Citizenship, Liberal Theory of Minority Rights,* Ckaredon Press, Oxford, 1995,110.

[42] Rawls, J., *A Theory of Justice*, 563.

[43] Види Murray, R., „Liberalism, culture, aboriginal rights: in defence of Kymlicka", *Canadian Journal of Philosophy.* Volume 29, number 1, 1999.

[44] Porter, J., *Ethnic Pluralism in Canada*; Glazer N. and Moynihan D., *Ethnicity, Theory and Experience*, Harvard University Press, Cambridge, 298 – 303, 1975

[45] Ponting, J. Gibbins, R., *Out of Irrelevance,* Toronto, 1980, 330.

припадност. За Шварц[46] токму тој аспект е доблест на либерализмот затоа што не ги гледа преку призма на одредена историска заедница.

Ако ги гледаме правата на малцинствата од таква гледна точка се чини дека либерализмот не може да ја даде поддршката за одбрана на малцинските права. Меѓутоа, многу е важно да се наспомене дека тие либерали размислуваа под влијание на околностите кои произлегоа од војната. Либералите кои живееја во 19. и на почеток на 20. век размислуваа на друг начин. Мил, Грин, Хобхаус и Дјуи нагласуваат значение на културната припадност за индивидуалната автономија, па заради тоа на друг начин го разбираат истакнувањето на културната припадност.

Дјуи[47] укажува на значење на припадноста на заедницата, но и на значење на свеста за заедништво која се темели на културната припадност. Грин смета дека важен дел на единството кое е потребно за добро општество потекнува од *„заедничко живеалиште, од заеднички традиции и обичаи до заедничко чувство за размислување кој е темелен на заеднички јазик"*.[48]

Хобхаус подеднакво ги велича „повисоките заедници„ кои поседуваат *„заедничко чувство за припадност и заеднички интерес"*.[49] Мил нагласува важност на „ чувство за национална припадност". Тоа чувство го обликуваат многубројни причини, а *„најсилен е идентитетот на политичкото минато: поседување на национална свест и заедничко сеќавање, колективна гордост и понижување, задоволство и каење"*.[50] За Мил заедничка културна припадност е предуслов, а не спротивставување на индивидуалната слобода.

За Мил, Грин, Хобхаус, Дјуи, човечката слобода е поврзана со свеста за заедничка културна припадност. За сите тие мислители вредноста на слободата на поединецот е од примарна важност, како и на сите други либерални мислители пред и по нив. Сепак, тие го увидуваат значењето на културната припадност за функционирање на добро уредено и праведно општество па затоа и на друг начин го разбираат легитимитетот на посебните мерки за малцинствата.

[46] Види Schwartz, B., *First Principles, Second Thoughts: Aboriginal Peoples, Constitutional Reform and Canadian Statecraft*, Montreal, 1996.
[47] Види Dewey, J. *The Public and its Problems*, London, 1928.
[48] Green, T. H., *Lectures on the Principles of Political Obligation*, 1941, 130-131.
[49] Hobhouse, L.T., *Social Development: Its Nature and Conditions*, London, 1966, 41.
[50] Види Mill, J.S., *Mill on Bentham and Coleridge*, (ur). Leavis, Chatto and Windus, London, 1962.

Хобхаус ги гледа проблемите на малцинската нација како нешто што на државниците им е најтешко да го решат. Постојат различни начини за исполнување на легитимното барање на припадниците на малцинството за културна заштита, но *„тоа секако не се постигнува со еднакви граѓански права. Помалата нација не сака да биде само рамноправна со другите. Таа се залага за сопствен живот“*.[51] Најголем проблем кој треба да го реши модерната држава, ако сака да се одржи, е да пронајде место за националните права во внатрешноста на единството на државата, па да ја овозможи националната разновидност, а притоа да не се наруши заедничката организација на животот. Хобхаус и либералите од неговото време сметаа дека граѓаните се дел на политичката, но и културната заедница, и тамо каде што постојат културни малцинства еднаквоста на граѓаните мора да се одреди поблиску. Денешните либералите не го застапуваат повеќе таквиот став.

Расправите на Ролс и Дворкин се под влијание на по воено либерално опкружување. Пред II светска војна прашање за малцинската култура и нејзината заштита беше од најголем значај за Лигата на народите. По неуспехот на Лигата на народите, вниманието се свртува на „човечките права“ кои треба да се обезбедат на поединецот како поединец без оглед на културната припадност. Во периодот пред војната, либерализмот ја гледаше својата победа и доблест во тоа што Лигата на народите обезбедуваше посебен политички статус за малцинствата во мултинационалните земји на Европа. По војната давањето на посебен политички статус на малцинствата се прикажува како предавство на либералните идеали затоа што не може да се допушти поединецот да се третира по етничка, расна или групна припадност. Меѓутоа, потребно е таквото мислење да се согледа на друг начин. Власта која дава посебни права на припадниците на малцинската заедница и понатаму ги третира тие поединци како поединци. Како припадниците на малцинските заедници немаат еднаква достапност до својата културна заедница како припадниците на мнозинскиот народ, треба да се исправи таа нееднаквост со колективните мерки. Со обезбедување на колективните права се овозможува третирање на поединците како еднакви.

[51] Hobhouse, L.T., *Social Development*, 299.

# 3. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ДРЖАВА

Државата претставува историски устроен организационен облик во цивилизираното општество кој ја обликува политичката и правната заедница на население на одредена територија и со заедничка суверена власт која делува со помош на сила (правосудство, полиција, војска), односно на тој начин обезбедувајќи безбедност на своите членови.

Класичната држава како меѓународно правен субјект мора да ги поседува следните карактеристики: постојано население, дефинирана територија, влада и капацитет да стапи во односи со другите држави.[52]

Современата теорија на државата го познава либералниот концепт на минимална држава. Нејзината улога е да правно гарантира праведни односи на пазарот (*laisser faire*); социјален концепт на социјалната држава на благосостојба *(welfare state)* која овозможува не само политичка и правна, туку и економска и социјална сигурност на целокупното население; односно конзервативен концепт на силна држава како органско единство кое ги опфаќа законот, уставот и јавниот морал и ги отелотворува колективната и националната цел и стреме.[53]

Темелната функција на државата содржи *"обезбедување и чување на една средина во која економскиот индивидуализам може да цвета"*.[54]

Нејзиното делување треба да биде раководено според начелото *laisser faire,* односно со немешањето на владата во активностите на поединецот. Согласно на тоа, добро владеење не е онаа во кое сите одлучуваат, туку онаа во кое се донесуваат најдобри решенија. Државата која ги следи либералните начела своите темели ги гради врз концептот на правото и правдината. Таквата држава тежнее кон заштита на својата територија, обезбедување на безбедноста на својата територија и граѓаните, зачувување на своите слободни политички институции и слободата, како и слободата на културата во своето граѓанско општество.[55]

[52] Види Starke, J.G., *Uvod u međunarodni zakon,* London, Batervort, 1989, член 1 Конвенција за правата и должностите на државата.
[53] Spajić, V., Kukoč, M., Bašić, S., *Interdisciplinarni rječnik*, Zagreb, 2001,127.
[54] Mill, J. S., *Izabrani politički spisi,* Biblioteka politička misao, Zagreb, 1988, 30.
[55] Rawls, J., *Pravo naroda,* Aleksandria Press, Beograd, 2003, 45.

## 3.1. НАЦИОНАЛНА ДРЖАВА

"Националната држава" ја има "заштитната улога" во однос на нацијата, но таа воедно е и средство на притисок и диктат кон својата и другите нации. Сепак, таа може да се набљудува и како дезинтегративен фактор бидејќи, настојува да се одвои од општеството и нацијата и да се заокружи како целина доволна на самата себеси.[56] Нација држава е онаа *"нација која фактички го поседува територијалниот суверенитет и одреден степен на власт над самата себе".*[57]

Према Волцер, националната држава е *"идеално обединување на сите членови во една национална група и во унифицирана политичка структура".*[58]

Создавањето на националните држави и стекнувањето на нивната независност не се одвива кај сите нации на ист степен на општ општествен и национален развој. Во многу од нив како основа се појавува мешаната национално-етничка структура, а во мал број на случаи "чист тип" на национална заедница, што се заедно влијаело врз процесот на постанувањето и обликувањето на националните држави. Националната држава во нејзината идеална форма претставува само фикција. Сепак нетреба да се превиди дека на националните држави на западна Европа во текот на долгогодишната историја им успеало да ги доведат во согласност или хармонија државата и културата. Националната држава и понатаму е едед од најважните фактори во однос на изградбата на колективниот идентитет на своите граѓани. Зачувувањето на силен колективен идентитет е претпоставка, долгорочно гледајќи на политичка стабилност и економска успешност.

Нациите држави се производ на специфичниот историски развој во Европа кој е овозможен со воведувањето на новиот капиталистички начин на производство. Европските нации држави се имаат симултано развивано

[56] Janjić, D., *Određenje nacije*, Beograd, 1986, 377.
[57] Smith, D. A., *Nacionalizam i modernizam*, FPZ, Zagreb, 2003, 26.
[58] Walzer, M., States and Minorities, *Fred*, 1983, 224.

заедно со процесот на формирање на тено нацијата од 16-от и 17-от век.[59] Во овој процес државите ја имаат здобиено својата етничка димензија и идентитет. Тие постануваат нации-држави. Постанувањето на модерната нација е историски гледано сврзано со оформувањето на нацијата. Истовремено државата се појавува како значаен лост на подигањето за создавањето и развојот на нацијата, пред се како највисок облик на нејзиното политичко организирање и како најсилен инструмент за заштита на нацијата. Во практиката државата навистина дава силен поттик на политичкиот, економскиот, културниот и вкупниот развој на нацијата.[60] Се смета дека државите претставуваат специфични, дури и единствено средство и механизам кој можел да обезбеди реализација на специфичните национални интереси на (*ethno*) нацијата. Европските држави сеуште перципираат како нации држави на одредени нации.[61] Хобсбаум овој концепт го набљудува во рамките на релацијата држава=нација=народ.[62] Следејќи ја оваа логика се верува дека нациите-држави претставуваат етнички и културно хомогени ентитети. Како резултат на оваа, создадениот мит за етничката хомогеност го зацврстил уверувањето дека нација-државата припаѓа на одредени етнички нации. Митот за етничката хомогенизавија бил моќна сила во градењето на колективитетот, етнички заснованиот идентитет на територијата на одредена држава. Тој мит претставува база за политичката идеологија на национализмот и често го експлоатираат националистичките движења. Меѓутоа, митот за етничката хомогеност на нацијата-држава вообичаено не соодветствува со реалноста.[63]

---

[59] Главните пресвртници во овај процес се Мировните договори од Вестфалија во 1648 година кога се поставени темелите на нова меѓународна (европска) заедница, правниот статус на државата и принципите за нивните меѓусобни односи.
[60] Pašić, N., *Nacionalno pitanje u suvremenoj epohi*, Beograd, 1973, 32-35, 128.
[61] Понекогаш терминот "мононација-држава" се користи sа дескрипција на овај модел и концепт; Види Macartney, C.A., *National states and national minorities*, London, Oxford University Press, 1934; Seton Watson, H., *Nacije i države, ispitivanje porijekla nacije*, Zagreb, 1980,; Stavenhagen, R., *Etničko pitanje:konflikti, razvoj i ljudska prava*, United Nations University Press, 1990; Žagar, M., *Ustavi u više-etničkoj realnosti*, Traktati i dokumenti, br. 29-30/1995, 144-157.
[62] Види Hobsbaum, E., *Nacije i nacionalizam od 1780*, Filip Višnjić, 1996.
[63] Види Gellner, E., *Nacije i nacionalizam*, Matica Srpska, Beograd, 1983; Smith, A., *Nacionalni identitet*, Beograd, 1998.

Етничкиот плурализам отсекогаш бил реалност во повеќето држави.[64] Националната држава се темели на *"една етничка група или националност, која успеала во рамките на меѓународната заедница да добие меѓународно-правно признание како територијално ограничена и суверена национална држава".*[65]

Хомогенитетот на националната држава би требало да се втемели на политичките, а не на етничко-културните фактори. Темелите на државата-нација во 20-от век се наоѓаат во принципите на еднаквост и заедништво разбирајќи ја нацијата како политичка заедница, а не етничка што е всушност концепт на државата. Нациите стануваат категорички императив дотолку повеќе доколку мултикултуралните општества се повеќе стануваат реалност во Европа. На тој начин националните држави во извесна смисла се денационализираат. Модерните држави тежнеат кон разграничување на политичкиот идентитет од културниот и етничкиот.

Генералниот тренд на 20-от век е се поголемата етничка, културна, лингвистичка и општествена различност. Интензивираната комуникација, стопанската соработка и меѓузависност во светот, развојот на транспортот и се поголемата мобилност на популацијата се некој од клучните фактори кои придонесуваат кон зголемената различност. Меѓутоа уставите и политичките системи сеуште се засновани врз концептот за моно-нација државите и луѓето сеуште веруваат во митот за етничка хомогеност. Сегашните модели на нација држава би можеле, а и би требало да се набљудуваат како можни генератори на национализам и етнички конфликти во модерните плурални општества.[66]

Тоа би можело да генерира конфликти помеѓу доминантните етнички заедници во државите и етничките групи кои несакаат да ја прифатат таквата доминација. Во такви ситуации посебните етнички заедници кои се незадоволни, понекогаш бараат решение во сецесија и создавање на сопствена држава. Тоа укажува на значењето и моќта на

[64] Одреден ниво на етничка плуралност отсекогаш постоело во земјите кои традиционално се гледани како хомогени нации-држави, нпр. Франција. Административните промени на територијата и границе, војните, побрзсиот економски развој на поедини региони, економските проблеим, природните катастрофи, болестите, гладот, се се тоа фактори кој допринеле за етничката разноликост и промената на етничка структура на населениото низ историја.
[65] Altermatt, U., *Etnonacionalizam u Evropi*, Jež, Sarajevo, 1997, 31.
[66] Види Gellner, *Nacije,* 3-5, Hobsbaum, *Nacije i nacionalizam*, 9-12.

постојниот концепт за нација-држава во сегашната меѓународна заедница и перцепцијата на луѓето ширум светот.[67]

Споредувајќи го процесот на постанокот на државата и нацијата на западот и истокот на Европа[68] се воочуваат дијаметрални различности. Во западна Европа, населението во текот на долготрајниот историски процес има изградено еднонационална свест, која се обликувала околу државата. Националниот идентитет го засилувал политичкото единство. Во источна Европа модерниот развој на државата е свртен во друга насока со самото постоење на Отоманското царство и Австро-Унгарија. Етничките групи се имаат појавено како јадра на национализмот и развивајќи ја националната свест допринеле за создавањето на сопствените држави. Во 19-от век Австро-Унгарската монархија ги блокирала националните будења на Унгарците, Чесите, Словаците, Хрватите, Словенците итн., при што како последица довело до тоа националниот идентитет да се однесува на јазично-културните, а не на етничките категории. Во мултиетничките царства постоеле многубројни миграции на населението, а нејасни биле и територијалните граници на националните држави. Создавањето на државите и создавањето на нациите се два одвоени процеси во овие подрачја на Европа. Во западна Европа постанокот на државата предходи на постанокот на нацијата. Во најголем број на земјите од источна и југоисточна Европа создавањето на нациите настапува пред создавањето на државата. Мирослав Хрох[69] ги нарекува "мали нации". Како што поимот нација е културно детерминиран, тој нема исто значение во сите делови на Европа. Во западна Европа поимот нација е разбран според гео-политичкиот клуч, како територијална рамка на државата чии жители со самото државјанство се и припадници на пример на француската нација. Во централна и источна Европа нацијата е разбрана како културна и јазична заедница каде припадноста се одредува врз основ на етничката афилијација (етничкото усвојување-прифаќање), а не врз основ на граѓанскиот статус и

[67] Малцинства во постоичките држави го перципират моделот нација-држава како добро средство sa реализација на националмите интереси (Види Ceating, M., Gary, J., *Minority nationalism and changing international order*, Oxford University Press, 2001, Kealas, J., *Politics of nationalism and etnicity*, London, 1998.)
[68] Bibo, I., *Die Misere der osteuropäischen Kleinstaaterei*, Frankfurt am Main 1992.
[69] Hroch, M., *Social Preconditiones of National Revival in Europe. A Comparative Analysis of the Social Composition of Patriotic Groups among Smaller European Nations*, Cembridge, 1985.

државјанството. На југоистокот и истокот на Европа пред Втората Световна војна не е изградено граѓанско цивилно општество. Недостасувала средната класа како носител на политичкиот либерализам и демократија. Политичките елити биле оријентирани кон националните прашања за кои сметале дека се позначајни од граѓанските. На крајот на 20-от век на истокот на Европа, потполно неочекувано се создава еден нов свет на држави чии граници се одредени врз основ на етницитетот и религијата. Сите мали етнички заедници бараат своја држава. По долгиот социјалистички период, нацијата и религијата стануваат најголеми сили во создавањето на идентитетот. Аналогно на западот на Европа од 19-от век, денес нациите на источна Европа создаваат рамка во создавањето на државата. Со постанувањето на модерната бирократска држава етничките заедници добиваат нова политичка важност. Во модерната држава нема место за етничка автономија која е во спротивност со новата идеологија за интеграција на сите граѓани во нова национална држава. Новата идеологија на политичкиот национализам бара од сите членови на "националната држава" да бидат обединети и хомогенизирани. Поради тоа и Смит смета дека е најсоодветно општеството да се дефинира како национална држава, односно како "социјална единица територијално одвоена од останатите такви единици, која има институции на власта од централен карактер кои се претпоставени на локалните политички единици и кои ги креираат внатрешните и надворешните односи".[70]

## 3.2. МУЛТИНАЦИОНАЛНА ДРЖАВА

Некоја држава се смета за мултинационална доколку нејзините припадници или припаѓаат на различни нации (мултикултурална држава) или се емигранти од различни нации (полиетничка држава) и доколку тој факт е значаен аспект на личниот идентитет и политичкиот живот. Во мултинационалните држави културната различност се појавува поради инкорпорирањето на претходно самоуправните, територијално конципираните култури во некоја поголема држава, додека во

[70] Smith, M.C, „Social and cultural Plutalism", *Annals of the New York Academy of Science, 83,* 1957, 763-77.

полиетничките држави културната различност се појавува поради индивидуалните и семејните имиграции.

Согласно на таквата поделба, националните малцинства се присутни во мултинационалните држави, а етничките групи во полиетничките држави.

Според Волзер, мултинационалните држави се домонантна политичка структура низ човековата историја.[71] Многу земји на западната демократија се мултинационални. САД имаат бројни национални малцинства; американските Индијанци, Порториканците, потомците на Мексиканците, автохтоните Хавајци, Хамороите од Гуама и многу други жители на пацифичките острова. Сите овие групи се присилно со освојување или колонизирање припоени кон САД. Индијанските племиња се признаени како "домашно зависни нации" со свој влади, судови и договорни права; Порторико е "комонвелт", а Гуам е "протекторат". Според американското државно уредување секои од овие народи е вклучен во федерацијата со посебни автономни овластувања.

Канада е федерација на три различни национални групи, Англичани, Французи и Абориџани[72] првичното инкорпорирање на квебечките и абориџанските заедници во канадската политичка заедница се одвивало по пат на присилба. Родниот крај на Индијанците најнапред го населиле Французите, а потоа го освоиле Англичаните. Темелите на федерацијата се поставени со низа уставно заштитени документи, започнувајќи од 19-от век, а завршувајќи во 1922 година со референдумот за доплна на Уставот, со кој Квебек добива специјален статус на општество со мнозински француски јазик и култура во Канада и Севрна Америка. Поимот мултикултурализам, канадската влада го употребува во однос на политиката на промовирање на полиетничноста наспроти асимилацијата на емигрантите која ја спроведува од 1970 година па наваму. Мултикултурализмот во Канада се разбира како право на емигрантите да без страв од предрасуди и дискриминација го изразат својот национален идентитет; во Европа тој најчесто упатува кон распределбата на власта помеѓу националните заедници, а во САД најчесто

[71] Walzer, M., „States and Minorities", *Fred*, 220, 1983, 220.
[72] Поимот „Абодиџани„ опфаќа три катргории на Абодиџани – индијанци, Инути, Метиси.

се употребува за да се исклучат барањата на маргинализираните општествени групи.

Јасно е дека една земја може истовремено да биде и мултинационални, како резултат на колонизацијата и освојувањата, но и полиетничка, како резултат на емигрирањето. Овие обрасци се присутни во Канада и Америка, така за тие две земји може да се каже дека истовремено се мултинационални и полиетнички.

Многу други западни демократии се мултикултурални, било затоа што го имаат инкорпорирано домородното население (Финска, Нов Зеланд) или затоа што се формирани како федерација на две или повеќе европски култури (Белгија, Швајцарија). Многу култури ширум светот се мултинационални, бидејќи нивните граници се повлечени така што опфаќаат територии кои претходно ги запоседнувале постарите и најчесто автономни групи. Тоа важи и за повеќето земји од поранешниот комунистички блок.

# 4. ДЕФИНИЦИЈА ЗА НАЦИЈА

„*Natio*" е збор од латинско потекло, изведена од глаголот нацсере (да се родиш), *natus* (роден). Латинскиот збор „*natio*" подразбира идеја за потеклото, по својата суштина независно од индивидуалната волја. Нацијата е заедништво по раѓање и прифаќање на јазикот и обичаите.[73] "Самиот збор се појавува и пред обликувањето на човечката заедница која се означува како нација во современото значение. Во модерен смисол поимот нација се употребува од 14-от век кога дава обележје на групите со воглавно ист јазик или територијално потекло. Речникот на Француската академија од 1694 година го одредува зборот *nation* како заеднички поим кој означува "сите жители на иста држава, иста земја, кои живеат под ист закон и користат ист јазик. Кон крајот на 18-от век, кога модерната држава се издига над темелите на традиционалната монархија, зборот нација преаѓа во подрачјето на идеологијата и започнува да се употребува како ознака за држава, оправдувајќи го постоењето на државната власт или потврдувајќи ги нејзините територијални барања и настојувања.[74]

Во Француската револуција, нацијата станува ознака на Третиот сталеж, за да подоцна би се поистоветила со самата револуција, зборувајќи за борбата "на нацијата против кралот". Поимот нација го опфаќа Третиот сталеж и големо мнозинство на народот во борбата против привилегираното племство, или како што тогаш се пишувало *"само Третиот сталеж можел да се претстави и да биде нација"*.[75]

Тој поим го изразува прокламираното единство и неделивоста на нацијата. Државата во текот, а особено по Француската револуција го присвоила поимот нација, следејќи ја промената настаната во 18-от век во која нацијата го завзема местото на зборот „популус" како ознака за припадноста на политичката група.[76] Истовремено тоа значело и своеврсен напредок во значението на зборот држава, така што денес "националната

[73] Mangué, P., *Contre L'Etat- Nation*, Edition's Denoël, Paris, 1979, 37.
[74] Исто, 44-45..
[75] Sieyes, *Qu–est-ce que le Tiers Etat*, Paris, 1789, во Mangué, 46.
[76] Person, Y., „Jezički imperijalizam i kolonijalizam," *Marksizam u svetu*, Beograd, 10/1977, 238.

држава" се поистоветува со целиот поим "држава".[77] Романтизмот, поимот нација го употребува за означување на човечки заедници, односно на моралниот и културниот идентитет, што не носи кон поширока употреба на поимот "нацинална држава" кој пак означува држава постаната врз остварувањето на националниот принцип.[78] Оваа разлика во значението на поимот нација во времето на Француската револуција и романтизмот се има задржано и до денес.[79]

Во Франција, Велика Британија, САД и Швајцарија, нацијата се разбира како политичка заедница на граѓаните кои се еднакви пред државата. Оваа толкување на поимот нација поаѓа од политичкиот поим за нација кој се формирал врз веќе постојната држава. За разлика од тоа, културно националниот начин на одредување на нацијата присутен е во Германија и Италија, каде чувството за заедничка припадност заради непостоењето на државата се потпирал врз јазикот и културата. Тука поимот нација е одреден врз етничка основа. Во што се состојат разликите помеѓу германскиот и францускиот начин на разбирање на националниот идентитет?

Националната свест во Германија била посилно културно одредена и иако не била во потполност аполитична, доаѓала во состојба на постојана затегнатост помеѓу регионалниот патриотизам и државниот или царскиот. Во Германија доаѓа до растење на етничко-културното разбирање како компензација за политичката рамка. Како што во Франција кралската влада рано ја има централизирано државата, националната свест е била насочена кон една политички и територијално ограничена заедница.

Француското сфаќање е насочено кон асимилација, а германското кон диференцијација.[80] Иако француското разбирање на нацијата претставува централистичко државно, неговата поставена цел е културна асимилација која тежнее кон постигнување на политичко единство. За

[77] Weber, M., *Privreda i društvo*, I, Prosveta, Beograd, 1977, 233.
[78] Chabod, F., „L'idea di nazione," *Editori Laterza*, Bari, 1974, 22, 23.
[79] Во наглискиот и францускиот јазик поимот *„нација„* се употребува во политички контекст за значението, а посебно во американската литература се поистоветува со државата. Во англискиот јазик ги има и следните значенија: општествено историска заедница на луѓе со заедничка територија, економија, посебна култура и јазик; на населението на накоја територија под единствена власт, управа.
[80] Altermatt, U., *Etnonationalismus in Europa*, Zürich, 1996, 20.

Германците нацијата претставувала фундамент и база на државноста, Французите во нацијата гледале производ на државата. Од различното поимање на нацијата, резултатот е појавување на една друга дефиниција на државотворен народ. Француското разбирање на нацијата со своите асимилаторски цели, донесува закон според кој доселениците од втората генерација по автоматизам стануваат државјани, а германското разбирање останува рестриктивно и се покажува отворено единствено за повратниците со германско потекло кои се враќаат од мешаните зони на Источна Европа.

Изедначувањето на државата и нацијата го усвојува Вејл која тврди дека *"не постои друг начин за дефинирање на зборот нација току како територијален агрегат чии различни делови го признаваат авторитетот на иста држава"*.[81] Дојч ја дефинира нацијата како *"народ кој има држава"*[82], а Херц тврди дека *"секоја држава формира нација и секој граѓанин е член на нација"*.[83]

Самото постоење на бројните дефиниции за поимот нација потврдува дека нацијата е сложена општествена појава, додека најверојатно значајни разлики во теоријата настануваат кога ќе се постави прашање за тоа како да се одредат "внатрешните врски" кои ги поврзуваат луѓето во национална заедница. На сите дефиниции заедничко им е инсистирањето на еден или повеќе конститутивни елементи на нацијата или истите елементи се објаснуваат на различни начини. Во модерната теорија за нацијата се повеќе се остварува предоминацијата на нацијата како заедница на карактерот, менталитетот, духот, судбината, културата и јазикот.

Значајната улога на културата, како најсилен фактор кој се пренесува од генерација на генерација и кој со социјализација од заедничката културна целина создава нација го нагласува Бауер.[84] За него нацијата претставува народна целина, обединета со заедничка судбина, а

[81] Види Weil, S, *The Need for Roots*, London, 1958.
[82] Види Deutsch, K., *Nationalism, and Its Alternatives*, New York, 1969.
[83] Види Hertz, F., *Nationality in History and Politics*, London, 1944.
[84] Bauer, O., *La question des nationalites et la social – democratie*, во Haupt G., Les marxistes et la question national, Paris, 1974, 242.

поседува заеднички карактер. Оваа Бауерова мисла ја следи и Карл Ренер[85] кој смета дека е немозвожно нацијата да се одржи без заедништво на јазикот и културата. Колку што културното влијание е посилно толку повеќе индивидуи се асимилираат, прифаќајќи го богатството на културата се одредува во својата посебност и партикуларитет (одвоеност).

Некои автори, како Парсонс, Бендикс, нацијата појмовно ја определуваат како народ со суверена држава, кои од најтесно значение на асоцијација на државјани преоѓа на најшироко значение на асоцијација на граѓани. Темел на ваквото разбирање не е само традицијата на англо-саксонското поимање на политиката, државата или нацијата, туку поимањето дека во народот како асоцијација на граѓани не е возможно да се создаде стабилен општествен поредок доколку не се обезбеди трајно извршување на власта.[86] Талкот Парсонс смета дека не е доволно да се одреди нацијата со државата, односно со самата политичка заедница, туку како што вели нацијата е *„социетелна заедница“*[87] *која претставува средиште на солидарност и меѓусебна поврзаност на членовите и која дава консензуална основа за соодветна полиотичка интеграција.“*[88] Во толкувањето на нацијата како социетелна заедница, односно како граѓанско општество внатре во поедини држави, Парсонс го следи концептот на Реинхард Бендикс за нужната поврзаност на изградбата на нацијата и категоријата граѓанин.[89]

Самата нација бара подлабоко втемелување од сферата која припаѓа на општеството, без оглед дали се работи за државата, политичката заедница или асоцијација на граѓани. Донакаде оваа мисла ја разработуваат Стејн Рокан, Ернест Гелнер и Антони Смит, додека Карл Дојч своето внимание ќе го насочи кон врските кој постојат помеѓу народот, културната заедница и нацијата.

---

[85] Види Rener, K., *Organisation der Welt*, Der Kampf, III, 1909.

[86] Lerotić, Z., *Nacija: teorijska istraživanja društvenog temelja i izgradnje*, Zagreb, 1977, 39.

[87] Дефиницијата за социетлна заедница како нација значи поместување од формата на интеграција на општество вре од формата на интеграција на општество врз основ на три елементи: заедницата, етничкото заедништво и власта која ги синтетизира државјанинот и територијалноста.

[88] Parsons, T., *Sociological Theory and Modern Society*, The Free Press, New York, 1967, 423

[89] Види Bendix, R., *Nation – Building and Citizenship- Studies of our Changing Social Order*, New York, 1964.

Рокан[90] заклучува дека територијално-културниот расцеп на релацијата центар-периферија влегува во доменот на нацијата, бидејќи на таа релација се создаваат нациите, а не врз темелот на власта, асоцијација на државјани или граѓани во пошироко значение на тој збор. За Смит нацијата е резултат на културата во најширок смисол.

Нацијата е *"голема етничка група, дефинирана со заедничка култура и вера во заедничкото потекло"*[91], или *"именувана човечка популација која поседува заедничка историска теорија, заеднички митови и историско сеќавање, масовна јавна култура, заедничка економија и заеднички граѓански права и должности еднакви за сите припадници"*.[92] Современите форми на народите не претставуваат израз на заедништво кое изворно се создало како форма на заедницата на граѓанското општество, туку тие се секуларизирани и уредени форми на културно и етничко заедништво.

Према Смит нацијата се наоѓа помеѓу две крајности; помеѓу идеалот на заедницита присутен во религиозните уредувања и модерните утопистички уредувања во кој заедницата е префрлена во иднината. Слично на Парсонс тој ја гледа нацијата како асоцијација на граѓани.

Гелнер поаѓа од гледиштето на модернистичката теорија и истакнува дека народите и нациите постанале од меѓусебната поврзаност на процесот на индустријализација, научното завладување со духовните вредности и превласта на масовната култура на пониските слоеви. Со традицијата и историјата нацијата го остварува поврзувањето на масите, кое со писменоста, образованието и технологијата се воздигнува на ниво на масовна асоцијација на граѓаните. Гелнер укажува на масовна култура како на општ културен медиум и рамка во која, во најголем број случаеви израснуваат современите нации. Според него образованието е клучен фактор на освестување на масите во нација, но и изградба на веќе оформените нации.

---

[90] Види Rokkan, S., *Nation Building, citizenship and political mobilization: Approaches and Models*, Oslo, 1970.

[91] Smith, D.A., *Theories of Nationalism*, New York, 1972, 176.

[92] Smith, D. A., *Nacionalni identitet*, Beograd, 1998, 30.

Образованието овозможува на масата да се воздигне во нација, во *„општество на граѓани со полна можност за остварување на своите права."*[93] За него луѓето припаѓаат на иста националност доколку имаат заедничка култура (систем на идеи, симболи, асоцијации и начин на однесување и комуникација) и доколку меѓусебе еден со друг се признаваат како припадници на иста нација. Со други зборови, *„нацијата го прави човекот, а нациите се артефакти на човечките уверувања, лојалност и солидарност"*.[94]

Хобсбаум истотака го нагласува елементот на артефактичност, инвенцијата и општествениот инжинеринг кои влегуваат во процесот на создавањето на нацијата. За него нацијата не претставува ниту примарен, ниту пак променлив општествен ентитет, туку припаѓа на одреден, понов историски период. *„Нациите како природен начин на класифицирање на луѓето, како суштинска политичка судбина претставува мит; национализмот, кој понекогаш ги зема културите кои некогаш постоеле и ги претвора во нации, понекогаш ги измислува, а често ги поништува одамна посточките култури: тоа е потполна вистина"*.[95]

Помеѓу детерминантите на нацијата како општествена, историска заедница на луѓето присутни се ставови кои укажуваат на државата како значаен чинител за одредување на нацијата. Овие детерминирања ја гледаат нацијата како политичка заедница на луѓето. Вебер ја гледа нацијата како „заедница на чувства која соодветно би се трансцедентирала во сопствена држава, и затоа нацијата е заедница која се стреми кон создавање на сопствена држава".[96]

Слично одредување на нацијата заговара и Дојч според кого националноста е *„народ кој тежнее кон создавање на власт, инструментите на принуда кои би биле доволно силни да гарантираат послушност кон нивните наредби"*.[97] Дојч го следи и правецот на одредувањето на нацијата како јазичка комуникација. Јазикот не претставува важно одредиште на заедницата, но од него најлесно можат да се препознаат самосвеста и структурата на поедини

[93] Gellner, E., *Thonght and Change*, London, 1965, 119.
[94] Gellner, E., *Nations and Nationalism*, Oxford, 1983, 19.
[95] Hobsbawm, E., *Nations and Nationalism since 1780, programme, myth and reality*, Cambridge, 1990, 17.
[96] Weber, M., *Esseys in Sociology*, „H.H. Gerth and C.Wright Mills", New York 1946, 176.
[97] Види Deutsch, W. K., *Nationalism and Social Communication – In Inquizy in to Fondation of Nationality*, „The M.I.T. Press, London, 1972.

човечки, етнички, народни и национални заедници. Според него јазикот е значаен и идеолошки најизразен фактор на индивидуализацијата на нацијата.

Нацијата претставува систем на информации и комуникации, како и систем на управување, кој самиот себеси се изградува во согласност со барањата за модернизирање на современото општество. Дојч категориите народ и нација ги заснова во заедницата која припаѓа на културно[98] – комуникацискиот систем.

Нацијата како заедница која има моќ ја гледа и Сетон-Ватсон. Нацијата е *„заедница на луѓе чии припадници се поврзани со чувството на солидарност, заедничка култура, национална свест"*.[99]

Според него нацијата е целина која првенствено го истакнува својот политички индивидуитет, слободата и рамноправноста на сите граѓани-државјани поединци. Нациите втемелени во јазичниот и културниот супстрат на прво место ја ставаат заедницата како органска целина подредувајќи и ги индивидуите-граѓаните. Сетон-Вотсон смета дека *„нациите постојат таму каде што значаен број на луѓето во заедницата смета дека создава нација или се однесува како да ја создава"*.[100]

Доколку мислењето го поистоветиме со замислувањето доаѓаме до дефиницијата која ја има дадено Андерсон. Според него нацијата е *„замислена политичка заедница, и тоа замислена како инхерентно (суштествено) ограничана и суверена"*.[101] Замислена е затоа што припадниците дури и на најмалите нации никогаш нема да ги запознаат мнозинството од останатите припадници на својата нација. Ограничена е, бидејќи и најголемите нации имаат одредени граници истите се растегливи од другата страна на нив се наоѓаат други нации. Нацијата се замислува како суверена, бидејќи поимот нација се јавува во периодот на просветителството и револуционерноста коге се разбива легитимитетот на династичките кралства. Накрајот, нацијата е замислена како заедница затоа што без оглед на реалните нееднаквости кои владеат во неа, таа се разбира како силно хоризонтално братство.

[98] Под културата Дојч ги подразбира јазикот, вредносните оријентации, стилот на живеење, додека заедницата како продукт на културата ја гледа како дополнителен дел на општество, чија најважна задача е покривањето на комуникацијата помеѓу поединците. Заедница претставува „група на индивидуи во чие паметење и светот се наоѓаат исти навики и комуникациски културни канал".
[99] Види Seton-Watson, H., *Nacije i države, ispitivanje porijekla nacije,* Zagreb, 1980.
[100] Исто, 95.
[101] Anderson, B., *Nacija:zamišljena zajednica,* Školska knjiga Zagreb, 1990, 17.

Доклоку се запрашаме што треба да претставува нацијата, ќе биде видлива противречноста помеѓу тврдењето дека нациите се природни заедници историски и судбински обликувани, како и обликувани со поимот за создавањето на нациите. Нагласавујаќи ја *„врската со минатото"*, создавачите на нацијата се обидуваат да го прикријат фактот дека нивната нација е производ на бирократска одлука или меѓународен договор, и дека нивната национална свест е допрва во процес на создавање. Историјата на сите нации е полна со измислени традиции и нагласена заедничка национална култура. Значението кое создателите на културата го имаат во измислувањето на културата и историјата поврзано е со улогата која со овие идеи е наменета на животот на нацијата. Тие одговараат на потребата од континуитет, на желбата барем некои делови од општеството да се претставаат како непроменливи и како места за идентификација. *„Само еден фактор е нужен, доколку не и доволен за дефинирањето на групата како нација, тоа е постоењето на национална свест".*[102]

Нациите постојат само додека нивните припадници го споделуваат заедничкото чувство на припадност. Нациите се обидуваат да го преобликуваат своето минато, реинтерпретирајќи ја својата култура, да ги заборават своите внатрешни разлики и да ги прифатат заедничките карактеристики како би создале илузија на природно единство, поврзано воглавно со долго славно минато и светла иднина.

Главни елемент во градењето на нацијата (*national building*)[103] е истакнувањето на заедничките облици кои го зацврстуваат чувството за единство и им овозможува на поединците меѓусебно да се прифатат. Потребно е да се изврши анализа на разликите помеѓу либералниот и неолибералниот став за градење на нацијата. Првата се однесува на степенот на силата која се користи за да се оствари заедничкиот национален идентитет; втората разлика се однесува на

[102] Tamir, Y., *Liberalni nacionalizam*, „Filip Višnjić", Beograd, 2002.

[103] Кога зборува на нацијата Кимлицка смета дека државата има седум силни средства односно механизми: 1) политиката на државјанства 2) законот на јазикот 3) образовната политика 4) запослување во јавните служби 5) централизирана власт 6) националните медиуми, симболите и празници 7)воената служба. Со овие средства располаагат сите држави. Единствената разлика може да биде начинот на нивната примена. Доколку некоја држава сака да биде праведна во етнокултурална смисла, таа мора и на националните манцинства да им ги даде скоро сите средства sa градење на нацијата како и на мнозинскиот народ, но кои се подложни на ограничувања, а кои ограничувања вклучуват почитување на права малцинства. Види Kymlicka, W.,and Opalski, M., *Može li se izvoziti liberalni pluralizam?*, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002.

достапноста во јавниот простор - во либералната држава јавниот простор е поограничен од приватниот ; во либералната држава на поотворен начин ја конституираат националната заедница; постои потесен концепт на национален идентитет; во либералните држави нацијата ретко се промовира во најголема вредност; либералните држави во поголема мерка се космополитски определени; помалку инсистираат на ексклузивистичкото разбирање на националниот идентитет, и на крајот во либералните држави се признаваат другите национални идентитети и во јавноста им се отстапува простор.

За либералниот плурализам малцинствата не се сметаат за „*неприродни*" дамки на националната територија, туку за полноправни граѓани, на чии интереси мора да им се посвети должно внимание. Секој програм на изградба на нација мора да вклучува и одредена присилба, мора да остави доволно простор за изразување на разликите во приватната сфера на животот, мора на оние кои не припаѓаат на нацијата да им овозможи да станат нејзини полноправни членови доколку тоа го сакаат, односно мора да ја подели сферата на јавниот живот во оние случаеви во кои националните малцинства инсистираат на сочувување на својата различност.

## 5. ДЕФИНИЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО

На меѓународен план сè уште непостои некаков важечки документ во кој јасно и прецизирано би било кажано што се подразбира под поимот малцинство. Меѓународните политички и легални документи, устави и внатрешното законодавство на различни држави традиционално го имаат избегнувано оваа прашање.[104]

Значајните дефиниции се настанати во склоп на подготовката на соодветните документи на ООН и Советот на Европа. Како прв обид може да се наведе Предлогот на поткомисијата на ОН за сузбивање на дискриминацијата и заштитата на малцинствата, на норвешкиот стручњак Асбјорн Ејде према кој малцинствата се *„недоминантни групи на населението кои имаат и сакаат да ги зачуваат верските традиции или карактеристики по кои се разликуваат од останатото население".*[105]

Втората и веројатно најпознатата дефиниција ја има дадено специјалниот известувач на оваа поткомисија Капотори. Према него *"малцинството е група помала од остатокот на населението на државата, тоа е во недоминантна положба, а неговите членови, кои се државјани на таа држава, имаат етнички верски или јазични одлики различни од останатото население и искажуваат макар само и имплицитно, чувство на солидарност насочено кон сочувување на својата култура, традиција, вера и јазик."*[106]

Следната позната дефиниција на малцинствата ја формулира канадскиот експерт Жил Дескене, а истата Поткомисијата за спречување на дискриминацијата и заштита на малцинствата ја разгледувала на своето 38. заседание во 1985 година и према тој предлог малцинство е *"група граѓани на една држава која е бројчано помала и во недоминантна позиција во таа држава, а која е обележана со етнички, верски или јазични*

[104] Види Benoa-Romer, F., Hardeman, H., Manjinsko pitanje u Evropi: Ka stvaranju koherentnog evropskog režima, CEPS Paper, br.55, Brisel: *Centar za Evropske političke studije,* 1994, 25, 29.
[105] Док УН Е/ЦН.4 /Суб. 2 /1993/34 параграф 29 ., во Dimitrijević, V., Paunović, M.; *Ljudska prava*, Beograd, 1997, 405.
[106] Capotorti, F., *Studija o pravima osoba koje pripadaju etničkim, vjerskim i jezičkim manjinama*, New York, Ujedinjene Nacije, 1991, 96.

*карактеристики кои се различни од мнозинското население."*[107] Во рамките на Советот на Европа внимание заслужува нацртот за Европската рамковна конвенција за заштита на малцинствата[108], која го дефинира малцинството како бројчано помало од останатото население на државата, а чии членови, иако државјани на таа држава, имаат етнички верски и јазични карактеристики по кои се разликуваат од останатото население на државата, а тежнеат кон зачувување на својата култура, јазик и традиција или вера.[109]

Втор значаен документ е Препораката на Советот на Европа број 1134 од 1990 година. Тоа е воедно и единствениот важечки меѓународен акт, иако правно необврзувачки, кој содржи службена дефиниција, според која националните малцинства претставуваат издвоена и посебна група на лица од една држава кои "а)престојуваат на територијата на таа држава и се нејзини државјани; б)одржуваат со таа држава долготрајни и цврсти врски; в)покажуваат посебни етнички, културни, верски или јазични карактеристики; г)застапени се во доволен број, при што сеуште се малубројни во однос на останатото население на таа држава или едно подрачје на државата; д)поттикнати се од желбата да заедно го зачуваат онаа што го прави нивниот заеднички идентитет, посебно нивната култура, традиција, вера и јазик."[110] Во овој документ малцинствата се гледаат како богатство и различност на европската цивилизација.

Кимлицка ги користи изразите етничко и национално за да не насочи кон модусот за инкорпорација на една група во поширокото општество, а не на нивото на политичка мобилизација. Националните малцинства се заедници кој имаат оформени заокружени и функционални општества на своите историски родни територии пред да биле вклучени во поголема држава.[111]

[107] Proposal concerning a Definition of the Term „Minority" submited by Jules Deschenes, E/CN.4/Sub.2/1985/31, p.31

[108] Димитров, Н., *Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства*, Скопје, 1999

[109] Рамковната конвенција е прв правно обврзувачки мултилатерален документ посветен исклучиво на заштитата на малцинствата. Почнал да се применува во правните состави на европските држави од 1.2. 1998.

[110] Член 1 Препораки 1201, Парламентарно Собрание на Советот на Европа_ од 1993, во Mitić, M., *Nacionalne manjine,* Službeni list SRJ, Beograd, 2001, 348

[111] Kymlicka, W., Opalski, M., *Can Liberal Pluralism Be Exported?,* Oxford University Press, 2001, 37.

Националните малцинства може да се согледуваат поделени во две категории: *"недржавотворни нации"* - алохтони малцинства и *"староседелски народ" (indigenous people)* - автохтони малцинства. Недржавотворни нации се нации кој во моментот немаат држава во која се мнозинство, но можеле да имаат таква држава во минатото, или имале темел за такво барање. Таквите нации ја делат државата со други нации од многу причини; или во минатото биле освојувани или населувани со други народи, анектирани од страна на некој други држави или обединети со други држави. Понекогаш повеќенационалните држави постануваат врз основ на спогодба помеѓу националните заедници кој прават федерација.

Староседелците се народи чии традиционални територии се превземени од доселениците, и кои потоа со сила или спогодбено се вклучени во државите кој ги водат народи кои тие ги сметаат за странци. За разлика од националните малцинства кој тежнеат кон статусот кој го имаат државотворните нации, староседелците бараат нешто дијаметрално спротивно: можност за задржување на извесен традиционален начин на живеење и верување и да покрај тоа партиципираат во општествениот живот на заедницата. Во контекст на гледиштето на западниот свет недржавотворните нации се разликуваат од староседелците по тоа што имаат учествувано во процесот на европското формирање на државите, но неуспеале да создадат своја држава, додека староседелците се биле изолирани од тој процес и така го задржале својот начин на живеење до денес. Недржавотворните нации ја имаат изгубено борбата за политичка моќ, а староседелците биле вон овој систем на европски држави.[112]

Без разлика на тоа на кој начин се инкорпорирани во државната заедница, и недржавотворните нации и староседелците по правило се спротивставувале на државното градење на нациите и се бореле да ги задржат или одново да ги стекнат сопствените институции на самоуправа кој би функционирале на сопствен јазик, тежнеејќи кон живот и работа внатре во сопствената култура.

[112] *Недржавотворни народи* се Каталонците, Баските, Фламанците, Шкотите, Велшаните, Корзиканците, Порториканците и Квебеќаните, додека Самите, Инутите, Маорите и американските индијанци се староседелски народи.

Некој од државите кој признаваат само изрично (во Уставот) наведени малцинства, прават разлика помеѓу автохтоните односно традиционалните (староседелците) и алохтоните односно имиграциските (доселеничките) малцинства, па посебни права им признаваат само на првите, додека на другите, под услов да имаат државјанство на одредена држава, им ги признаваат само општите(основните) човекови права и слободи како и на сите други граѓани.

Држави кои прават такви разлики вообичаено изрично ги наведуваат автохтоните малцинства. Такви се Германија, Австрија, Словенија, Унгарија. Овие држави свесно превидуваат дека на нивната територија живеат и други етнички малцинства, понекогаш и многу бројни (дури и неколку пати поголеми од таканаречените автохтони малцинства), но сепак на тие малцинства и на нивните припадници не им гарантираат никакви посебни права.

Кога во меѓународните акти ги споменуваат малцинствата, се сретнуваат различни називи за малцинство: "малцинство", без поблиски атрибути,[113] "расни и етнички групи"[114], "национални, етнички, расни или верски групи"[115],"етнички, верски или јазични малцинства"[116], "етнички, јазични и верски малцинства"[117], "национални или етнички, верски и јазични малцинства"[118], "национални малцинства".[119]

---

[113] Види Резолуција на Генералното Собрание на ООН 217 Ц за малцинствата, од 1948.
[114] Види Чл. 1 Меѓународни конвенции за укинување на сите облици на расна дискриминација, од 1968. година.
[115] Види Чл. 2. Конвенција за спречување и казнување на злосторството геноцид, од 1948.
[116] Види Чл. 27. конвенција за пактот за граѓанските и политичките права.
[117] Види Чл.,1/1 Нацрт на Европската конвенција за заштита на малцинствата.
[118] Види Декларација на ООН за правата на припадниците на националните или етничките, верските и јазичните малцинства, од 1992.
[119] Види Конвенција за забрана за дискриминација во образованието, од 1960; Конвенција за заштита на човековите права и слободи од 1950; Завршен акт од Хелсинки, 1975 и сите други документи на ОБСЕ (Заклучен документ од Мадридскиот состанок на ОБСЕ, Завршен документ од состанокот на Конференцијата за човечката диминзији на ОБСЕ во Копенхаген, Париската повелба за Нова Европа); Рамковната конвенција на Советот на Европе за заштита на националните малцинства, 1995.

## 5.1. ДЕФИНИЦИЈА ЗА ЕТНИЧКА ГРУПА

Етничка група и национално малцинство не претставуваат истозначни појмови. Европските автори воглавно прават разлика помеѓу етничките заедници или групи и националните малцинства. Националните малцинства се етнички групи во поширока смисла кој живеат надвор од своите матични држави, на просторот на државата која им гарантира право на еднаквост и културна автономија. Етничката група или заедницата во потесна смисла нема своја матична држава, но државата на чии простор се наоѓа и гарантира право на еднаквост и културна автономија. Американските автори, етничките групи по правило ги одредуваат како малцинства, меѓу кои ги вбројуваат и јазичните и веските заедници. Кимличка смета дека националните малцинства треба да се согледуваат како посебни и потенцијално самоуправни општества кои се инкорпорирани во поширока заедница, а етничките групи како емигранти кои ги напуштиле националните заедници како би стапиле во ново општество.

Во почетокот на 20-от век Вебер[120] етничката група ќе ја одреди како група за која е важно субјективното верување на нејзините членови во заедничкото потекло поради сличноста на изгледот или обичаите, или заради историското искуство на колонизација и миграција, а не постоењето на вистинска крвна врска помеѓу нив.

Бромли етничката група ја гледа како *"историски развиена група на луѓе со единствено наследена и заедничка култура (вклучувајќи го и јазикот), психички црти, како и самосвеност".*[121] Во меѓународните документи е прифатено етничката група да се одредува према разликите кои ги истакнуваат нејзините поединци. Во "Студијата за дискриминацијата на домородното население" утврдено е дека етничките групи може да се прифатат како такви се додека нејзините членови се сметаат за различни, и нивниот развој мора да се темели на начелата на плурализмот, самоуправувањето, автономијата и самоодлучувањето. Етничките групи не

[120] Weber, M., *Protestanska etika i duh kapitalizma*, 1989.
[121] Žagar, M., „Da li su Slovenci u Hrvatskoj nacionalna manjina?", во *Slovenci u Hrvatskoj*, Ljubljana: Institut za Etničke studije, 1995, 334.

се постојани, тие се менуваат, исчезнуваат, се обновуваат во сите свои аспекти. Смислата на постоењето на етничките групи денес не се одразува во колективното користење на некои посебни културни ознаки, туку во нивното формалноправно признавање врз чии темел лицата кои припаѓаат на таа група би ги оствариле своите посебни интереси.

Најширока е онаа дефиниција според која етничкото малцинство е[122]: а) специфична и формирана-одредена група на личности; б) вообичаено нумерички помала група од останатото население на државата; в) онаа која живее како посебна заедница во недоминантна положба во рамките на определено општество; г) личностите кои припаѓаат на оваа посебна заедница се граѓани на државата на чија територија живеат[123]; д) тие поседуваат етнички, религиозни, културни и/или јазични карактеристики кои се разликуваат од оние кои го обележуваат останатото население на државата; ѓ) тие имаат развиено посебен етнички идентитет и се мотивирани заеднички да го одржат својот идентитет, религија, култура, традиција и јазик; е) ваквата заедница станала етничко малцинство како последица на специфичниот историски развој на својата традиционална територија на живеење.[124]

А. Смит својата дефиниција за етничка група ја темели врз Шемерхорновата[125] дефиниција кој ја гледа етничката група како колектив внатре во поголемо општество со вистински или измислени заеднички предци, сеќавањата за заедничкото минато и заедничката култура.

Смит дава шест основни црти на етничките групи: а) заедничко име, б) митот за заедничкото потекло, в) заедничкото историско сеќавање, г) еден или повеќе елементи за заедничка култура, д) врската со татковината, ѓ) чувство за солидарност со останатите од етничката популација.[126] За

[122] Види Bromley, X.V.: „Toward Typology of Ethnic Processes", *Vervielfältigtes Manuskript 8.* Weltkongress für Soziologie. Toronto, 1974.
[123] Ова е главната карактеристика според која се разликуваат личностите кои припаѓаат на етничките малцинства и емигрантите. Новите емигранти вообичаено немаат државјанство на земјата во која престојуваат.
[124] Постојат исто така етнички малцинства чии членови живеат на целата територији на државата или во неколку региони на државата
[125] Види Schemernhorn, R., „Ethnicity in the perspective of the sociology of knowledge", *Etnicity, I,* 1974.
[126] Hutchinson, J., Smith A., *Ethnicity,* Oxford University Press, 1996, 7.

Амстронг[127], како и за Смит, митовите и симболите имаат витална улога во унифицирањето на популацијата и обезбедувањето на нивниот континуитет низ многу генерации. Де Вос[128] истотака во заеднички одлики на етничката група ги вбројува "традициите" кои се иманентни за секоја група како што се верските уверувања, јазикот, чувството за историскиот континуитет и заедничкото потекло.

[127] Види Armstrong, J., *Nations before Nationalism,* University of North Carolina Press, 1982.
[128] Види De Vos, G. and Romanucci-Ross, L. (ed*), Ethnicity, Theory and Experience, Chicago*, Chicago University Press, 1974.

# 6. ДЕФИНИЦИЈА ЗА КУЛТУРАТА

Првично, поимот култура го има дефинирано Е.Б.Тејлор во студијата "Примитивни култури" од 1871 година. Меѓутоа, поточно би било доколку кажеме дека со оваа само отпочнала расправата околу дефинирањето на овој поим.

Баландје[129] наоѓа дека досега се дадени околу 250 различни дефиниции за културата. Во почетокот одредувањето било во врска со спротивноста на релација природа-култура, а подоцна одредувањето тргнува од вредностите и однесувањето.[130] Во најопшто значение културата се однесува на "вистинската човекова суштина" и го вклучува сето онаа што се однесува на трудот(интелектуално, етичко, физичко и техничко искуство). Културата претставува целовитост на општествените комуникации, вклучувајќи ги и политичките институции, но и начинот на размислување.

Културата како човечко дело е поврзана со човековата заедница.[131] Овој факт низ делувањето на културата врз постанувањето и развојот на заедницата, овозможува да се зборува за културниот идентитет на човечката заедница. Притоа, под културен идентитет се подразбира сето онаа што ја прави посебноста, својство на одредена политичка заедница, како и историскиот облик на заедница на луѓе кои ја создаваат нацијата.

Од средината на 20-от век поимот култура[132] е значајно проширен со прифаќањето на начелото на релативизам, холизам и плурализам. Клучните поими на современите истражувања на културата стануваат културна динамика; културната различност; културната доминација; опсесијата и еманципацијата; културниот дисконтинуитет; конструкцијата на културата, пренесувањето и учењето на културата. Во центарот на интересот е поединецот со својата интерпретација на начинот на живеење на својата и другите групи, а не априори теориските конструкции.

[129] Види Balandier, G., *Sociologija, etnologija i etnografija*, Naprijed, Zagreb, 1966.
[130] Исто, 115, 117.
[131] Gramši, A., *Historijski materijalizam i filozofija Benedeta Kročea*, Naprijed, Zagreb, 1958, 44.
[132] Spajić-Vrkaš, V., Kukoč, M., Bašić, S., *Interdisciplinarni rječnik*, Hrvatsko povjerenstvo za UNESCO, Zagreb, 2001, 279.

Антропосоциолошкото поимање на културата ја разбира како начин на живеење. Во овој контекст културата се протега врз сите облици на секојдневното човеково живеење. До 20-от век културата е претставувана како некаков епифеномен на општеството, општествен сателит, украс или адитив, но сега нејзината слика е обрната. Бројните истражувања на значајни автори како Вебер, Хантингтон и Фукујама го повратија нарушениот дигнитет на културата. Културата е демиург(создавач) на човечката стварност, орудие на човековата општествена репродукција, детерминанта и индикатор на општествениот развој. Од културните односи произлегуваат сите останати социјални односи (економски, политички, класни, идеолошки, морални, едукативни, естетски). Културата (или подобро да кажеме културите) претставуваат карика која реално ги интегрира поединците на една територија. Културата може да се набљудува и како темел на идентитетот на одредени етнички групи, но и како основ на идентитетните разлики кои можат да претставуваат предуслов за соработка и просперитет, а не само за меѓусебна одбојност и нетрпеливост. Долготрајната интеграција може да се постигне само со негување на културните различности на сите етнички заедници, а одбојноста секогаш се појавува кога се инсистира на културна унификација и монолитност, што автоматски се доведува во врска со губењето на сопствениот идентитет.[133] Сите новонастанати држави ја нагласуваат посебноста на својот културен идентитет. Од тоа Хунтигтон[134] ја темели својата теза дека конфликтите во светот повеќе не се идеолошки и економски, туку културни и цивилизациски.

Со културните права[135] или "правата на еднаквост" се одредува статусот и привилегиите на сите луѓе како создатели на културата и учесници во културниот живот на локалната заедница, држава или светот во целост. "Према општата декларација за човековите права" културните права опфаќаат: право на културен идентитет, право на учествување во културниот живот на сите нивоа на општествениот живот, право на

[133] Види Božilović, N., Kulturni, etnički i regionalni identiteti i odnosi na Balkanu, во Zbornik radova *Kvalitet međuetničkih odnosa, svijest o regionalnom identitetu i mogućnost suradnje na Balkanu*, Sven, Niš, 2004.
[134] Huntington, S., „The Clash of Civilisations? ", во *Foreign Affairs*, 72, 1993, Nr.3, 22-49.
[135] Interdisciplinarni riječnik, 438.

негување, образование и стручна наобразба, право на слобода на изразувањето. Државите се обврзуваат на заштита на културните права на својте граѓани, но и на изготвување на делотворни програми кои врз основ на недискриминаторски принципи ќе осигураат уживање на тие права, вклучувајќи негување, развој и ширење на науката и културата.

Културната припадност е значајна во остварувањата на нашиот суштински интерес за водење на добар живот. Луѓето едноставно не можат да се пренесат од една култура во друга, дури под услов да се осигура можноста за друг јазик и култура. *"Културнаша припадносш влијае врз нашешо чувсшво на посебен иденшишеш и нашише способносши".*[136]

Културата е многу значајна за животот на поединецот во културно плуралните општества. Таквата култура на своите поединци им дава смислени облици на живот исполнет со човекови активности, вклучувајќи го општествениот, образовниот, религискиот, рекреациониот и економскиот живот, кој ја опфаќа и сферата на јавното и сферата на приватното. Овие култури настојуваат да бидат територијално концентрирани и засновани на "заедничкиот јазик".[137] Тие култури можат да се наречат "општествени култури" *(societal culture)*, на тој начин нагласувајки дека тие не ги вклучуваат само заедничките вредности, туку и заедничките институции и практика. Социјетелната култура претставува територијално концентрирана култура, собрана околу заедничкиот јазик кој се употребува во широк дијапазон на социјалните институции, подеднакво во јавниот и приватниот живот, училиштата и медиумите, законодавството, државната управа итн., и која покрива еден цел спектар на човековите активности, вклучувајќи ги општествените, образовните, религиските и економските.[138] Ваквото разбирање се нарекува социјетално за да се нагласи дека тоа го вклучува заедничкиот јазик и општествени институции. Во либералните демократии, таа е неизбежно плуралистичка. Различноста е резултат на правата и слободите кои се гарантираат на слободните граѓани. Промовирањето на интеграцијата во социјетелната

[136] Kymlicka, W., *Liberalizam, zajednica i kultura*, 175.
[137] Kymlicka, W., *Multicultural Citizenship*, 100.
[138] Kymlicka, W., *Can Liberal Pluralism be Exported?*, Oxford University Press, 2001, 31.

култура е дел од проектот за "градење на нацијата"[139] (*national building*) во кој се вклучени сите либерални демократии.

За културата често се зборува како за посебно подрачје на човековата делатност. Групите и поединците специјализирани за подрачјето на културата во модерното општество ја сочинуваат интелегенцијата, а самото културно подрачје е така издиференцирано што опфаќа поголем број на подсистеми чија функција е одржување и создавање на културни образци. И двата аспекти на културата се многу релевантни за разгледување на културата на националните малцинства. Секое национално малцинство создаваа своја интелегенција, која е дел на интелегенцијата на целокупното општество, но од неа се разликува поради употребата на друг јазик. Секое национално малцинство тежнее кон создавање на свои културни подсистеми, кои се дел од интегрираниот културен систем на глобалната заедница, но од него се разликуваат по специфичните содржини. Една од функциите на овие подсистеми на културата на националните малцинства е *"зачувување на кулӣурниӣе модели во рамкиӣе на една ӣруӣа".*[140]

Денеска доминацијата на културата во општествениот живот се согледува преку нејзината имплементација во институциите - образованието, медиумите, економијата, државната управа. Модернизацијата вклучува ширење на заедничката култура во општеството, вјклучувајќи стандарден јазик кој е преточен во заедничките економски, политички и образовни институции. Општествена култура ја одразува потербата за повисоко ниво на солидарност, која е изразена во чувството за заедничка припадност и заеднички идентитет. Ширењето на заедничката култура бара определување за еднакви можности.

Идеалот кон кој секое општество мора да тежнее е општество во кое секој поединец ќе биде слободен да од богатиот спектар на можности

[139] Најпознат застапник на оваа теорија, која после Втората светска војна привидно ја потврдувала тезата дека поедини етнички групе ќе се претопуваат во социјалните и културните процеси на повојната благосостојба и дека градењето на наднационалните интеграциски структури ќе влијае врз намалувањето и изедначувањето на меѓунационалните разлики и на јакнењето на космополитизмот, беше Карл Дојч. Види: Deutsch, K., *Nation – Building and National Developement,* in Nation – Building, ed. Deutch, K. And Foltz, W. New York, Atherton, 1966.

[140] Kerini, M., „Etničke manjine", *Kultura,* 1987, br 76-77, 99-111.

кои ги нуди културната структура избере живот за кој мисли дека е најдобар за него. Либералните вредности бараат и индивидуална слобода на избор и сигурен културен контекст во кој поединците ќе имаат можност за избор. *"Во либералнојо ойшјесјво возможно е да се задоволај кулјурнийе инйереси и йойреби на ѓруйийе со различно ейничко и национално йойекло."*[141] Затоа либерализмот бара можност за идентификација, заштита и унапредување на културната припадност како културна вредност. Постоењето на културни заедници, разбрани како контекст на изборот, претставува примарна вредност и легитимна грижа на либералите.

За Хрох[142], културата на анонимните маси им дава чувство на колективен идентитет. Националните револуции се случувале и во оние случаи во кои се преклопувале класните и културните разлики. Класите не постигнуваат ништо без културните разлики, а етничко културните групи ретко кога без класни разлики стигнале до целта. Петнаесгодишниот биланс на транзиција на Балканот покажа дека културата е радикален и болен процес на преминување од еден во друг систем.

Карактерот и насоката на тој процес може да бидат различни. Без оглед на сите алтернативи тој претставува кршење на старите вредности и воспоставување на нови, разорувањето на старата и воспоставување на новата структура и падот на старите како и подигањето на новите социјални класи и слоеви. Духовниот метеж во транзициските општества потребно е да се замени со нови идејни и вредносни ориентации. Поради тоа културата, културните и етничките односи излегоа во преден план на социјалната акција. Културната политика, како инструмент на општествените актери треба да овозможи нова реинтеграција, треба да се изградат нови нормативни ориентири како фактор на модернизацијата, демократизацијата и развојот, како и поттикнување на мостовите за

[141] Rawls, J., *Pravo naroda*, Alexsandria Press, Beograd, 2003, 39.
[142] Hroch, M., *Social Preconditiones of National Revival in Europe. A Comparative Analysis of the Social Composition of Patriotic Groups among Smaller European Nations*, Cambridge, 1985.

засилување на процесите на регионалната и европската интеграција на Балканот.[143]

## 6.1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ЈАЗИКОТ

Дојч[144] културата ја гледа како спој на јазикот, вредносните ориентации, стилот на животот, начинот на чувствување и размислување.

Јазикот е производ на културата, но е и еден од елементите на културата. Јазикот е и услов за културата со самото тоа што преку јазикот се пренесува културата. Како што јазикот се развива и постанува во рамките на заедницата тој и го обликува постанокот на нацијата. Но, и самата нација, односно вистинскиот процес на работа и живот на припадниците на нацијата условува и соодветен национален јазик.[145] Јазикот е врската која ги обединува членовите на групата или заедницата и претставува жива врска која ја спојува нацијата. Тој е симбол, но и заштита на заедништвото во нацијата, а секако и највпечатливиот знак на разликување од другите нации.

Јазикот зависно од околностите е средство на сообраќај помеѓу припадниците на одредена нација и нивната интеграција во нацијата, но "јазикот може да биде и средство на дезинтеграција на нацијата или на денационализација, односно на национална асимилација на една нација од страната на друга нација".[146]

На спојот на политичката моќ на државата, бирократијата, технократијата, војната олигархија, образовниот систем, пазарните механизми и стандардизацијата, доаѓа до унификација и стандардизација на

[143] Mitrović, Lj., „Kulturna politika kao faktor razvoja i eurointegracijskih procesa na Balkanu", во *Modeli kulturne politike u uslovima multikulturalnih društva na Balkanu i evroatlanskih procesa*, Filozofski fakultet- Univerzitet u Nišu, 2004, 4.

[144] Види Deutsch, W. K., *Nationalism and Social Comunicatin – In Inquiry into Foundation of Nationality*, the M. I. T. Pess, London, 1972.

[145] Под национален јазик се подразбира стандардниот литературен јазик со кои се служат политичките и интелектуалните елити. Тоа е "литературен и службен јазик" кој кажано во Хегеловатај традиција е "дело на теориската интелигенција" (Hegel G. F., *Filozofija povijesti*, Naprijed, Zagreb, 1966, 69).

[146] Renan, E., „Šta je nacija", *Kulturni radnik*, Zagreb, 6/1981, 100, 101.

животот. "Јазикот никогаш, а особено во повеќенационалните општества не е неутрален лингвистички фактор".[147]

Од 19-от век секој значаен политички програм во себе содржеше дека јазикот на државниот народ треба да стане монолитен јазик, односно тоа била сеопфатна ориентација кон јазичната исклучивост во политиката, стопанството и културата. Владите барале од своите граѓани апсолутна лојалност во политичкото, военото и културното подрачје. Нацијата добила статус на политичка религија. Бидејќи, модерното општество при поделбата на трудот барало единствен јазик, државата ја има хомогенизирано културата и создала стандарден јазик кој претставувал пат до остварувањето на политичките права во новонастанатата држава.[148] На тој начин со помош на образованието и комуникацијата спроведен е јазичен културен национализам кој ја негувал чистотата на националниот јазик, сопствената култура ја почитувал како повредна и на тој начин дал поттик на културниот етноцентризам.

Поради тоа борбата околу јазикот има огромно значение за вкупната политичка борба, посебно околу наметнувањето на јазикот на владеачката нација врз потчинетите нации или национални малцинства. Јазикот во овие околности всушност е основното средство на национална доминација, а привилегијата на владеачкиот јазик претставува привилегија на владеачката нација.[149] Како што јазикот е темел на културното и општественото во човекот постанува јасно дека борбата околу јазикот е едно од основните подрачја на борба за развој и одржување на националниот идентитет.

Јазикот е едно од значајните подрачја и средства на човековото потврдување, поврзување и живеење во заедницата. Тој претставува одбележување на индивидуата, човечката заедница и човековиот труд во целост. Јазикот на нацијата зависи од општествените, историски околности кои групата и поединецот ги наследуваат, превземаат, учат и создаваат бидејќи, јазикот постанува во рамките на заедницата, тој ги интерпретира и содржи односите во одредената заедница. Бидејќи, јазикот е најдобро

[147] Gellner, E., *Nacije nacionalizam,* Matica Srpska, 1998, 56.
[148] Bugarski, R., *Jezička nejednakost u suvremenom svijetu,* Beograd, 1983, 19.
[149] Gellner, E., *Nations and nationalism,* Matica Srpska, 1998, 64.

средство на изразување на интелектуалното наследство, судирите околу јазикот се едно од основните подрачја на борба за развој и одржување на националниот идентитет.

# 7. ИСТОРИЈА НА МАЛЦИНСКОТО ПРАШАЊЕ

Историскиот развиток на заштитата на националните малцинства може да се подели во три фази:

- Од Вестфалските мировни спогодби (1648) до Првата светска војна;
- Периодот помеѓу двете светски војни и
- По Втората светска војна – со специфична подфаза по 1989

## 1. Од Вестфалските мировни спогодби[150] (1648) до Првата светска војна.

Првата фаза во историскиот развиток на заштитата на традиционалните (национални) малцинства траеше скоро три стотини години.[151] Заштитата на малцинствата беше ограничена само на верски малцинства и се однесуваше само на слободата и рамноправноста на религијата. Во некои случаи таа подразбираше извесни нивоа на верска и локална самоуправа.

Само во еден случај заштитата на малцинствата е експлицитно спомната, но не е прецизно регулирана.[152]

Заштитата на малцинствата беше прокламирана во неколку меѓународни спогодби и документи, но меѓународен механизам кој би можел да осигури

[150] Мирот кој што беше склучен 1648. година помеѓу царевите на Германија и Франција во Мунстер, односно царот на Германија и Шведска во Оснабру (и двата мира влегоа во историјата под името Вестфалски мир) беше мир помеѓу народи, држави и религии. Тој мир во многу погледи ја означи границата помеѓу различни епохи, ја повлече цртата под религиски војни и во најголема можна мерка го исклучи конфесионалниот момент од меѓународни односи, па ги потисна царот, црквата и папата. Со мирот кој што беше склучен во 1648. година заврши времето кое што носеше црковен предзнак.

[151] Иако неколку меѓународни документи уште порано содржеа одредби за религиска слобода (Виенска мировна спогодба од 1609., која ги гарантираше религиските слободи на протестантите во Трансилванија), Вестфалската мировна спогодба од 1648. претставуваат почеток на модерен развиток на правото на верски и етнички малцинства. (Petrič E., *Međunarodno pravni status nacionalnih manjina,* Maribor, Založba, Obzorja, 1977, 24). Воспоставени се принципи на слободата на совеста и религијата и обврска на државите да ја дадат самоуправата на посебни верски заедници. Државите, договорни странки го признаа постоењето на верските малцинства и ги донесоа прописите за самоуправа на протестантите во католичките земји и католиците во протестантските земји.

[152] Финалниот документ од Виенскиот конгрес од 1815. година ги споменува Полјаците како етничка група, но тој не воспоставува било каква заштита. Австрија, Прусија и Русија се усогласија во доделувањето на одредени етнички права на Полјаците кои не живееле под нивната јурисдикција.

реализација на постојните одредби не постоеше.[153] Освен верските слободи овие договори содржат одредби за право на иселување на малцинствата, можност на избор на државјанството и организирање на плебисцит. И освен релативната бројност на овие видови договори, заштитата на малцинствата во овој период немаше општ карактер. Таа беше врзана за поединечни случаи во кои се јави потребата за регулирање на малцинските односи со оглед на конкретните историски, политички и правни услови. Постојните одредби за заштита на малцинствата беа ретко реализирани во пракса. Не постоеше специфична уставна заштита на етничките малцинства, освен генералната прокламација за рамноправност и во некои случаи, забрана на дискриминација на база на раса или религија.

**2. Периодот помеѓу двете светски војни**

Заштитата на малцинствата добива систематски карактер дури по Првата светска војна под покровителство на Лигата на народите. Концептот на заштита на малцинствата е проширен и вклучуваше заштита на расни, етнички и јазични малцинства. „ Специјалните„ права на личностите кои припаѓаат на етнички, расни и верски малцинства се додадени на концептот на човековите права. Мировните спогодби по Првата светска војна беа темел за сите останати документи кои ги опфаќаа заштитите на малцинствата.[154] За време на тој период почнува уставна заштита на малцинствата и се поставуваат стандарди со прифаќање решенија од постојните меѓународни документи и пракса.[155]

Меѓутоа, повеќето устави кои се темелеа на концептот нација - држава, не вклучуваа одредби за заштита на малцинствата. Така на пр. освен значајните

[153] Покрај Вестфалските спогодби во Европа постоеја неколку документи кои осигуруваа заштита на верските малцинства, на пр. Мирот од Оливиа од 1660, мировните спогодби од Нијмегна (1678), Ријсвика (1697) и Виена (1815). Во времето на распаѓањето на Отоманското царство беше воспоставена извесна заштита на верските и етничките малцинства и тоа со Париската (1856) и Берлинската мировна спогодба (1878).(Roter, P., *Razvoj međunarodne zaštite manjina od 17. stoljeća do perioda Lige naroda*, Traktati i dokumenti, broj 29-30/1994-1995, 1995,194-202.)

[154] Прашањето за право на народот за самоопределба и заштита на етничките, јазичните и верските малцинства е поставено за време Првата светска војна. Во тој контекст се јавуваа нови принципи во рамките на Лигата на народите, на пр., Мировната спогодба по Првата светска војна со која се обврзуваат државите поразени во војна, како и новите држави на почитување на малцинските права.

[155] Уставот на Руската Социјалистичка Федеративна Советска Република од 1918., Германскиот (Вајмарски) Устав од 1919. и Уставот на Естонската Република од 1920. година кои воспоставија највисоки стандарди на заштита на етничките малцинства.

предности версајскиот систем[156] на заштита на малцинствата имаше и слаби страни. Во него предност е дадена на малцинските права во однос на нивните обврски кон државите во кои живеат. Користејќи го механизмот на меѓународна контрола и правата на малцинствата, Германија преку своите малцинства во другите земји ги загрозуваше стабилноста и опстанокот на тие земји. На крај, малцинското прашање им беше една од причините за агресија, на пр. за Германија причина за напад на Полска и Чехословачка беше нерешениот статус на германското малцинство во тие земји.

### 3. По Втората светска војна

Една од карактеристики на овој период е процесот на деколонизација кој се темелеше на реализацијата на принципот на само-определување кој е на повеќе начини контроверзен. Создавањето на нови држави во Африка и Азија, по падот на колонијалните империи, ја менува политичката карта на светот. Овој процес реши некои проблеми на малцинствата во рамките на колонијалните империи, но во исто време тие проблеми се создадени и трансформирани во новите држави. Принцип на правото на само-определување беше повторно применет на почетокот на 90-те со создавање на новите држави во централна и источна Европа. По Втората светска војна доаѓа до голема (национална, регионална) разлика во перцепција и регулација (национална и меѓународна) на заштита на малцинствата. Во овој период се сметало дека права на малцинствата претставуваат значајни прашања за државната сигурност и мир. Многу либерали пред првата половина на 20. век верувале дека отфрлањето на исполнување на легитимните барања на малцинските култури го загрозуваат внатрешниот и меѓународниот мир. Проучувањето на мирот и стабилноста го зајакнуваат аргументот на праведност кон малцинските права. Се воведува размислување

[156] Версајскиот мировен договор стана образец за сите понатамошни договори на Антантата со останатите победени држави. Првиот склучен договор беше мировниот договор со Германија, склучен во Версај, 28. 06. 1919. Договорот беше диктат на Антантата кон победената држава кои "urbi et orbi" ги прогласија за единствен виновник за светската војна. Втор по ред беше договорот во Сент Жермен, склучен 1919 година меѓу земјите на Антантата и Австрија. Третиот договор е склучен помеѓу Антантата и Бугарија во Неји. Системот што го создаде Париската мировна конференција (по местото наречен Версајски) беше далеку од она за кое претендираше. Не водеше сметка за општествените барања на времето и политичката реалност. Повоениот свет беше уреден од гледиште на победени и победници, така да од самиот почеток носеше никулец на идни кризи и нов светски конфликт.

дека меѓусебното почитување на културите, темелено на почитување на правата на единките и колективните права на малцинствата создава темел за меѓународниот мир.[157] Развојот на концептот за човечки права уште повеќе се развива во овој период, што влијае на правата и заштитата на малцинствата. Се јавуваат некои нови права, а дуалните, индивидуалните и колективните права полека се признаваат.

Појавата и заштитата на малцинствата се регулирани со одреден број меѓународни документи, а ОН и други меѓународни организации ја имаат главната улога во развој на меѓународното право. Воспоставен е нов концепт на заштитата и правото на малцинствата кој се темели на новите меѓународни документи. Со обврзувачките меѓународни спогодби и пактови, постојат и потполно необврзувачки документи (резолуции и декларации). Некои принципи прокламирани во овие документи станаа или можат да станат вообичаено меѓународно право базирано на пракса на меѓународната заедница и државите[158] кога се вклучени во нови меѓународни пактови. За сега, во најголем број на случаи реализацијата на правата на малцинствата кои се загарантирани со меѓународни документи е зависна само од политички обврски на државите да ги почитуваат одредбите на овие документи.

Иако е направен голем напредок на план на уставната заштита на малцинствата, поголем број на устави, потпирајќи се на концептот на хомогената национална држава, не ги вклучуваат одредбите за правата и заштитата на малцинствата, али во поголем број на случаи стандардите на уставната заштита на малцинствата се уште пониски од постојните меѓународни стандарди.[159]

Постојат и некои проблеми во реализацијата на заштитата на малцинствата и колективните малцински права, а кои се гарантирани со устав и меѓународно право. Тоа е понекогаш и условено со посебни „етнички прилики" на државите кои не успеваат да ги распознаат дури ни постоењето на плурализмот во своите граници.

---

[157] Види Claude, I., *National Minotities: An International Problem*, Harvard University Press, 1995.

[158] Тоа е случај со Универзалната декларација за човекови права и некои други документи на ОН.

[159] Види Brolman, C., Lefevre, R., *People and Minorities in the international Law*, Dordeher, Boston,1992; Witacher, B., *Minorities- Question of the human rights?*, Oxford, Pergamon Press, 1984; Žagar, M., Novak, A., *Ustavna i međunarodna zaštita nacionalnih manjina u centralnoj i istočnoj Evropi*, во Žagar, M., „Ustavne i političke regulacije etničkih odnosa i konflikata", Odabrani radovi, *Etnicitet 2*, Ljubljana: Institut za etničke studije, 1999, 177-214.

Одредени фази започнаа 1989. – 1990. година и продолжија во тек на деведесеттите години на 20. век. По падот на бившите социјалистички режими во централна, источна и југоисточна Европа, земјите од регионот се заинтересирани за пристапување кон ЕУ. Во согласност со препораки на Бадинтеровата комисија, адекватната заштита на малцинствата стана важен критериум за пристапување кон Унијата. Во исто време, во деведесеттите години се случија важни случувања на меѓународен план. Важните документи се усвоени – Меѓународната рамковна конвенција за заштита на националните малцинства и Европската повелба за регионални и малцински јазици. Овие двата документи се први, специфично обврзувачките документи за заштита на малцинствата.

## 7.1. ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА ВО ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Злоупотребата на малцинствата во врска со малцинствата пред и за време на Втората светска војна значајно ги компромитираа ОН. Заради тоа по завршување на војната ОН се откажа од посебно регулирање на малцинските права, па ги вклучи во општиот систем на заштита на човековите права. Таков пристап следи и Повелбата на ОН донесена 1945. година и Универзалната декларација за човекови права од 1948. година, додека меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966. година на малцинствата им посветува само една одредба. До свртување во регулација на оваа заштита доаѓа дури со усвојување на Декларацијата за правата на припадниците на национални, верски и јазични малцинства 1992. година.

### 7.1.1. ПОВЕЛБА НА ОН И УНИВЕРЗАЛНАТА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА[160]

Креаторите на „ Повелбата на ОН „ - ја отфрлија идејата за посебни малцински права и групна заштита на малцинствата. Во Обединетите Нации е *„померено тежиштето од заштитата на одредени малцински групи на*

[160] Генерално Собрание, Резолуција 217А (III) од 10.12.1948.

*заштита на човековите права воопшто, т.е. право на секоја индивидуа без оглед во чии граници живее".*[161] Од таа причина Повелбата не зборува за малцинствата, но во неа на повеќе места се спомнува еднаквоста на сите луѓе. Повелбата на ОН не го става акцентот на правата на посебни категории на луѓе, туку на развој на правото и основните слободи кои се признати за сите човечки суштества. Во време на нејзиното донесување се сметало дека со зајакнување на општата заштита на човековите права ќе биде поправена положбата на лицата кои припаѓаат на некое малцинство.

Истиот став го прифаќа и *„Универзалната декларација за човекови права"*. Иако во време на нејзината изработка постоеја предлози, во неа не постојат никакви посебни одредби за заштита на малцинствата. Некои делови имаат одреден значај во поглед на малцинските права, на пр., одредби кои го прокламираат начелото на дискриминација и утврдуваат дека права и слободи од Декларацијата припаѓаат на секој без оглед на, без разлика на раса, боја, јазик, вера и национално потекло. Од важност се и одредбите кои предвидуваат да се сите еднакви пред законот и да без било каква разлика имаат право на еднаква законска заштита. Повелбата на ОН и Универзалната декларација за човекови права не даваат никаква директна, специјална заштита на малцинствата, но дефинираат рамка на регулативите на ОН за човековите права.

## 7.1.2. МЕЃУНАРОДЕН ПАКТ ЗА ГРАЃАНСКИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА[162]

За разлика од „Универзалната декларација за човекови права„ која ја одредува содржината и правото на поединецот, со „Пактот„ се утврдуваат обврските на државите во поглед на заштита на тие права и слободи. Од државите се бара да со закони и други мерки им гарантираат уживање на граѓански и политички права на сите граѓани. Во членот 27 се предвидува: *„Во држава каде постојат етнички, верски или јазични малцинства, на лицата кои им припаѓаат на тие малцинства не може да им се одземе правото да имаат сопствен културен живот, да исповедаат своја вера или употребуваат свој*

[161] Marković, M., Ljudska prava i zaštita manjina, *Jugoslovenska revija za međunarodna pravo*, br. 3, Beograd, 1958, 446.
[162] Види Генерално Собрание, Резолуција 2200А (XXI) 16.12.1966., стапила на сила 23.03.1976.

*jazik."*[163] Оваа одредба претставува темел на меѓународната заштита на малцинствата, иако ги содржи само културните, верските и јазичните права, но не и други малцински права. Не е сосема јасно дали овој член ја обврзува државата на толеранција и не загрозување на постојните малцински права или е нејзина должност за активно делување на планот на остварување и унапредување на тие права. Сите тие недоумици се расчистени со донесување на посебна Декларација за правата на припадниците на малцинствата.

### 7.1.3 ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИЛИ ЕТНИЧКИТЕ, ВЕРСКИТЕ И ЈАЗИЧНИ МАЛЦИНСТВА[164]

Како резултат на новиот пристап на ОН во регулација на малцинското прашање на крај на седумдесеттите години на 20. век започна и изградба на еден документ за права на припадниците на малцинствата. По полни 15 години работа тој документ е донесен во облик на Декларација која содржи обемна листа на правата на припадниците на малцинствата, али и обврските на државите кои ги заштитуваат правата и обврските на малцинствата на својата територија. Земјите потписнички се обврзуваат дека ќе заштитуваат правата и дека ќе ги остваруваат условите кои поттикнуваат на развојот на национални, етнички, културни, верски и јазичен идентитет на малцинствата во сите подрачјата на животот, и дека ќе ги изградат правните инструменти кои осигуруваат остварување на нивните цели. Припадниците на малцинствата имаат право самостојно или во заедница со другите, да ги негуваат и употребуваат и користат својот јазик, култура, писмо и вера и обичаи и да во согласност со законите и прописите активно партиципираат во решавањето на своите проблеми на локално, регионално и национално ниво. Оваа Декларација претставува најпотполн акт, досега донесен од страна на ОН на подрачјето на заштита на малцинствата. Воедно се работи за првиот меѓународен документ кој е во целост посветен на правата на малцинствата. Меѓутоа, Декларацијата не е меѓународно, правно обврзувачки договор, таа само ги изразува основните принципи на заштита на

[163] Milinković, B., Milinković, S., „Nacionalne manjine u međunarodnom i jugoslovenskom pravnom poretku" *Službeni list SRJ,* 1997, 16.
[164] Генерално Собрание, Резолуција 47/135 од 18.12.1992.

малцинствата околу кои е постигната широка согласност во меѓународната заедница. Да овие принципи би станале правно обврзувачки за државите мора да се вградат во текст на меѓународната конвенција или да прераснат во правила на меѓународното обичајно право.

## 7.2. ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА ВО РАМКИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ

Три најзначајни договори кои се занимаваат со проблематика на заштитата на малцинствата во рамките на Европскиот совет се: Европската конвенција за човекови права и фундаментални слободи, Европската повелба за регионални јазици и Рамковна конвенција за заштита на малцинските права.

### 7.2.1. ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ФУНДАМЕНТАЛНИ СЛОБОДИ[165]

Европската конвенција за човекови права и фундаментални слободи претставува темелен европски инструмент за прокламирање и заштита на граѓански и политички права. Истата е усвоена во Рим во 1950. година. Конвенцијата ги регулира само правата кои припаѓаат на сите лица, а не ги содржи одредбите кои би се однесувале на посебна заштита на малцинствата. Со оглед на тоа дека Конвенцијата опфаќа во главно граѓанска и политичка права, забраната на дискриминацијата во однос на остварување на економски, социјални и културни права потполно е изоставена. Заради наведените слабости на Конвенцијата во поглед на заштитата од дискриминација на сите лица во 2000. година е донесен Протокол 12 чиј единствен предмет беше регулирањето на дискриминацијата, т.е. нејзина забрана. На тој начин е заштита од дискриминацијата на сите лица, и исто така и на припадниците на малцинствата подигната на повисоко ниво. Покрај забрана на дискриминацијата, како најзначајна гаранција во заштитата на малцинствата се вбројуваат следните

[165] Види Gomien, D., *Kratak vodič kroz Evropsku konvenciju o ljudskim pravima*, Prometej, Beograd, 1994.

права и слободи: слобода на вера, слобода на мисла и определување, слобода на собирање и здружување, правото на учество во јавни работи.

### 7.2.2. ЕВРОПСКА ПОВЕЛБА ЗА РЕГИОНАЛНИ ЈАЗИЦИ

Со цел да се очува културна и јазична разновидност, во 1992. година, во рамките на Советот на Европа е усвоена Европската повелба за регионални јазици. Целта на оваа повелба е зачувувањето на јазична и културна разновидност како еден од најважните елементи на европското културно наследство. Примарната цел на повелбата не е заштита на малцинствата и таа не утврдува никакви индивидуални ниту колективни права на припадниците на малцинствата. Сепак, земајќи ја во предвид квалификацијата на јазиците на етничките малцинства како регионални малцински јазици, тие сепак ја уживаат заштитата од Повелбата. Во првиот дел на Повелбата е и дефиницијата на поимот *„ јазици на малцинствата"*. Терминот се однесува на оние ситуации во кои јазикот го говорат или лицата кои не се концентрирани на некој конкретен дел на државната територија или некоја група на луѓе која, иако е концентрирана на конкретен дел на државната територија по бројот помала од жителите во тој регион кои не го зборуваат мнозинскиот јазик на државата. Повелбата е многу флексибилен документ кој е конципиран на начин да ги опфати различните ситуации во европските држави, но сепак мал број на државите го има ратификувано овој договор.

### 7.2.3. РАМКОВНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА[166]

Бидејќи Европската повелба за регионални јазици на посреден начин регулира само еден сегмент на заштита на малцинствата, се јави потреба за донесување на посеопфатен договор. Таков договор е усвоен 1994 година, а стапува на сила 1998 година, од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа под име Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства.

[166] Види Димитров, Н., *Рамковна конвенција за зажтита на националните малцинства*, Скопје, 1999.

До почетокот на 2005 година оваа Конвенција ја ратификувало или и има пристапено 35 држави, од вкупно 46 држави членки на Советот на Европа.

Во името на Конвенцијата е употребен атрибут *„рамковна"* затоа што при регулирање на поединечни права во неа се користат одредби од програмски карактер. Уважувајќи ги различните состојби во државите, нејзините автори сметаа дека не е изводливо да во Рамковната конвенција бидат внесени одредби кои на детален и исцрпен начин ги регулираат правата на малцинствата. Рамковната конвенција во главно се темели на генерални цели и начела кои државите мора да ги почитуваат при остварувањето на правата на малцинствата. Меѓутоа, како меѓународен договор таа создава правни насоки за договорните држави и ги обврзува да ги остварат востановените принципи со преземање на конкретни мерки, воздржувајќи се од одредена пракса и гарантираните специфични права. Рамковната конвенција во чл. 1 истакнува дека заштитата на националните малцинства и правата и слободите на припадниците на малцинствата се составен дел на меѓународната заштита на човечките права. Со тоа се истакнува дека заштитата на малцинствата е прашање од меѓународен значај и не може да се смета како прашање кое е единствено во надлежност на државата.

Конвенцијата става акцент на заштита на припадниците на националните малцинства, кои можат да ги уживаат своите права индивидуално или во заедница со другите. Со Конвенцијата не се предвидуваат колективни права на националните малцинства, туку се настојува заштитата на малцинствата да се постигне по пат на признавање на соодветна заштита и посебни права на поединците кои припаѓаат на националните малцинства. Рамковната конвенција ги нагласува следните обврски на државите во поглед на заштитата на малцинства: остварување на условите за развој на културен идентитет; поттикнување на толеранција; почитување и разбирање помеѓу сите луѓе на нивната територија; заштитата на правото на мирно собирање, здружување и изразување и слобода на мисла и вера; признание на правото на приватна или јавна употреба на малцински јазик; настојување во подрачјата кои се традиционално или во значителен број населени со припадниците на малцинствата да се обезбеди употреба на малцински јазик во администрација, како и поставување на топографските ознаки на малцинскиот јазик; преземање

на мерки во образованието и истражувањата за унапредување на сознанија од културата, историјата, јазикот и верата на малцинствата како и на мнозинството; признание на припадниците на малцинствата на право на формирање на нивни сопствени институции за образование и учење на нивниот сопствен јазик; настојување да се обезбедат услови за учење на нивниот сопствен јазик во подрачја во кои се традиционално или во значителен број населени припадници на малцинствата; создавање на услови потребни за ефикасно учество на припадниците на малцинства во културен, општествени и економски живот како и во јавните работи; воздржување од мерки кои се насочени на менување на застапеноста на населението во подрачја во кои живеат припадниците на малцинствата.

## 7.3. ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВА И ОБСЕ

Документите кои се донесени од страната ОБСЕ не се правно обврзувачки за сите држави членки, но заради авторитетот на организацијата имаат морално политичка сила и државите стремат кон нивното почитување. Ниту еден од документите на ОБСЕ не се занимава само со заштита на малцинствата, но некои, освен со други прашања, се занимаваат и со уредување и со положба на малцинствата.

### 7.3.1. ЗАВРШЕН АКТ ОД ХЕЛСИНКИ

Овој документ е усвоен на конференцијата на ОБСЕ која е одржана во Хелсинки во 1975. година. Со останатите прашања во врска со заштитата на човековите права, во овој документ се внесени и некои одредби кои се однесуваат на малцинства, а најзначајниот од нив вели: *„Државите на чија територија постојат националните малцинства ќе го почитуваат правото на припадниците на тие малцинства на еднаквост пред законот и ќе овозможат вистинско уживање во сите човекови права и основни слободи"*.[167]

[167] Конференција за сигурност и соработка во Европа, Завршен акт, Надворешно политичка документација, бр.2&1975, стр 115.

Од ваква формулација се гледа дека Завршниот акт од Хелсинки, како и Меѓународен пакт за граѓански и човечки права не дефинираат колективни права на малцинствата, туку само индивидуалните права на припадниците на малцинства. Државите учеснички во самитот ветуваа дека ќе се ангажираат во остварување на права на малцинствата, политички и морално, но не и правно.[168]

## 7.3.2. ДОКУМЕНТ ОД КОПЕНХАГЕН

Состанокот кој е одржан во 1990. година во Копенхаген претставува најзначаен настан во врска со заштитата на малцинствата во рамките на ОБСЕ. На тој состанок е усвоен акт познат како Документ од Копенхаген и тој денес претставува основен документ на ОБСЕ со кој се утврдени стандардите во поглед на заштитата на националните малцинства. Предвидено е дека почитување на правата на припадниците на националните малцинства претставува битен фактор на мирот, стабилноста и демократијата во државите членки, како и можноста на остварување на тие права во демократски и политички рамки кои се втемелени на владеењето на право. Истакнато е дека државата ќе ги усвои одредените мерки кои ќе овозможат на припадниците на националните малцинства полна еднаквост со останатите граѓани кога за тоа се укаже потреба.

Во точка 32. на Документот[169] се истакнува дека припадноста на национално малцинство е *„предмет на избор на поединецот и никаква штета не смее да произлезе од таквиот избор"*, а потоа посебно се наведуваат правата на: употребата на мајчин јазик приватно и во јавноста; образовни и верски институции во согласност со националното законодавство; воспоставување и одржување на меѓусебни контакти во државата, но и со граѓаните на други држави со кои имаат заедничко етничко или национално потекло или верските уверења; пристапот и размена на информациите на матерински јазик; основање и одржување на организации и здруженија. Специјално е интересен став на точката 32. кој кажува дека: *„Припадници на националните малцинства можат да ги остварат своите права поединечно, како и во заедница со останатите*

[168] Devetak, S., *Manjine, ljudska prava, demokratija*, Oslobodenje, Sarajevo, 1989.
[169] Документ на Конференцијата за човечката димензија КЕБС во Копенхаген, *Меѓународна политика*, бр. 972 Белград, 1.10.1990, 30.

*припадници на својата група.*" Со ваков став колективните права непосредно се наведуваат како можен облик на уживање на правата на националните малцинства.

Од документите на ОБСЕ се гледа дека е возможно правата на националните малцинства да се поделат на индивидуални и групни. Основни индивидуални права на припадниците на малцинствата се: правото на изјаснување дека се припадници на малцинството; рамноправноста на припадниците на националното малцинство со припадниците на мнозинството во поглед на уживање на основните човечки права и на забрана на сите облици на дискриминација; право на употреба на мајчин јазик во приватен и јавен живот. Групни права на припадниците на националните малцинства се: право на слободно изразување, чување и развој на идентитетот на малцинството; право на негување и развој на својата култура (подразбирајќи право на втемелување на културни институции, друштва и здруженија); право на основање и чување на своите просветни, верски и културни институции, организации и здруженија; право на практикување на својата вера, право на верски школи, институции, организации; право на воспоставување и одржување на непречени меѓусебни врски, како и врски со матичниот народ, размена на информации на нивниот мајчин јазик; основање и одржување на организации во својата земја и учество во меѓународните невладини организации.

# 8. ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ ПРАВА[170]

При проучувањata на индивидуалните и групните права важно е да се тргне од човечките права. Тоа е збир на принципиелни ставови за темелните, недделивите и неотуѓивите човечки права кои му припаѓаат по природа и поединечно, независно од неговата раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичкото или друго уверување, националната и етичката припадност, социјално потекло или некоја друга положба. Со нив е потврдена слободата и достоинството на поединецот како човечко суштество, па затоа напредокот и заштитата на човечките права се главен предуслов на полниот развој на секоја личност.

Меѓународните стандарди за човекови права кои денеска ги познаваме потврдени се во „Универзалната декларација за човекови права“ која е прифатена во 1948. година од страна на Генералното собрание на ОН како појдовна точка на својата целосна политика, и која станува посилна во 1966. со прифаќањето на *„Меѓународниот пакт за граѓански и политички права“* и *„Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права".* *„Универзалната декларација на човекови права“* е суштествено различна од сите досегашни инструменти на заштитата во неколки димензии. Човечките права се недвосмислено определени како општи, недделиви и неотуѓиви и како такви прават темел на достоинството и слободата на секој човек. Со нив е потврдена еднаквоста на секој човек без оглед на пол, боја на кожа, националност, етничка припадност, вера, јазик. Со појавата на *„Универзалната декларација на човекови права“* е создадена е претпоставка за воспоставување на меѓународен систем за заштита на човечките права на поединецот, што довело до значајни промени во теоријата на меѓународното право, како во смисла на воведување на постојаниот меѓународен надзор над националниот систем на заштита, така и во смисла на воведување на меѓународни механизми на директна заштита на поединецот.

Човековите права се развивале во три фази: прва генерација[171] така наречени права на слобода, ги опфаќа оние права кои се појавиле како последица

[170] Некоја мерка се смета за колективно право ако со неа се специфицира дека самата заедница има одредена моќ.

[171] Генерации на човекови права е израз кој се употребува кога сака да се нагласи развојната природа на меѓународните стандарди на човечките права и слободи утврдени со „Универзална декларација за човекови права„ и други меѓународни и регионални документи.

на политичките промени кои настанати по Американската и Францускатa револуција. Со нив се одредува односот помеѓу поединците и власта и на нив се однесува голем дел на *„Универзалната декларација на човековите права"*. Тие права ги опфаќаат следниве граѓански и политички права: правото на слобода од дискриминација, правото на живот, слободата и безбедноста; правота на слобода од ропство, правото на лично достоинство и еднаквост пред законот, правото на невиноста до докажување на вината, правото на приватност, правото на слобода на движење, правото на државјанство, правото на приватна сопственост, правото на слободата на мислење, совест и вера, правото на мирно собирање, правото на учество во управувањето со својата држава.

Втората генерација на правото, актуелна во 19. и почеток на 20. век, така наречени *права на еднаквост,* ги опфаќаат правата кои се појавиле по Руската револуција во рамките на идејата за социјална држава и држава на благосостојба. „Универзалната декларација на човекови права" ги опфаќа економските, социјалните и културните права на поединецот како што се правото на социјална безбедност, правото на воспитување и образование, правото на родителите на избор на воспитување и образование за своите деца, правото на учество во културниот живот и користењето на културните добра на својата заедница и човештвото во целина.

Третата генерација на правата ја одбележуваат втората половина на 20. век така наречени права на *солидарност и соработка,* познати уште и како глобални и сеопфатни права. Се појавуваат по Втората светска војна како последица на свеста за порастот на глобалната поврзаност и меѓузависноста. Во правата на третата генерација спаѓаат правото на мир, правото на хуманитарна помош, правото на политичката, стопанската и културната самостојност, правото на економски и социјален развој.[172]

Субјективните права се темелат на нормата на објективното право која тие права им ги дава и гарантира. Субјективните права можаат да се распределат на различни начини, но заедничко им е дека потекнуваат од државата, од нејзиниот Устав. Но сведувањето на сите права на човекот на оние кои му ги дава државата не ги задоволува основните морални принципи, но и одрекнува

[172] Оваа поделба е само хронолошка и не подразбира напредок и надминување на постарите права. Со тек на времето сите права се усовршуваат во поглед на изразување и богатство на значења, а истите периоди прокламираат најразлични права.

некои основни човечки вредности.[173] Тоа не е во склад со човечката слобода и еднаквоста. Затоа во субјективните права се издвојуваат правата кои поединецот не и ги должи на државата. Тоа се човечки права. Нив ги поддржува либералното сфаќање дека човекот како автономно и рационално суштество влегува во државната заедница со некои неотуѓиви права. Основна карактеристика на човечките права е дека тие им припаѓаат на сите луѓе без разлика, односно се темелат на вредностите кои им се признаваат на секој човек или жена. Најголем број на човечките права е насочен исклучително кон државата: со нив таа се ограничува или од неа се бара конкретно делување.[174]

Обврската на државата да се воздржува карактеристична е за граѓанските и политичките права, а нејзина интервенција е потребна на полето на економските и социјални права. Либералните теоретичари на државата поаѓаат од тоа дека основна цел на државата е заштита на правата на своите граѓани. Основните права можат да се сфатат и како постулати и принципи кои ги инспирираат сите човечки права. Најпознати се оние кои се прогласени во Француската револуција, кои послужиле како инспирација за Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од 1789. Тоа се слободата, еднаквоста и братството.

Либералите ги гледаат индивидуалните права како средство за заштита на индивидуалната автономија, но исто така идентификираат и со јазикот бидејќи ги гледаат во метафизиката на суштината и фундаменталниот принцип за еднаквоста на индивидуите. Кога либералите бараат почитување на индивидуалните права тие се завземаат за самоизразување, признавање и поставување на рамки на јазичните права, и ја гледаат културата како контекст на избор.[175]

Британскиот филозоф на правото, Харт[176] смета дека сите човечки права можат да се изведат од правото на слобода. Дворкин[177] својата конструкција на право ја гради на еднаквоста, либералниот принцип дека кон секој човек треба да

[173] Dimitrijević, V.; Paunović, M., Đerić V., *Ljudska prava*, Beograd, 1997, 9.
[174] Најтипичен пример на барања за воздржување и немешање на државата се слободи, слобода на изразување, движење и собирање. Државата не смее да работи ништо што би ги спречувало луѓето во користење на овие слободи.
[175] Murray, R., „Liberalism, culture, aboriginal rights: in defence of Kymlicka", *Canadian Journal of Philosophy*. Volume 29, number 1, 1999.
[176] Hart, H.L.A., *Postoje li neka prirodna prava,* во Matulović M., (ur), Ljudska prava, Rijeka, 1992, 67.
[177] Види Dworkin, R, *Taking Rights Seriously,* Duckworth, London, 1977.

се постапуваат со еднакво почитувањето од што произлегува слободата на изразување, здружување и слободата на личните односи. Останатите ги земаат предвид сите три спомнати елементи сметајќи ги взаемно ограничувачки.

Дискурсите на човечките права се разликуваат од автор до автор. Својата теорија на правдата, од која произлегуваат и човечките права, Ролс[178] ја гради на два принципа. Секој човек има еднакво право на најширок систем на еднакви основни слободи, а за сите општествени нееднаквости можат да се најдат решенија, почитувајќија еднаквоста на приликите и можностите. За Ролс основните слободи се политичката слобода, слободата на говорот и собирањето, слободата на мислата и совеста, слободата на личноста со право на поседување на личниот имот. Тој меѓутоа не ги набројува основните права кои потекнуваат од друг принцип, туку тоа му го препушта на законодавството, сметајќи дека Уставот треба да го даде последниот збор за слободите.

За да бидат влијателни и прифатливи, каталозите на човечките права се утврдувале со на политички договор и имале форма на основни политички декларации, устави, закони и меѓународни договори.[179] За утврдување на основниот каталог на човечките права посебно се важни меѓународните документи, зошто тие ја покажуваат согласноста за тоа кои се општи, универзални човечки права и тоа го прават јасно, затоа што за разлика од внатрешните прописи не регулираат други субјективни права на поединците.[180]

Меѓународната заедница го прифаќа ставот дека граѓанските и политичките права им припаѓаат на поединците, економските, социјалните и културните права[181] и на поединците и на групите. Меѓународното признание на колективните права претставува предизвик за идејата на националната држава, но и дефинирање на права на групата која се наоѓа внатре во државата во не доминантна и/или дискриминациска положба.

[178] Rawls, J., *A Theory of Justice*, Cambridge, 1971, 61.
[179] Овие документи во правило претставуваат извори на правото, дури и тогаш кога ја немаат потребната форма. Помеѓу нив посебен авторитет имаат некои историски повелби, декларации, устави, како што е Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од 1787 година, Американската декларација за независност од 1776. година и првите 10 амандмани од Уставот на САД (Bill of Rights) од 1787., а во поново време декларациите на меѓународните организации и универзални и регионални меѓународни договори, како што це Универзалната декларација за човекови права од 1948. година, пактовите за човекови права од 1966. година и Европската конвенција за човекови права од 1950. година.
[180] Dimitrijević, V., *Ljudska prava*, 128.
[181] Културните права се поимаат како колективни права затоа што се тргнува од фактот дека културата не може да се сочува и развива врз основа на човечки права на поединецот, туку тоа е единствено возможно ако и групата како таква има одредени права.

Според владејачкото разбирање на либерализмот, до сега групните права се согледуваат како негација на еднаквоста на поединецот наспроти државата. Теоријата на либерализмот може да вклучува почитување на личности како припадници на посебно културно милје, без тоа да оди на штета на почитувањето на личноста како член на политичката заедница.

Либералите традиционално и придаваат големо значење на автономијата на поединецот по која поединецот се води со својата моралност во формирањето и менувањето на своите животни планови. Но слободата не е важна само заради тоа што непосредно овозможува личен начин на живот, туку повеќе може да се гледа како средство на самопочитување.

Либералното замислување на правдата се темели на идеја за еднаква важност на интересите на секој член на политичката заедница. Либералите треба да ги земат предвид и поинаквите околности во кои се наоѓаат поединците, односно припадноста на различни културни групи затоа што тие често се причина за различни нееднакви животни услови.

Важно е да се нагласи дека тие нееднаквости настануваат независно од личните избори на луѓето. Затоа исправувањето на таа нееднаквост е основа за либерално обновување на малцинските права општо. Посебните групни права не се во спротивност со либералните барања туку всушностги унапредуваат.

На либералите заедницата им е важна по она што го придонесува во животите на поединците и на крајот таа не може да се судри со барањата на поединците. Во либералната теорија индивидуалните и колективните права не можат да се натпреваруваат во ист морален простор затоа што вредноста на колективот се изведува од неговиот придонес на вредноста на поединечни животи.[182]

Вредностите на либерализмот бараат и индивидуална слобода на избор и сигурен културен контекст кој поединците мораат да го бираат. Затоа либерализмот бара можност за идентифицирање, заштита и унапредување на културната припадност како примарно добро. Задача со која либералите се соочуваат во секоја земја е наоѓање на начинот на либерализација на културната заедница но при тоа таа да не се нарушува. Идеал е и општеството во ко секој

[182] Види Kymlicka, W., *Liberalizam, zajednica i kultura*, Zagreb, 2004.

поединец е слободен да избере од богатиот спектар на можности кој го нуди културната разновидност, начинот на живот кој го смета за најдобар.

Важно е да се разликуваат два вида на барања кои ги бараат етничките или националните групи, а кои можат да се сфатат како заштита на стабилноста на етничките или националните заедници. Првото барање е насочено кон заштита на групата од дестабилизациските влијанија на внатрешното несогласласување (на пример одлуките на поедини припадници да не ги следат традиционалните обичаи ), додека второто е насочено кон заштита на групата од надворешните одлуки (економските или политички одлуки на општествената заедница). Групите не мораат нужно да ги поставуваат и двете барања. Некои бараат надворешна заштита од општествените нееднаквости, не барајќи притоа внатрешни ограничувања за своите припадници. Други групи ги имаат токми тие барања, додека некои групиги бараат и двете колективни права. Либералната теорија на малцинските права налага прифаќање на надворешната заштита таму каде што тие унапредуваат праведен однос помеѓу групите, но и отфрлување на внатрешното ограничување кои ги ограничуваат правата на припадниците на групите да ги оспоруваат и ревидираат традиционалните авторитети. Повеќето либерални демократии вршат извесни обиди на прилагодување на етничките и националните разлики. Овој преод на повеќе „мултикултурална" јавна политика е готово во потполност работа на прифаќање на надворешните заштити.

Најважните колективни права кои се стремат кон олеснување на положбата на малцинските групи со оглед на економските притисоци и политичките одлуки на поширокото општество се: специјалните групни претставнички права во внатрешноста на политичките институции кои осигуруваат партиципирање на малцинството во донесувањето на одлуки на поширока основа. Самоуправни права кои им ги препуштаат овластувањата на помалите политички единици. Овие права им осигуруваат на малцинствата положба во која тие не можат да бидат надгласани или потценети од страна на мнозинството, а се однесуват на одлуки од најважно значење за нивната култура – образование, имиграции, развој на ресурси, јазикот и семејното право. Политичките права ги штитат специфичните верски и културни практики, а кои често намерно ги спречава попречувани постоечкото законодавство.[183]

[183] Види Kymlicka, W., *Liberalizam*, 58.

Ако индивидуалните права им даваат правна сила на поединците, колективните права им даваат исто така права на поединците како на припадници на одредени групи. Во спротивност со индивидуалните права, поединците кои се припадници на етничките групи не мораат да ги користат колективните права. Ако етничката или малцинската заедница има право на јавни субвенции за одржување на својот идентитет, претставниците на заедницата ќе го дефинираат идентитетот на заедницата и ќе се стремат да бидат бранители и застапници на својата група. Политиката на колективните права може да се етаблира на начин да на етничката или националната заедница и даде правна структура на јавно здружение која е овластена за регулирање на важните интереси на членовите на малцинството како што се образованието и културата. Тоа може да ги раздели поединците кои не сакаат да бидат третирани како членови на етничка група и кои сакаат де се ослободат од етничката заедница.

Колективните права се темелат на идејата дека правдата помеѓу групите бара да им бидат доделени различни праваразличните права на припадниците на различните групи.

## 8.1. БАРАЊА НА МАЛЦИНСТВАТА – БАРАЊА ЗА ГРУПНИ ПРАВА

Покрај барањето за еднаков третман, барањето кои се засновува на индивидуалните права на граѓаните, малцинствата поставуваат барања кои се однесуват на нивниот колективен идентитет, односно барат признавање на колективните права. Барањата кои малцинствата и ги поставуваат на мнозинската нација зависат од видот на проблемот со кој малцинствата се соочуваат. Прво и основно барање кое го поставуваат сите малцинства барањето е припадниците на малцинствата да се третираат како и сите други членови на заедницата. Тоа е барање за рамноправност и нендискриминација. Меѓутоа и потполното исполнување на ова барање не ги решава проблемите на малцинствата. Бидејќи припадниците на малцинствата се разликуваат од останатите, доследна примена на принципот на еднаквоста би ги довела во нерамноправна положба. На еднаков начин треба да се третираат еднаквите граѓани, а различни групи, токму во име на еднаквоста треба да се третираат

еднакво. Оттука и барањето на малцинствата да им се признаат некои колективни права, еднакви но различни од оние што ги ужива мнозинската популација.

Колективните права кои малцинствата можат да ги користат се однесуваат на територијална автономија, гарантирано претставување во централните државни институции, истакнување на имињата на места и установи на малцинскиот јазик и писмо, право на употреба на својот јазик, право на култура и образование. Правото на употреба на мајчиниот јазик е типично колективно право затоа што јазикот не може да се употребува индивидуално. Правото на употреба на мајчиниот јазик е колективно право и на мнозинската и на малцинската група. За припадниците на мнозинската група употребата на јазикот е нешто само по себе разбирливо и не се доживува како некое посебно право, додека за малцинската група можноста за употреба на мајчиниот јазик е предуслов за уживање и одбрана на било кое друго право. Тоа пред сè се однесува на комуникацијата со државните органи, а потоа и за други форми на јавно комуницирање низ кои се изразува сопствениот идентитет, традицијата и за групата специфичниот начин на живот. Посебно место завзема правото на образование на сопствениот јазик, односно воведување во наставниот програм содржини од историјата и културата на малцинскиот јазик. Со колективните права не мора да се штити само културниот идентитет. Во поново време се слушаат барања како посебно колективно добро за да се заштитат начинот на животот и институциите на староседелските народи *(indigenous people)*. Зачувувањето на идентитетот подразбира и комуницирање со припадниците на својата нација кои живеат во други држави, па затоа се поставуваат и барања за отстранување на административните пречки кои ја отежнуваат таквата комуникација.

Со употребата на тие права се исправаат нееднаквостите на малцинската положба во општеството и им овозможуваат на малцинствата идентични можности за работа и живеење во сопствените култури. Тие се компензација за нерамноправните околности на кои припадниците на малцинствата се изложени и тоа е едно од подрачјата во кое вистинската еднаквост не бара идентичен третман, туку различен за да се прилагодат различните потреби. Темел на либералната теорија на малцинските права е дека индивидуалната слобода е на

битен начин поврзана со припадноста на националната група и дека малцинските права можат да ја промовираат еднаквоста помеѓу малцинството и мнозинството. *„Токму како што одредени индивидуални права потекнуваат од интересот на секоја индивидуа врзани за индивидуалната слобода, така одредените права на заедницата потекнуваат од интересот на секоја заедница за самозачувување."*[184] Поголемиот дел на колективните права не се врзани со првенството на заедницата над индивидуите. Тие се втемелени на идејата за праведно распоредување на различните права на припадниците на различните групи.

Малцинствата често сакаат да ги користат истите средства кои ги користело и мнозинството со цел промовирање на сопствената нација. На пример малцинствата бараат контрола врз јазикот и образовниот програм во училиштата во нивната државна територија, врз користењето на јазикот по повод вработување во државна служба. За да го постигнат ова тие бараат некоја форма на автономија. *„Станува сè појасно дека вистинските форми на автономија можат да се остварат во границите на поголема држава".*[185] Заради тоа расте интересот за истражување на роинаквите форми на автономија, како што се персоналната автономија, регионалната автономија и федерализмот.

Во својата опсежна студија за автономијата, Рут Лапидот ја дефинира територијално политичкичката форма на автономијата како *„договор насочен кон осигурување на услови со кои можат да го изразат својот идентитет на групата која се разликува од мнозинската популација во државата, но го сочинува мнозинството во одредено подрачје."*[186] На сличен начин Херст Ханум смета дека *„правото на автономија го признава правото на малцинските заедници на внатрешната автономија и контролата на своите работи на начин кој не е во спротивност со суверенитетот на државата."*[187]

Малцинствата можат да бараат и поделба на власта како барање поедините работи кои се однесуваат на малцинствата, односно на територијата

[184] Kymlicka, W., *Multicultural Citizenship*, Oxford University Press, 1995, 70.
[185] Kymlicka, W., *Can Liberal Pluralizam be Exported?*, Oxford University Press, 2001, 38.
[186] Lapidoth, R., *Autonomy – Flexible Solutions to Ethnic Conflict*, Washington, United States Institute of Peace Press, 1996, 33.
[187] Hannum, H, *Autonomy, Sovereignity and Self-Determination: The Accommodation of Conflicting Rights*, Philadelphia, 1990, University of Pennsilvania Press, 473-4.

на која претежно број или исклучиво живеат малцинствата, да изееемат од надлежноста на централните органи и одлучувањето за тие прашања да им се довери на органите кои се составени од претставниците на малцинствата. Функционалната автономија подразбира одделните јавни работи, кои се однесуваат на малцинството да се пренесат исклучиво на надлежност на органиот избран од претставници на малцинството. Тие работи можат да се однесуват на јавното информирање на јазикот на малцинствата, задолжителното школување на припадниците на малцинствата и негување на малцинската култура (издавачка дејност, театри, музеи). Овој вид на автономија им одговара на малцинствата кои не населуваат компактна територија, туку живеат на целата територија на државата измешани со мнозинското население.

Друг начин да се постигне целта е посебно третирање на лица кои по сопствен избор, го задржуваат посебниот, малцински идентитет. Во тој случај зборуваме за културна или персонална автономија. Основна идеја е во сложените држави[188] да се разделат државјанството како политички однос и националноста како културен идентитет и на припадниците на националните малцинства да им се овозможи да изберат посебен идентитет и во согласност со тоа да ги стекнат одредените права и обврски. Ваквата форма е погодна за помали заедници и територијално распрснати национални малцинства, како и за заедници кои биле подложени на силен асимилациски притисок, на пример Турците во Бугарија. Во 1996 год. Русија го усвоила системот на „национална и културна автономија" за национални малцинства за заедници кои се многу мали или распрснати, за да можат да оформат локално мнозинство на одредена територијална целина или за припадниците на бројни национални малцинства кои живеат надвор од териториите во кои нивната има автономија. Концептот на културната автономија се темели на теоријата на Ото Бауер за нетериторијалната автономија во Хабсбуршката Монархија и дава дополнение на познатите западни модели за малцинските права. За разлика од западните модели на повеќе националниот федерализам, таа не ја вклучува територијалната автономија, а за разлика од западните модели на имигрантскиот мултикултурализам, вклучува значаен

[188] Таква држава беше Австро-Унгарија во која концептот на културна автономија е понуден по прв пат. Ото Бауер го понуди начелото на културна автономија како решение на националното прашање во Австро-Унгарија. Персоналното начело на автономија подразбираше поврзување на сите поединци на некоја нација, без обсир на местото на престој во засебни регистри. Bauer O., *Die Nationalitätenfrage und die Sozialdemokratie*, Wien, 1907.

степен на институционална издвоеност, на автономна администрација и права на употреба на мајчин јазик. Културната автономија бара не само културата да биде слободнаод надворешните влијанија кои би можеле да влијаат на поединецот, туку таа мора да биде детерминирана со автономен избор на своите членови.[189]

Најдобри можности за управување имаат групи кои населуваат компактна територија. Во тој случај тие можат да остварат готово потполна автономија на територијата на друга нација. Тоа се постигнува со барање за територијална автономија. Во рамки на територијалната организација на државата се бара издвојување на територијата во која живее малцинството на посебна единица на локалната самоуправа и проширување на овластувањата на органите на локална самоуправа во однос на централната власт.[190] Таму каде што национални малцинства имаат несомнено мнозинство на своите историски територии, а посебно таму каде што малцинствата имаат одредена предисторија на автономијата, малку е веројатно дека постои некаква алтернатива на територијалната автономија или на повеќе националниот федерализам.

Федерализмот[191] подразбира еднакво претставување на малцинствата, без оглед на големината и бројот на гласовите. Таа директно им противречи на принципот на еднаквото претставување на граѓаните (еден човек, еден глас), но на малцинствата им се гарантира дека нема да бидат надгласани. Може да се јави во повеќе различни форми. Една од најчестите е установувањетое на посебен орган заснован на принципот на паритет. Втор, често применуван начин е одредувањето на квотите кои малцинствата ги добивале во државната администрација.

Барањето кое ги предизвикува најмноги проблеми е барањето за самоопределување или сецесија. Понекогаш таквото барање се истакнува во намерата да се формира сопствена, независна држава, а понекогаш одреден дел

---

[189] Види Murray, R., „Liberalism, culture, Aboriginal rights: in defence of Kymlicka", *Canadian Journal of Philosophy.* Volume 29, Number 1, 1999.

[190] Државите кои го усвоиле федералното уредување како би ги задоволиле малцинските групи се Канада, заради Квебечаните, Белгија заради Фламанците, Шпанија заради Каталонците, Баскиите, Галезите и Швајцарија заради франкофонските и италофонските малцинства. Важно е да се разликуваат вакви „повеќе национални федерации„ од федералните системи кои не се направени како одговор на етнокултурен плурализам, на пример САД, Германија или Бразил.

[191] Popović, N., „Manjine, istorijat, problem i načini rješavanja", во *Prava manjina,* Ogi, Niš, 2005, 35.

од териториите да се приклучи на некоја друга држава, најчесто на државата која ја населува „матичниот народ".

Барањето малцинствата да бидат признаени како посебен субјект во рамките на држава/нација предизвикува различни реакции. Одговорите на државите на барањата на малцинствата се движат во дијапазон од потполно негирање до уставно гарантирање на положбата на националните малцинства.

Непризнавањето може да биде двојно мотивирано. Ако се работи за национална држава, непризнавањето води кон асимилација на малцинствата и создавање на хомогена нација. Ако се работи за граѓански држави, во нив нема ни етнички народ кој е привилегиран со устав, па со самототоа ги нема ни националните малцинства.[192] Во мултиетничките средини таков став може да доведе до дискриминација на припадниците на малцинствата, и покрај правната еднаквост. Состојбата се поправа со донесување на анти-дискриминациски прописи и со создавање на институции и инструменти со кои дискриминацијата се потиснува.

Во граѓанските општества со етнички измешано население решението се наоѓа во имплицитно признание. На малцинствата не им се признава посебен статус ниту во уставот ниту во меѓународните договори, но колективните права на малцинствата се штитат со посебни закони, со што е регулирано положението на малцинствата, а нивното постоење го признава на имплицитен начин.

Во многу земји положбата на малцинствата е регулирана со меѓународни договори. Со мултилатерални договори положбата на малцинствата се уредува генерално, а во билатерални договори друга држава се признава како „заштитник" на малцинствата.Највисок облик на признание се јавува како уставна регулација на положбата на малцинствата. Државата со устав се

[192] Франција и Бугарија се примери на држави кои не ја признаваат категоријата на национални малцинства. Основната категорија на уставниот и општествен поредок на Франција е граѓанинот, без оглед на неговото етничко или национално потекло. И зборот Французј кој е употребен за ознака на граѓанин на Републиката, не ја означува припадноста на француската нација, туку граѓанин на Републиката, без било каква врска со етничкото потекло. Затоа во Франција званично нема национални малцинства. Со закон е втемелена употребата на регионалните јазици, а тој ја наоѓа својата примена во Алзас каде што е двојазичната француско-германска настава, како и на Корзика. Во уставот на Бугарија исто така не постои категорија на национални малцинства, иако е тешко да се брани тезата за хомогена национална заедница, со оглед на бројното турско и македонско малцинство. Уставот им гарантира на граѓаните на кои бугарскиот не им е мајчин јазик право да со задолжителен бугарски го учат и користат својот јазик. Уставот го гарантира правото на развој на сопствената култура, националните вредности во согласност со етничката припадност, кое се „признава и гарантира со закон". Меѓутоа, такви закони сè уште не се донесени.

дефинира како национална држава на мнозински народ, а на малцинствата се признава статус на национално малцинство.

Денес се присутни тенденции кои се движат кон изнаоѓање на решенија со кои на малцинствата би им се осигурила автономија, а тоа да не ја загрози еднаквоста на граѓаните и на целата нација. Еден од главните правци во кој таквите решенија се бараат е регионализација и децентрализација на власта.

# 9. ЛИБЕРАЛИЗАМ И МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ

Вообичаеното читање на класичните либерални идеи за принципите на граѓанството и јавната сфера, ги оправдуваат промислувањата за либерализмот како "политика неразлика". Класичниот либерализам не ја признава идејата за колективните права и групните идентитети. Мултикултурализмот не е еден од водечките поими за либералната политичка теорија. Така, гледањето на Лок за либерализмот нуди рамковна верзија за индивидуалните права, а законот и правото се темели на граѓанското (цивилно) владеење кои се спротивставува на апсолутното владеење. Но, во Локовата концепција за либерализмот нема малцински права. Индивидуите можат да формираат малцинства, но немаат посебни права како малцинства. За Лока, малцинствата не се инхерентен дел од политичката структура на општеството. Принципот на либералниот поредок на државате задоволен ако се заштитени индивидуалните права во услови на неутрална и непристрасна јавна сфера.

Ј. С. Мил ја гледа етнокултурната разноликост како појава која ги нарушува темелите на репрезентативното владеење. Мил особено смета дека во земјите кои се составени од повеќе националнии етнички групи *„репрезентативната демократија е скоро невозможна"*.[193] Стабилната либерална демократија мора да биде национална држава, со една национална култура. Накратко, либералната држава се темели на принципот на етнокултурната неутралност. Сепак, во современата либарална теорија ова гледиште е значително редефинирано. Либерализмот нуди три одговори на етнокултурната различност, толеранција, недискриминациски права и мултикултурализам.

Се смета дека критиките за либерализмот во 90-те години од минатиот век се разгледуваат во светлото на интеграцијата на современите општества насочо кон културниот плурализам. Верувањата дека малцинските права се неправедни и раздорни, било потврдено по мислењето на многу либерали со етничката обнова која се случувала во САД и Канада во седумдесеттите години од 20. век. Било мошне важно емигрантите, себе

[193] Mill, J. S., *Representative Democracy*, London, J. M. Dent, 1951, 361.

си да се сфатат како етнички групи, а не како национални малцинства. Етничката обнова го оспорила таквиот традиционален модел. Повеќето либерали усвојувањето на националистичката реторика од страна на емигрантските групи го виделе не само како закана за единство на општеството, туку и како морално неоправдано. Ваквиот став кон етничката обнова јасно е изразен во трудовите на Михаел Волзер, водечкиот американски политички теоретичар и уредник на левичарското списание Дисент (и Нејтнан Глејзер, водечкиот американски социолог и уредник на деничарскиото либерално списание *Public Interest*)

Истиот процес на либерализација е присутен и во западна Европа, на пример во Шпанија и Белгија. Меѓутоа, иако нивната култура станала потолерантна плуралистичка, не се смалил интензитетот во настојувањето на луѓето за делувањето во сопствената култура. Се поставува прашањето зошто врсите со јазикот и културата се толку силни кај луѓето. За ова, коментаторите нудат бројни причини. Маргалит и Раз тврдат дека припадноста на општествена култура (или „проникнувачката култура") е клучна за човечката благосостојба.[194] Ако културата доволно не се почитува, тогаш и достоинството и самопочитувањето на нејзините припадници ќе биде загрозено. Слични аргументи за улогата на почитувањето на националните припадности во поддржувањето на достоинството и личниот идентитет го изнеле Чарлс Тејлор[195] и Јаел Тамир.[196] Бенедикт Андерсон нагласува дека националистичкиот идентитет ни́ овозможил надминување на смртноста, поврзувајќи нé со нешто чие постоење се протега наназад и нанапред, во неодределена иднина.[197]

Либералниот идеал е општество со слободни и рамноправни индивидуи. Но во какво општество тоа се остварува? Повеќето од луѓето сметаат дека тоа е нивна нација. Видот на слободата и рамнправноста која тие најмногу ја ценат и која ја најмногукористат е слободата и рамноправноста внатре во нивната општествена култура. Повеќето либерали прекутно се сложуваат со тоа. Сѐ на сѐ неколку значајни

[194] Margalit, A., Raz J., „National Self-Determination", *Journal of Philosophy*, 87/9, 1990, 449.
[195] Види Taylor, Ch., *The politics of Recognition,* во „Milticulturalism and The politics of recognition" (ed.) Gutmann A, Princetone, Princetone University Press, 1992.
[196] Види Tamir, Y., *Liberal Nationalism,* Princeton University Press, 1993.
[197] Види Anderson, B., *Nacija: zamišljena zajednica,* Školska knjiga, Zagreb, 1990.

либерални теоретичари ги одобруваат отворените граници. Тие зеле предвор дека формата на слободата и рамноправноста која на луѓето им е најважна е слободата и рамноправноста внатре во иоштествена култура.

Главните тешкотии кои искрснале пред либеризмот, се насочени кон два фактори. Првиот се односува на основата на либерализмот кој се засновува на исконската поединечност на нашето битие, врз основа на што се разликуваме од сите други. Се поставува прашањето како да се усогласи заинтересираноста на либерализмот со мултикултуролниот ангажман кој ги уважува колективните идентитети, т.е., јавните манифестирања на идентитетот. Втората дилема со која се соочува либерализмот е незапирачката на динамика на индивидуализацијата. Критичарите му замеруваат на либерализмот дека е немоќен во однос на само исцрпувањето на јавниот домен затоа што со одветно на своите принципи мора да го уважува поединцот како последен фундамент на вредносните обрасци. Либерализмот не смее да се меша во содржинските аспекти на јаната сфера. Без оглед на разликите во оделните сфаќања важно е препознавањето на два услова во отворањето кон феноменот на културната плуралности. Јавната сфера не смее да остане ѕатворена кон ѕаличните форми на културниот идентитет. Признавањето на културниот плурализам во јавната сфера овозможено е со посредство на признавањето на групните права. Соочувањето со релацијата на концептот на правото, од една, и културните идентитети од друга страна, претставува далекосежен предизвик за политиката на либерализмот.

Иако мултикултурализмот во современата политичка теорија се покажува како еден вид посакувано барање, па и јавно добро со кое се надополнува шемата на добро уредениот поредок, не може да сее тврди дека мултикултурализмот истовремено постанал составен дел на водечките принципи на современите политички поредоци. Искуството на современите политички поредоци покажува дека императивите на мирот и стабилноста се постигнуваат со потпора на негувањето на зедничката култура, исто така, анализата и разбирањето на модернизациските процеси врз кои се темели модерната евроипска држава (еманципација, легитимност, територијализација) и природата на процесот кои ги следат овие процесите

(граѓанство, националитет, суверенитет) потврдуваат дека најголема цена на овие процеси плаќаат малцинските групации. Државата која ги следи овие модернизациски процеси, но применува и репресија, па дури и насилна асимилација произведува состојба на алиенација на припадниците на овие заедници кон државата во која живеат. Нелојалноста на граѓаните произведува состојби на легитимациски дефицит, кои пак произведуваат нестабилност и несигурност. Од либерален аспект, таквите општества се неправични, а принципот на правичноста е оној вид на коректив кој го засилува процедуралниот либерализам.

Тикиштo и најголемите теориски спорови се водат околу барањата за признавање на различности и воспоставувањето на уставен поредок кој овозможува на секој припадник на општество развој на сопствениот културен идентитет. Современите либерали даваат теории за културната различност кои се темелат на заедништвото во човечката природа и култура. Нивните настојувања се насочени кон редефинирање на либерализмот и стремежот да го направат прифатлив ѕа различноста. Клучните поими кои либералите ги употребуваат при интерпретацијата на либералната држава или општество (равнодушност кон заедничкото добро, неутралноста на државата, процедурализмот, еднаквиот третман, апстракниот граѓанин, автомниот поединец, слободата на изборот помеѓу различните културни опции) постануваат предмет на критичкото преиспитување на мултикултуралистите. Бидејќи синтетичкиот израз на овие поими е дихотомно раздвојување на државата и општеството, т.е јавната и приватната сфера, мултикултуралистите им ја приговараат на либералите наклоноста кон некритичката апологија на едностраната експанзија на приватното на сметка на јавното, со што имено га подределе јавното подрачје со приватно. За либералите, државата е склоп на уставните процедури, значи политичка категорија, а поединецот е суштество кое е надвор од заедницата.

За либералите дражавата како правно-политички идентитет, не зависи од културно-етничкиот идентитет на популацијата. Почетната точка на либералите при конципирањето на уставот е апстрактниот граѓанин, па законите и политичките институции изведени од овој

либерален устав се поставуваат како културно-етнички неутрални истанци. Либералите застапуваат став дека културно-етничкиот идентитет на луѓето е ирелевантен за нивниот политички идентитет. Меѓутоа по мултикултуралисте, културно-етничкиот идентитет, како неделив дел од културно-етничкиот идентитет на човекот во посебната заедница во која тој припаѓа – не е ирелевантен за неговиот политички идентитет, затоа што огромното мнозинство од луѓето ќе покажат тенденција дека при донесувањето на политичките одлуки се раководи не само со чисти политички критериуми, туку и сокритериуми за културно етничка припадност.

Осигурувањето на услови за развој на сопствената култура го имплицира нејзиното јавно признание т.е доделување на посебни права на културната група. Со јавното признавање, т.е стекнувањето на посебни права, на културните групи, кои според либералите припаѓаат во приватната сфера, ги надминуват рамките на цивилното општество и постануваат дел од јавната сфера. Либералната држава не признава посебен концепт на заедничкото добро, јавната сфера е редуцирана, а општеството деполитизирано. Мултикултурализмот се стреми кон проширување на јавниот простор, а со тоа и политизација на општеството. Разликите помеѓу културниот идентитет не се нешто според кое што државата треба да биде неутрална, како што сметаат заговорниците на чистите либерални принципи, туку нешто за што правно-политичкиот идентитет на државата мора де се прилагоди. Мултикултуралистите се залагаат за опстанок на културно-етничките елементи во јавната сфера затоа што таа институционално ги штити супстансионалните добра на посебните култури, за што и таа самата дибива мултикултурен идентитет, т.е се воспоставува не само како држава на граѓани, туку и како држава на различни културно-етнички заедници или нации во културно-етнички смисол.

Волзер[198] го поддржува мултикултурализмот заради неговиот хуманизам и способностите за емпатија. Мултикултурализмот човекот го става на прво место. Луѓето можат да управуваат луѓе со сопствени

[198] Види Walzer, M., „Multiculturalism and Individualism", *Dissent*, Spring, 1994.

акивности и вредности само ако се усогласени со социјалните практики кои ги опкружуваат. Уважаувањет на индивидуата вклучува и вреднување на нивниот социјален и културен амбиент во кој се социјализираат. Само на тие претпоставки можно е целосно разбирање на животот и концептот на доброто кое поединците го следат. Човечкиот дигнитет зависи од признавањето и вреднувањето на социјалниот свет на кој индивидуата му припаѓа. Само во успешната социјализација луѓето ја уважуваат културата на која и припаѓаат. Тоа не е можно ако некој е отуѓен од културата на која и припаѓа. Теоретксата рамка која ја користи Волзер, се состои во културната припадност на која и дава темелна вредност. Рамноправни сме *"поради една карактеристика ... ние сите сме суштества кои произведуваат култура; ние создаваме и населуваме замислени светови"*.[199]

Критиката на либерализмот, Волзер ја насочува кон либералното експлицитно "раздвојување на државата и етнитетот". "Либералната држава е над различните етнички и национални групи, одбивајќи го гарантирањето и поджавањето на нивниот начин на живот, или учествувањето во нивната социјална репродукција. *"Државата е "неутрална кон јазикот, историјата и културата на овие групи."*[200] Принципот на праведноста Волзер го изведува од "заедничкото разбирање" на општествените добра во дадената култура. Од тука, ако ја следиме аргументацијата на Волзер нашето саморазбирање, па и нашето чувство на самопочитување и дигнитет е поврзан со силата на нашиот колективен идентитет, а кој повторно е поврзан со силата на нашата способност и подготвеност од уважувањето на групата на која и припаѓаме. Со други зборови, ако поединецот не ја уважува групата на која и припаѓа, тоа значи дека тој ги уништува способностите на живеењето во согласност со либералните ппинципи на моралниот дигнитет и самопочитувањето. Волзер ја следи идејата дека социјалната и етичката критика, треба нужно да се изведе во оние поими и вредности на кои поединецот им припаѓа. Концептот на Волзер за етичкиот мултикултурализам, е мотивиран од идејата дека луѓето се различни и дека поддржуваат различни концепти на добра и дека секоја култура е една голема и отворена можност за сите

[199] Види Walzer, M., *Spheres of Justice*, Blackwell, Oxford, 1983.
[200] Walzer, M, „The comumunitraian Critique of Liberalism," *Political Theory*, 18/1, 1990, 22.

нејзини припадници. Одбраната на таквиот вид на мултикултурализам се заснова на идеологијата и програмата за зголемени социјални, економски и културни еднаквости.

Раз[201] ја застапува формата на либералната теорија на мултикултурализмот. Виталноста на мултикултурализмот тој ја гледа само ако припадниците на една политичка заедница им припаѓаат на различни групи, од кои некои се поклопуваат. Со исполнувањето на овие услови се создава подрачје на јавна политичка култура, кое произведува чувство на заедништво и солидарност, нужни за постоење на стабилно општество. Само со тие претпоставки, припадниците на различните културни заедници, државата ја прифаќаат како своја. За Раз општеството е плуралитет на културните групи, но ја нагласува улогата на државата која им дава насоки на автономните поединци кои видови на добра внатре во заедницата треба да ги следат. Сепак, конечниот избор е на поединецот. Мултикултурализмот е можен само во општествата кои се негуваат еден вид на етички мотивации и политичка култура која ги поддржува ваквите вредности. Бидејки луѓето културно се структуирани, а нивната култура е поврзана со слободата, идентитетот и благосостојбата, тие имаат право да ја одржуваат својата култура и да ја трансмитираат низ генерации. Но, Раз често некритички го универзализира либералниот поглед на културата и ги игнорира различните начини на кои човекот е поврзан со својата култура. Јозеф Раз, слично како и Чарлс Тејлор, смета дека припадноста на групата има витална улога во осигурувањето на самопочитувањето, па со тоа и заслужува јавна поддршка и признавање.

Заговорниците на радикалниот плурализам замислуват за либерализмот како „политика на неразлики" (*politics of indifference*).[202] Основното тежиште на критиката содржано е во мислењето дека *„општеството засновано на принципите на универзалното граѓанство и индивидуалистичкиот егалитаризам, законски произведува нееднаквост и доминација"*[203]

---

[201] Види Raz, J., „Multiculturalism", *CSD Bulletin,* Vol. III, No 3, Summer, 1996.

[202] Kukathas, Ch., „Liberalism and Multiculturalism, Politic od Indifference", *Political Theory,* Vol. 26, No 5, 1996.

[203] Young, M. I., *Justice and the Poltics of Difference*, Princetone, Princetone University press, 1990, 229.

Така и Ајрис Јанг ги разгледува националните малцинства како форма на разлики и заедници кои можат и мораат да бидат прилагодени кон поширокото општество. Таа не може да прифати дека националните малцинства бараат признавање на својата посебност. Културните групи *"мораат себе си да се разберат какоучесноци во истото општество"* и како некој кој е дел од *"едно државно уредување", чии легитимни процедури за одлучување се сфаќаат како "ледитимни обврски за сите граѓани подеднакво".*[204] Еднаквиот пристап на уживање на правата и распоредување на јавните добра е недоволната заштита за малцинствата и непривилегираните групи. Главниот извор на нееднаквоста е изразен е во нееднаквите можности на припадниците на овие групи да влиајат на обликувањето на доминирачките културни и политички структури. Групите се стрмат кон "признавање" а тоа е возможно само ако нивните норми, традиции, јазик, начин на однесување, наоѓаат место во јавната сфера. Ако луѓето се присилени на воспоставување на паралелизам помеѓу јавното и приватното, и ако мораат да ги сокријат партикуларните аспекти на својот идентитет, поставени се темелите за нееднаквост и доминација. Место универзалното граѓанство кое универзализира и воопштува *„Неопходно е групно диференцирано граѓанство и хетерогена јавност, каде што разликите се јавно признати и познати".*[205]

Парек го застапува мислењето по кое држава е обврзана да го поддржува и штити плуралиsмот на идентитетот на групите, а не обратно. *„Додека либералите со право ги поддржуваат културните разлики, тие прифаќаат дека културите губат виталност ако немаат јавен и институционален статус и ако не се прифатени како интегрален дел од општеството".*[206] Етнички заснованите културни разлики се позитивно својство и треба да бидат сочувани и поддржувани во интерес на целото општество. Бидејќи човечките заедници се истовремено и слични и различни, треба еднакво однесување кон двете форми. Еднаквоста ја вклучува еднаквата слобода или можност да се биде различен. Од ова

[204] Young, M. I. „Together in Difference: Transforming the Logic of Group Poltical Conflict", in Judith Squires (ed), *Principled Positions: Postmodenism and the Rediscovery of Value,* London, 1993, 135.
[205] Young, M. I. „Together in Difference, 42.
[206] Parekh, B., „British Citizenship and Cultural Difference", во *Citizenship*, (ed) Andrews G., Lawrens and Wishart, London, 1991, 195.

следува и дека еднаквите права не значат во исто време и идентични права. Индивидуата со различно културно потекло и потреби маже да бара различни права и да ужива еднаквост во однос на другите членови на заедницата. *"Еднаквосӣа значи целосно ӣризнавање на леīиӣимната и релеванӣна различносӣ."*[207]

Највлијателна и теоретски најразвиена критиката на граѓанскиот либералниот концепт на граѓанство разви Тејлор. Иако егалитарното платото на Дворкин, е основата на неговата филозофија, сугерирјќи дека уставната и либаралната држава е почетна точка на неговата теорија, тој прави отстапување од либералната политичка теорија и на либералната држава надоградувајќи "политика признавање". Признавањето завзема централно место во мултикултурализмот, нагласувајќи ја основната човечка потреба за признавање на неговата дистиктибност, особено за културната дистинктивност. За него објекти на овие форми на признавање се индивидуите и групите со јазикот на либералната политичка филозофија може да се каже дека искуството на различност на поединецот му овозможува располагање со многи заеднички опции помеѓу кои може да врши слободен избор. Барањето за признавање е поврзан со потребата за индивидуален слободен развој. На ист начин на кој индивидуите ги признаваат индивидуите, потребно е и признавање на културните групи. *„Имаме обврска кон другиот да се однесуваме неӣристрасно (fairly) и еднакво, без оīлед на ӣоа кои ни́ се целиӣе".*[208] Само признавањето на неповолната положба на малцинските групи не е доволно за да би се реализирале нивните права. Истотака постоји и потреба за заштита и промоција на нивните специфични права за да се осигура одржувањето на нивниот сопствен културен идентитет, независен од мнозинството. Главниот недостаток на либералната држава тој го гледа во нејзината неспособност да одговори на императивите на современите сложени и плуралистички општества.

[207] Parekh, B., *Rethinking Multiculturalism: Cultural Diversity and Political Theory*, Harvard University Press, Cambridge, Massachusetts, 2000.
[208] Taylor, Ch., „The politics of Recognition", во *Milticulturalism and The politics of recognition* (ed.) Gutmann A, Princetone, Princetone University Press, 1992, 100.

Неговата критика на либерализмот се темели на непријателскиот однос на либерализмот кон различностите затоа што инсистира на униформираната дефиниција на правилата за дефинирање на фундаменталните права без исклучок и затоа што либерализмот е сомничав кон колективните цели. *„Либерализмот не е можно местоза средба за сите култури, туку е политички израз на еден вид на култури који се во голема мерка инкопатибилни со другите видови на култури."*[209]

Универзалистичкиот концепт на граѓанството и класичната либерална идеја за дихотомијата на јавната и приватна сфера е неправедна, но е извор на големи нееднаквости и доминација. Тејлор гледа во „длабоката различност единствена формула"[210] врз основа на која може да се изгради мултинационална држава. Не е нужно да се прилагоди само кон различностите на културните групи, туку и kon различностите во начините на кои припадниците на тие групи му припаѓаат на поширокото уредување. За да се осигура рамнотежата помеѓу фактите на мултикултуралноста и принципите на либерализмот, Тејлор смета дека е нужно не само признавањето на правото sa опстанок, туку и признавањата на еднаквите вредности на сите култури. Тејлор го редефинира класичното либерално гледиште и утврдува дека во полето на модерната политика се оформуват две политики на признание. Едната ја чини политиката на универзализмот во чие средиште е нагласувањето на еднаквиот дигнитет на сите индивидуи, додека другата, политиката на разликите се темели на принципот дека секој треба да биде признат според она што е негов посебен идентитет. Првиот тип на признавање се темели на идеалот на автономијата, а вториот на идеалот на автентичноста. Политиката на разликата тргнува од идејата дека секоја индивидуа носи универзален потенцијал за да го формира и дефинира сопствениот идентититет. Во мултикултурните општества *„барањето за признавање на мултикултиралнот идентитет не го содржи само ова универзално барање, туку е присутна и идеајата за еднаквоста на сите култури во јавната сфера."*[211] Дискурсот на признавањето

[209] Исто, 102.
[210] Taylor, Ch., „Shared and Divergent Values", во Watts, R., and Brown, D., (ed), *Options for New Canada*, University of Toronto Press, Toronto, 1991, 5.
[211] Taylor, Ch., „The politics of Recognition", во *Milticulturalism and The politics of recognition* (ed.) Gutmann A, Princetone, Princetone University Press, 199.

останува близок на две нивоа. Прво, во интимната сфера каде што формирањето на идентитетот се подразбира во внатрешноста на континираниот дијалог и борбата за сигнификант втор. Второ, во јавната сфера каде што политиката на признавањето игра сè поважна улога и каде што добива две различни значења. Станува политика на универзализмот нагласувајќи еднакво достоинство, на сите граѓани, при што во содржината на оваа политика настанало тоа да правата и поволностите ги направат еднакво достапни за сите.

Второто значење се односува на развојот на модеринот поим за идентитетот кој ја потенцира политика на различностите. Она што треба да биде признато со политиката на различностите е единствениот идентитет за сите индивидуи и групи, како и нивната посебност во однос на другите. Суштината на идејата е дека токму оваа посебност била игнорирана, занемарена, асимилирана во доминантен или мнозински идентитет. Во темелот на ова барање е принципот на универзалната еднаквост. *„Политиката на различност во темелот има универзален потенцијал за формирање и дефинирање на нечиј сопствен идентитет, како и култура".*[212]

Тејлор нуди една многу поумерена варијанта на либерализмот која отвора можност за промоција и признавање на колективните делувања на цели и различности. Јавната сфера ќе биде многу поотворена според можностите за учествувањето на различните групи. Таа се изразува во идејата за две концепции на индивидуализам. Тејлор прави разлика помеѓу две разбирања на демократската конституционална држава.

Волзер, овие два концепти ги означува како либерализам 1 и либерализам 2. Основната разлика лежи во различните концепции за неутралноста на јавната сфера. Според Волзер, првата перспектива на либерализмот е класична и широко прифатена. Се темели на еднаквоста и дополнета е со либерална идеја за некомплетноста на институционализацијата во либералните и демократски општества. Оваа перспектива се темели на идејата на политичката неутралност кон различните концепти на добрата. Втората либерална перспектива не

[212] Исто, 101.

инсистира на потполната неутралност на јавните политики, туку под определени услови дозволува јавните установи да бидат пристрасни наспроти партикуларните вредности, а тоа се основните човечки права кои мораат да бидат заштитени; никој не смее да биде манипулиран или присилуван на прифаќање на културните вредности кои имаат поддршка од јавните установи; и трето, установите кои ја сочинуваат основата на културните избори мораат да бидат демократски одговорни. Ваквиот вид на либерализам им овозможува на демократските заедници да ја формираат јавната политика внатре во широкиот простор на заштита на индивидуалните права.

Иако Тејлор ја засновува својата анализа дека демократски уставна држава во основа е формирана според индивидуалните права, тој му дава надмоќ на "доброто" над "правото", и на тој начин го поткопува индивидуалистичкото јадро на модерниот концепт на слободата. Тоа е и темелот на критиката на Хабермас[213] врз Тејлор. Верзијата на Тејлор за либерализмот е проблематична затоа што ја разорува и самата идеја за конституционалната слобода на која се темели либерализмот.

Либерално – демократската одбрана на различностите се базира повеќе на универзалистичката отколку на партикуларната перспектива. Сите луѓе се третираат како слободни и рамноправни индивидуи. Но, постојат две интерпретации на овој принцип. Едната перспектива бара политичка неутралност и често конфликтни концепции за добар живот на граѓаните во мултикултуралните општества. Втората либерално демократска варијанта, исто така универзалистичка, не инсистира на неутралности и акцентот го става на јавните институции кои ги унапредуваат културните вредности.[214]

Либералниот одговор на теоријата на различност е толеранцијата. Толеранцијата како вредност, став и принцип се состои во негувањето на тие принципи во рамнотежата на политичката заедница. Тој принцип им

---

[213] Habermas, J., „Struggle for Recognition in Constitutional States“, *European Journal of Philosophy*, 1.No 2, 1993.

[214] Види Gutman, A., (ed), *Multiculturalism, Examing the politics of recognition*, Princeton University Press, Princeton, New Jearsy, 1994, 3-24.

овозможува на малцинствата да се однесуваат во согласност со сопствената култура. Принципот на толеранцијата инклинира нарушување на либералниот модел во односот на јавното и приватното, имплицирајќи ограничена можност за употреба на јавната сфера од страна на малцинствата. Толеранцијата исто така значи и прфакање на една минимална идеја за дистрибутивна правда, под претпоставка дека државата ќе биде коректив во поддржувањето на малцинската култура. Принципот на толеранцијата го поддржуваат уште два дополнителни аргументи. Првиот принцип се однесува на ограничувањето на насилството, или подобро речено никој не смее да биде изложен на насилство и омаловажување. Правата на недискриминацијата[215] се искажуваат како природно проширување на либералната концепција на цивилните и политичките права. Вториот аргумент се однесува на одржувањето на стабилноста. Накратко, јавниот мир, социјалната хармонија, легитимноста на владеењето малцинствата можат да ги нарушат ако не им се овозмози негување на сопствената култура.

Хабермас дава една варијанта на политиката на признавањето која битно не нарушува принципот на недискриминација. Тој дава едно умерено и одбранбено гледиште за можностите на управување на императивите со мултикултурализмот во услови на уставна и демократска држава. Хабермас смета дека правата на припадниците на етничките и дугите групи не можат да бидат адекватно консумирани ако припадниците на овие групи немаат можност да ги артикулираат во јавната сфера. Иако поимот на Хабермас за јавната сфера[216] се темели на изразито политичко гледање на граѓанството развиено во европските држави – нација, овој поим дава метафора за концептуализација на современите општествени системи. Тоа општество е подложно на притисокот од два вида: притисокот за проширување на јавната афера кој го бараат групи кои сметаат дека неправедно биле исклучени од тој простор и вршат притисок за нивно рамноправно вклучување; а од

[215] Ако правата на недскриминацијата се интерпретираат како право на секоја заедница да контролира одредени институции, тогаш како последица се добива контрола на одредени институции. Под претпоставката на применување на правата на недискриминацијата во јавните служби, образовниот систем, економската и политичката арена, веќе не е резервирана за мнозинството, туку е заедничка за сите членови на заедницата.
[216] Habermas, J., *L'espace public*, Pariz, Payot, 1978.

друга страна, тоа проширување доведува и до притисок за промена на содржината внатре во тој простор. Пристапот на нови актери во јавната сфера, носители на различни култури и барања, ја нарушува хомогеноста, и поставува проблем за зачувување на континуитетот на таа сфера со прифаќањето на неговата зголемена хетерогеност.

Либерализмот не е и не може да биде до крај неутрален и внетре во него можно е да се развие признание за посебноста. Хабермас напомнува дека е од фундаментално значење разликувањето на политичката и етничката интеграција. *„Политички интегрираните граѓани имаат слобода на комуникација во политичката јавна сфера која го осигурува демократскиот процес на решавањето на конфликтите и уставното ограничување на политичката моќ. Таквата политичка сфера осигурува основа за ограничување на нелегитимната власт и осигурува административната власт да работи во интерес на сите граѓани."*[217] Етничката интеграција ја задржува релативна слобода.

За да ја нагласи „корективната" улога на групните идентитети, тој прави разлика помеѓу културата во општото значење на зборот, и заедничката политичка култура. Иако политичката интеграција и осигурува лојалноста на заедничката политичка култура, истовремено се нагласуваат посебностите и интегритетите на различните форми на општествениот живот кои коегзистираат во мултиетничките општества. Важно е да се одржи дистинкција помеѓу две нивоа на интеграција. Политички интегрираните граѓани создаваат уверување, кое е рационално втемелено, дека неограничената слобода на комуникациите во политичката и во јавната сфера е демократски процес за разрешување на конфликтите и уставното канализирање на политичката моќ на заедништвото, со што се осигурува основа за проверка на нелегитимната моќ и проверка дека соодветната моќ е употребена во интерес на сите. Потпирајќи се на тие претпоставки уставната демократија создава услови и право на малцинските групации на *„еднакво право на коегзистенција на малцинските и мнозинските култури."*[218] Хабермас утврдува дека овие

[217] Taylor, Ch., „The politics of Recognition", во *„Milticulturalism and The politics of recognition"* (ed.) Gutmann A, Princetone, Princetone University Press, 1992, 112.
[218] Taylor, Ch., Исто, 118.

права ја означуваат особената форма на правото на недискриминација. Конкретно сфаќаната теорија на правото бара политика на признавање која го штити интегритетот на индивидуата. Недостатокот на моделот на Хабермас е тоа што ваков модел на право на коегзистенција на малцинските и мнозинските култури не го гарантира опстанокот на малцинските култури.

Централно место во обидот да се смират нормативните барања на либерализмот и мултикултурализмот го наоѓаме во размислувањата на Кимлицка. Наспроти Хабермас, Кимлицка и Тејлор, се внаклонети кон оценката дека отворањето кон групните права не значи нерушување на индивидуалните аспекти на правниот режим, но тоа претпоставува преиспитување на либералната политика според културните идентитети. За разлика од Хабермас, мултикултурализмот не ја изострува напнатоста меѓу апстрактните димензии на модерното право и партикуларните животни форми, туку овозможува, либералните сфаќања да се прошират и на различностите во јавната сфера. Во либералната одбрана на мултикултурализмот, Кимлицка мултикултурализмот го анализира како форма на плурализам, а либералниото устројство како поредок кое низ групните права ги штити малцинствата во услови на етнокултурна хетерогеност. Темел на ваквата одбрана на мултикултурализмот тој гледа во идејата на персоналната автономија, концептот на општествена култура, како и еднаквоста на културните групи. Темелот на мултикултурните општества Кимлицкаа го гледа во етнокултурната правда.

Концептот на етнокултуралнат правда предлага внимателно балансирање меѓу индивидуалните и колективните аспекти врѕ основа на либералниот егалитаризам. Потребно е да и се дадаат еднакви можности на секоја етнокултурна група за развој на својата култура, образование на новите генерации сообразно со традицијата, но и можност за критичко соочување со императивите на дадената традиција.

Кимлицка прави разлика меѓу поимите полиетницитет и мултикултурализам како две посебни и различни форми на културен плурализам. Полиетницитетот, во шемата на Кимлицка е како ознака на

една ограничена форма на културен плурализам која битно не ја ремети либералната шема на граѓанството и индивидуалните права права. „Полиетничките права" се однесуваат на различните емигрантски групи кои се дел од политичката заедница, а кои сакаат да се интегрираат во доминачката култура на општеството. Таквите групи не бараат запазување на услови за сочувување на својата ѕасебна индивидуалност. Наспрати тоа, мултикултурализмот е знак во кој доминантна културата е во допир со националните заедници кои негуваат „социетална култура" и прават *„интеграциска заедница, помалку или повеќе институционално вообличена, која покрива одредена територија во рамките на државата и има иста историја и зборува ист јазик."*[219] Во рамките на ваквиот концепт на културата и припадноста на културната заедница не е само видливо во "контекстот на идентитетот", туку и во "контекстот на изборот". Припадноста на културната заедница е работа на избор, а членство во неа е примарно добро затоа што ја умножува нашата способност да вреднуваме и да го бираме оној начин на живот кој за нас е најдобар.

Кимлицка го проширува сфаќањето на Ранлс, за врсните кои поединците ги имаат со сопствената култура кои се „така силни што би се напуштиле." Слободата која либералите ја бараат за индивидуите не е примарно слобода на напуштање на јазикот и историјата, туку пред сè е слобода на движењето внатре во една општествена култура, дистанцирање од поединидени културни улоги, избор на особините на културата вредни за развојот и отфрлувања на оние кои немаат вредност.[220]

Културното наследство, чувството за припадност на културна структура и историја, често се наведува како извор на емоционална сигурност и лична сила, а што може да влијае на нашето чувство на делување. Тоа не го тврдаат само социолозите, туку и лидерите на расистичките и угнетувачките режими во светот кои се обиделе да го уништат и деградираат културното наследство.[221] Според овие аргументи, осигурувањето на културното членство е нужно за развој и одржување на

[219] Kymlicka, W., *Multicultural Citizenship. Liberal Theory of Minority Rights*, Clarendon Press, Oxford, 1995, 129.
[220] Исто, 114.
[221] Види Kymlicka, W., *Liberalizam, zajednica i kultura*, Deltakont, Zagreb, 2004.

личното делување. Малцинските права значат заштита на културата пред сè како контекст на изборот, отколку како туку како посебни карактеристики на историските заедници. Од ова произлегува дека заштитата на културата во контекст на изборот не е исто како и заштитата на самата култура за да не стане слична на друга култура.[222]

Членовите на групата кои делат заедничка историја и социетална култура имаат фундаментален, морално значаен интерес во припаѓањето припаѓа на својата култура и истрајувањето на неа. Три тези го потпираат тој исказ. Тезата на верноста, се однесува на основниот интерес на луѓето за припадност во нивната национална култура. Втората теза е историска и исто така се однесува на интересот на луѓето да ја штитат мултигенерациската димензија на нивната култура. Третата, политичка врска, се базира на интересот на луѓето за живеење на живот внатре во културата и потурепата на таа култура со генерации треба да биде политички заштитена.

Тезата на лојалноста се базира на најважниот предуслов на либералниот дискурс, на слободата.[223] За да живеат слободно и автономно, на луѓето им се потребни приватни и јавни институции кои ќе ги исполнат нивните материјални и духовни стремежи, а тоа е можно само низ специфична култура.[224] Најистакнатиот застапник на аргументот базиран на културата, Кимлицка, ја дава својата верзија за ова оправдание со фактот дека луѓето се поврзани со својата култура и дека таа поврзаност може да послужи како сврзувач на основниот интерес на луѓето за кулурата и потребите, тој интерес да се конкретизира со помош на нивната сопствена култура. Некои автори сметаат дека не е слободата, туку идентитетот,

[222] Murray, R., „Liberalism, culture, Aboriginal rights: in defence of Kymlicka", *Canadian Journal of Philosophy*. Volume 29, number 1, 1999, 11.
[223] Види Kymlicka, W, *Liberalizam, zajednica i kultura*, Deltakont, Zagreb, 2004.; Raz, J, *Ethnic in The Public Domain*, Oxford, Clarendon Press, 1995.
[224] Gans, Ch, „The Liberal Foundations of Cultural Nationalism," *Canadian Journal of Philosophy*, Volume 30, Number3, September 2000, 444.

ексклузивна база на културните права[225], додека други пак ги спомнуваат двете вредности без објаснување за релациите меѓу нив.[226]

Историската теза се темели на фактот дека историјата е важен дел од постоењето на националните групи и националните идеологии, и дека е важно да се обезбеди не само идната егзистенција на нацијата, туку и минатото.[227] Интересот на значењето на човечкото делување, поврзан е со историската теза за вредностите на самопочитувањето. Еден од условите на самопочитување поврзан е со надежта за оправданото очекување на постојаноста. Несигурноста на кунтиунираното постоење на нивната култура ја смалува можноста на тие надежи. На луѓето им е потребна недеж дека постоењето на нешто ќе има можност за понатамошно постоење.[228]

Според политичката теза, припадноста на националната култура и кунтинуираното постоење на таа култура мора да биде политички заштитено. Кимлицка како и Раз, сметаат дека политичката теза бара имплементација низ два вида на право: право на автономија и полиетички права. Раз смета дека право на автономија имаат групациите кои го сочинуваат мнозинството внатре во големата територија, доволна за политичка независност. Националните малцинства кои немаат територијална компактност доволна за политичка независност мораат да бидат задоволни со полиетничките права.[229] Сличен став застапува и Кимлицка кој верува дека автономијата мора да им биде загарантирана на националните групи кои живаеат во својата татковина, додека на емигрантите припаѓаат полиетнички права затоа што нивниот чин на

[225] Види Taylor, Ch, „The politics of Recognition", во *Multiculturalism and The politics of recognition* (ed.) Gutmann A, Princetone, Princetone University Press, 1992; Gutman, A., (ed), (1994) *Multiculturalism, Examing the politics of recognition*, Princeton University Press, Princeton, New Jersey, 1994.
[226] Види Raz, J., *Ethnic in The Public Domain*, Oxford, Clarendon Press, 1995; Raz, J., (1994) „Multiculturalism: A Liberal Perspective", *Dissent*, 1994, Winter; Tamir, Y., *Liberal Nationalism*, Princeton University Press, 1993
[227] Сваќањето на националната група има културолошка конотација, односно тоа е група на луѓе кои имат заедничка социетална култура (Kymlicka, *Multicultural Citizenship*, 76). Овој концепт на нации се разликува од етничкиот концепт према кои членовите на нациите мора да имаат заеднички предок. Сепак, најчесто се случува да етничките групи најчесто делат социетална култура така да многу нации се сватени во културолошка смисла воедно тие се и етнички групи или имаат таква групација во своето јадро.
[228] Gans, Ch, „The Liberal Foundations of Cultural Nationalism", *Canadian Jiornal of Philosophy*, Volume 30, Number 3, September 2000, 453.
[229] Raz, J., *Ethnic in The Public Domain*, Oxford, Clarendon Press, 1995, Ch. 6, 8.

емиграција имплицира согласност на одрекување, напуштање на автономијата на својата изворна култура.[230] Полиетничките права им овозможуваат на членовите на групите, делење на заедничкото културно потекло, изразување на нивната изворна култура одредено со лимитирани начини додека повеќето живеат во различна култура. Постои и трет случај кој се однесува на групите кои немаат подгрупи кои живеат бо геодемографски услови кои би им дозволувале автономија. Таквите национални малцинства можат единствено така да ги уживаат полиетничките права. Нивната ситуација не се разликува од положбата на емигрантите кои ги уживаат полиетничките права.

Нормативното барање на мултикултурализмот ја нарушува либералната шема на добро уреденото устројство и правдата. Мултикултурализмот бара форма на политичко општество кое признава еднаква вредност на сите стабилни и животни заедници кои постојат во општеството. Таквата форма имплицира барање за уредување на мултикултурното општество како заедница во која нема малцински прашања и како посебно прашање. Политичкото општество се состоји од заслични заедници и не припаѓа однапред нити на една од нив. На крај треба да се нагласи дека иако во мултикултурното општество силата на одделните заедници е различна, ниту една од нив не е однапред овластена да ја претставува државата и политичкиото општество како свое.

[230] Kymlicka, W., *Multicultural Citizenship. Liberal Theory of Minority Rights*, Clarendon Press, Oxford, 1995, 95.

# 10. МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ ВО ЕВРОПА

Мултикултурализмот, до пред извесно време примарно сфатен како дискурс кој говори за сумирањето на искуствата на иселениците, емигрантите и сите актери кои биле маргинализирани или гетоизирани. Размислувањето за мултикултурализмот денес прелиминарно е одредено: а) смислата што терминот го има со оглед на темелните политички правила; б) значењата кои произлегле од анализите за случувањата во централна и источна Европа; в)содржајните одредби со оглед на современата состојба на теориските расправи; г) глобализациските процеси. Според тоа, значењето на мултикултурализмот во 90-те длабоко се променил. Денес мултикултурализмот во светот промислува обнова на целокупната либерална традиција. Почетна точка на таквото размислување е дека либерализмот може да го ревидира односот на индивидуата кон културните заедници.[231] Поимот мултикултурализам, поврзан е поимот толеранција кон културните разлики, па со поимот кој се поврзува за либералната традиција и за, внатре но неа настанал концептот на граѓанската држава, отворена кон припадниците на различните етноси, религии и култури.

Чарлс Тејлор разговорите за мултикултурализмот ги вклопил во грандиозната теорија на настанокот на формата не европскиот субјективитет, посебно нагласувајќи експресивна теорија на субјективитетот.[232]

Во центарот не мултикултурализмот динамичен е односот помеѓу истото и различното, а не силно свртување кон различноста. Мултикултурализмот ја осветлува различноста на оној кој е еднаков, односно тој врши реафирмација на различноста во она што е еднакво со нас. Мултикултурализмот делува како потсетник на неиндеференцираност на националната држава во однос на културниот идентитет. Мултикултурализмот би можел да се означи како вкупни настојувања за

[231] Kymlicka, W., *Multicultural Chitizenchip*, Oxford, 1995; Raz, J., „Multiculturalism: A Liberal Perspective", *Dissent*, 1994, Winter, 67-77.
[232] Види Taylor, Ch., *The Sources of the Self*, Cambridge, Mass, 1989.

државната или политичката власт на планот на признавањето на идентитетот на етно-националните групи во сферата на јавноста, и различните активности на прилагодувањето на постоечките културни разлики во дадено општеството. При тоа, нормативната рамка на едно такво настојување мора да биде морално исправно. Културата не мора по себе да има значај на национално – постојат и неколку други критериуми за воспоставување и опстанок на некои посебни култури. Најчесто мултикултурализмот се концентрира на националните и етнички разлики, будејќи денес тие се доминантни. Мултикултурализмот мора да биде составен дел не само од личниот идентитет на поеденецот, туку и од политичкиот живот во заедницата. Модерната мултинационална држава може, а често тоа и го прави, да ја привилегира мнозинската нација[233], а на тој начин се продуцира и неправдата.

Како да се одржи единството во мултинационалнадржава? Освен заедничкиот концепт (решение кое го нуди Ролс), потребно е уште нешто што ќе биде предуслов на општествената еднаквост. Тоа е заедничкиот идентитет, кој во еднонационалните држави се вади од заедничката историја, јазикот, религијата, а што во мултинационалните држави причина за поделби. За да би се избегнало сето ова, националните идентитети треба да се прилагодуваат, а не да се уништуваат. *„Луѓе од различни национални групи ќе ја делат поврзаноста кон општеството ако тоа го сфатат како контекст внатре каде можат да го негуваат својот национален идентитет, а не да бидат подредени."*[234]

Духот на заедништвото кој го одредува политичката култура, може да се нарече и патриотизам.[235] Национализмот Хабермас го спротивставува со конституционалниот (уставен) патриотизам *(Verfassungspatriotismus)*, т.е патриотизам заснован на лојалноста на универзалистички политички принципи на слобода и демократија инкорпорирани во уставот на

---

[233] Привилегиите може да се одсликуват во повлекувањето на внатрешните граници, јазикот во училиштата, во судските и владините служби, изборот на државните празници, поделбата на законодавните надлежности помеѓу централните и локалните власти.
[234] Kymlicka, W., Opalski, M., *Može li se izvoziti liberalni pluralizam,* Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002, 221.
[235] Потребно е да се разликува партиотизмот, чувство на државна припадност, од *националниот идентитет,* чубство на припадност на некоја национална група.

Федеративна Република Германија. За разлика од национализмот, конституционалниот патиотизам го одвојува политичкиот идеал на нацијата од концептот на народот сфатен како предполитичко единство на јазикот и културата. Претпоставката на патиотизмот е лојалноста на граѓаните во уставна рамка со задржување на културните разлики. Тоа е темелното правило на мултикултурната државност, на пр. Швајцарија и САД. ЕУ истотака не може да го заобиколи строгото земање во обзир, на оваа аксиома не едно мултикултурно општество. Иако изгледа парадоксално, доколку рзличноста е поголема во општеството, толку повеќе е изразена потребата од заедништво и кохезија за одржување на заедништвото и неговите различности.[236]

Во мултикултурните заедници со повеќе јазици, религијата и националните заедници, неопходно е одредени заедници со различни култури да можат да го задржат својот идентитет. За функционирање на политичката заедница потребно е сите луѓе да имаат исти политички и граѓански права. Одлучувачкото прашање за мултукултурното општество се состои во тоа дека, е како два пола на интеграции и држење автономија во еден плодоносен однос на напнатост. Мултикултурните општества можат да преживеат како политички заедници само ако успеат да ги раздвојат културните и политичките идентитети.

## 10.1. ЧЕТИРИ МОДЕЛИ НА МУЛТИКУЛТУРЕН ПРОСТОР

Не постои еден туку повеќе модели на мултикултурен простор и секој нуди поинаков поглед на проблемот на кохезија.[237] Американскиот теоретичар Рех моделите на мултикултурниот простор ги разгледува со обзир на динстинкција помеѓу јавната и приватната сфера.[238]

Класичниот либерален модел произлегува од класичната политика на либералната теорија опфаќа многу устави. Овој модел предвидува темелна разлика помеѓу јавните и приватните сфери на колективниот

[236] Види Paretk, B., *Rethinking Multiculturalism: Cultural Diversity and Political Theory*, Harvard University Press, Cambridge, 2000.
[237] Види Semprini, A., *Multikulturalizam*, Clio, 1999.
[238] Rex, J., „The concept of a multicultural society", 205-220, во *Etnicy Reader*, (ed) Guibernan, M.; Rex, N., J., Polity Press, Blackwell Publichers Ltd, UK.

живот. Со нив се утврдени граѓанските и политичките права и обврски на поединецот кој има статус на граѓанин. Граѓанинот во јавниот простор е еднаков со останатите граѓани, а јавниот простор е неутрален и хомоген, или со зборовите на Тејлор е речено слепиот е за различности. Разликите не се поништени, туку се ограничени во јавниот простор. Разликите на широко се толерираат и охрабруваат, но се сконцентрирани во приватната сфера.

Мултикултуралисти одрекуваат дека јавниот простор некофаш бил навистина отворен за сите и дека некогаш постоела вистинска еднаквост. За нив не е прифатливо и усовршувањето на тој модел затоа што тој создава динстинкција помеѓу политичките и граѓанските димензии на поединецот и нивните социокултуролошки, етнички и идентитетски димензии. За мултикултуралистите, традиционално политичкиот либерален модел е апсолутно неспособен и дека да на задоволувачки начин одговори на нивните барања за признание и прифаќање на различностите.

Мултикултурниот либерален модел, е модел на мултикултурното граѓанство. Овој модел предлага признавање на централната улога на етничките и културолошките димензии во изградбата на подинците како морално и граѓанско суштество. Односот меѓу приватната и јавната сфера е модифициран. Додека во класичниот модел е опфатен секој поединец, одвојувајќи го неговиот граѓански од приватен живот, тој се преместува на нивото на групата. За разлика од класичниот модел во кој не постои никакво посредништво меѓу приватната и јавната сфера, меѓу единката и граѓаните, мултикултуралниот модел не ја исклучува таа спротивставеност, туку воведува група како термин за посредување. Место да е поделен на две сфери, општествениот простор е разделен на една централна "монокултурна" зона, во која не различни нивоа делуваат две групи, и на многу периферни зони, во кои секоја група располага со своја автономија. Големото значење на либералниот модел се гледа кога се разгледува прашањето на општествената кохезија. Еден мултикултурен политички либерален модел може да осигура појака кохезија. Силите на централниот простор треба да се осигураат со вистинската неутралност и олеснат димензијата на кохезија. Напротив, колку е центарот непропуслив, толку повеќе се изложува на опасност од потенцијални конфликти.

"Максимистички" мултикултурен модел. Поддржувана од страна на групите кои бараат различни форми на одвојување или политичка автонимија, овој модел ги порекнува постоењата на една заедничка сфера, како и раздвојување на приватната и јавната сфера. По овој модел културолошки религиозни и идентитетски фактори многу повеќе ги одредуваат поединците и нивната припадност на некоја група. Индиферентен е кон проблематиката држава-народ, која е основана само ако се постави над границите на групите. Овој модел предлага "постнационален" мултикултурен простор, а не вградување на модалитет за управување со автентично културлтурен општествен простор. Тој модел, како и првиот, не нудат вистинско решение на повикот на различноста. Различноста е во него решена пред сегментацијата на колективниот простор на подпросторите кои нудат сано една збирка на различност а всушност се изградени на основите на силната интерна хомогеност, или поинаку речено се создаваат онолку монокултурни простори колку има и групи кои го барат својот посебен идентитет.

Модел на корпоративен мултикултурализам. "Координацијата" на различностите е главна грижа на овој модел. Етничките групи и општествените движења се разгледуваат како објективни факти, кои насанале низ општествените промени, на кои треба да се прилагодиме колку што е можно поуспешно. овде сме далеку од политичките модели затоа што референтниот хоризонт на корпоративниот мултикултурализам, економски, а рамката на неговиот развој е меѓународен. Со претходниот модел има сличности во преминот преку границите на системот држава-народ. Заедничкиот простор е од економски тип, а групите кои настануваат се разгледуваат како целни групи, во променливи и поединечни облици на општественото прифаќање (мода, потрошувачка, забава, масовна култура).

Многу мултикултуралисти го разоткриваат идеолошкиот карактер на моделот на корпоретовниот мултикултурализам. Тие приговараат на навните поборници дека режираат сценарио за наводно успешно управување со различностите, и дека тоа го прават на ист начин како што е реториката мелтинг пот, го правела со инеграцијата на малцинствата по вледечки монокултурни норми. Овој модел вешто го користи значењето на симболичките фактори во конструкција на идентитет и различност. Тој

предлага реторика на различност и соживот, внесени во социокултуролошки простор "одгоре", а не бараното "оддолу" од страна на самите малцинства. Овој модел нѐ доведува во прашање за општествената кохезија, затоа што се базира на монокултурното јадро. него го критикуваат колку традиционалните либерални теоретичари, толку и заговорниците на максималистикиот модел на мултикултурализам. Критиката на првите е насочена на преминот преку границите на моделот држава-народ, а другите го осудуваат превземањето на моќта на економските фактори, над социолошките. Тие овој модел го разгледуваат како конкретна, постполитичка, економска и транснационална верзија на традиционалниот мултикултурализам на либералниот модел кој нуди едно политичко и либерално уравување со различностите, полесно претставување, но поптполно апстрактно.

Четири предочени модели не ги исцрпуваат сите потенцијални конфигурации кои би можеле да бидат потпора на еден мултикултурен простор. Тие покажуваат тешкотии во согледувањето на мултикултурниот простор во кој различните групи би можеле да доживеат задоволување на своите барања за признавање и идентитет со сочувување на можноста за постоење на една колективна димензија, како и граѓанските и демократски институции. Ниту еден модел не нуди глобално решение за сите три услови. Класичниот либерален модел ја негира различноста во јавната сфера, а ја прифаќа само ако се искажува на индивидуален план, потенцирајќи ја во приватната дфера. "Чистиот" мултикултурен модел всушност го предлага, постоењето на различните монокултури и го смета за застарена корист на една поширока општествена рамка. Моделот на корпоративен мултикултуризам нуди признавање на различностите кои се спроведуваат "одгоре."

Најдобриот одговор на сите три услови нуди либералниот модел на мултикултурализмот. Невозможно е да се согледа еден мултикултурен простор ако се земат во предвид сите значајни улоги на индивидуална истанца (лични остварувања, во внатрешноста во бирието, субјективноста), социолошки фактори (вредности, стил на живот, приватна сфера) и барања за идентитетот (потреба за признавање, афирмација на посебноста).

Барањата, идентитетите и вредностите кои ги бараат групите не би требало да се разгледуваат како објективни општествени факти, историски засновани и усталени. Мултикултуралниот простор потребно е да се согледа и како "простор на значење".[239] Во еден мултикултурен контекст не постои еден, туку онолку општествени простори колку има и перцепции за различни групи кои го сочинуваат тој простор. Многу е важно да се посвети внимание на мултикултурните барања затоа што кога некое идентитетско барање или потреба за прианавање се исполнуваат внатре во групата, тие имаат длабоки корени во културолошка фрустрација или општествена маргинализација која претходела или поттикнала.

## 10.2. МУЛТИКУЛТУРНИ ДРЖАВИ

Мултикултурализмот го поствува проблемот за местото и правата на малцинствата во однос на мнозинството, тој го поставува прашањето на идентитет и негово признавање. Овие три прашања меѓусебно се потврдуваат, но не се надополнуваат едно со друго. Потребно е да се направи разлика меѓу политичката и културолошката интерпретација на мултикултурализмот. Во првиот случај се анализираат односите на барањата кои ги поставуваат малцинствата како бе се стекнале со посебна административни и/или политички права во националната држава. Во таквиот пристап мора јасно да се разликуваат националните малцинства и етничките групи.[240] националните малцинства – како што се Индијанците во САД или Каталонците во Шпанија произлезени се од процесот на освојување и победа или соединување. Либералната теорија на малцинските права за ваквите малцинства препорачуваат широка политичко-административна автономија. Спротивно на ова, етничките групи, произлезени од имиграција, сочинуваат повеќе или помалце хомогени заедници втемелени на етницитетот или религијата. На овие групи може да им се признаат само културниот и религиозниот идентитет, но не можат да им се одобрат посебни права.

[239] Semprini, A, *Multikulturalizam*, 121.
[240] Види Kymlicka W., *Multiculatural Citizenship*, Oxford University Press, 1995.

Втората интерпретација на мултикултурализмот, ѝдава предност на културолошката димензија. Вниманието е насочено на барање на барањето на групите кои не се етнички, политички и национално насочени. Тоа пред се се национални движења, структуирани околу системот на заедниката вредност , околу стилот на хомогениот живот, чувство на идентитет или колективна припадност, и непризнавањето на нивните групи како носители на заедничките вредности. Разни држави различно се однесуваат кон националните малцинства и нивните права, а тоа зависи од низа фактори:

- дали етничките малцинства на територијата на таа држава се бројни или не; по правило не може да се забележи дека државите кои имаат незначителен број на своите територии, на тие малцинства порасположено им се даваат разни права од оние кои малцинскиот дел е висок. Ова посебно важи ако таквата земја има бројно малцинство во другите земји (Унгарија)
- дали државата е значаен субјект во меѓународната заедница; меѓународната реалност дека малите држави се под притисок да применуваат одредени правила на однесување, кои големите држави не ги применуваат
- дали држават а е имиграциска или не; земјите во кои значаен број на припадници на малцинцтвата, е последица на доселенички работнички имигранти (Германија, Австрија, Словенија), ако и признавањето на посебните права на етничките малцинства не ретко тие права се резервираат само за автохтоното малцинство, додека припадниците на т.н "нови" малцинства обично не ги признаваат посебните права, туку само основните човекови права и слободи, и тоа само на оние припадници на таквите малцинства кои се домашни државјани;
- дали земјата е потписничка на некои посебни меѓународни договори; сплетот на историските прилики доведе до тоа, некои земји во поглед на својот однос кон малцинствата (или кон некои од нив), се обврзани со одредени меѓународни договори. Финска е потписничка на меѓунроден договор за Аландските острови и правото на шведското малцинство кое туке живее, а Австрија со државен

договор ги презеде сите обврски кон словенкото и хрварското малцинство.

- останат причини; неднаквата економска моќ на државата (неможност за финансирање на одредени мерки), културно-историски фактори кои влијаат на затвореноста или отвореноста на општеството

Од сите овие причини различни земји, различно го уредуваат ова прашање, така да некои држави на припадниците на малцинствата им осигуруваат само можност за учење на мајчин јазик, други бараат ,покрај ова право и право на школување во двојазични училишта, трето со тоа осигуруваат можност посетувања еднојазични малцински училишта.

Скоро во сите земји единствена пракса е да се усвојуваат различни решенија за различни малцинства кои живеат на нејзина територија. Не е реткост, одредени малцинства воопшто да не се признаваат (Македонците во Бугарија), односно да не им се даваат посебни права (алотоност на малцинствата во земјите кои признаваат само автотоност на малцинствата). Праксата е полна со примери дека државите без видна причина, но со влијание на политиката, бараат одредени права за некои малцинства, но не и на други кои се еднакво бројни, или побројни. Истото малцинство во истата земја може да има различен третман. Тоа е разбирливо кога се признаваат извесни посебни права само на припадниците на малцинствата кои компактно живеат на одредени подрачја (шведското население во Аландим), но не и други припадници на шведските малцинства. Причините за таквата неизедначена пракса кој припадниците на истото малцинство (кога се наоѓа во слични услови во поглед на бројноста, компактноста на дадени територии), најчесто се обврски превземени од меѓународни договори, на кои им е предвидено малцинствата во одредени подрачја (најчесто во непосредна близина на државната граница) имаат посебно привилегиран статус. Потпишувањето на билатералните договори зависи од цела низа на околности: дали државите имаат свои малцинства една кон друга, или само една; од бројноста на тоа малцинство; од економската моќ на односните држави, политичките прилики во кои е потпишан договорот.

Во почетокот на 20. век, само Швајцарија и Канада усвоиле територијална автономија и службено признавање и употреба на мајчиниот јазик на националните групи внатре во државата. По Првата Светска војна, Финска усвои автономија на Аландските острови, после Втората Светска војна признатa е автономија на Јужен Тирол и Порторико, 70-те години, призната е автономија на Каталонија и Баскија во Шпанија, 80-те на Валона во Белгија, а после тоа за Шкотска и Велс во Велика Британија. Од западните демократии кои имаат големи малцински групи, исклучок е Франција, иако води преговори со малцинската група на Корзика. Една земја која остро се спротивставува за признавање на малцинските права во своите граници е Грција.

Показатели на мултикултуралниот пристап кон малцинските групи се: територијална автономија; службен статус на употреба на мајчиниот јазик на регионално и национално ниво; гаранција за застапеност во централната власт или во уставните судови; јавно финансирање на универзитети/училишта/медии на малцинските јазици; уставна или парламентарна афирмација на повеќенационалностите; прифаќање на меѓународното претставување (региони имаат претставници во меѓународните тела. Според овие критериуми "јаки" држави се Белгија, Финска, Шпанија, Швајцарија; "умерени" се Италија, САД, а "слаби" се Франција и Грција.

## 10.2.1. ФРАНЦИЈА

Франција, по своето историско место, по својата колонијална историја, економскиот развој и традицијата на земјите со азил, одамна е земја на имиграциите. Правно гледајќи, републиканскиот модел обезбедува еден систем на интеграции инспириран по моделот на националниот јавен простор, кој тежнее кон "неутрализација" на јавната сфера. Граѓанинот се сфаќа кко политички субјект со статус на еднаквост, кој се потпира на општата желба на државара низ законите и административните норми. Доселеникот, без разлика на својата различност, автоматски е вклучен во нацијата да ги прифати правилата на јавниот граѓански простор. Овој

концепт одговара на првиот модел на мултикултурниот простор, модрлот на интеграција. Различностите не подлежат или не се загушени, но се отфрлени во приватната сфера на индивидуалниот живот. Тие на можат да бидат прифатени во граѓанскиот простор затоа што тој мора да биде "неутрален" и во него единката прима, а не добива свој идентитет на граѓанин. Културолошките фактори, индивидуалистичките инстанци, барања за признавање, ако не се политички, исклучени се од хомогената територија на граѓанството.

Традиционалниот модел на интеграција влегува во криза затоашто не успева да обезбеди еднаквост на сите внатре во јавниот простор, еднаквост на која е заснована својата легитимност и во чие име, од граѓаните се бара одрекување од своите посебности или да ги задржат во границите на нивната приватна сфера. *"Промашувањата на процесот на интеграција придонесоа "производство" на малцинства кои денес бараат признавање или испослување на стремежот кон "повлекување внатре во своите заедници".*[241]

Исклучителна, политичката дефиниција за поимот граѓанство не успева да обезбеди управување и контреола над јавниот простор. Формалната еднаквост на граѓаните, административна и законска, е Променета т.е дискредитирана со реална дискриминација – економски и културно. Поврзувањето на државниот систем со прашањата на националното единство доведуваат до тоа дека барањата за модифицирање на балансите јавно-приватно, се гледа низ призмата на закана за нацијата. И на крај, центрлизираната култура нема слух за барањата на припадниците на поинаквите култури. Амриканскиот пример покажува дека мултикултурните конфликти настануваат со натрупувањето на изјаловените барања за признавање или нерешените кофликти.

[241] Semprini, *Multikultikulturalizam,* 125.

### 10.2.2. ШВАЈЦАРИЈА

Швајцарија е мултикултурна, мултунационална, мултијазична и мултикофесионална зададноевропска земја. За Швајцарија се вели како за земјите на германската и латинската традиција, од германското, француското, италијанското и романското неселение, католичката , протестанската, и жидовската религија.

Единствено Швајцарија почива на различностите на четири јазици, две големи и повеќе мали религии, 26 кантони и полукантони. Посебна карактеристика за Швајцарија е фактот дека принципите за толеранција, взаемното почитување и довербата, се остваруваат на многу целосен начин, и претставуваат составен дел од секојдневниот живот на луѓето, го идентификуваат нејзиниот поилитички систем и социјалното мнение. Всушност таа земја го оспорува мислењето дека земја со разновидна структура на население, национално и верско потекло, не може да просперира во рамките на федерално уредување.

Основниот почеток на политичкото уредување на Швајцарија за изградбата на политичкиот систем е човекот – граѓанинот, а не неговото етничко или верско потекло. На тој темел е изграден политичкиот систем од општините, кантоните до федерацијата. На Швајцарија службеното име ѝ е конфедерација. Таа некогаш тоа и била, но со тек на време своето државно уредување го транформирала во федерација, задржувајќи го првобитниот назив. Швајцарската политичка целина е единствена, обезбедена со одлучноста на различните заедници во намерата да формираат заедничка држава, како што е Швајцарија, заснована на автономноста на граѓаните и составните делови. За тој успешен концепт допринесоа федерализмот, трослојниот систем на власт (локален, кантонален, федерален) и многу широк обем на демократските права на граѓаните, и системот на пропорционалната застапеност. Изборниот систем е заснован на пропорционален а не на мнозински принцип, многу е подобро решение за мултинационална држава.

Швајцарија многу се разликува од останатите мултикултурни држави. Концептот на државност, заснован на индивидуална автономија на

нејзиниот уставотворен народ, независен од територијалните претензији, е непознат за швајцарската нација. Швајцарија има територијално одрдување на јазична и религиска демаркација на линијата, прифатена стотина години. Не постои, "родена швајцарска нација"[242] традиционалниот поим за нација е непознат за швајцарската политичка култура. Швајцарија има развиено посебен политичи поим за нацијата – политичка нација – која припаѓа на сите оние кои ги прифаќаат основните швајцарски политички вредности. Населението кое зборува германски, француски или италијански не припаѓа на некоја нација, туку на една јазична заедница. Во културен поглед, различните јазични заедници се огледуваат на соседните земји – но не и во политички прашања. Различните политички заедници се поделени на политички автономни кантони и општински територијални ентитети. Во цела Швајцарија политичките права зависат од местото на живеење.

Швајцарскиот модел не е можен шематски да се пренесува на други земји, и премногу се посебни условите под кои би можела Швајцарија да се обликува од мултикултуран во национална држава. Сепак, на Швајцарскиот пример можат да се формулираат правила за однесувањето ан мултикултурното општество. Најважно е да се нагласи дека политички функционална или деловно просперитетна државност во никој случај не мора да се гради на културална или јазична хомогеност.

---

[242] Kopp, E., „*Die Schweiz: Ein Modell für andere Staaten?*", во (ur), Macura M., Stanovčić V., „Položaj manjina u SRJ", *Zbornik radova sa naučnog skupa održanog 1995*, 291 SANU, Beograd, 1996.

# 11. МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ НА АМЕРИКА И КАНАДА

Прашањето на мултикултурализмот повеќе или помалку се однесува на сите земји кои ги карактеризираат демократските институции, постиндустриска економија, како и стрмежот кон мондијализацијата и хетерогеноста на популацијата. Поимот мултикултурализам, опфаќа различни облици на културниот плурализам, но најчесто се мисли на оној вид на мултикултурализам кој израснува од националните етнички разлики. Државата нека е мултикултурална ако нејзините припадници или припаѓаат на различни нации (мултикултурална држава) или се емигранти од различни нации (полиетничка држава) и доколку тој факт е важен аспект за личниот идентитет и политички живот. Некое општество е мултикултурно доколку содржи етнички или малцински групи, без оглед на начинот на кој државата реагира на навната различност.

Многу западни демократии се мултинационални, Канада, САД, Финска, Нов Зеланд, Белгија, Швајцарија. Хабермас за САД говори како за мултикултурна заедница која е обединета по пат на иста политичка култура.[243] Некои мултинационални држави прилично ја инкорпорирале домородната популација (Финска, Нов Зеланд) или се основани помалку или повеќе доброволна федерација на две или повеќе европски култури (Белгија, Швајцарија). Дури и во западна Европа, малцинствата бараат право на признавање, односно автономија: Каталонците и Баскијците во Шпанија, каталонците во Северна Ирска, Корзиканците во Франција.
Дефиницијата за мултикултурната политика се фокусира на мерките кои ја преминуваат примената на традиционалните политички и политички и цивилни права на граѓаните и индивидуалните членови на етничките групи кои би се обезбедила дополнителна форма на јавно признание на етничките групи.[244] Земјите од западната демократија можат да се поделат

[243] Види Benting, C., Kymlicka, W., „Multikulturalizam i država blagostanja", *Habitus* , *16*, Novi Sad, 2003-2004.
[244] Habermas, J., „Citizenship and National Identitty: Some Reflections on the Future of Europe", *Praxis International*, 12/1, 1-19

на три групи, "јаки", "умерени", и "слаби", со оглед на законското регулирање на ваквите политики.

Не е лесно да се одговори што за јавната политика значењето на обезбедување форма на јавно признание, затоа што различните групи имаат различни барања за признавање. Западните земји имаат барања од најчесто две групи, имигранти и национални малцинства.

## 11.1. ИМИГРАНТИ

Традиционално емигрантските земји (Австралија, Канада, Нов Зеланд, САД), ја поттикнувале асимилацијата на емигрантите во постоечкото општество, надевајќи се дека со тек на време разликите ќе исчезнат. Кон крајот на 60-те години од 20. век се случија две промени. Имигрантите главно доаѓаа од не-европските земји, често нехристијански; усвоен е мултикултурен концепт на интеграција, со прифаќање на фактот дека многу емигранти ќе го изразуваат својот идентитет, а дека јавнити институции ќе преземат обврски за прифаќање на овие идентитети. Канада и Австралија, промента јавно ја објавија кога владата донесе мерки кои ја опфаќаат мултикултурната политика. САД нема усвоено мултикултурна платформа на федерално ниво, но пониските инстанци имаат широк дијапазон на мултикултурни стратегии. Слична политика се спроведува во Валика Британија. Иако не постои мултикултурална стратегија на национално ниво, слични идеи се спроведуваат уважувајќи ги етничките специфичности. Меѓу земјите кои легално ги прифаќаат имигрантите за идни граѓани, исклучок е Франција, која го задржува интеграцискиот модел на републиканското граѓанство.

Поголемиот број од земјите во Северна Европа, емигрантите не ги прифаќаат легално. Иако голем е бројот на тие луѓе, тие не се примени во земјата како дел од имигрантската политика. Иако стратегиите на одделни земни (Шведска, Холандија) покажуваат некои аспекти на мултикултурен пристап, генерално овој тренд е понагласен во традиционално имигрантските земји.

Специфичноста на овој пристап[245] е: уставна или парламентарна афирмација на мултикултурализмот на централно и/или регионално или оипштинско ниво; постоење на владини министерства или советодавни тела за консултации со малцински заедници; усвојување ан мултикултурализмот во образованието; право на двојно државјанство; финансирање на етничките организации или активности; финансирање на билингвистичко образование и образование на мајчин јазик; афирмација на акциите за сиромашните емигрантски групи. Земјите кои ги усвоиле повеќето или сите овие стратегии во 80-те и 90-те години од 20. век, спаѓаат во "јаки" (Австрија, Франција, Германија, Грција, Шпанија, Швајцарија) а помеѓу нив се "умерените (Велика Британија, Холандија, Португалија, Шведска, САД).

## 11.2. ГОЛЕМИ МАЛЦИНСКИ ГРУПИ

Вториот тренд ги опфаќа малцинствата како Квебекчаните во Канада, Шкотите и Велшаните во Британија, Каталонците и баскијците во Шпанија, Фламанците во Белгија, малцинствата со германско говорно подрачје во Јужен Тирол во Италија, Порторико под управа на САД. Карактеристика на овие групи е дека се религиозно концентрирани, кои себе си се гледаат како нација во рамките на големите држави, а се мобилизираат заради признавање на својата националност, било во форма на независна држава или низ територијална автономија. Западните земји, во минатото ги негирале овие форми на етнички национализам, ограничувајќи ги јазичните права на малцинствата, укинувањето на на традиционалните облици на регионалните самоуправи и поттикнување на населението кое припаѓа на мнозинската група да населува територија која традиционално ја населувале малцинските групи. Меѓутоа, денес, сите споменати земји го прифаќаат ставот дека овие внатредржавни национализми ќе постојат и во иднина и дека мора на некој начин да бидат прифатливи. Ова прифаќање поприма форма на "повеќенационална федерација", т.е воспоставување на федерални или квази федерални

[245] Види Benting, C, Kymlicka W., „Multikulturalizam i država blagostanja", *Habitus,18,* Novi Sad, 2003-2004.

поединци во кои малцинските грруппи прават мнозинството на локално ниво т.е има одредени облици на самоуправа. Доколку групата употребува различен јазик тој е обично признат како службен, барем во рамките на федералната заедница, а понекогаш и на територија на целата земја. Во почетокот на 20. век само Швајцарија и Канада усвоиле територијална автономија и официјално ја признале употребата на мајчиниот јазик на националната група внатре во државата.

Мултикултурализмот во САД има посебни историски корени. Пет основни елементи образуваат своевиден коктел, својствен на населувањето на таа земја и дозволуваат за да се заокружат нејзините посебности. Тие и денес го карактеризираат американското општество, но предизвикуваат и контроверзности. Тоа се: присутноста на автохтоните народи на американска територија; масовен увоз на робови од западна Африка; постоење на ралични религиски групи меѓу првите доселеници; англосаксонско потекло на економската и политичката елита; улогата на имиграцијата во населувањето на земјата.

Од почетокот на колонизацијата[246] (17.век) до почетокот на 20. век спроведена е политика на присилна асимилација и културно уништување; преселување на народите, мешање на различни племиња, забрана за почитување на традиционалните култови и подучување на племенските јазици. Веќе во 60-те години од 20. век, во политичката јавност и јавното мислење се појавила свеста за неопходно признавање на службениот статус и посебните права на Индијанските народи *(Indian Nations).*

Историјатот на црнечкотп прашање[247] кој е обележан со повеќекратно уништување (културно, етничко, семејно), е коренот на проблемот со идентитетот кој го има црнечкото малцинство. Лишени од било каков облик на традиционална или сродна вкоренетост, робовите и нивните потомци можат само во одделување и изолација од белата доминантна култура да ги пронајдат фрагментите на еден нов идентитет кој одново треба да се изгради и целосно да се осмисли. Современото црнечко малцинство не е сосема хомогено и интегрирано. Темелот на анти-

[246] Во моментот на колонизација на автохтоните Американци (*Native Americans*) имало помеѓу 3 и 4 милиони жители. Во 18 век во САД имало 4 милоини жители од кои 700 000 робови. Во текот на Сецесионистичката војна, имало 3 500 000 робови, те. 11 % од целокупната популација

[247] Во 18. столеќе во САД е било 4 милиона жители од кого 700 000 робови.

црнечкиот расизам никогаш не бил од економски или класен карактер, туку исклучиво од културолошки, втемелен во спречувањето на користење на две темелни права кои би им овозможиле да се ослободат од општествено-економските маргиналности и политичката подчинетост: образованието и правото на глас.

Религијата игра голема илога во животот на Американците, а е поврзана со самите историски услови на населувањето на оваа земја. Низ 18. и 19. век, голем број на луѓе кои подлегнале на религијата и политичките прогонувања ја напуштале Европа и втемелувале повеќе или помалце изолирани заеници. Поголемиот број на групи исповедале некоја од варијантите на христијанските религии, произлезени од заедничкиот протестански темел. Најчесто доаѓале од северна Европа и од англосаксонски и германски јазични подрачја.

Англосаксонската матрица длабоко е всадена во сите институции и вредности од постанокот на државата, а подоцна и го условила развојот на американската цивилизација. Наспроти имиграциските таласи *(melting pot)* во постоењето на црнечкото малцинство и автохтоните народи, Америка остана бела, англосаксонска и протестанска. Изградени на темелите на англосаксонското наследство, американските институции требало да го претставуваат либералниот концепт на општество и економија и прагматична визија за делувањето на власта и за односот на државата и граѓаните. Соодветно на законите на либералната традиција, два главни принципи се темел на политичката пракса: предноста доделена на поединецот и значењето на индивидуалната слобода. Либералната традиција го почуствува моделот на општество кое би требало да придобие поединци да ги следат нејзините цели и оневозможи задржување на некоја посебна цел. Иако либералната мисла го фали таквиот модел на општество, тоа не значи дека го применувала во историјата. Тој расчекор меѓу напишаното во Уставот и неговата примена, прави една темелна причина за мултикултурни разбирања. Утврдувајќи многу нееднаквости многу нееднаквости, поборниците за мултикутурализмот сметаат дека америакнското општество има за цел одржување на еден систем на контролирана моќ која има бела, англосаксонска и протестанска елита.

Централна улога во американското општество се имигрантските групи од многубројните јазични и културни групи ширум светот. Населувањето на САД траело еден век со исклучок на црнците, сите останати останати дошле во два главни имигрантски бранови: бран на доселеници со англосаксонско и шкотско потекло и бран на доселеници од германската култура со потекло од Холандија, Германија и Шведска. Кон средината на 20. век имигрантите од Европа доаѓаат во помал број, а превласт добиваат азијатските и латиноамериканските имигранти. Дури сега американското општество се запознава со вистинската разноличност на етничкате групи. Една од посебностите на американскиот мултикутурализам е тоа што своите групи тежнеат за "политички идентитет" создавање на основа на која се мешаат политикичките, етничкии кутурни истанци. Сепак, барањата за иентитет често се упатени за да би се реализирала подобра интеграција во мационалната заедница, а не за да се оддалечи од таа заедница.

Наспроти реториката на плурализмот и меделот на *melting pot,* длабокото вкоренување во американскиот идентитет, различноста – општествена, расна, етничка, Порториканците и автохтоните Хавајци не добија поддршка. Овие групи се усвоен и колонизиран народ по пат на национални малцинства во Европа. Либералите во САД не ги признаваат правата на анационалните малцинства. Некои либерали просто го игнорираат постоењето на таквите групи, или ако го признаваат нивното постоење инсистираат политиката *„benign neglect"* да одговара и за нив и за имигрантите.[248] Членовите на малцинствата реагираат со повлекување или со мултикултурни побуни, т.е цврсто се држат за групите на кои им припаѓаат. Постоечките малцинства се научиле да ги прифаќаат можностите кои им ги нудат либералните институции или демократскиот политички систем. Единствено тука тие можат да бараат примена на еднаквоста од Уставот и законите во вистинскиот општествен живот (образование, работа, подвижност).

[248] Види Glazer, N, *Ethnic Dilemas: 1964-1982*, Harvard University Press, 1983.; Walzer, M., *Sphere of Justice: A defence of Pluralism and Equality,* Oxford, 1983.

## 11.3. МАЛЦИНСТВАТА ВО САД И КАНАДА

Додека европото права започна со заштита на малцинствата по Првата Светска војна и развиваше систем на меународни и внатрешни норми, американското право ова прашање до неодамна го игнорираше. процесот во САД течеше комплетно обратно. Мултиетничка земја е претворана во еднонационална држава за посебна заштита на малцинските групи не можело да има место. Позната е карактеристиката на американската нација да нема потекло во етничките групи кои се наоѓаат на наејзината територија, но се развивала во процесот на асимилација на дојденците, припадници на различни националности, по потекло најчесто од Европа, обликувајќи на тој начин *"нација на народности"*.[249] Нема земја која што би била поголем производ на измешаност од САД, но постои американски начин на живот кон кој тежнеат цело население од било која етничка припадност.[250] Оваа нова култура која се уште е во процесот на оформување, ги опфаќа културните елемнти кои имаат потекло од сите етнички групи кои ја сочинувбаат американската нација. *National building* е процес во Америка кој опфаќа правење нации со посредништво *„melting-pot"* процеси кои мултиетничноста ја претворта во американска нација,[251] политичката нација на културните националности. Уставот на САД не познава права на малцинствата како посебна категорија, и покрај тоа што постојат бројни национални малцинства американски Индијанци, потомци на Мексиканците, автохтони Хавајци, Хаморои од Гуама и многу други жители на пацифичките острови. Овие групи се присилно, со освојување или колонизација споени кон САД. Федералниот закон гарантира право на зачувување на својот јазик и култура на припадниците на етничките групи создадени на американска територија.[252] Овие групи се релативно мали и територијално изолирани. Како резултат на тоа, овие групи се маргинализирани а американските политичари и теоретичари често го

[249] Види Walzer, M., *Amerikanizam, što je to?*, CID, Podgorica, 2001.

[250] Levi Stros, K., Eribon, D., *Izbliza i izdaleka*, Sarajevo, 1989, 169.

[251] Vert, L., *Problem manjinskih grupa*, Teorije o društvu, Vuk Karadžić, Beograd, 1969, 302.

[252] 1990 година американскиот Конгрес усвојува Закон за американските староседелски јазици *(Native American Languages Acts)* со кои на американските Индијанци и другите староседелски народи им се гарантира правото на сочувување на својот јазик и култура.

негираат самото постоење на националните малцинства и нивното право на самоупревување.

Во Канада постоењето на националните малцинства е многу очигледно. Историскиот развој на Канада вклучува федерација на три различни национални групи (Англичани, Французи и Абориџини)[253] Првобитното вградување на квебечкуте и абориџинските заедници било присилно. Индијанската територија ја населиле Французи, која потоа ја освоиле Англичаните. Иако постоела можност за одделување на овие групи, како и во САД, тие не тежнееле кон напуштање на федерацијата, туку кон автономија.

Австралија, Канада и САД се наоѓаат на првите три места на светската листа за имиграции. До 60-те години од 20. век имигрантите биле присилуваи да ги напуштат своите земјишта и биле принудени на асимилација. Оваа појава е позната како "англоконформистички модел" на емиграција. Асимилацијата е сметана како темел на политиката како темел на политичката самостојност. Асимилациската политика е скриена на популарно, но лажно спротиовставување на "лонецот за топење" *(melting-pot)* и канадскиот "етнички мозаик" *(ethnic mosaic)*. Иако "етничкиот мозазаик" го уважува интегритетот на емиганската култура во пракса тоа значело дека доеселениците можело да одберат дали ќе бидат асимилирани од една или друга доминантна култура. Сепак, моделот на асимилација е отфрлен и е прифатен модел на толеранција и културен реализам. Два најчести извори на ккултурен пплурализам се емиграција и инкорпорирање на националните малцинства. Прифатено е дека емигрантите треба да имаат слобода на задржување на обичаите верата културата. Културата на разноликост на емигрантите се разликува од културата на разноликост на националните малцинства. Емигрантските групи не се "нации" и не населуваат сопствена територија. Посебност во презентирањето во нивната

[253] Абориѓанските народи не се единствена нација. Тој термин обфаќа 3 категории; Индијанци, Инути и Метиси. Исто така погрешно е да се опишуваат Канаѓаните со француско потекло како една нација. Франкофонското мнозинство на покраината на Квебек се гледа себе како нација, Квебќани. Но постои и франкофонско население надвор од Квебек, а француската нација во Канада не се идентификувала себе како покраина на Квебек.

култура е насочена е само во приватната сфера. Отфрлајќи ја асимилацијата тие не бараат воспоставување во паралелно општество, како што по правило бараат националните малцинства.

САД има голем број на етнички групи, кои претставуваат подкултура во внатрешноста на широкото англофонско општество. Слично на тоа во Канада постојат етнички подкултури во рамките на англофонското и и франкофонското општество.

Една земја можи да биди истовремено мултинационална (како резултата на колонизација, освојување или кофедерација на федералните заедници) и полиетничка (како резултат на индивидуалните и семејните емиграции). САД и Канада истовремено се мултинационални и полиетнички. Сепак само неколку земји подготвено го прифатија тој факт. САД го прифаќа фактот дека е полиетничка земја, но има потешкотии во признавањето на мултинационалностите и на националните малцинства и дека националните малцинства имаат посебни варања за културните права и самоуправувањето. Од друга страна, Белгија и Швајцарија ја признаваат мултинационалноста, но имаат потешкотии во признавањето на фактот дека се се повеќе полиетнички, и како последица на тоа, нивните традиционални концепции на граќабнството не можат да се прилагодат на емигрантите. Канада, со својата политика на “мултикултурализам во рамките на двојазичноста” и признацањето на абориџинските права на самоуправување, е една од неколкуте држави која службено ја призна и потврди поли-етничноста и мултинационалноста. Фундаменталниот контраст Европа и Америка ќе остане контраст меќу терироријално втемелените и безтемелната (мултикултурната) разлика. Големата културна различност меѓу САД и Канада резултира со многу побројни емиграции одколку во Европа, но националните малцинства се присутни и во САД и во Канада, како што емиграции се јавуваат и во Европа.

# 12. МАЛЦИНСТВАТА ВО ЕУ

## 12.1. МАЛЦИНСТВАТА ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЗАПАДНАТА ДЕМОКРАТИЈА

Во земјите на западните демократии во поглед на етнокултурните разлики во последните 50-тина години дошло до значајни промени.

Првата промена се однесува на односот кон малцинскиот национмализам како што се Квебечаните во канада, Шкотите и Велшаните воо Британија, Каталонците и Баскијците во Шпанија, Фланаците во Белгија, германската национално малцинство во Јужен Тирол во Италија, Пуерто Рико во САД. Во сите овие случаи се наоѓаат регионално концентрирани групи кои во минатото на либералната демократија, се обидувале да го истиснат малцинскиот национализам. Во текот на 18. и 19. век, Франција ја бранеше употребата на баскискиот и бретонскиот јазик во училиштата, Британците во Канада на Квечаните им ги укинаа правата на употреба на францускиот јазик, но и ги преправаа административните граници така да Квебечаните ниту во една провинција не претставуваа мнозинство.

Канада на Абоцициниите им забрани промовирање на националните барања. Сите овие мерки имаа за цел слабеење на националните малцинства, но и бришење на чувството на издвоениот национален идентитет. Се тврдеше дека малцинствата, посебно староседелските народи, се нецивилизирани и заостанати, и дека е во нивен сопствен интерес да бидат инкорпорирани во поцивилизирана и поонапредна нација. Според Кимлицка, националните малционства биле прва мета на камоањата која во градењето на нациите воделе мнозинските народи.[254]

Во текот на 20. век, тој став е драматично сменет. Со тек на време сфатија дека е најдобар начин за осигурување на лојалноста на националните малцинства, прифаќање на чувството на различност. Искуството покажа дека секоја национална заедница која што опстанала

[254] Kymlicka, W., *Zapadna politička teorija i etnički odnosi u Istočnoj Evropi*, во Kymlicka, W., Opalski, M., Može li se izvoziti liberalni pluralizam, Beograd, 2002, 38.

до 20. век, со зачувување на националниот идентитет, не може да се принуди на одкажување од желбата за национално признавање и национална автономија. Во почетокот на 20. век само Швајцарија и Канада усвоија комбиниран систем на територијална автономија и употреба на јазикот на нациоанлните малцинства како службен. По Првата Светска војна усвоена е автономија на Аландските острови во Финска, после Втората Светска војна автономија на Јужниот Тирол и Порто Рико, како и федерална автономија за Каталонија и Баскија во Шпанија, 70-те години на 20. век, Фландрија 80-те и 90-те Шкотска и Велс. Од сите земји со бројни анационални малцинства единствено Франција одби давање автономија на најголемото национално малцинство на Корзика.

Вториот тренд се однесува на третманот на староседелското население, како што се Индијанците и Инуитите во Канада, Самите во Скандинавија, Инуитите во Гренланд, како и Индијанските племиња во САД. Во текот на минатото староседелските племиња биле изложени на различни притисоци, како што се асимилација, протерување од нивните земји, забрана на користење на јазикот и религијата, како и ослабување на нивните институции на самоуправа. Тој став значително е променет во 70-те гоидини на 20. век, со сфаќањето дека староседелското население во иднина постои како одвоено општество и дека мораат да им се признаат земјишните права, културните права и правата на самоуправување, з ада се одржат како одделни општества. Тие права се назначени и во меѓународните документи на ОН и Организацијата на Американските држави, за разлика од тоа дека не постои меѓународен документ кој би потврдил било каков принцип на територијална автономија или статус на службен јазик на националните малцинства.[255]

Поедноставно кажано, меѓународното право се обидува да озаакони "најдобра пракса во случајот на староседелското население, во случај на националните малцинства се озаконуваат "минимални стандарди". Иако националните малцинства немаат права по меѓународното право на мултинационалниот федерализам, многумина на запад сметаа дека е тоа

[255] Идејата се појавила во Препораката 1201 на парламентарното собрание на Советот на Европа 1993, но брзо е отфрлена поради одлучното спротивставување на Франција и Грчка.

"најдобар" одговор на малцинскиот национализам.[256] Кимлицка смета дека три главни фактори кои ја условуваат појавата на различни форми на мултикултурализмот и малцинските права на запад. Демографскиот фактор. Процентот на емигрантската популација во поголем број западни земји постојано расте. Малцинските групи на запад истотака растат во апсолутен број иако остануваат процентуално во ист број или магринално опаѓаат.

Свест за правата. Која се установила после 1948 година кога меѓународниот систем ја вети идеата за еднаквост на индивидуите и на колективите.

Како трет клучен фактор ја смета демократијата, која има можност за повеќекратни вклучувања во процесот на донесувањ одлуки. Дури и ако се нивоа блокирани, барањата можат да се распоредат низ судовите дури и со меѓународен притисок. Во областите каде се појавуваат тие три услови – бројноста на малцинствата, зголемена свест за правата и слободниот пристап за политичко делување, расте трендот кон подобро прилагодување на етничката разноликост. Според Кимлицка тоа се лекции и големо искуство на западната демократија.

Се поставува прашањето дали постоечките западни модели на имигрантскиот мултиклултурализам, со самоуправата на староседелците и мултинационалниот федерализам се нешто што треба да се слави или може да се применува на други области? Притоа, најрелеванти и најконтраверзни елемент е мултинационалниот федерализам. Какви се искуствата на мултинационалниот федерализам на запад? Федерализмот од неодамна е воспоставен во Шпанија и Белгија, а во Велика Британија е од пред неколку години. Тој во некои делови постигна резултати, а во некои не успеа. Успеа и растечките национални конфликти да ги реши на мирен и демокртски нацин, а успеа и да обезбеди високо ниво на економски просперитет и индивидуална слобода на своите граѓани, така да ја подкрепи еднаквоста на мнозинските и малцинските групи. Сепак, не може да се каже дека е искуство на релација меѓу групама, модел на конструктивната интеркултурална размена. Во најдобар случај, повеќето граѓани од

[256] Kymlicka, W., „Multiculturalizam and Minority Right: West and East", *Journal of Ethnopolitics and Minority Issues in Europe*, Issue 4/2002, 11.

доминантната група ги игнорираат или се индиферентни кон внатрешниот живот на малцинските групи. Припадниците на доминантните групи не го прифатија во целост принципот на мултинационалните држави па ги сметаат за членови на малцинските групи како неблагодарни за промените кои им овозможија претерани ожекувања и никогаш задоволни. Резултат на тоа се високо позиционирани релации меѓу групите. Резултатот е понекогаш опишан како феномен на "паралелни општестна" на пр. Фламанците во Белгија или Германија, француските и италијанските групи во Шпвајцарија. Швајцарија е оипишана како подрачје како три групи *"сӣојаӣ со ӣрбоӣ сврӣени едни кон друӣи"*.[257] И покрај тоа што повеќето членови на тие групи го прифатија принципот на мултијазични држави. Втор поважен неуспех на мултинационалниот федерализам се гледа во фактот дека не успеа да го отргне сецесионизмот од политичката агенда. Напротив, сецесионистичките идеи се дел на секојдневниот живот во многубројните запани федерации, а сецесионистичките странки добиваат значајна поддршка на изборите, на пр. 40% во Квебек, 30% во Шкотска, 15% во Белгија, 10% во Каталонија, што значи дека сецесионистите се присутни во парламентот и органите на државната власт. Во тие услови, мултинационалниот федерализам може да се опише како успешен, но и најдобар а можеби и единствен начин на спортивставување на малцинскиот национализам.

## 12.2. МАЛЦИНСТВАТА ВО ИСТОЧНА И ЦЕНТРАЛНА ЕВРОПА

Праксата и дискурсот на малцинските права е многу различен во државите на централна и источна Европа. Скоро сите замји на централна и источна Европа се спротивставуваат на идеата за федерализам или други форми на територијална автономија за националните малцинства. Во некои случаи малцинските автономии се дури и укинати: Србија ја укина автономијата на Косово и Војводина, Грузија ја укина автономијата на

[257] Steiner, J, „Switzerland and the European Union: A Puzzle, во Keating M. and McGarry (ur) *Minority Nationalism and the Changing International Order*, Oxford University Press, 2001.

Абхазија и Осетија, Азербеџан автономијата на Нагоро-Карабах. Отповикување на автономијата беше една од првите работи на што се одлучија овие држави после новооткриената слобода и падот на комунизмот. Во други случаи барањата за воспоставување на автономија се одбиени, на пр. Романија го одби повторното воспоставување на автономија на Трансилванија која е укината ви 1968 година. Постојат и форми кога се одбувани барањата за нови форми на автономија, на пр. Естонија го одби референдумот кој требаше да одлучи за подрачјета Нарва; Казахстан го одби барањето кој ја опфаќаше автономијата на етничките Полјаци; Македонија го одби референдумот за автономија на западна Македонија каде живеат мнозинство Албанци. И уште една форма на автономија е присутен, менувањето на граници со што би се оневозможило воспоставување на автономија во иднина, на пр. Словачка ги промени своите општински граници за етничките Унгарци да не можат да имаат мнозинство во ниту едно административно подрачје. Земјите од источна и централна Европа прифатиле територијална автономија само во случаи кога националните малцинства оствариле власт надвор од законската рамка, и установиле де факто автономија без согласност на централната власт; такви ситуации биле во Трансдњестр во Молдавија, Абхазија во Грузија, Кримеа во Украина и Нагорно – Карабах во Арменија.

Слична е ситуацијата и во користењето на службениот јазик на малцинствата. Наспроти лингвистичките разлики во многу земји на централна и источна Европа, Белорусија е единствена земја која ја усвоила политиката на службената двојазичност. Тарас смета дека е парадоксално што некогашните еднојазични земји од запад насочени кон јазичната разноличност, додека некогашните мултијазични земји на Советскиот Сојуз одат кон еднојазичност.[258]

Одговорите на прашањето зошто земјите од Источна и Средна Европа се спротивставуаат на билингвалноста , некои автори ја гледаат во појавата дека малцинствата се во подрачјата на *"внатрешно малцинство"* (малцинствата живеат во подрачјата кои не припаѓаат на малцинската

[258] Taras, R., „Nations nad Language-Building: Old Theories, Contemporary Cases", *Nationalism and Ethnic Politcs*, 4/3: 1998,79-101.

група) но во исто време се и *"малцинска дијаспора"*, (припадници се на националните малцинства и како да живеат надвор од тие подрачја). Второто објаснување за одбивањето на билингвализмот и федерализмот го гледаат во големата количина на сретства кои богатите земји можат да ги обезбедат, а сиромашните не можат. Кимлицка не го прифаќа таквото објаснување. Според него либералните-демократски земји од источна и централна Европа сметаат дека таквата автономија би можела да го загрози владеењето на правото и да спроведува либерално демократски норми, а оптимисти се кон фактите дека малцинствата би можеле на исчезнат. Кимлицка нагласува уште еден мошне важен фактор, а тоа е прашањето за националната безбедност. Доминантната група себе си се гледа како жртва на своите малцинства кои соработуваат со странскиот непријател. Тоа се гледа од примерот на Полска кон германското малцинство, во Словачка кон унгарското малцинство, на Балтикот кон руското малцинство, во Бугарија кој турското малцинство. Во сите овие случаи, малцинствата се гледани како помагачи на колаборационистите кои низ историјата ја угнетувале мнозинската група. Унгарците во Романија и Словачка, ги има релативно малку (10-15%), но Словаците и Романците ги гледаат како потомците на бившиот Унгарски угнетувач. Русите, кои се населиле во Естонија и Латвија после Втората Светска војна, државата не ги гледа како слаба малцинска група, туку како сретство на бившиот советски угнетувач. Муслиманските Албанци во Србија и македонија или Муслимани Турци во Бугарија се разгледуваат како потсетници и потомци на соработниците на угнетувачите за време на Отоманското Царство.[259]

Историјата на империјализмот, колаборационализмот и промената на границите го условија сфаќањето на поимите во земјите на источна и централна Европа а) дека малцинствата се нелојални, не само дека се нелојални на државата, туку и дека соработуваат со бившите угнетувачи, но и продолжиле да соработуваат со сегашниот непријател или потенцијалниот непријател, б) јака и стабилна држава бара слаби

[259] Kymlicka, W., „Multiculturalizam and Minority Right: West and East", *Journal of Ethnopolitics and Minority Issues in Europe*, Issue 4/2002, 18.

малцинства, в) третманот на малцинствата е пред се прашање на националната безбедност.

## 12.3. ПОЗИЦИЈАТА НА МАЛЦИНСТВАТА ВО ЕВРОПА ПО 90-те ГОДИНИ ОД 20.ВЕК

### 12.3.1 УНГАРИЈА

Според унгарскиот Закон за правата на националните и етничките "малцинства"[260] се оние етнички групации кои на територијата на Унгарија настанале пред најмалку еден век, а кои во рамките на населението во државата се малцинства, чии членови се унгарски државјани, а од останатиот дел на населението ги дели културата, јазикот и традициите. Законот инсистира на некој вид автохтоност на малцинствата. За разлика од Германија, Австрија и Словенија, кои исто така, признаваат само автохтоност на малцинствата, унгарскиот закон дава објективни критериуми за утврдување по кој на некои колективно им се признава посебен статус, а на некои не.

Според унгарските закони припадниците на малцинствата имаат право на запознавање, негување и унапредување на својот јазик, историја, правата и традицијата, како и образование на својот мајчин јазик. Законите им даваат посебни права на малцинствата како групи, посебно им ги гарантираат групните права. Едно од тие права е и уставното право на основање на месни и покраински самоуправи, со тоа да се истакне дека основна задача на малцинските самоуправи е одбрана и заштита на интересите на малцинствата, користење на овластувања и извршување на задачи кои се регулирани со закон за таа асмоуправа.

Додека во минатото малцинското прашање било од важност за Унгарија заради внатрешните односи во земјата[261] денес, (кога

[260] Закон број LXXVII од 1993 година за правата на националните и етничките малцинства, Информатор на националните и етничките малцинтва во Унгарците, број 1, Канцеларија за национални и етнички малцинства, Будимпешта

[261] Австро Унгарија била повеќе национална земја во која Унгари сочинувале само релативно мнозинство. Во 18 век Унгари има 28 %, додека во почетокот на 20 век тој број пораснал на

малцинството е само 2%), далеку поважни се надворешните фактори, а тоа е желба да се покаже демократичност и почитување на западните системи за заштита на малцинствата, а од друга страна, грижата за многубројните Унгарци кои живеат во соседните земји.[262]

Решението на унгарското законодавство во многу нешта се над меѓународните стандарди и она што им се обезбедувана малцинствата во другите земји. Не само што им се гарантирани најосновните права на малцинствата со Уставот, туку Унгарија е една од ретките земји која има посебен закон за позицијата и посебните права за националните малцинства и посебен обдусмен за правата на националните и етнички малцинства.

## 12.3.2 СЛОВАЧКА

Словачка, од самиот свој постанок, практично се соочува со прашањето на правниот статус и посебните права на малцинствата кои живеат на нејзина територија. Малцинствата сочинуваат 15% од населението, а најбројно е унгарското малцинство кое е 10% од вкупното население на земјата.[263] Уставот[264] ги содржи најнепосредните одредби кои се однесуваат на посебните права на малцинствата. Уставот ги признава "националните малцинства и етничките групи", но не дава нивна дефиниција, туку утврдува дека "*припадноста на било која етничка група не може да биде на штета на никој*". Правата на малцинствата за образование се споменуваат како индивидуални права, затоа што се споменуваат граѓаните кои припаѓаат на националните малцинства или етничките групи. Ним им е гарантирано правото на основање на здружение

54,4%. Наведено според Marko, A. & Martinicky, P.; *Slovak-Magjar Relations* (History and present day in figures), Bratislava, 1995, 7-10.

[262] Во соседните земји Унгарија има скоро 2,8 милиони припадници на своето национално малцинство. Грижата за своите сонародници Унгарија ја искажува на различни начини, со внесување на соодветни одредби во Уставот, со заклучување на билатерални спогодби со соседните земји на кои се уредуваат посебни права на малцинствата.

[263] Иако унгарско малцинство е најбројно, во постојано е опаѓање. Во 1961година имало 12, 43 % жители, а 30 години подоцна 10, 76 %. Словечките извори го одбиват тврдењето дека таквата состојба е резултат на асимилациската политика. Од останатите малцинстава Роми има 1, 5 % , Чеси 1 %, Руси 0,3% , Украинци 0,2 % Германци 0,1 % Наведено според Pufferova S., Slovakia, *Our native land*, Bratislava, 1996.

[264] *The Constitution of the Slovac Republic*, Issued by the National Council of the Slovak Republic.

и создавање и одржување на културните установи, со тоа е утврдено дека тие прашања се прецизираат со закон. Меѓутоа, во Словачка нема посебен закон за правата на малцинствата на кои на прецизен начин би им се гарантирале најважните права на припадниците на тие колективи. Во организацијата за посебно образование за припадниците на етничките малцинства постојат повеќе паралелни модели. Најповолна позиција има унгарското малцинство, со што на припадниците им се осигурани можностите за стекнување образование на мајчин јазик, иако политичките претставници на тоа малцинство забележуват дека се намалува бројот на малцинските училишта.

## 12.3.3.СЛОВЕНИЈА

Службената поделба на малцинствата во Словенија е поделена на автохтони и алохтони. По последниот попис од 1991 година, 12,16% од граѓаните на Словенија припаѓа во не-Словенци.[265] ставот прецизира дека државата *"ги шшиши и гаранширa правaша на авшохшоносша на ишалјанскаша и унгарскаша заедница"*[266], а во општините во кои живеат италјанските и унгарските заедници, службен јазик и италјанскиот и унгарскиот. Уставот не го користи вообичаениот поим "национални малцинства", туку оди кон користење на неутрален термин за народна заедница, но при тоа се ограничува на три автохтони заедници – италјанска, унгарска и ромска. [267] Самиот фактор дека уставниот текст првите две малцинства ги нарекува народни (национални), а ромската само заедница, се вели дека творецот на Уставот се раководел за широко прифатен пристап според кој националните малцинства се нарекуваат колективитети

---

[265] Најбројни малцинства по пописот од 1991 биле малцинствата кои биле од другите делови на некогашната земја, најмногу имало Хрвати 2, 76 %, Срби 2,44 %, Муслимани 1,37 %, Унгари имало 0,43 %, Италијанци 0,18 %, а Роми 0,12 %, наведено според (ed) Kolopčić V. & Stergar J., *Ethnic Minorities in Slovenia,* On the occasion of the 6 th European Conference of Border Regions in Ljubljana, 13-15 October 1994.

[266] Čl. 15, Petković, R., *Novi Ustavi na tlu bivše Jugoslavije,* Beograd, Međunarodna politika, 1995, 89-125.

[267] Словенските автори го оправдуваат таквото решение со тврдењето дека и меѓународното право, но и уставите и законодавствата на другите земји гарантираат посебан статус и заштита само на традиционалните, типични, национални малцинства, додека на т.н. доселеници им признаваат само општите човечки права; Žagar, M., *Nationality, Cititzenship and Protection of Etnic Minorities: The Case of Republic of Slovenia,* Prag, 1994, 257-8, 265

и кои имаат матична држава вон територијата на земјата каде се државјани. Фаворизирањето на италјанското и унгарското малцинство не е новост во Уставот донесен после осамостојувањето. Напротив, издвојувањето на италјанското и унгарското малцинство и гарантирањето само на нивните посебни права на т.н. национално мешаните подрачја, беше карактеристика за оваа земја и за време кога беше дел од југословенската федерација.

Словенија, всушност го одрекува статусот на малцинствата кои не се споменати во нејзиниот Устав, па може да се заклучи дека недефинирањето на статусот на т.н емиграциск (алхотоно) малцинство, посебно неосигурување на припадниците на тие малцинства, можноста за школување на мајчин јазик, неизбежно води кон нивна асимилација.

Повластената позиција на Италјанците и Унгарците полесно се разбира во контекст на одредени историски и меѓународни договори кои ја поврзуваат Словенија[268], како и фактите дека во тие земји живее словенска национална заедница (давање на права на италјанското, односно унгарското малцинство, се отвора простор за подобрување на позицијата на Словенците во Италија и Унгарија)

## 12.3.4.ФИНСКА

Финска е една од етнички најхомогените држави во Европа. Иако оваа скандинавска земја во многу нешта би можела да биде пример за демократичност, интересно е дека воопшти не е лесно да се дојде до податок за етничката структура на државата. Статистиката која постои, по правило се изработени според мајчиниiот јазик на населението, затоа што малцинствата во Финска се издвојуваат според мајчиниот јазик, а не според сплетот на етничките карактеристики.[269] Од сите малцинства во Финска, најитересно и шведското малцинство, и тоа не само затоа што е најбројна. Со оглед на правниот развој на финските Швеѓани, најголемо значење

[268] За положбата на италијанските малцинства посебно е важен лондонскиот Меморандум за слободната територија Трст од 1954, Осимска спогодба од 1977 и словенско италијанската спогодба од 1992, додека правата на маџарските малцинства се регулирани со Конвенциата за правата на словенските малцинства во Маџарска и маџарското малцинство во Словенија од 1994.
[269] Mynitti, K., *Protection of Persons Belonging to National Minorities in Finland*, Helsinki, 1993, 2.

имат одредбите на финскиот устав со кој се уредува позицијата на шведскиот јазик во таа земја, туку се и како национални јазици изеднаени со шведскиот и финскиот. На тој начин со Устав, шведскиот е прогласен за национален јазик во земјата, што има далекусежни последици кои ги преминуваат индивидуалните права на единката во употребата на својот мајчин јазик во секојдневниот живот, образование или администрација.

Формално, шведското население во Финска не се смета за малцинство. Во согласност со тоа, Уставот не говори за шведско национално малцинство, туку за "население кое зборува шведски", т.е "шведската говорна популација". Понекогаш се говори за етнички Финци, кои времено го прифатиле шведскиот како мајчин, или од староседелците со шведско потекло, кои својата национална припадност ја одредуваат според земјата во која живеат, па се сметаат за Финци.[270]

*Аланскиūе осūрови* се автономна, демилитаризирана и еднојазична шведска покраина на Финска каде е загарантирана и остварена доминација на шведскиот јазик и култура. Шведскиот јазик е службен јазик на тоа подрачје уште од 1921 година кога со одлука на Лигата на народите уреден е спорот меѓу Финска и Шведска за суверенитетот над арфипелагот.[271] Локалната автономија во оваа покраина почива на законот за автономијата на Аланда[272] кој ги предвидува рамките на аландската самоуправа и на таа покраина ѝ дава исклучително голема слобода во уредувањето на внатрешните односи. Законот изрично тоа подрачје го дефинира како еднозначно говорно подрачје. Во фински прилики, Аландите претставуваат карактеристичен исклучок, кој настанал со развојот на историските случувања, земјопоисните и другите иколности. Се работи за затворена средина, за архипелагот затворен во себе, пришто 95% од населението го сочинуваат Швеѓани. На статусот на овие острови влијаеле и историските прилики во кои настанало Аладското прашање (одма после осамостојувањето Финска немала силни меѓународни позиции), факторите

---

[270] Pajić, Lj., „Skandinavija – jezik i granice", во зборникот: *Granice – izazov interkulturalnosti*, Beograd, 1997, 248.

[271] Krivokapić, B., Alandska ostrva – modela rješavanja manjinskog problema putem autonomije?, *Arhiva za pravne i društvene nauke* 3/1993, 508-510; Deren –Antoljak, Š., „Švedani u Finskoj", *Politička misao* 4/1990, 76.

[272] Законот за автономија Аланда е објавен во Zbornik za nacionalne manjine u međunarodnom i jugoslovenskom pravnom poretku, Međunarodna politika, Beograd, 1997, 205-233.

дека архипелагот е и под руска власт (до 19717 година), уживал одредена автономија. И на крај треба да се земат и посебните односи кои владеат во нордиските земји. Заради сето тоа мора да се заклучи дека сегашната позиција на Аладските острови е производ на единствените околности, што зборува за фактот дека овој модел е малку веројатно да се примени во други ситуации. Всушност, шведското малцинство во голем број и доволно компактно живее и на други подрачја на Финска, па сепак само Аландските острови имаат ваква форма на автономија, а таму живеат само 7,8% фински Швеѓани. Позицијата на шведското малцинство, е мошне поволна во другите делови на Финска. Постојат бројни образовни установи на шведски јазик, а шведскиот е и службен јазик, споредбено со финскиот. Сепак, статистиката покажува постојано опаѓање на бројот на Швеѓани, што нѐ наведува на заклучок дека и покрај сите признати погодности, доаѓа до асимилација на тоа малцинство.

## 12.3.5.ИТАЛИЈА

Целосниот систем на заштита на малцинствата почива на јазикот како критериум за обележување на националниот идентитет затоа што во Уставот е усвоен поимот "јазични малцинства". Во Италија постојат 12 јазичните малцинства смстени во 18 локалитети.[273] Според тоа Италија можеме да ја наречеме мултиетничка земја со најголема разновидност на малцински заедници во западна Европа. Италија е унитарна децентрализирана државата. Државната територија се дели на 19 покраини, од кои 5 уживат посебен облик на автономија, т.н посебна автономија – Сицилија, Сарденија, Трентино – Алто Адиѓе, Вал д Аоста, Фрили – Венеција Гуља). Фактот дека Уставот предвидел два вида на покраини, оние со "обична" автономија и оние со "посебна" автономија каде беше одлучувачко во поглед на правото за употреба на јазикот. Може да се речи дека на таа основа постојат и два вида на малцинства. За заштита на првата категорија доволни се општите уставни одредби за правото на еднаквост на граѓаните, додека за другите категории на малцинства – во три северни

[273] Čok, V., „Italija", *Pravo i pravo na upotrebu jezika*, Beograd, 1990.

покраини, Трентино – Алто Адиге, Вал д Аоста, Фрили – Венеција Гуља, кои имаат мнозинско неиталјанско население, потребни се и посебни мерки за заштита. Избегнувајќи ги експлицитно спомнуваните национални малцинства, заштитата на малцинствата, Италија свесно ги сведе само на културно – јазично подрачје.

*Јужен Тирол*[274] (италијанскиот назив е *Alto Adige*), провинцијата Болзано (италјанскиот назив *Bolzano*, а германскиот *Bozen*), има бурно минато. Проблемот со Јужен Тирол почнува со завршувањето на Првата Светска војна, кога во ова подрачје, до тогаш под Австро-Унгарија, ѝ припадна на Италија, а со донесувањето на декларацијата за решавање на спорот во 1992 година, спорот е конечно завршен. Со мировниот договор од 1919 година, Јужен Тирол ѝ припадна на Италија, а северен на Австрија. После Втората Светска војна австриската влада, овој конфликт го интернационализира изнесувајќи го пред ОН. Под притисок на резолуциите на ОН, донесен е Статут за автономија на Јужен Тирол, а со тоа германското малцинство доби мaѓународна правна заштита, според која покраината има две автонимни покраини, Болцано и Трентино, од кои секоја има сопствена автономија во рамките на автономната покраина, додека италјанската влада има ингеренции околу прашањето со војската, полицијата, судството, данок и царината. Мерките за кои се договорија Италија и Австрија, предвидуваат основно средно образование на мајчин јазик; рамноправност на германскиот и италијанскиот јазик во јавните служби и администрација; двојазично обележување на имињата на местата; рамноправност во вработувањето во јавните служби, водејќи сметка за пропорционалната застапеност; автономија во законодавството и извршувањето.

Проблемот со Јужен Тирол се проширил од една страна како територијално прашање, а од друга страна како проблем за зачувување на националниот интегритет на германското население. За разлика од трите останати автономни региин во кои заштитата на малцинствата е базирана само на користењето на јазикот, додека Јужен Тирол има подобро

[274] Во јужен Тирол според пописот од 1981 живеат 66, 4 % германско население, 29,4 % италијанско население и 4, 2 % ладинско население.

регулиран статус и самосталност од другите. Во рамките на региите голем акцент се става на културната автономија и јазичната рамноправност.

Барањето за територијална автономија првенствено било мотивирано од настојувањето за зачувување на националниот идентитет, а проблемот со Јужен Тирол стана проблем на билатералните односи на Италија и Австрија, а Австрија доби надлежност во следењето на фактичкиот и формалниот статус на германското население во Јужен Тирол. За да се разбере време на барањето на решение за статусот на Јужен Тирол, важно е да се согледаат и вкупните односи во Европа. Посебно последните десет години на минатиот век, Австрија покажа голема заинтересираност за приклучување кон западноевропските, политичките и економски структури. Со оглед на тоа дека Италија како член на ЕУ, можеше да влијае на членството на Австрија за прием во ЕУ, може да се претпостави дека Австрија беше мошне мотивирана во извршувањето на својата улога во целиот процес.

Инаку целиот процес на давање автономија на Јужен Тирол се одвиваше во време на извршување на силни интегративни тенденции во западна Европа и зголемување нна важноста на регионалната соработка.

По сето ова, се поставуа прашањето дали примерот со Јужен Тирол може да биде модел за решавање на етничките спорови? Од една страна тоа е позитивно искуство кое треба да се истакне како пример дека е можно мирно решение за етничките проблеми. Од друга страна. Тешко дека примерот со јужен Тирол би можел да биде пример за слични ситуации, затоа што сегогаш е неопходно да се има во предвид специфичноста за секој случај. Секое занемарување на локалните околности, историската традиција, културолошките посебности, социјалните специфичности може да биде контрапродуктивно. Посебно е важно да се забележи во решавањето на Тирол, дека за други конфликти малцинството е факторот за успешниот процес на интернационализација, деескалација и трансформација на конфликтот, кој од негативен стана позитивен процес и кој доведе до мир и стабилност.

## 12.3.6.БЕЛГИЈА

Белгија[275] е повеќе национална земја во која се зборуваат три јазици. Во 1831 година, Уставотворното собрание Белгија ја прогласи за демократска парламентарна монархија и како унитарна децентрализирана држава. Настанала како израз на тогашните интереси на големите сили, каде два народи од порано биле оптеретени со антагонизам. Оваа земја започнува долготраен процес на нормализирање на валонско-фламанските односи, кои колку толку остануваат постојано отворени. Во Белгија владее парадоксална ситуација затоа што Фламанците кои го сочинуваат мнозинството бараат етнички права, рамноправност и територијална автономија. Основен проблем лежи во фактот дека во историјата на Белгија дека овие два народи немале исти стремежи. Валонците, иако малцинство секогаш се чувствувале како државотворен народ, спроти Фламанците чии барања за признавање на етничките права оделе до барање за приклучување кон Холандија. Со други зборови, Валонците и Фламанците никогаш на регионализацијата не ѝ пришле еднакво: таму каде Валонците користат децентрализација за унапредување на економскиот развој, Фламанците настојуваат да го истакнат одржувањето на развојот на своите културни и јазични вредности.[276] Темел на судирот меѓу Валонците и Фламанците беше јазикот. Валонците, иако манцински народ, заради капиталот со кој располагале и традиционалната припадност на повисоките општествени слоеви, успеале да го наметнат францускиот јазик како доминантен, и службен јазик во државата. Меѓутоа, Фламанците кои во меѓувреме станаа мнозинство, истовремено напредувале и во општествената скала, Фламанците се почесто поставувале барање за признавање на холанскиот како алужбен јазик.

Поделбата на земјата на јазични региони значело во основа примена на територијалниот принцип во вистинска употреба на јазикот: право на

[275] Според пописот од 1995, 57 % од населенисто го сочинуваат Фламанците, народ со холандско потекло, 33% Валонци, народ од француско потекло, романизирани Келти и околу 1% Германци, 9% од населението го сочинуват доселеници Италијани, Турци, Мароканци, бидејќи Белгија има изразито силен емиграциски процес. Неведено според Conrad, Y, Dossetto, F., Targozs, P., *Guide des sources documentaires sur les migrations et les relations ethniques en Europe*, Bruxelles, 1995, 11.
[276] Tatalović, S., *Manjinski narodi i manjine*, Prosvjeta, Zagreb, 1997, 69-70.

употреeба на јазикот се одредува според местото со уставните реформи од 1970 година. Белгија стана земја на "заедници и региони", составена од три културни заедници, три автономни региони со четири јазични заедници. Со оваа промена Фламанците и Германците добиле културна автономија која се состои од право на употреба на мајчиниот јазик и право на културна посебност. Со последната уставна реформа од 1993 година слабее централната власт, а зајакнуваат регионите. Белгија станува федерална држава составена од заедница на региони. Во Белгија, де факто коегзистираат два вида на власт, федерална власт ив ласт на заедниците и регионите. Реформите кои ја водеа Белгија кон федерализам, се производ на три барања. Фламанците барале културна автономија, франкофоните пројавувале автономистички стремежи како реакција на фламанските барања, истовремено барајќи економски федерализам кој би им овозможил подинамична економска политика. Третото барање беше силно движење за единство на земјата кое се состоеше од прилагодување на државните структури тежнеејќи кон рамноправност меѓу двете големи заедници. Овие три барања, две федералистички и едно убитаристичко се причина за структурата на белгискиот федерализам.

## 12.3.7. АВСТРИЈА

Традицијата на правна заштита на националните малцинства води потекло од Австро-Унгарската монархија. Творците на Република Австрија го застапувале концептот, дека границите на новата држава треба да ја опфаќаат само територијата само германското говорно подрачје, но тоа не било до крај реализирано. На граничните подрачја остана да живее значителен дел од словенечко, хрватското и унгарското малцинство. Освен нив, во Виена настанало релативно бројна чешкото малцинство. Наведените малцинства и денес претставуваат најзначајна малцинска група.[277]

Правниот извор на општиот режим за заштита на малцинствата претставува Сојузниот закон за правната опозиција на народните групи.

---

[277] Од пописот 1991 во Аустрјиа живеат 60 000 Хрвати, 33 000 Маџари, 29 000 Словенци и 19 000 Чеси. Наведено според „*The Statesman's Yearbook*", 1997 - 98, London, 1997.

(Закон за народните групи)[278] во Австрија од 1976 година. Законот го воведува поимот "народни групи" и ги одредеува како *"...групи на австриските настанати државјани, и со седиште во одредени делови на државната територија, чиј мајчин јазик не е германскиот и кои припаѓаа на друга група."* Во ваквото сфаќање, народната група е поблиску до поимот малцинство. Поимот "народни групи" ја признава исклучиво јазичната и националната посебност на нејзините припадници, донесувајќи ја на уште два дополнителни услови: територијална групираност и автохтоност (дали народната група произлегла на територијата на која живее). Освен што поимот на народната група во однос на поимот на малцинствата е значајно поблизок, се воведуваат и подалечни ограничувања во врска со реализацијата на прокламираните права. Заштитата им се овозможува само на оние малцинства кои се бројно застапени. Остварувањето на прокламираните права со закон се локализираат, односно се врзува за оние делови на територијата на кои преовладува малцинското население. Во каталогот на правата кои со Законот експлицитно на малцинствата им се нудат, се наведуваат правата за образование, што значи дека австриското право не го предвидува ова право како право на сите припадници на народните групи. Посебен статус не темелот на Државниот договор од 1955 година ужива словенечкоиото и хрватското малцинство. Загарантирано им е правото на образование на сопствениот јазик како непосредно уставно право, субјективно јавно право, што значи дека државата е должна да ги обезбеди посебните малцински училишта на ниво на основни и средни училишта.

Правниот статус на малцинствата во Австрија е резултат на историските околности и порази на Австрија во двете светски војни. Австрија била принудена на давање отстапки на малцинствата на своја територија. Со распадот на СФРЈ и приближувањето на новонастанатите земји кон ЕУ, каде Автрија е член, доаѓа до билатерални договори, кои ја подобруваат позицијата на малцинските заедници во Австрија.

[278] Bundesgesetz vom 7. Juli 1976 über die Rechstellung von Voksgruppen in Ûsterreich (Volkgruppengesetz) BGD1. 118/1976.

## 12.3.8.ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

Велика Британија претставува пример на односот на државната власт кон малцинските групи, сфатен во најшироко значење на тој збор, што значи кон било која малцинска група од населението кој се однесува на мнозинското население на државата и се разликува на одреден начин: по својето расно, национално или етничко потекло, верска припадност, мајчин јазик. Специфичноста во државното уредување на Обединетото Кралство влијаела, на некои од неговите автохтони народи да во низа имаат карактеристики на позиција на национално малцинство. Велика Британија е повеќе национална држава со унитарна државна власт. Во неа живеат четири народи: Англичани, Шкоти, Велшани и Ирци. Освен автохтоната повеќе национална стуктура, современата Велика Британија се одликува со присутноста на големи број на економски имигранти, од различно расно и етничко потекло. Повеќето имигранти потекнуваат од бившите колонии на британската империја, а во значаен број доаѓаат во Британија по Втората Светска војна.[279] Тие повеќекратно се разликуваат од британското автохтоно население, не само по националното потекло, туку и по своите расни, религиозни, културни и јазични особености. Со самото тоа е и проблемот со нивната интеграција во британското општество поголем, во споредба со економските имигранти во земјите од западна Европа, каде што националните и културните разлики истотака постојат, но нивните културни и духовни вредности сепак имаат заеднички корен. Поради расниот и културен јаз кој постои меѓу Британците и британските емигранти, британското општество морало првенствено да обрне внимание за надминување на проблемите предизвикани од расната поделеност, фундаменталните верскки разлики и инсистирање на дојденците за зачувување со населението со европски културни вредности, тешко

[279] Статистичките податоци евидентираат само етничко потекло на населението, при што се подразбира припадност на одредена раса. Според пописот од 1991 година во Велика Британија има 840 000 Индијци, 475 000 Пакистанци, 500 000 Црнци со карибско потекло, 212 000 црнци од Африка, останати црнци 178 000, Бангладежанци 162 000 и 156 000 Кинези. Наведено според *„The Statesman's Yearbook"*, 1997 - 98, London, 1997.

прифатливите обичаи и традиции, но само во мерка во која е потребно за зачувување на нивинте национални, културни и јазични посебности.[280]

Во својот однос кон емигрантите, британското општество помина пат од крајна асимилација до прифаќање, но не и остварување на политика на културен плурализам. Теориското образложение на асимилациската политика се изведувало од Дајсиевиот принцип за еднаквоста на сите пред законот: доколку правата и обврските на малцинствата би се разликувале од правата и обврските од мнозинското население, реализирањето на принципите би биле загрозени, па тие во својата позиција мораат да се изедначат со позицијата на мнозинската група.[281]

Со порастот на емиграцијата од Индија и Азија, се менува ставот во две насоки: оневозможување на понатамошниот раст на емиграција и прифаќање на политиката на културен плурализам во однос на веќе постоечка емигрантска група. Некои од причините на ваков пресврт лежи во бројноста на имигрантите (повеќе од 5%) како и активно делување на нивните политички организации. Политиката на културниот плурализам доживеа своја кулминација во работата на посебниот парламентарен комитет задолжен за истражување на статусот на припадниците на етничките малцинства во областа на образованието, под раководство на лордот Сван. Комитетот ја отфрли политиката на асимилација како целосно неприфатлива, затоа што таа би довела до "*...негирање на основните слободи на сите поединци, да се разликуваат во одредени аспекти на својот живот, кога ниту еден посебен начин не се претставил како универзално соодветан.*"[282] Комитетот се определи за политика на плирализам, под кој се подразбира политика на создавање на плуралистичко општество, истовремено..."*општествено кохезивно и културно разновидно.*" Тоа значи прифаќање на културните посебности на малцинските групи, но и потискување одредени нивни елементи, тогаш кога нивното уважување се спротивставува на основнизте вредности на пошикоката општествена заедноца.

---

[280] Poulter, S., „Ethnic Minority Customs, English Law and Human Rights", *International and Comparative Law Quarterly*, br. 3/1987, str. 589-615.
[281] Исто, 592.
[282] Education for All, The Report of the Committee of Inquiry into the Education of Children from Ethnic Minority Group (The Swann Report), 1985.

## 12.3.9.ГЕРМАНИЈА

Германското население е национално хетерогено.[283] Странците најчесто се економски емигранти на кои им е отежната интергацијата во германското општество. Во поредокот со нив, бројот на држаавјаните со негерманско потекло е сразмерно мал. Бројот на припадниците на автохтоните малцински групи, Лужичките Срби, Данци, Фризијци, и условно Полјаци, според груби проценки достигнува 300.000 жители. За посебниот статус на малцинствата во Германија може да се зборува само во однос на неведените групи. Бидејќи нивниот удел во целокупната популација е изразито мал (0,5% во однос на бројот на државјани, или 0,4% во однос на целокупната популација) проблемот со малцинствата во Германија се маргинализира , понекогаш се смета и за непостоечки.[284]

Современата германска правна теорија, на сличен начин како и австриската, правото на истакнување на посебните малцински барања се припишува само на оние малцинства кои можат да се сведат под поимот "малцински групи" *(Volksgruppe).* Припадниците на малцинските групи, покрај објективните мерила национални, јазични или религиозни особини, се издвојуваат и по една субјективна карактеристика: свест за припадност на групата, свест за единство врз основа на што стекнуваат легитиитет на своите барања за зачувување на своите објективни кларактеристики и во крајна консеквенца ги истакнуваат правата на самоопределување. Освен тоа се бара и присутност на елементите на поврзаност на народните групи за одредена територија и тенденција за втемелување на сопствена држава.[285] Со тие критериуми статус на народни групи имаат Данците, Фризијците, и Ужичките Срби. Со инсистирање на автохтоност на малцинските групи припадници по бројот на еднакво важни или важни малцинства како што се пољаците останувaат скратени за таква заштита. При потпишување на Рамковната конвенција за заштита на малцинствата,

[283] Од 80 милиони жители 9 % или повеќе од 5 милиони го сочинуват странци со стално прибежиште во Германија, според Boden, M., *Nationalitäten, Minderheiten und etnische Konflikte in Europa,* Münich, 1993.
[284] Boden, M., 79.
[285] Pernathaler, P., „*Volsgruppe und Minderheit als Rechtsbegriffe*", во Bethlen, W.,"Volksgruppenrecht", Wien, 1980, 10.

статус на малцинства добилкле и Синтите и Ромите со германско државјанство.[286]

Проблемот на малцинските права во Германија е тенденциозно минимизиран со скратување на државјанството на голем број од население со странска националност, така што тие не можеле да добијат никаква гаранција за заштита на нивниот национален, етнички, јазичен и културен идентитет. Во Германија е присутна растечка "полиетничност" како и во Велика Британија и Франција, кои исто така имаат голем број имигранти. Во Германија работниците со турско потекло станале *de facto* емигранти затоа што станале постојани жители. Постоечката правна регулатива во областа на заштитата на малцинствата е резултат на историските околности. Овој заклучок произлегува врз основа на фактот дека на сојузно ниво Германија не поседува прописи кои што би ја уредиле единствено положбата на малцинствата, како и фактите дека одстапките на одредени малцински групи се направени кога меѓународната положба на Германија била ослабена. Сегашниот посебен статус на народните групи е резултат на поразот на Германија во Втората Светска војна. И обратно, минималните гаранции кои што Германија ги дала во ново потпишаните билатерални договори[287], со бившите социјалистички земји, зборува за нејзината сила во современите меѓународни политички односи.

## 12.3.10. ГРЦИЈА

Грција е унитарна, централистичка држава каде што службено постојат само Грците и грчкиот јазик. Грција е една од "најнесигурните" земји во поглед на заштитата на малцинствата. На пример Грција постојано повторува дека ги прифаќа муслиманите како религиска заедница, но не и како етничко, национално или јазично малцинство. Дискурсот на грчкото

[286] Council of Europe, Human rights information bulletin, br. 41/1997, 42. Потпишувајќи ја Рамковната конвенција Германија обрнала внимание на тоа дека ковнвенцијата не содржи дефиниција на „националните малцинства„ па според тоа земјите потписнички на тој договор се слободни сами да одредат на кои групи ќе се однесува ратификацијата. Германија безусловно ја одстранила од себе примената на одредбите на конвенцијата не само на бројните емигранти туку и на Појаците кои живеат во германија од 19 век.

[287] Со новопотпишаниот договор помеѓу Полска и Германија, на полското малцинство кое е многу бројно му се оспорува статусот на малцинство. Со овој договор Германија не превзела конкретни обврски на планот на нејзина заштита.

јавно мислење е условен со тие "национално-коректни термини". Иако Грција не е земја во демократска транзиција, таа со останатите земји кои го напуштиле социјализмот, посебно земјите на југоисточна Европа го дели најголемиот број на етнокултурни проблеми. Грција е единствената земја од југоисточна Европа која што на својата територија не ја признава присутрноста на ниту една малцинска заедница. Иако таа е две децении потписник на многу меѓународни конвенции и институции кои се занимаваат со проблемите на човековите права, нејзината политичка култура останала непријателски расположена кон тие принципи. На Грчкото општество и понатаму му недостасува граѓанска култура која гарантира владеење на правото.[288] Кон крајот на 1999 година за прв пат во модерната грчка историја започнала полемика за модернизација на политиката за државјанство и малцинските политики. На иницијатива на министерот за надворешни работи, Јоргос Папандреу, заговорник на мултикултурализмот, јавноста дознала дека Грција тежнее кон принципите на "етнокултурната правда". Во неколку интервуа повторил дека земјата не треба да ги плаши правата на самоодредување на граѓаните кои припаѓаат на малцинствата "... *затоа што таквиот пристап оивозможува интеграција на малцинствата во Европа на ист начин како и во многу други држави на Канада, САД и Австралија. Ваквиот пристап овозможува развој на демократските институции а на луѓето им создава чувство дека се граѓани на својата земја*".[289] Истовремено 13 НВО, побарале признавање на македонското и турското малцинство без условна ратификација на рамковната конвенција за заштита на националните малцинства од Советот на Европа, и заштита на човековите права. Реакцијата на јавноста покажала дека таквата политика е непожелна и неприменлива. Некои од водечките политичари дури побарале и оставка од Папандреу. Тиражните весници неговата изјава ја нарекле "грешка"[290], а неговиот став "поданички"[291]После ваквите реакции грчката влада ги

[288] Dimitras, P. i Papanikolatos, „*Refleksije o politici manjinskih prava za zemlje centralne Evrope*", 177 во (ur) Kimlicka, W. &Opalski, M., *Može li se izvoziti liberalni pluralizam?*, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002.
[289] Интервјуто е достапно на радио станиците Flash, 29. 6. 1999, http://www.papandreou.ge/july99/synklik27799.hlml
[290] Katherini, 30.6. 1999, 2.
[291] To Vima 30.6. 1999,.1.

напуштила реформите, а толеранцијата кон малцинствата останала каква што била. Примерот на Грција покажува како дури држава која е интегрирана во европската рамка на либерални плуралистички и демократски институции тешко се ослибодува од тежината на регионалните историски драматизации на реалноста. Сегашноста се интерпретира низ политиката на предрасуди, нетолеранција и исклучоци наследени од минатото. Грција нема либерално плуралистички и демократски пристап кон прашањата на малцинствата.

# 13. МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

## 13.1. ИСТОРИСКИ КОНТЕКСТ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Подрачјето на Југоисточна Европа во текот на историјата било дел од различни држави и царства, било подложно на многу војни, масовни страдања на населението, систематски колонизации и населување на население од други краишта поради јакнење на поедини држави или смалување на хомогеноста и ослабување на отпорот на покореното локално население. Измешаниот состав на населението, наследеното минато, сеќавањата на некогашните граници на пооделни држави, неслагањето на националните и нововоспоставените граници, како и стремежот на новосоздадените царства за поголемо влијание и поголеми територии биле причина за судир помеѓу истите. Сите малцинства во процесот на политичко-територијални промени настанале во условите на победа и пораз (мировни договори), а не преку билатерални разбирања врз база на рамноправноста. Кон крајот на XX и почетокот на XXI век за одредување на карактеристиките на низа случувања и односи помеѓу државите на Балканот, создадени се срамни слогани за европското „буре барут", како и терминот „балканизација"[292] кој станал синоним за етничките судири. Поимот балканизација ги објаснува современите балкански случувања, преку кои продолжува процесот на натамошно оситнување и поделби врз основа на националните противречности и геополитичките интереси помеѓу внатрешните и надворешните актери во овие процеси. Религијата и националната припадност се тесно поврзани на овие простори, меѓутоа религиозните, јазичните и етничките критериуми не се совпаѓаат.

[292] Види Todorova, M., *Imagining the Balkans*, Oxford University Press, 1997.

Реализацијата на малцинските права се однесува на јакнење на културните идентитети и осигурување на националните малцинства право на слобода различна од мнозинството и право на негување на таа различност. Најочигледен и најважен облик на признавање се однесува на добивањето на легитимен статус од страна на националната држава. Признавањето вклучува признавање од страна на мнозинството, од страна на традицијата на мнозинската култура, како и признавање на автономните облици на малцинската самоуправа. Според УН оваа Работна група за заштита на малцинствата содржи четири елементи: заштита на малцинства; инволвирање во политичките, екеномските и социјалните активности од страна на државата; недискриминација од страна на мнозинството; заштита од асимилација на малцинската култура и губење на дел од сопствениот културен идентитет.[293]

Комисијата за Балкан, Карнаги фондацијата, понудила извесни уставни рамки за решавање на меѓунационалните односи, но изнела и заклучоци и за овој простор. Спрема неа принудната асимилација која преовладувала на овој простор во 19 век, одговор е на сфаќањето дека би требало да постои една држава, една култура, една вера. Некои сметаат дека етно-национализмот може да биде ублажен со политички средства, со давање на културни права на малцинствата, како културната автономија би ги предупредила барањата за територијална автономија. Оваа Комисија смета дека овој модел не е можен на овој простор. Малцинствата нема да имаат доверба доколку не ги следи и територијална автономија, додека мнозинските групи стравуваат дека давањето на колективни права и автономија ќе ги поттикне дезинтеграцијата и ирендентизмот.[294] Решавањето на положбата на малцинствата се бара во рамките на уставната демократија, а Комисијата за Балкан, Карнаги фондацијата заклучува дека уставите на државите треба да им гарантираат заштита на правата на малцинствата, да вклучат пропорционално претставништво во изборниот систем, додека децентрализацијата и извесен степен на

[293] Office of the Commissioner for Human Rights, Note on the Sixth Sassio of the Working Group on the Minorities of the Sub-Commission on the Promotion and Protection of the Human Rights 22-26 May 2000, http://www.unhcr.ch./html/menu2/10/minor/minornote

[294] Unifinished Peace: Report of the International Commission on the Balkans, prepared by Tindemans, L., Cutler, L, Geremec,B., Roper, J., Veil, S., Anderson, D., (Berlin, Aspen Institute, Carnegie Endowment for International Peace, 1996, str. 16-17.

автономија на регионално и општинско ниво се од голема важност за подрачјата со мешовито население. Меѓутоа над се бара воспоставување на цивилно општество, право на владеење (кое ги гарантира човечките и малцинските права), како и институционални средства за посредништво и арбитража поради решавање на одредени судири.[295]

Поранешните социјалистички земји во Европа на преминот од 80-те во 90-те години зафатени се со бран на масовни демократски политички промени. Рушењето на социјализмот во мултикултуралните и федеративни држави било убрзано со делување на јак бран на национализам. Од друга страна, падот на социјализмот значел и пад на целиот систем на вредности, што ја отворило и зголемило кризата на колективниот идентитет. На тој простор процесот на политичка етнизација е најочигледен, иако постојат многу знаци на истиот процес и во развиените демократски традиции.[296] Тезата за политичка етнификација го руши уверувањето кое било широко распространето кон крајот на XX век дека времето на национализам засекогаш заминало и дека настапила ера на мултинационални и мултикултурални друштва.[297] Примерот на Југославија и други источноевропски и централноевропски федерации покажува дека сите овие заедници константно се соочуваат со проблемот на малцинствата како фактор за перманентна криза на идентитетот. Малцинското прашање останува најранлива точка на овие земји и потенцијално најексплозивна сила на нивната де-легитимизација. На националните малцинства се гледа како на пречки и препреки на националната хегемонија. Иако степенот на почитување на индивидуалните права во повеќето земји на југоисточна Европа во процесот на создавање на нови држави пораснал, заштитата на малцинствата ослабела, како во поглед на колективните права, така и во поглед на индивидуалните права на нивните припадници. Постоењето на нерешено малцински прашања претставува извор на постојан страв за мнозинството (а се засноваат на преработка на историското искуство) поради евентуалното економско, културно и политичко јакнење на малцинствата. Ширењето на малцинските права во таква атмосфера се

[295] Исто, 18.
[296] Види Offe, C., *Capitalism by Demokratic design? Demokratic Theory Facing Triple Transition in East Central Europe*, IPSA, Congress, Buenos Aires, 1991.
[297] Tamir, Y., *Liberal Nationalism*, Princeton University Press, 1993, 3.

толкува како слабост. Но несмее да се заборави дека малцинското прашање е суштински проблем за организација на политичкиот, културниот и економскиот живот, а не спореден феномен кој може технички да се реши.

Скоро сите постсоцијалистички држави се под јако влијание на етничкиот национализам, кој за разлика од државниот национализам или патриотизам не се однесува на државата, туку на нацијата. Сите земји од југоисточна Европа се мултикултурални, иако сите тоа не го признаваат. Актуелните малцински проблеми имаат длабоки историски, политички, социјални, културни и психолошки корени така да решавањето на меѓунационалните односи не го постигнува својот полн ефект со исцрпување на административниот и политички домен.

Ова подрачје, испреплетено со природо-национални и административно-политички граници ја изразува сета сложеност на судирот на различни култури, нации и вери. Ова подрачје, денес, како и во минатото, носи во себе наследство на меѓуверски и меѓунационални конфликти. Дека спротивностите не се измениле радикално и дека се оптеретени со минатото зборуваат и истражувањата на група автори од 1991 година дека народите од источна Европа не ги сакаат своите соседи. Нивните национални поделби се толку остри, а националните нетрпеливости толку длабоки да радикалното подобрување на односите мора да чека нови генерации.[298]

Иштван Бибо[299], изразува кон средината на минатиот век слично сомневање во поглед на можноста за живеење во мултинационалниот простор на Југоисточна Европа. Решението на малцинското прашање, кое по него станува трајно, тој го гледа преку демократските институции врз база на заштита на индивидуалните (граѓански) и колективни (национални) права. Дека социјализмот само ги прекрил националните несогласувања во регионот, кои меѓу останатото и не се последица на социјалистичкото минато покажало и реинтеграцијата и ескалацијата на национализмот кон крајот на 80-те години од XX век. Впечаток е дека малцинствата во СФРЈ

[298] Види Goati, V., *Efekti većinske demokratije,* Saopštenje sa Evropske konferencije manjina „Manjine i demokratija", Otvoreni univerzitet, Subotica, 1992.
[299] Види Bibo, I., *Beda malih naroda istočne Evrope,* Sremski Karlovci, Novi Sad, 1996.

имале статус на „народности", како идеолошка конструкција во сферата на политиката која во таков вид никаде не постоела. Нивните права се остварувани во полн обем, а правата на големите малцинства фактички не се разликувале од правата на југословенските народи. Затоа во новите околности мора да се води сметка за претходно достигнатиот степен на заштита на малцинствата. Барањето на современата балканизација „еден народ - една држава" не е возможна во услови на етнички плурализам. Се чини дека во иднина нацијата ќе биде главен фактор за нестабилност во регионот. Културните стандарди на доминантна нација се сметаат за примарни во општествените односи, а инсистирањето на малцинските заедници за зачувување и унапредување на своите традиционални вредности и заштитата на специфичните права се сметаат за пречка во јакнењето на кохезионите општествени врски.

## 13.2. МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ КАКО ФАКТ

Распространето е мислењето дека проблематиката на малцинствата е специфичност за југоисточна Европа и дека помало внимание се обрнува за сличните проблеми во останатите делови во светот - така да на државите на југоисточна Европа им се наметнува во нешто поголема мерка отколку на земјите во Западна Европа, иако сѐ построгите европски стандарди во извесна смисла ги обврзуваат сите членки на ЕУ. На ова подрачје проблематиката за заштита на малцинствата е актуелизирана со падот на социјализмот и будење на етноцентрализмот и национализмот како и ориентацијата на овие земји кон градење на независни национални држави и прокламираното негување на специфичните различности. Многу држави бараат начин и облици за политички решенија кои би можеле да пружат трајна основа за решавање на проблемите кои настануваат поради етничките, националните, верските и другите различности помеѓу населението. Поради приближување кон ЕУ земјите од југоисточна Европа мораат да прилагодат повеќе елементи од својот правен систем и истите да ги усогласат со европските стандарди. Споменатите европски тела и организации сакаат политичка стабилизација која подразбира решение на

статусот на малцинствата на правни основи. Главната девиза и цел на оваа политичка ориентација и инспирација за изработка на закони и други правни прописи била за интеграција на малцинствата во општество, во неговите политички, културни и други облици и установи, но без асимилација и гетозација, со усклaдување на односите и соработка на сите малцинства и мнозинства на основа на правото на владеење и демократско определување на општеството. Големите тешкотии во остварувањето на споменатите уставни замисли, како и основните вредности и начела, претставуваат затечени огромни разлики во економската положба и во инфраструктурата на образовната мрежа и нивото на образование како и во материјалните и човечки ресурси на поедини малцинства. Познато е мислењето дека мултикултуралните друштва можат да опстанат како политички заедници единствено ако успеат да ги раздвојат културалните и политички идентитети. Формулата за успешност на Швајцарија се наоѓа во фактот дека политичките граници не се поклопуваат со конфесионалните и јазичните. Услов за развојот на мултикултуралните заедници е општествена свест за неопходното уважување на етничките и верски различности, културните стандарди и стереотипното однесување на доминантните и недоминантните групи. Ако во системот на опшествене вредности на мултиетничка заедница се усвојат овие претпоставки, недоминантните групи може да добијат рамноправен статус.

Претпоставките за решавање на повеќе проблеми се: право на владеење (правна држава); умерен, либерален правен систем и погодни институционални аранжмани; политичка култура на толеранцијата и уважување на различностите; развиено цивилно општество. Политичките системи на мултикултуралните држави соочени се со проблемите кои се однесуваат на односите меѓу групите или барањата на самите групи. Тие барања најчесто се однесуваат на проблемите за опстанок и идентитет на малцинските заедници, почитување на човечките права, учествување на малцинствата во политичката власт (поњер схаринг) т.е. во бирањето, конституирањето и вршењето на власта, како и положбата на таквите групи во контролата и поделбата на друштвеното богатство и „националниот“ добиток. Политиката за остварувањрто на правата и

заштитата на малцинствата мора да се раководи со начелните определувања дека мултикултуралноста која произлегува од различни јазици, вери, потекла, обичаи, истории и традиции претставува општествена вредност која треба да се сочува и унапредува; дека усклaдениот соживот и соработка на националните малцинства и мнозинскиот народ се фактор за демократија, напредок, внатрешна и меѓународна сигурност и стабилност; дека во рамките на правото на владеење потребно е на припадниците на националните малцинства да им се дадат посебни права како би уживале исти права и слободи кои се загарантирани за сите граѓани; дека е неопходно развивање на взаемно уважување и разбирање, толеранција, дијалог, соработка и солидарност помеѓу различните национални групи, така да со законските решенија потикнуваме взаемно разбирање и соработка помеѓу народи и држави.

Модерната држава и нејзината бирократија извираат од западноевропската традиција која е во многу нешта различна од структурата на традицијата во југоисточна Европа. Тоа значи дека постои проблем за воведување на културални матрици од различна содржина. Европските норми се дефинириат на Запад, а земјите од југоисточна Европа со различна брзина се прилагодуваат на барањата на ЕУ. Тоа не значи дека е Запад привилигиран и надвор од времето носител на некои предности, туку едноставно е факт; нормите на рационалното водење на живот дефинираат на Запад. Иако мултикултуралноста е непобитен во југоисточна Европа, сепак ово подрачје има своја карактеристика која се отсликува со фактот дека има земји кои имаат и по дваесетина различни национални малцинства и етнички групи. Мултикултуралноста на овој простор има свои длабоки корени, што подразбираат одредени типови на искуства и други облици на знаења отколку во западна Европа. По II светска војна во земјите на југоисточна Европа се воведува социјалистичко уредување кое промовира модернизација „одозгора“. Поранешна Југославија највеќе ја отвори вратата на мултикултуралноста како идеолошки проект на наднационалната цел на историјата.[300] По рушењето на социјализмот доаѓа до оживување на етноцентистичкиот поим на

[300] Lošonc, A., „Multikulturalnost i etnokulturalni diverzitet“, во *Demokratija i multikulturalnost u jugoistočnoj Evropi*, Centar za istaživanje etniciteta, Beograd, 2003, 194.

стварност, т.е. мултикултуралноста го толкува како остаток на поранешниот систем. Од наведените назнаки произлегува дека се, денес, мултикултурализмот во југоисточна Европа мора да се согледа во рамките на правните и политички динамики, темпа, начини на прилагодување на европските структури, и подготовките за изнаоѓање на рамнотежа помеѓу сеќавањата на историјата и институционалните барања кои ги носи иднината.

Нема сомневање дека европските институции се значајни иницијатори за промена на југоситочна Европа, но активноста на европската институција, како и надалеку праќање на постигнатите резултати, претставуваат само неопходен вовед за одржување на различности. Преземањето на европските стандарди претставува само создавање на темели затоа што европските стандарди се воопштени и ја изразуваат општата нормативна основа која мора да се конкретизира во односот на постоечките ситуации. Интеграцијата на малцинствата и со тоа во мултикултурализмот, во смисла на долгорочна коегзистенција и заедничко градење на душтвата се реализира со демократизација на севкупното општество.

## 13.3. ПОЛИТИЧКИ И ПРАВНИ ПРЕЧКИ ЗА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ

За малцинствата политичката репрезентација е од исклучителна важност. За политичката репрезентација се врзуваат многу проблеми. Демократијата не може сама по себе да ги блокира многуте опасности, туку таа мора да се приспособи со посебни корекции. Политичкото учество на малцинствата во конституирањето и вршењето на власта подразбира: вистински изборен систем, вертикална поделба на власта (надлежностите) на различни нивоа и единици. Различните закони го одредуваат прагот на влез во парламентот. Во поголемиот број земји тоа е 5%, што во најголем број на случаеви е недостижно за малцинските партии. Со постоењето на поголем број малцинства со различни ресурси и различна политичка сила, се создаваат можности владеачките политички елити да

инструментализираат елита од едното малцинство наспроти другото малцинство. За положбата на малцинствата и нивната интеграција во поширокото општество мошне е важно дали тие имаат свои избрани претставници во парламентот.

Делотворното учество на националните малцинства, непосредно или преку избраните претставници, што е и содржано во препораките од Линд од 1999 година, а посебно при одлучувањето за пооделни прашања, во државната власт и управа мора да се обезбеди преку соодветните установи. Една од таквите е и советот за малцинства, составен од претставници на малцинствата и други избрани членови, кој повремено се состанува поради разгледување на положбата на малцинствата и спроведување на политика за истите.

За да се воспостави право на влаедеење, власта мора да биде ограничена, а општествена моќ дисперзирана. Политичката власт би требало да биде поделена не само во хоризонтална смисла (законодавна, извршна, судска), туку и во вертикална смисла (со децентрализација, територијална - т.е. регионална автономија, евентуално со федерализација).

Во југоисточна Европа правото на народот за самоопределување се толкува со голема скепса. Имплицитно или експлицитно се сметало дека остварувањето било на кој облик на автономија е предуслов за отцепување или други облици на сепаратизам. Европските институции, како и таканаречениот извештај на Грос[301] од 2003 година во рамките на европскиот совет, појасно отколку поранешните настапи, ја вообличиле можноста за институционализација на малцинската автономија. Извештајот на Грос децидно ја нагвестува институционалната автономија. Денес е невозможно да се каже дека автономиите се вперени против територијалниот интегритет на земјата. На автономијата се гледа како на можен индикатор за стабилност и решавање на спорните прашања, па се толкува како позитивна метода во пребродување на етничките конфликти.[302]

[301] Positive expirience of autonomous regions as a source for conflict resolution in Europe, Doc. 9824, Rapporteur: A. Gross, 2003.
[302] Lošonc, A., 199.

Таквиот став води кон согледување на прашањата во која мерка различни облици на автономија можат да придонесат за интеграција на малцинствата во југоисточна Европа, па на кој начин автономиите можат да допринесат за понатамошна модернизација на југоисточна Европа, а и на кој начин истите може да имаат важна улога во нејзината интеграција. Националните совети претставуваат доволен темел за создавање на автономија или веќе претставуваат одредена институционална форма на автономија. Тие тела ги застапуваат интересите на одредени национални малцинства за прашањата врзани за јазикот, образованието на мајчин јазик, културата и јавното информирање. Државните органи или единиците на локална самоуправа должни се да побараат мислење од овие тела, а на истите би можело да им се довери вршење на одредени надлежности од ова подрачје.

Предмет на вниманието на југоисточна Европа се и односите помеѓу малцинствата и таканаречените матични земји, или попрецизно кажано, односите помеѓу три страни, малцинството, матичната земја и домицилната земја. Според Венецијанската комисија билатералните договори се меродавни инструменти за решавање на проблемите на малцинствата. Тоа секако е ориентација која е нормативна и за југоисточна Европа, затоа што билатералните договори се израз на консензусот помеѓу меродавните партнери, израз на постигнатиот договор помеѓу две земји. Ако се земе во предвид констелацијата во југоисточна Европа, значајно е да се согледаат можностите за повеќе државјанства, кои секако не се нудат како метафизички клуч за решавање на сите проблеми на различностите. Проширувањето на државјанствата е возможно таму каде што постои однос на доверба помеѓу државите.

Бројноста на актуелните малцински проблеми во односите помеѓу балканските народи е последица на историските околности и современите односи, етнонационалната измешаност, поврзување на малцинските со територијалните прашања, како и разнoразниот пристап кон малцинствата. Положбата на малцинствата зависи од тоа дали се истите признати или не, дали се територијално концентрирани или распрснати, дали во соседството ја имаат матичната држава, дали се лојални на државата или имаат сепаратистички идеи, дали се почитуваат само нивните индивидуални или и

групните права, дали имаат културна автономија, дали имаат свои организации, здруженија или установи и дали се во уставот на земјите споменати и како уставот ги одредува нивните права. Сите овие различитости доведуваат до потреба од двоен пристап на малцинското прашање во секоја држава: едниот, единствениот за сите малцинства и произлегува од уставните и меѓународни обврски (недискриминација по било која основа, почитување на човечките права и слободи, вклучувајќи ги и правата на етничките, националните и верските малцинства) и другиот, специфичниот бидејќи претпоставува земање во предвид на сопствените карактеристики на секое малцинство.

Процесот на градење на нација во поглед на светол однос кон малцинствата соочен е со проблематиката на интернационализација на норми и барањата на малцинската политика; разбирањата на малцинската политика како систематски важни; поставувањето на малцинската политика на секојдневно ниво во смисол на севкупниот зафат, што подразбира и изградување капацитети за однос со другите; јакнење на оној дел од политичката, културната и медиумската елита која сфаќа дека третманот кон малцинствата не е внатрешна работа на државата; со совпаѓањето на создавањето на институционални капацитети на државата која ќе може да реагира на негативните ситуации, но и да ги вообличува стратешките задачи.

# 14. РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Многубројните расправи и анализи наведуваат неколку фактори за причините за распадот на Југославија. Тоа се: економската криза; национализмот, културните разлики помеѓу југословенските народи; промените во меѓународната политика; улогата на различните личности во создавањето и уништувањето на југословенската држава; структурно-институционалните причини, како и идеолошкиот аргумент.

Бидејќи распадот на Југославија може да се гледа како ситуација и резултат на повеќе причини, невозможно е истиот да се редуцира на било која од наведените причини, туку потребно е да се согледа во целина и тоа преку перцепција на политичките актери, нивните верувања и интерпретацијата на реалноста, минатото и иднината. Анализата на перцепција мора да биде дополнета со детална анализа на интеракција помеѓу перцепциите (односно релевантните политички актери) како и контекстот во кој се случила таа политичка акција.

## 14.1. ЕКОНОМСКИ АРГУМЕНТ

Економскиот аргумент со кој се настојува да се објасни распадот на Југославија има два аспекти: првиот е фокусиран на проблемите во развојот, а вториот на проблемот на праведноста, односно еднаквоста. Првиот пристап го објаснува распадот на Југославија како крајна последица на економската криза која во втората половина од 70-те години го зафатила Југословенското општество, а Југославија ја направила една од најзадолжените европски земји.[303] Вториот пристап не ја негира важноста на економското задолжување и кризите на развојот, но нагласува дека поважен е проблемот на нееднаквоста помеѓу најбогатите и најсиромашните членови на федерацијата, пред сѐ на Словенија и Косово. Иако е тешко да се класифицираат авторите според идеолошките одредби, општо зборувајќи, може да се каже дека првиот пристап е почест кај

[303] Види Korošić, M., *Jugoslovenska kriza,* Naprijed, Zagreb, 1988.

авторите кои ги заговараат либералните и неолибералните позиции, додека вториот е попопуларен кај неомарксистите и социјалдемократите.

Југословенскиот модел на самоуправниот социјализам во втората половина на 60-те и првата половина на 70-те години бил популарен поради својот полулиберален и економски успешен модел на социјализам кој бил поотворен и поспособен за снаоѓање во пазарните околности од било кој било на социјализам.[304] Привлечноста на југословенскиот модел ја намалила економската криза која во значаен дел била производ на политичките и идеолошките прилики. Кризата на развојот ја довела Југославија во должнички однос, а со тоа ја загрозила и внатрешната стабилност и независноста на земјата во меѓународната политика. Меѓу нив најзначајно место имал ММФ, симбол на западната идеологија и средство за потенцијална експанзија на либерално-демократските идеи во дотогаш не-капиталистичкиот простор. Автори како што е Сусан Вудворд[305] сметаат дека притисокот на ММФ значително ја дестабилизирал политичката ситуација во земјата во првите години по смртта на Тито, неразбирајќи или намерно игнорирајќи ја деликатноста на внатрешнополитичката ситуација во Југославија. Неомарксистичките автори[306] одат и чекор понатаму, објаснувајќи го распадот на земјата исклучиво како намерна акција на западните либерални институции, најнапред ММФ. Помалку радикалните заговорници на економскиот аргумент тврдат дека иако ни ММФ ни економската криза не ја уништиле Југославија, тие овозможиле еконоска нестабилност која водела кон политичка криза. Економската криза им оневозможила на посттитоистичките власти подмирување на незадоволните како што тоа го правел Тито.[307]

Економскиот аргумент има неколку сериозни недостатоци. Кризата во развојот сама по себе не предизвикала нестабилност на политичкото уредување. Поисправно е да се каже дека било токму обратно. Политичката нестабилност довела до криза во развојот. Периодот помеѓу 1972 и 1985 година во политичка смисла (ако се изземе Косово во 1981), бил

[304] Види Horvat, B., *Politička ekonomija socijalizma,* Zagreb, Globus, 1983.
[305] Види Woodward, L. S., *Balkan tragedy,* Washington, The Brookings Institution, 1995.
[306] Види Chossudovsky, M., *How did the IMF dismantled Yugoslavia,* 1999.
[307] Во врска со купувањето на социјалниот мир со премолчена спогодба на врвот и работниците, види Županov, J., *Marginalije o društvenoj krizi,* Zagreb, Globus, 1983.

меѓу помирните и постабилните во југословенската историја. Југославија се соочувала со поголеми политички проблеми и нестабилности тогаш кога била економски најуспешна. Економски најуспешниот период, 60-те години, било и политички најбурно. Успешноста на југословенското стопанство мотивирала многумина да го постават прашањето за праведноста и неправедноста во распределбата на профитот. Главната политичка расправа во тоа време се водела околу прашањето за распределбата на добивката. Протестите во Белград, Загреб и Љубљана го отвориле прашањето за праведноста и еднаквоста на економски план. Социјализмот ветувал еднаквост, а не само економски напредок. Доколку сите подрачја на Југославија економски еднакво напредувале прашањата за еднаквоста и праведноста не би биле толку важни. Додека политичките разлики помеѓу народите и народностите се смалувале, економските разлики помеѓу развиените и неразвиените се зголемувале. Чувството за нееднаквост во политичката, а посебно во економската сфера бил главен мотив за незадоволството речиси во сите составни делови на Југославија од средината на 80-те години па понатаму. Србија секогаш била во конфликт со Хрватска и Словенија околу Македонија и Косово, односно околу прашањата за економска помош, обвинувајќи се едни со други дека парите не одат во неразвиените подрачја, туку дека ги зема другата страна. Нееднаквоста во економската сфера постојано се зголемувала,[308] а прашањето за нееднаквоста и неправедноста го рушело социјализмот и самата Југославија затоа што социјализмот бил втемелен на марксистичката идеја дека политичката еднаквост не е ништо ако не се постигне целосна економска и социјална еднаквост. Најслабата точка на југословенскиот социјализам било Косово, најмногу затоа што не можело да се разбие чувството на растечкото незадоволство и покрај сѐ што се презземало. Иако Албанците имале причини за чувството на нееднаквост и сите останати нашле некоја причина за чувство на нееднаквост во однос на другите. Чувството за нееднаквост во однос на другите во Југославија косовските Албанци ги водел кон идеологија на радикален егалитаризам.

[308] Косово во 1953 година било 3,5 пати послабо развиено од Словенија. После 35 години социјализам во 1989 година разликата била 1:8.

Главните екстремни организации на албанското востание биле инспирирани од екстремно левите и марксистички идеи[309].

Економската теорија на дезинтеграцијата не може да го објасни фактот дека кон крајот на 80-те најразвиената Словенија и најнеразвиеното Косово имаат ако не иста тогаш мошне слична политичка позиција во однос на опстанокот на Југославија. Според економската логика, земја која најмногу профитира, чиј економски статус е најдобар, треба да биде најмалку заинтересирана за нестабилност и распад на политичкиот и економскиот систем[310]. Словенија била подготвена да влезе во било каков ризик и е било каква неизвесност за да се одвои од Југославија во која економски, политички и културно просперирала. Сите републики од поранешна Југославија биле подготвени по секоја цена да ја исправат политичката неправда и егзистенцијалната загрозеност. Пример за малата вредност на економскиот аргумент нуди еден од сведоците на политичките случувања во почетокот на 90-те, тогашниот македонски претседател Киро Глигоров. Непосредно пред војната странските политичари на претседателите на републиките им понудиле голема финансиска помош ако постигнат спогодба која би ја спречил војната. Киро Глигоров, еден од учесниците на тие разговори, наведува дека се работело за 5,5 милијарди долари и за ветување дека Југославија набргу би можела да стане член на ЕУ[311]. Парите не можеле да ги предомислат претседателите Кучан, Туѓман и Милошевиќ, но и оние кои за нив гласале и кои доброволно се изложиле на најголемиот познат ризик како би ја оствариле слободата и правдата, онака како што ја гледале.

[309] Maliqi, S., *A Demand for a New Status: The Albanian Movement in Kosova,* 1998, 207-38. Во Veremis, T., and Kofos, E., (ed): Kosovo: Avoiding Another Balkan War, Athene, 1998.
[310] Словенија во Југославија ја подобрила не само својата економска позиција (степенот на развиеност од 153% во однос на југословенскиот просек во 1953 година, зголемен е на 210% во 1989 година), туку и политичкиот статус. Никогаш порано Словенија немала таков степен на самоуправа и заштита, економски развој и зачувување на националниот идентитет како во последните 15 години пред распадот на Југославија. Уставот од 1974 година толку бил во согласност со словенските национални интереси така што тие биле незаинтересирани за било каква промена на Уставот, дури и по цена на продолжување на економската криза која ја поттикнала децентрализацијата, и политичката независност на земјата која ја загрозувала независноста на земјата. Сепак, во 1987 година, јавното мислење по прв пат искажало надеж дека словенските интереси би биле подобро заштитетни надвор од Југославија.
[311] Интервју со Киро Глигоров од Весник, 20.1.1997 година.

Распадот на Југославија не бил нужна последица на економската криза, ниту бил логично случување од гледиште на економскиот или кој било друг интерес на кој било од нејзините составни делови. Според тоа, кога Југославија се распаѓала таа всушност излегувала од економската криза.[312] Кризата во 70-те и 80-те години не била решена со приватизација како во Велика Британија, туку довела до уште поголемо задолжување. Најголемиот проблем кој Југославија не можела да го реши бил идеолошкиот. Економската криза го помогнала падот на социјализмот пред сѐ затоа што била пречка во настојувањето да се намали чувството за нееднаквоста и неправедноста. Тие две клучни, но изневерени идеи на социјализмот станале главни барања на новите протести против оноја форма на социјализам кој се развил во Југославија. Како алтернативен облик социјализмот не бил возможен, идејата за егалитаризам, праведност и еднаквост нашла своја закрила во национализмот, сеопфатната, предполитичка и соединувачка доктрина.

## 14.2. НАЦИОНАЛИЗАМ

Национализмот е предполитичка и/или надполитичка (државотворна) доктрина чиј главна цел е создавање и/или зачувување на национална држава. За да се создаде национална држава и/или истата да се сочува битно е чувството за припадност на нацијата и државата. Во последните години во публикациите кои се занимаваат со национализам се почеста е употребата на термините национализам и етнонационализам,[313] како ознаки за овие два различни типа национализам. Последниот половина век, се одржува идеја за регионална застапеност на два поима на нација на кои им одговараат два поима за национализам. Кон[314] разликува западно-европски и средно и источноевропски поим за нација, при што

[312] Владата на Марковиќ ја намалила месечната инфлација од 56% на крајот на 1989 година на 17,3% во почетокот на 1990 година, а во третиот месец од 1990 истата се спуштила на 2,4%. Девизните резерви се зголемени за 5,4% кон крајот на 1989 година на 8,5 милијарди во март, според Pleština, D., *From Democratic Centralism to Decentralised Democrasy?* во Allock, J., *Yugoslavia in Transition*, New York and Oxford, 1992, 125-68.

[313] Види Connor, W., *Ethnonationalism. The quest for Understanding*, Princeton, Princeton University Press, 1994

[314] Види Kohn, H., *The idea of nationalism. A study of its origin and background*, New York, Macmillan, 1994.

првиот е близу до политичкиот поим, а вториот до поимот за културна нација. Ј. Хатчинсон[315] исто така смета дека во западна Европа, од една, и средно и источно-европските простори, од друга страна се сретнуваат два типа нација: граѓанска и етничка. Првиот ја промовира автономната држава со рамноправни граѓани; а во другиот нацијата е инцијално конципирана како историски и културен индивидуалитет „кој мора да се сочува или оживее“.

На трагата на речената регионална дистрибуција на два основни поими за нација Х. Арендт[316] мисли дека на граѓанскиот т.е. западно-европскиот поим за нација му одговара тип на национализам кој таа го нарекува шовинизам, додека поимот трибален национализам означува национализам кој се јавува во рамки на етничкиот поим за нација, а тоа значи на средно и источно-европските простори.

Која е основната разлика помеѓу национализмот и етнонационализмот? Национализмот и етнонационализмот се разликуваат првенствено по односот кон поединецот, од една, и нацијата, односно државата, од друга страна. Национализмот би ја ограничил моќта на властите и би ги осигурал граѓанските права, индивидуалната слобода и автономијата. Етнонационализмот пак ја става нацијата над интересите и правата на поединецот. На првиот му се важни достоинството и среќата на поединецот, а на вториот моќта на нацијата. Првиот би воспоставил и би ја одржал слогата и братството помеѓу сонародниците, додека вториот се восхитува на силата, и порано или подоцна, доведува до судир помеѓу етно-националните групи. Првиот се залага за среќа, додека вториот го жртвува поединецот. На првиот целта му е поединецот да се ослободи од потчинетоста, робување на авторитетот и го афирмира самопочитувањето на поединецот, додека другиот сака да го потчини поединецот на таканаречената колективна волја.

Силата на национализмот е во неговата внатрешна плуралност, во неговата способност да вклучи либерални, социјалистички, конзервативни и други вредности, па да ги поврзе и усмери кон една цел - создавање и зачувување на национална држава. Заговорниците на националниот

[315] Види Hutchinson, J., *Modern nationalism*, London, Fontana, 1994.
[316] Види Arendt, H., *The origins of totalitarianism*, New York, Harcourt., 1951.

аргумент[317] истакнуваат дека национализмот во Југославија бил силен и дека имал два облика: сепаратистички и унитаристички. Додека првиот инсистирал на создавање на нови држави (или обновување на старите) на тлото на Југославија, вториот се залагал за создавање и јакнење на југословенската нација и на Југославија како национална држава. Историјата на Југославија е историја за судирот помеѓу сепаратистичкиот и унитаристичкиот национализам[318]. Тоа бил судир за како да се дефинираат нацијата и државата, а посебно како да се дефинира односот на постоечката држава (Југославија), и нејзините нации (нација) во трансформација. Тој судир на крајот и ја растурил Југославија. Темелот на националното прашање бил, дали на југословенскиот простор постои еден народ или повеќе народи. Унитаристичкиот национализам бил потискуван и обесхрабруван со акциите на политичката елита. Во пониските социјални слоеви на општеството постоело силно чувство и на југословенскиот идентитет и на посебниот (сепаратен) идентитет на посебните нации. Национализмот од двата типа бил третиран како антисоцијалистичка доктрина, па истиот е потискуван од јавната сфера. Но токму затоа што бил сметан за една од главните опасности за социјализмот, истиот станал сериозна и силна алтернатива на социјализмот. Социјализмот бил противник на национализмот бидејќи бил противник на националната држава. Во социјалистичка Југославија, унитаристичкиот национализам бил ослабен поради идеолошкиот карактер, според кој тој бил главна опасност, и во практична и во идеолошка смисла од сепаратистичкиот национализам[319]. Бакариќ верувал дека судирот се базира на прашањето кој тип на социјализам да се развива во Југославија, а не дали Југославија ќе опстане. Главниот судир во Југославија кон крајот на 80-те години бил судирот помеѓу бакариќевците (бранители на уставот) кои не сакале никакви промени на Уставот од 1974 година, и анти-бакариќевците (уставореформатори) кои се залагале за промени кои би довеле до создавање

[317] Moore, M., (ed), *National Self-dermination and secession*, Oxford, OUP,1998.

[318] Wachtel, A. B., *Making a Nation. Breaking a Nation*, Stanford, 1998.

[319] Таквата позиција експлицитно ја формулирал Бакариќ во говорот на Десетата седница ЦК СКХ, 1970 година сметајќи дека националистите (т.е. сепаратистите) неможе да формираат влада, а унитаристите можат. Според Tripalo, M., *Hrvatsko proljeće*, Zagreb, Globus.1991.

на југословенска нација. Банац[320] смета дека националното прашање настанува од нееднаквата политичка структура и целите на различните национални идеологии кои настанале внатре во политичката култура на секоја национална група.

Согледувајќи го национализмот и распадот на Југославија потребно е да се напомене дека се работело за повеќеслоен судир со повеќе димензии од кои најзначајни се: судирот на различни типови социјализам (државен и антидржавен); судирот на различни типови национализам (унитаристички и сепаратистички) и судирот помеѓу државниот социјализам и сепаратистичкиот национализам. Со сето тоа судирот имал и димензија на противење на демократските промени на државно ниво поради страв од создавање на југословенски народ.[321] Национализмот бил важен фактор, пред сѐ како главна алтернатива на социјализмот, а потоа и како составен дел на новата реторика која ги создала пост-југословенските држави. Пристапот кој заговара национализам го занемарува фактот дека насилниот национализам можел да успее само затоа што комунистичките елити тргнувајќи од идеологијата за умирање на државата, ја ослабеле истата до степен во кој таа станала неспособна да реагира. Самоуправувањето се повеќе ја слабеело централизираната држава. Тоа слабеење е главна причина за нејзиното распаѓање. Тоа посебно се однесува на периодот по 1974 година кога Југославија престанала да биде (барем идеолошки) заедница на јужните Словени и станала самоидеолошки проект. Кризата на единството имала извор во таа причина - наместо да зависела од стабилните етнички елементи, сега се повеќе зависела од еден елемент: самоуправната идеологија која и самата била во криза. Да не било така, распадот на Југославија нужно не би го следел падот на идеологијата. Можеби тоа навистина и би се случило доколку крајот на СКЈ воедно не значел и крај на Југославија, затоа распадот на идеологијата повеќе ја погодил Југославија одколку другите социјалистички земји. Партијата во сите социјалистички земји била најважен фактор, така што морала да

[320] Banac, I., *The National Question in Yugoslavia*, Cornel University Press, 1984.

[321] Според пописот од 1991 година на просторот на Југославија живееле 714 000 Југословени. Тоа е значаен пад во однос на 1981 година кога биле повеќе од 1 200 000. Најголем број Југословени забележан е во Хрватска каде во 1981 година сочинувале 8,2%, а во 1991 година 2,2%.

остане централизирана и соединета додека државата можела да биде федерализирана. Најголема одговорност за парализирањето на државата, неможноста народот да се конституира и сведувањето на идентитетот на идеологија имала југословенската политичка елита,[322] или Југославија е скршена од внатре.[323] По 1974 година југословенските системи се децентрализирани и создадени се посебни национални системи - од образование и култура, до полиција и војска. Во јавната сфера национализмот бил подпомогнат со промоција на антидржавен концепт, така што идејата за јака држава се јавила како антипод на социјалистичката идеја за изумирање на државата. Целта на социјализмот е создавање на држава како инструмент за класно владеење, додека целта на национализмот е создавање и/или јакенење на националната држава.

Вообичаени и погрешни се тврдењата дека во социјализмот цивилното општество било слабо, а државата јака.[324] Во југословенскиот самоуправен социјализам општеството било појако од државата во умирање. Постоењето на работнички совети, граѓански општества и сојузи било доказ за постоење на значајна мрежа со која е испреплетено општеството во Југославија. Веќе кон средината на 80-те повеќето весници, културни институции, медиуми и издавачки куќи, посебно академиите на науките и друштвата на просветителите биле во рацете на некомунистичките поединци. Партијата која била вистинско средиште на политичка моќ станала дебатен клуб, а државата се повеќе слабеела.

Југославија во уште една важна смисла се разликува од другите социјалистички земји. Знаејќи дека другите земји биле под влијание на СССР, барањето за воспоставување на држави било барање за воспоставување домашни држави, т.е. со ослободување од страна на властите. Советскиот Сојуз бил виновен за се. Недостатокот на надворешен непријател и патрон за Југославија се покажал како неповолна околност. Бидејќи по 1974 година целиот идентитет на Југославија бил дефиниран околу централната идеја, а не околу етничките сродности,

[322] Goati, V., „What if they will not give up?", *East European Politics and Society*, vol. 9, no 3, 1995, 499-512.

[323] Perović, L., „Yugoslavia was defeated from inside", *Praxis International*, Vol. 13, 1993, 422-427.

[324] За теоријата од цивилното друштво види Križman, M., „Civil Society, a new paradigma in the Yugoslav teoretical discussion", *Praxis International*, vol 9, 1989, 152-63.

отфрлањето на социјализмот ја испразнило идејата за какво било влијание на Југославија. Одеднаш станало невозможно да се сочува Југославија, а да се отфрли идеолошкиот нарав на кој таа се темелела. Воспоставувањето на ново единство барало нов метод кој би го објаснил опстанокот на нова Југославија. Тоа значело поставување на националното прашање како централно, но тоа било последица на распадот на идеолошкиот консензус на кој се темелело југословенското единство, а не причина.

Можно е да се заклучи дека национализмот не ги уништил социјализмот и Југославија, туку се појавил како алтернатива на социјализмот во моментот кога тој се уништувал од внатре. Националното прашање го поставило пред-политичко, т.е. државно прашање над сѐ. Социјализмот е срушен од внатре со сопствена идеологија која го следела умирањето на државата.

## 14.3. КУЛТУРЕН АРГУМЕНТ

Културалните и интелектуални елити имале значајна улога и во создавањето и во уништувањето на Југославија. Културалниот аргумент тврди дека неактивноста на југословенската идеја била главна причина за распадот на Југославија. Југословенството започнало како националистичка идеја за создавање на национална држава, а подоцна се претворила во идеја на мултикултурализам, т.е. антинационалистичка идеја за соработка помеѓу сличните, но сепак одвоени народи. Културниот аргумент, раширен во постмодернистичките интерпретации на политичките случувања, ја нагласува важноста на интелектуалната елита за опстојување или исчезнување на нацијата. Југословените биле Југословени само тогаш и додека делеле наратив за југословенството, за југословенската идеја. Тогаш кога престанале да веруваат во неа југословенската нација исчезнала бидејќи уништен е концептот за југсловенство.[325] Голема популарност внатре во поранешна Југославија и надвор од неа стекнале специфичните подгрупи на културалниот аргумент.

[325] Види Wachtel, A. B., *Making a Nation. Breaking a Nation*, Stanford., 1998.

Прва е тезата на Самјуел Хантингтон[326] за судирот помеѓу цивилизациите, а втората се подпира на Миловиот[327] заклучок дека претставничкото владеење е можно само кога постои чувство на народност. Културните разлики претставуваат сериозен проблем за создавање на тоа заедничко чувство.

Идеологијата исто така имала големо значење во процесот на распаѓањето на Југославија. Сите три социјалистички федерации од источна Европа се распаднале со падот на социјалистичката идеологија (Југославија, Советскиот Сојуз, Чехословачка). Меѓутоа, другите повеќенационални земји не го следеле тој модел (Белгија, Канада). Зошто социјалистичките федерации се распаднале, а земјите втемелени на идејата за либерална демократија не? Либерално-демократските држави никогаш не дозволувале неказнето да се кренат побуни против нив, ниту да се организира граѓанска војна, наспроти државата од умирање, Југославија во која самоуправниот концепт со средишна идеја за децентрализација и рушење на одбраната, биле главна причина за неефикасност на југословенската војска и полиција во спречувањето на војната. ЈНА може да се посматра како фактор за насилно распаѓање. Доколку не постоела ЈНА државата можеби би се распаднала по мирен пат како Чехословачка. Распаѓањето на Југославија означило и крај на големиот извоз на оружје. Од друга страна, државата во умирање пропуштила да воспостави единствен образовен систем, да основа единствена југословенска телевизија. Сето тоа го имале Белгија, Канада и Швајцарија кои не се плашеле од единството и не го прогласувале за унитаризам. Причината поради која тие држави опстанале, а Југославија не е во тоа што самиот социјалистички концепт на државата бил антидржавен, и го прогласил унитаризмот за главна опасност.

Сепаратизмот не е нужна ни неизбежна опција за народите во повеќе националните држави, иако полесно е да се промовира во повеќенационалните држави. Иако се претставувал како проевропски и продемократски, сепаратизмот кај малите југословенски народи кон крајот

[326] Види Huntington, S., *The Clashes of Civilisation and Remaking of the World Order*, New York: Simon and Schuster, 1996.
[327] Види Mill, J. S., *Considerations on Representative Government*, London, Longman, 1865.

на 80-те години според Гиденс бил израз на антиглобалистичките трендови, спротивен на современите тенденции во европа и во модерната либерална демократија.[328] Тие успеале само затоа што наспроти нив стоела слаба држава во умирање, компромитирана како комунистичка и затоа без изгледи да биде поддржана од Запад.

## 14.4. АРГУМЕНТ НА МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИТИКА

Значаен број на автори тврдат дека Југославија е создадена и обновена благодарение на големите сили, така што за цело време постоењето на меѓународниот фактор имал пресудна улога. Југославија се опстанувала благодарение на постигнатата рамнотежа помеѓу два воени блока. Нејзината неврзана политика била ако не главна, тогаш сигурно важна причина за опстанокот на земјата, така што постоењето на два идеолошки блока било главна причина за стабилноста и опстанокот на земјата. Според тоа јасно е дека крајот на Студената војна ја дестабилизирала Југославија. Земјата повеќе немала надворешни непријатели кои би помогнале внатрешните разлики да се маргинализираат и истите да се направат второстепени. Требало да се најдат внатрешни извори на стабилност и единство. Второ, Југославија ја изгубила важноста која ја имала за време на Студената војна. Тоа маргинализирање на Југославија се случувало постепено (најнапред заради економската поврзаност со запад, потоа заради смртта на Тито, а исто така и заради развојот на нуклеарното и далекуцелно наоружување, посебно од 1982 година), но кулминирало со падот на социјализмот во источна Европа. Авторите кои го заговараат овој пристап се критички расположени кон Западот поради големите грешки во проценките, игнорирањата и последиците поради неразбирањето на важноста и причините за југословенскиот проблем.[329] Југославија беше жртва на падот на Берлинскиот ѕид и западните неразбирања. Таа неадекватност се гледа во несакањето на Запад да ги поддржи економските реформи на Анте

[328] http://www.lse.ac.uk
[329] Види Woodword, S., *Balkan Tragedy*, Washington, The Brookings Institution, 1995.

Марковиќ. Економскиот притисок на Југославија во првата половина од 80-те години ја направил Југословенската елита неефикасна во своите основни функции.[330]

Пристапот кој инсистира на меѓународни фактори тврди дека тој надворешен притисок (од страна на ММФ) само ја зголемил економската криза, која потоа произвела уставна криза. Југославија не се распаднала ниту поради омразата помеѓу народите, ниту поради уривањето на некоја политичка диктатура туку поради тоа што дошло до распаѓање на меѓународното уредување кое силно влијаело на единството во земјата. „Клучна за тој распад била надворешната промена".[331]

Иако меѓународниот фактор секогаш имал значајна улога во југословенската политика, сепак не смее да се претерува во нагласување на неговата важност во последниот период пред распадот на Југославија бидејќи тој не бил од одлучувачко влијание на случувањата во Југославија. Промените во источна Европа не се видени како закана туку како дефинитивно советско признание дека Југословените (т.е. Тито) биле во право кога тргнале по својот пат. Исто така распадот на земјата не бил последица на диктатот од страна на ММФ во првата половина на 80-те години на Југословенската политичка елита. Партискиот врв ги блокирал последните четири влади во обидот за спроведување на сериозни економски реформи, односно децентрализација на економскиот систем. Иако не се достапни сите документи со голема сигурност може да се каже дека ниту исток ниту запад не посакувале распад на Југославија бидејќи на никој во регионот не му одговарала нестабилност во реонот.[332] Нејзините непријатели биле внатре во границите и Југославија била поразена од внатре, а не од надвор.[333]

[330] Види Zimmerman, W., *Origins of catastrophe*, New York, Random House 1996/7.
[331] Woodword, S., *Balkan Tragedy*, Washington, The Brookings Institution, 1995, 22.
[332] Види Tomlinson, R., *The big breach*, Edinburgh, Cutting Edge, 2001.
[333] Lukic, R., and Lynch, A., *Europe from the Balkans to the Urals*, Oxford: OUP; Perović L., „Yugoslavia was defeated from inside", *Praxis International*, 1993, vol. 13, 442-7.

## 14.5. АРГУМЕНТ НА УЛОГАТА НА ЛИЧНОСТ

Авторите кои ја нагласуваат важноста на Тито тврдат дека неговата моќ била голема и дека тој бил единствен творец на одлуките и вистински суверен на Југославија, самиот тој бил држава.[334] Титовата политичка формула се базира на самоуправување (во економијата), братство и единство (во националната политика), како и немешање (во надворешната политика). Детитоизацијата на Југославија започнува со Уставот од 1974 година, а продолжува во потполност по неговата смрт бидејќи доаѓа до промени на уставно и институциско ниво. Последната институција на сојузната држава, симболот на југословенското единство и врховен судија во политичките судири исчезнува во 1980 година. Не постоело ништо што би ги поврзало уништените врски помеѓу републиките. Главна грижа на југословенските политичари била спречување на појавувањето на некој нов Тито. Авторите како Иван Вејвода[335] со право гледаат на Милошевиќ како на личност која сакала да го замени Тито, освојувајќи ја власта која тој ја остави. Додека Тито бил наднационална и надполитичка фигура, Милошевиќ е дефиниран како српски политичар, кој ја уништил кревката рамнотежа која ја воспоставил Уставот од 1974 година, изразита нефлексибилност и неочекувана тотална флексибилност, што претставува главна причина за распадот на Југославија. *„Доколку Милошевиќ не се појавил како Дуче, Југославија можеби по крајот на геополитичката поделба на Европа, на исток и на запад, би станала асиметрична федерација или конфедерација"*.[336] Важно е да се напомене дека ниту Броз ниту Милошевиќ не биле диктатори кои владееле без прилагодување со други елитни членови или без какво и да е разбирање за волја на значајни дела на популацијата. Тие се резултат на трендовите во југословенските општества. Нивните успеси и неуспеси не се само резултат на нивните способности и неспособности туку и дело на околности во кои делувале. И Тито и Милошевиќ биле производ, а не само креатори на политички

[334] Види Tepavac, M., *Tito: 1945-1980*, во (ur) Udovički, J., and Ridgeway, J.,*Burn this house*, 67-79, Durham and London: DUP, 1997.
[335] Vojvoda, I., „Yugoslavia nad the empty space of power", *Praxis International*, 1993, vol 13, 64-79.
[336] Lukic, R, and Lynch A., *Europe from the Balkans to the Urals*, Oxford: OUP, 1996, 16.

трендови. Најважни фактори кои имале пресудно влијание во Југославија, посебно пред 1990 година биле елитите, но нивните акции биле резултат на интеракција помеѓу идеолошкиот дискурс кој го следеле и историскиот контекст во кој се нашле.

## 14.6. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН АРГУМЕНТ

Главната идеја на институционалниот аргумент е распадот на Југославија поради сетот на институционални правила кои оневозможувале воспоставување и функционирање на единствена држава. Најчести се два пристапа во рамките на тој аргумент. Првиот смета дека Уставот од 1974 година со своите комплицирани одредби, а кои се со поглед на либерално-демократска анализа се потполно нерационални, и тоа е главна причина за распадот на Југославија.[337] Новиот Устав овозможил создавање на „институционални лаѓи“,[338] кои станале институционални бази за создавање на автономни подрачја, а подоцна и независни држави. Уставот го оневозможил функционирањето на сојузните органи со парализирање на процесот на одлучување и со отстранување на вистинските сојузни надлежности, па ја помогнал дезинтеграцијата со двосмислени формулации овозможувајќи им на сепаратистите да се повикуваат на неговите одредби, пред се на оние за самоопределување на народите, и сувереност на републиките. Вториот клучен институционален фактор биле изборите во 1990 година. Линз и Стефан[339] сметаат дека една од главните причини за распадот на Југославија била одлуката прво да се организираат републички избори, а сојузите да се остават или за крај или воопшто да не се одржат.

Критичарите на Уставот и редоследот на изборите не земаат предвид дека институционалните и конституционалните фактори не се автохтони туку се резултат на политичките прилики, волјата и разните компромиси во моментот кога истите се формулирале. Уставот бил резултат на компромисот помеѓу Тито и регионалните елити, производ на

[337] Види Dimitrijević V., *Sukobi oko Ustava iz 1974*, во (ur) Popov N., *Srpska strana rata*,1996, 447-71, Republika, Beograd; Hayden R., *Blueprints for a house divided*, Ann Arbor, UMP,1999.
[338] Види Bzezinski Z., „Post-Communist Nationalism, во *Foreign Affairs,* LXVIII, no.5, 1989-90.
[339] Види Linz J., Stephen A., *Problems of Democratic Transition and Consolodation: Southern Europe, South America and Post-comunist Europe,* John Hopkins University Press, 1996.

политиката која претставува интеракција на разните субјективни позиции во контекст во кој се случува. Сабрина Рамет[340] смета дека „рамнотежата на властите" се одразила на судбината на поранешна Југославија. Сојузот на Комунистите во 70-те годинин станал децентрализирана конфедерација на републичките и провинциските организации. Југославија се распаднала бидејќи не успеала да го реши проблемот на легитимација, да најде политичка формула која ќе влијае на одлучувањето на мнозинството нејзини граѓани.

Анализирајќи го искуството и причините на различниот резултат на дезинтеграција на југословенскиот, советскиот и чешко-словачкиот федерализам, Валери Бунс[341] нагласува дека федералната структура била најважна причина која довела до распаѓања бидејќи еднопартискиот федерализам во социјалистички контекст создал прото-нации и прото-држави. Дезинтеграцијата се одиграла „затоа што политичко-административната структура на овие федерални држави била заснована на единиците кои биле одредени со етно-територијалните категории".

Кога е откриено дека еден од најзначајните проблеми е односот помеѓу националностите, целиот концепт на федерализмот е потчинет на решавање на проблемите помеѓу националностите, притоа повеќе обрнувајќи внимание на републиките и покраините, а помалку на народите и народностите. Во борбата за власт дошло до трансфер на власта од центарот во неколку други центри.

Важни делови на некогашниот аранжман ги изгубиле своите најважни потпирања: водечката улога на СК, како и културата на толеранција која е потполно уништена во овие воени години. По војната, правото морало да превземе многу поголема и посеопфатна улога во друштвеното регулирање, посебно во интегрирањето на норми кои се неутрални во односот на групите со групно - специфичните норми.[342]

[340] Види Ramet, S., *Nationalism and Federalism in Yugoslavia, 1962-1991*, Bloongton, Indiana, University Press, 1992

[341] Bunce, V., „The Yugoslav Expirince in Comparative perspective" во Bokovoy, M., *State-Society Relation in Yugoslavia 1945-1992*, New York, st. Martin Press, 1997, 354.

[342] Види Varady, T., „O mogućnostima za etnokulturnu paravdu u Centalnoj i Istočnoj Evropi", во зборник (ur) Kymlicka, W., & Opalski M., *Može li se izvoziti liberalni pluralizam,* 136, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002.

Некои од истражувачите[343] проблемот на распадот на Југославија го гледаат во релацијата на конфликтот помеѓу центарот и периферијата, како и конфликтот кој произлегувал од барањето периферииите да создадат нов центар, нови централни институции или да добијат контрола над постоечките централни институции. Тој процес започнал во текот на 80-те, во време на слабеење на актуелните федерални институции.

Проблем на некои од аргументите е што го занемаруваат субјективното, додека други ја занемаруваат интеракцијата помеѓу повеќе субјекти и/или помеѓу субјективниот и објективниот фактор. Тие ја занемаруваат врската помеѓу таканаречениот објективен фактор и перцепцијата на тие фактори (т.е економските кризи, културните поделби, меѓународната политика) каква што имале самите политички актери. Другите пристапи ја занемаруваат важноста на контекстот и долготрајните (таканаречени објективни) фактори во политиката. Тоа е втора крајност која треба да се отстрани во разбирањето за политичките прилики. Југословенскиот случај покажал дека нема никакви фиксни и засекогаш дадени социјални групи и национални интереси, туку идентитетот на социјалните групи и дефиницијата на националните интереси се подложни на промени, во зависност од тие кои ги втемелуваат и околностите во кои се наоѓаат социјалните групи, нациите и државите. Често пати обидот за спречување на распадот на Југославија било повикување на заштита на малцинствата.

Целата идеја на комунистичката партија станала авангардна идеја која ја знае и ја гледа иднината. Партијата била претставник на таа визија, на иднината, идеалниот свет кој допрва треба да се створи во реалноста. Контекстот во кој се случувала акцијата на југословенските комунисти бил главна причина за нивниот неуспех.

Потребно е да се напушти идејата за постоење на еден, пресуден и доминантен фактор кој довел до распад на Југославија бидејќи тој распад има своја предисторија и свој контекст и истиот не настанал одеднаш. Бидејќи во процесот на распад на Југославија политичките елити биле главни фактори, секоја анализа на тој процес мора да биде фокусирана на

[343] Види Fisher, O., *Transition and Disruption: The Yugoslav Case in Comparative persective*, University of Stratchlyde, Glasgow, Bacconi University, Milan, 2001.

нив, нивните стремежи и делувања. Единствен начин да се разбере распадот на Југославија е анализа на намерите (идеологиите, верувањата) и делувањата (политиките) во контекст во кој истите се случиле (меѓународниот, домашниот, но и културниот, економскиот и воениот).

## 14.7. ЗАШТИТА НА ЕТНИЧКИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА

Југославија имала троен систем на колективни, национални права и тоа: народи на Југославија (Хрвати, Словенци, Срби, Македонци, Црногорци и Муслимани - од кои секоја имала своја република); народности, на кои им биле гарантирани широки јазични, културни и политички права. Најбројни народности биле Албанците и Унгарците сконцентрирани на Косово и Метохија, и на Војводина, потоа Бугари, Чеси, Романци, Руси, Словаци и Турци; други народности и етнички групи, Австралијанци, Грци, Полјаци, Роми, Руси, Власи, Украинци.

Уставот од 1974 година не наведува разлика помеѓу народностите и етничките групи. Изгледа дека во прашање било политичкото исполнување и конституираноста на националната свест на групите. Во категоријата на етнички групи се вмешани и таканаречени мали малцинства (Грци и Жидови) но и таканаречени големи малцинства (Роми, Власи, Украинци, Германци)[344]. Консеквентните именувања со помош на овие категории биле воочливи. Народностите во политичка и идеолошка сфера во многушто биле приближени кон народите. За етничката група тоа значело оддалечување од политичкото влијание.[345]

Стандардот на малцинските права бил релативно висок. На уставно ниво заштитата на малцинствата е опфатена во многу полиња (образование, информирање, политичко претставување до широки и административни и политичко територијални автономии). Покрај тоа постоело и особено идеолошко „заштитно поле“, поле на малцинствата под

[344] Vukas, B., *Etničke manjine i međunarodni odnosi*, Školska knjiga,1978, 54, 55.
[345] Poulton, H., *The Balkans, Minorities and States in conflict*, Minority Rights Group, London, 1991, 5.

закрила на братството и единството, односно националната рамноправност.[346]

Малцинствата имале широко подрачје на територијална автономија кои малцинствата во голем број ги претставувале во облик на автономни покраини. Јазикот на малцинствата бил не само службен јазик на автономната единица, туку бил во слободна употреба на територијата на целата држава и во федералните институции. На пример Членовите на сојузното собрание имале право да зборуваат на јазикот на малцинствата.[347]

Се до доцните 80-ти изгледало дека уставно-политичкиот компромис воспоставен во 1974 година темелно е добар начин за уредување на меѓуетничките односи. Иако повремените етнички судири не го доведувале во прашање само постоењето на поранешна Југославија, туку неповолно влијаеле и на процесот на демократизација. Процесот на распаѓање на Југославија, посебно структурите на федералниот центар на власта, најнепосредно се одразил на статусот на малцинствата бидејќи овој центар на власт бил важен за нивна заштита. Од тогаш моделот на политичка доминација на малцинствата ги потиснува етничките малцинства кој со текот на времето доведува до отфрлање на соработка и заеднички живот со другите. Во 1989 година во потполност паѓа моќта на федералниот центар во настојувањето да го заштити загрозениот уставен систем, а националните елити се неспособни да пронајдат политички консензус за воспоставување нов уставен систем. Една од причините за нестабилноста не е постоењето на малцинства, туку непронаоѓањето вистински облик за решавање на интеретничките односи, како и вистински однос помеѓу правата на малцинствата и слободите и правата на граѓаните, поединците. Уставниот развој на поранешна Југославија е обележен со големо собирање на правата на народите како колективитет, и нивните меѓусебни односи. Тоа водело кон занемарување на положбата на поединците како носители на граѓанските, политичките и други права и слободи, но во тие

[346] Заедничко на идеолошките малцинства (владеачката елита) и националните малцинства или малцинските делови на југословенската нација е непостоечкото чувство на малцинство, а тоа и тие самите не сакале да го прифатат.

[347] Види Dimitrijević, V., *Nationalities and minorities in the Yugoslav federation*, во Dinstein, Y., *The protection of Minorities nad Human Rights,* Dordrecht, Martinus, Nijhoff, 1992.

80-ти години се развивала и културата на индивидуализмот. Поранешна Југославија била заедница во која основно мерило бил надиндивидуалниот колективен (најпрво класен, а потоа национален) интерес. Суштината на кризата на легитимитетот била во тоа што таа била заедница која никогаш до крај не била конституирана. Тоа била заедница во постојана потрага за легитимитет.

Со почетокот на процесот на политичка плурализација доаѓа до ослободување на потиснатите манифестации на посебностите на етничките групи. Социјалистичкиот монопол се заменува со националистички, а систематската пропаганда настојува да ја интезивира националната хомогенизација, да ја зајакне недовербата, непријателството и судирите. Позади сето тоа стоеле политички елити водени од идејата за национално општество. Политичките елити во национализмот побарале нова легитимациска основа на веќе зајакнатиот републички полицентричен етатизам. Настојувале да изградат држава на владеачки етнички заедници во кои малцинствата би биле сведени на граѓани од втор ред.[348] Настанувањето на нови „недовршени" национални држави[349] темелно го менува политичкиот и правниот систем (државјанството, правото на владеење, правото на наследство) посебно на припадниците на таканаречените нови малцинства. Одговор на таквата политика елитата наоѓа во затварање во спостветните етнички граници и во приклучување кон „политиката на Европа", односно во матичната држава. Тоа настојување е насочено кон одбрана на „стекнатите права" за да се воспостават „поголеми" барања за заштита од национализмот и од недемократичност на малцинствата. Војната доведува до ситуација внатре во границите на поранешните југословенски републики кои се меѓународно признати како граници на новонастанатите држави да создаваат малцински

[348] Denich, B. at Round table on Nationalisma and Etnic Particukarism, Tikkun, Volume 7, Number 6, New York, November/December 1992.

[349] Овие држави се наслонувале на етнонационалистички, а не на граѓански принцип.. Демократијата се идентификувала со национализмот кој тежи кон централизација и сеопфатна унификација. Уставните и законодавни системи ги потврдуваат привилегиите на припадниците на одредени етнички заедници во однос на другото население во државата или поинаку речено воспоставени се механизми на институционална нееднаквост на националните малцинства. Бидејќи основата на суверинитетот на етничките заедници, признавањето на малцинствата и нивните права се гледа како елемент за нестабилност на системот. (Hayden, R., „Constitutional Nationalism in the Formeru Yugoslav Republics", *Slavic Review*, Stanford, CA, Winter 1992, pp. 654-656)

територијални политички целини кои се сецесионистички во однос на власта на тие држави и кои за себе го бараат истото тоа право по кое мнозинството дошло до своја држава, а тоа е право на самоопределување до отцепување.

# 15. ЛИБЕРАЛНИОТ ПЛУРАЛИЗАМ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Новонастанатите држави во југоисточна Европа се стремат кон решавање на политичките проблеми по пример на западната демократија, иако е тешко имплементирањето на политичките институции на една земја во друга, особено кога земјите имаат различни историски и економски услови. Основните принципи на граѓанските и политичките права кои ја следат западната демократија се владањето на правото, граѓанските слободи, слободата на изразување, слободата на совеста, *habeas corpus*, слободни избори и општото право на глас. Заштитата на овие права и слободи кои се однесуваат на поединците е дел на самата дефиниција на либералната демократија.

Иако поголемиот број на политичките теоретичари од 20-тиот век го сметале етницитетот за маргинален проблем, денес прашањето за етнокултурните заедници доаѓа во центар на западната политичка теорија, најмногу поради бранот на етничките судири во централна и источна Европа, иако бројни појави внатре во самите западни демократии укажувле исклучителна важност на прашањето за етницитот. Иако запад има долга историја на занимавање со етничките разлики во либерално-демократските уставни рамки, тоа искуство не е артикулирано во прецизно дефинирана теорија, така што актуелните принципи и идеали кои ги водат западните демократии не се прецизно дефинирани.[350]

Смислата на либерално плуралистичкиот пристап покажува како со „посебни“ малцински права се достигнува до поголема еднаквост така што неповолната позиција на националните малцинства во унитарната држава се подобрува. Целта на либералниот плурализам е еднаква и за западните земји и за југоистокот на Европа: прифаќање на множество на малцински права со цврста заштита на демократска одговорност и толеранција на централно и локално ниво. Додека на запад плурализацијата на

[350] Протести на домашното население против имигранти и бегалците, особено во Франција, Велика Британија, Германија и САД, како и будење на староседелското население *(indigenenous people)* што резултирало со нацртот Декларација за правата на староседелското население во УН, и заканите со сецесионизам во Канада, Шкотска, Фландрија и Каталонија.

националната држава се јавува по консолидација на демократијата, на просторот на југоистокот на Европа, барањата за плурализација на државата се јавуваат истовремено со транзицијата кон демократијата. Оттука произлегуваат важни компликации кои не можат да се најдат во западните искуства на имплементацијата на либералниот плурализам. Проблемот уште повеќе се зголемува бидејќи државите од југоистокот на Европа се структурно слаби. Проблемот не е само во недостаток на цврсти либерално-демократски и уставни гаранции, туку и во отсуството на било каков државен капацитет за имплементација на политиката и примената на закони.[351]

Идејата за „етнокултурно неутрална држава“ потребно е да се замени со модел на либерална демократска држава, кој може да се нарече модел на „градење на нација“ (*national-building*).[352] Промовирањето на интеграцијата во социетална култура е дел на проектот „градење на нација“ во кој беа вклучени сите либерални демократии.[353] *Социеталните културите*[354] во модерните либерални демократии се неизбежно плуралистички, како резултат на правата и слободите кои им се гарантираат на слободните граѓани, вклучувајќи ја слободата на совеста и говор, политичкиот став и правото на приватност. Овој модел на градењето на нацијата бара размислувања за правата на малцинствата. Стандардот за вреднување на барањата на малцинските права повеќе не е етнокултурна неутралност, туку етнокултурна правда.

Бидејки роцес на градењето на нацијата неизбежно ги привилегира припадниците на мнозинската нација[355], припадниците на малцинствата

---

[351] Kymlicka,W., Opalski, M., Može li se izvoziti liberalni pluralizam, Beograd, 2002, 310.

[352] Изразот, бидејки станува збор за комплексниот концепт, *national-building* може описно да се преведе како градење и унапредување на заедничка нација бидејќи се однесува на афирмација на мнозинската култура, сфатена во општествена смисла.

[353] Kymlicka Will, *Zapadna politička teorija i etnički odnosi u Istočnoj Evropi,* 32, во (ur) Kymlicka Will & Opalski Magda, Može li se izvoziti liberalni pluralizam?, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002.

[354] Социеталната(општествена) култура е територијално концентрирана култура, собрана околу заедничкиот јазик, а се користи подеднакво во јавниот и приватниот живот и го покрива целиот спектар на човечките активности, вклучувајќи го општествениот, образовниот, религиозниот и економскиот живот.

[355] Taylor Ch., *„Nationalism and Modernity“* во J. McMahan and R. McKim (eds), The Morality of Nationalism, Oxford University Press, New York, 1997.

имаат четири основни можности[356]: масовни емиграции, прифаќање на интегрирањето во мнозинската култура, барање права на самоуправа и прифаќање на трајна маргинализација. Постојат два типа на интеграција; „напоредно градење на нација" втемелено на посебни економски, политички и образовни институции на јазикот на малцинството, каде малцинството достигнувало *de facto* автономија, обично на територијална основа; персонална културна автономија, каде малцинствата можат во доминантната култура да ги чуваат и развиваат некои од своите сопствени карактеристики (двојазично образование, наместо образование на малцинскиот јазик, постоење на сопствените културни институции). Денешните меѓународни норми ги упатуваат државите да им ја понудат на малцинствата една од двете опции на интеграција, во зависност од околностите.

Посматрано во концептот на етнокултурна правеност одвнатре, мнозинското градењето на нација во либералната демократија е легитимно под следниве услови: ниту една заедница на луѓе кои долготрајно престојуваат на одредена територија не смеат трајно да бидат исклучени од припадноста на нацијата (секој мора да биде во состојба да стекне државјанство и да стане полноправен припадник на нација);интеграцијата треба да остави доволно простор за јавно и приватно изразување на индивидуални и колективни разлики, т.е. концепцијата на националниот идентитет и националната интеграција треба да биде плуралистички и толерантен; на националните малцинства им е дозволено ангажирање врз сопственото градење на нацијата.[357]

Барањата за малцински права мораат да се набљудуваат во контекст на мнозинското градењето на нацијата, и како негов одговор. Доколку политиката на државното градењето на нацијата помага во оправдување на малцинските права, тогаш логиката важи и обратно, па може да се каже дека усвојувањето на малцинските права помага да се оправда државното градење на нацијата. Западните демократии имаат модел на градењето на нацијата кој е ограничен и поврзан со малцинските права.

---

[356] Dimitras P., Papanikolatos, „*Refleksije o politici manjinskih prava za zemlje centralne Evrope*",176 во (ur) Kymlicka, W. &Opalski, M., Može li se izvoziti liberalni pluralizam?, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002.
[357]Kymlicka, 60.

## 15.1. ГРАДЕЊЕ НАЦИЈА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Државите на југоистокот на Европа го следат моделот на држава ангажирана во „градење на нација“ користејќи многу средства за градење на нација кои ги користат и западнате демократии во кои спаѓаат политиката на службениот јазик, политиката на државјанството, обидот за создавање на еднообразен систем на националното образование,[358] политиката на вработување во јавните служби, централизираната власт, националните медиуми, симболите и празниците, поместувањето на границите на административните единици за да се ослабне влијанието на малцинствата во секоја од нив. Земјите на западната демократија моментално се во фаза на „одржување на нации“, па и поголемиот дел од жителите заборавиле дека институциите, симболите и јазикот не се неутрални, туку и припаѓаат на заедницата која низ минатато била доминантна. Наспроти нив во земјите на југоистокот на Европа, кои се во фаза на „градење на нација“, оваа илузија не е возможна бидејќи институциите, симболите и законите за јазикот се од понов датум, а врската помеѓу државата и националното мнозинство е многу појасна, така што претставува и многу посериозан извор на конфликти.

Иако либералните држави сметаат дека малцинствата имаат право на промоција на посебниот национален идентитет и дека помагаат во неговото ширење низ целата територија, проектот за градење на нацијата е условен и само-ограничувачки. Малцинствата не се сметаат за „неприродни“ дамки на националната територија, туку за полноправни граѓани, чии интереси мора да се уважуваат и не смеат да се проценуваат само врз основа на нивното влијание на доминатната национална заедница. Секој програм на градење на нација мора да вклучи и ограничена присила, мора да остави доволно простор за изразување на разликите во сферата на приватниот живот, мора да им овозможи на оние кои не припаѓаат на нацијата да станат нејзини полноправни припадници ако тоа го саакат, и мора да се сложи во поглед на поделбата на сферата на јавниот живот и во оние случаи во кои

[358] Strazzi F., „Macedonia: State and Identity in an Unstable Regional Environment“ во Magda Оп., (ed) *Managing Diversity in Plural Societies: Minorities and Nation Building in Post-Communist Europe*, Forum Eastern Europe, Otawa, 1998, 165-90

националните малцинства инсистираат на зачувавање на различноста. Земјите од југоистокот на Европа ги користат разновидните средства за градење на нацијата за да ја заштитат и рашират доминантната општествена култура. Во поедини случаи, државното градење на нацијата е многу пошироко и поисклучиво и посклоно кон принудата отколку на запад. Како малцинствата одговараат на државното градење на нацијата? Малцинствата имаат ограничен број на можности, кои одат од интеграција до самоуправување и доброволна маргинализација.

Барањата на територијално концентрираните национални малцинства на југоистокот од Европа се сродни со барањата на малцинствата во западните земји и тие треба да бидат вреднувани врз основа на истите принципи. Според овие принципи, демократските држави треба да ги прифатат барањата на националните малцинства за национално признавање и национална автономија. Во цел на ублажување на малцинскиот национализам, Запад востановил федерален или квазифедерален облик на територијална автономија. Бидејки повеќенационалниот федерализам го осигурал мирот, демократијата, слободата и просперитетот во повеќенационалните држави како што се Шпанија, Канада, Белгија, Велика Британија и Швајцарија, можело да се помисли дека таквов модел би бил пожелен за територијално концентрирани малцинствоа на југоистокот на Европа. Ван дер Штул забелезал дека прашањето за територијална автономија наидува на *„максимален ошйор“* кај поедини држави на исток и југоисток на Европа, и оттаму *„йоūраīмаūично“* е да се биде концентриран кон поумерени форми на малцинските права.[359]

Западните мултинационални федерации нудат комбинација на територијални форми на автономија со нетериторијални принципи на индивидуални, граѓански, политички и културни права. Меѓутоа, овие идеи се отфрлуваа од истите причини od кои некогаш се отфрлувале i vo западните земји - од страв од сепаратизам или нелојалност. Поголемиот број од западните национални држави смета дека потиснувањето на

[359] Van der Stoel, M., *Early Warning and Early Action: preventing Inter-Ethnic Conflict*. Speech by Higx Commissioner on Nationa Minorities at Royal Institute of International Affairs, London, 9 July, 1999.

малцинскиот национализам е контрапродуктивно, и федерализмот го гледаат како еден вид на стабилизација на државата. Лојалноста најдобро може да се осигура со поттикнување, а не со потиснување на малцинскиот идентитет и со давање на извесни форми на самоуправа.[360]

Усвојувањето на повеќенационалниот федерализам усложнето е со фактори кои не постојат на Запад. Еден од нив е наследството на псевдофедерализмот од социјалистичкото време. Уставот на СФРЈ подразбираше поделба на власта помеѓу централното и локалните нивоа, но целата власт беше во рацете на Сојузот на Комунистите. Сите држави беа федерални по „структура", но без федералистички процедури[361]. Втор поважен факт е дека националните малцинства имаат во своето соседство матични држави и можат да се надеваат дека ќе се соединат со нив. Ова е значајна разлика во однос на малцинствата во западна Европа, бидејќи тие малцинства немаат матична држава во своето соседство. Најголемите судири настанале на подрачјата на кои малцинствата во соседството имаат матична држава. Судирите се движат во триаголник: националното малцинство, држава во која тие малцинства живеат и нивната матична држава. Феноменот на матичната државата е важен аспект на етничките судири на југоисток и исток на Европа, кој по правило не постои во западните демократии.

Приговорите на земјите од Југоисточна Европа упатени на ваквиот мултикултурализам и општо земено кон либералниот плурализам биле двојни: едните сметаа дека националните малцинства од овој простор се различни од оние кои ги среќаваме на запад (постоење на матична држава, можни територијални аспирации, малцинства настанати со присилни миграцијији, оптертеност со историјата, нелиберални малцинства), а другите истакнувале дека на ово подрачје не би можело да има успех во примената на либералниот плурализам затоа што овие држави немаат капацитет за такво нешто. Овие фактори го вклучуваат наследството на социјализмот, економските неприлики, постојаните промени на граници, недостиг на политички одговорности на државни и малцински групи, улога

[360] Varady, T., „Majorities, Minorities, Law and Ethnicity: Reflections on the Yugoslav case" во *Human Rights Quaterly*, Vol 19, str. 9-54.
[361] Dorff, R., „Federalism in Eastern Europe: Part of the Solution or Part of the Problem?" во *Publicus*, Vol. 24, str. 99-114

на матичната држава, неспособноста на некои држави да имплементираат и воспоставаат владение на правото.[362] Оваа недоверба кон двата проблема не е никаква новина, затоа што тоа постоело и во западните земји. Но искуството на западните земји покажува дека е важно да се пронајде успешна стратегија со која таа недоверба може позитивно да се разреши. Тоа е теорија на либералниот плурализам.

На југоистокот на Европа широко се прифатени три меѓусебно поврзани претпоставки: 1. малцинствата се нелојални; 2. силната и стабилна држава бара слаби и немоќни малцинства (се што е од корист за малцинството, е закана за мнозинството); 3. третманот на малцинствата е прашање на национална сигурност. Ако се прифатат овие премиси, мал е просторот за прашањето за праведно или демократско множество на малцинските права. Прашањето на националната сигурност има примат над прашањето за праведноста, бидејќи нелојалните малцинства не можат да имаат легитимни барања. Присатната реторика на лојалност/нелојаност во поедини држави е засилена со Хунтингтоновата теза на „судирот на цивилизацијата".[363] Според таа теза, светот е поделен на различни цивилизации, втемелени на религија, а кои се во помалку или повеќе инхерентен судири. Две цивилизации не можат да коегзистираат како рамноправни партнери во една држава, една цивилизација мора да биде доминантна, а друга подредена, и затоа склона кон нелојалност.

Територијално распрсканите малцинства и етничките заедници бараат поалтернативни решенија од територијалната автономија. Едно од решенијата е моделот на културната автономија, моделот кој има корени во Бауеровата нетериторијална автономија во Хабзбуршката монархија,[364] и дава дополнување кон познатите западни модели на малцинските права. За разлика од западните модели на повеќенационалниот федерализам, тоа не ја вклучува територијалната автономија, но содржи значаен степен на институционална одвоеност, локални самоуправи и права на употреба на

[362] Opalski M., Zapadna politička teorija i etnički odnosi u Istočnoj Evropi", 21, во (ur) Kimlicka Will &Opalski Magda, Može li se izvoziti liberalni pluralizam?, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002

[363] Huntington S., *The Clash of Civilizations and the Remaking of the World Order*, New York, 1996

[364] Bauer, O., *La question des nationalites et la social - democratie*, во Haupt G., *Les marxistes et la question national*, Paris, 1974.

мајчиниот јазик. Овој модел на решавање на малцинското прашање западните демократии би можеле да го усвојат и применуваат за оние заедници кои не се вклопуваат ниту во категорија на концентрирани малцинстава, ниту во категоријата на емигранти.[365] Моделите на малцинската автономија кои се добри за малобројните и распрскани малцинства, не се нужно добри и за бројните и концентрирани малцинства.[366]

На теоретски план, едно од решенијата за мултиетнички општества, наоѓа решение во идеите на „консоцијална демократија"[367] решение кое вклучува признавање на малцинствата како „конститутивен" или „државотворен" народ. Консоцијацијата подразбира етнички плурализам, институционализиран систем на правото во власта. Тој облик модифицира владеење на мнозинството, а некои автори пишуваат за „сложени мнозинства" и за „нетериторијален федерализам".[368] Судирите во демократијата се решаваат во политички процес. Во погодни средства за решавање на судирите, Дал вклучува взаемно вето, автономија врз територијална или нетериторијална основа и пропорционално преставништво.[369] Како спротивност на мнозинската демократија, Лејпхарт[370] како елементи на не-мајоритарната демократија ги нагласува: учество на повеќе групи во извршната власт, влада составена од две или повеќе партии, повеќедимензионалноста на партиските програми, пропорционално претставништво наместо мнозинско, децентрализацијата,

[365] Канадската влада препорачала модел за оние староседелци кои се иселиле од резерватот, како дополнување на територијалната автономија која се применува во резерватите.

[366] Најголем недостиг на Рамковната конвенција за заштита на малцинствата е тоа што тоадава упатства за малобројни и распрскани малцинства, но не дава решенија за прашањото на територијална автономија које го наметнуваат побројните малцинства.

[367] Со терминот „консоцијација" се означува заедничкиот живот на народите од различни етнички припадности (јазик, вера). Идејата за консоцијација не е нова, таа е обновена во денешната политолошка и социолошка литература од потребите да се најдат решенија кои моделите на доминација ќе ги заменат со моделите на партнерства, Истражувањата и работите посветени на проблемите на меѓуетничките односи и консоцијалната демократија (Dahl R., Frietdrih C., P. Van den Berghe, A. Lijphart, I. Duchachek, D. Elazar i dr.) откриваат многу сложени дилеми и ги анализираат проблемите и опциите за нивно решавање и управување со судирите. На ваквите идеи сеуште се обрнува повеќе внимание во литературата отколку во политичкото и уставното регулирање на постојаните проблеми и судири.

[368] Elazar, D. „Federalism and Consociational Regimes", *Publicus,* vol. 15, no.2. 1985.

[369] Dahl, R., *Politikal Opposition in Western Demokraties*, New Haven, Yale, Universityy Press, 1996, 357-359.

[370] Lijhart, A. *Democracy in Plural Societies*, New Haven, Yale University Press, 1977.

правото на малцинствата на вето (во подрачјата кои се од најголемо значење и интерес за малцинствата). Лејпхарт нагласува дека консоцијалната демократија е соодветна за општества со умерени етнички разлики и конфликти, се *„повеќе се грижи за еднаков третман на групите, а не на индивидуите.“*.[371]

Иако демократијата, економскиот просперитет и толеранцијата претставуваат добра вредни самите по себе, тие не даваат одговор на прашањето за етнокултурната различност. Проблемот за нивната прифатливост ќе остане силен извор на судири. Дури тогаш кога западните влади го прифатија овој факт, тие беа во состојба да започнат да ги решаваат проблемите предизвикани со етнокултурната различност на мирен и демократски начин. Нема причина да мислиме дека и земјите од југоистокот на Европа нема да постапат на ист начин.

## 15.2. МОЖНОСТИТЕ НА ЕТНОКУЛТУРНАТА ПРАВЕДНОСТ НА ЈУГОИСТОКОТ НА ЕВРОПА

Случувањата на подрачјето на поранешна Југославија во последните 15 тина години докажуват дека без признавање на етнокултурната правдност и без основните аранжмани кои би осигурале некој вид на рамнотежа помеѓу етнички аспирации, не може да започне процес на модернизација. Многу либерални мислители од подрачјето на југоисточна Европа беа свесни за фактот дека етнокултуралната неутралност не може да осигура општествена правда и хармонија. Историјата докажала дека етнокултурната неутралност не функционира во земјите во кои малцинствата сочинуваат значаен сегмент од населението. Владетелите не биле водени од либералната идеја за општествена правда, но биле свесни дека не - осигурувањето на специфичните регулативи ја нарушува стабилноста на политичката заедница. Хабзбуршката монархија и Отоманското царство не наметнувале еден јазик и една религија на подрачјата под нивна власт.[372] Во СФРЈ Тито бил свесен за фактот дека

[371] Исто, 49.
[372] Види: Саркањац, Б., (уредник) *Комши-Капиџик: култура и политика* (уметноста и дефицитот на сетилност)а Скопјер: 359 Боокс, 2000.

стабилноста во мултикултурална земја може да биде осигурана со почитување на различностите.

Од сето ова, сфатливо е дека формите на плурализмот не се новина на овие простори. Сепак, ширењето и растечкиот авторитет на либерално плуралистичките концепти има важни практични последици за земјите од југоисточна Европа. Западните принципи се земени како модел кој мора да се следи, особено поради членставата во ЕУ и НАТО, обидувајќи се да изгледаат што повеќе прилагодени за Европа. Со барањето на стабилноста низ етнокултурната правда, концептите на либералниот плурализам би можеле да помогнат во имплементација на политиката на етнокултурната правда во контекстот на модерните демократии. Проблемите на етничките разлики никогаш не можат да бидат потполно решени и бараат непрекинато внимание. Може да се каже дека југословенскиот систем ги третирал етничките различности на праведен начин.[373] Титовиот модел бил мешавина на културна и партиска дисциплина, некогаш повеќе културна, некогаш повеќе партиска моќ. Во текот на војната на деведесеттите години на XX век двата модела исчезнале. Многи аналитичари сметаат дека сега е потребно да се најде насока за изградба на нова култура и спроведување на етнокултурна правда без традиционални средства на југоистокот на Европа.

## 15.3. АСПЕКТИ НА ЕТНОКУЛТУРНАТА ПРАВДЕДНОСТ

Можно е да се разликуваат три аспекти на етнокултурната правда[374] чии релативни вредности се разликуваат во различни општества, бараат различни средства на имплементација, и достигнале и различни нивоа на признавање.

Првиот аспект е барање за осигурување на посебен простор за малцинствата. Етнокултуралната правдност ја подразбира сферата во која малцинствата можат да се организираат и да ја негуваат својата култура.

---

[373] Varady T., "O šansama za etnokulturalnu pravdu u centralnoj istočnoj Evropi –sa osvrtom na dejtonski sporatum", 137, во (ur) Kymlicka W. &Opalski M., *Može li se izvoziti liberalni pluralizam?*, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002.

[374] Исто, 139.

Во време на социјализмот легитимитетот на овој аспект не бил признат поради приврзаноста за зголемено сфатениот јавен простор.

Другиот аспект се однесува на рамноправниот удел во јавниот простор. Овој аспект бил повеќе изразен во Југославија каде во обемна сфера на државните активности и надлежности, повеќе јазици биле признаени како службени, документите се издавале на повеќе јазици, и државата ги субвенционирала културните институции и медијуми на малцинските и мнозинските јазици.

Најтежок аспект на етнокултурната правдедност е утврдување на против-рамнотежа која би ги неутрализирала скриените етнички тенденции и пристрасности, и која би оневозможила претворање на принципот „еден човек, еден глас“ во етнички монопол на мнозинството врз малцинството.

Искуството на земјите од југоисточна Европа покажало дека етнокултурната неутралност не е во состојба да го усогласи културниот плурализам, не гарантира мир и стабилност помеѓу националните малцинства и мнозинството. Иако овие земји настојуваат да ги прифатат западните либерално плуралистички принципи, демократските принципи не осигуруваат автоматски праведно усогласување на етничките и културни различности. Проевропските структури креираат нов состав на можности и ограничувања во процесот на пронаоѓање форми за етничка рамнотежа. Праведноста за етнокултурните заедници бара поместување од моделот за национална држава кон моделот на повеќенационална држава. Исто така бара и поместување од моделите на исклучиви надлежности кон модел на преклопувачки надлежности и бара создавање на нови политички институции кои ги поврзуваат сонародниците од различни страни на границата. Потребно е де се стреми кон воспоставување на етнокултурна правдност во границите на институцииите на секоја држава бидејќи мнозинството га употребува својата моќ да привилегира свој јазик, култура и идентитет, така што ќе се обиде да одреди политичка заедница преку карактеристиките на тоа мнозинство. Малцинствата ќе одговараат барајќи одредени форми на права и моќ кои ќе ги заштитат од потенцијалните

неправди, кои се имплицитни на ваквата политика на градење на нација засновала на мнозинскиот принцип.

# 16. МАЛЦИНСТВАТА ВО МАКЕДОНИЈА

## 16.1. ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ НА МАКЕДОНИЈА

Историјата на македонскиот народ ги ја докажува теоријите на модерните теоретичари на народодот, дека народодите не се причина, туку последица на создавањето на модерните национални држави и нивните специфични политички стремежи кон националнате интеграција и културна хомогенизација.[375] Раководството на Република Македонија внатре во СФРЈ се стремело кон развивање на сите национални особини (јазик, религија, историја). Тој процес, по според Палмер и Кинг, водеше скоро до потполна идентификација на македонскиот народ со државата.[376] Уставите на Република Македонија пред и по 1991 година, ја изразуваа мултикултуралната особеност на земјата, но државната политика била насочена кон развојот на македонскиот национален идентитет[377]. Силното поистоветување на македонската држава и идентитетот артикулирана е и во Уставот од 1991 година. Додека голем дел од Уставот го следи цивилниот модел, во Преамбулата се истакнува дека Македонците се конститутивен народ на новата држава, во исто време гарантирајќи им еднаков третман на националностите. Правата на „националните малцинства" и „националностите" (термини кои се користат во поранешните македонски закони) биле гарантирани во сите Устави на Република Македонија. Уставот од 1963 година содржи одредби за „националностите - националните малцинства"), а во Уставот од 1974 година прв пат се спомнуваат Албанци и Турци како националности на кои им се осигуруваат еднакви права како и на македонскиот народ. Припадниците на малцинствата имаат право на слободно користење на својот јазик и писмо, како и развој на својата култура. Во општините во кои

[375] Hobsbawm, E., *Nations and Nationalism since 1780, programme, myth and reality*, Cambridge, 1990.
[376] Palmer, S., King, R., *Yugoslav Communism and Macedonian Question.* Hamdem, Conn, Archon Books, 1971, 153-74.
[377] Troebst, S, „Makedonische Antworten auf die 'Makedonische Frage' 1944-1992: Nationalismus, Republiksgründung, nation-building", *Südosteuropa* 41 , 1992, (7-8), 423-442, ; Willemsen, H., and Troebst, St., „Transformationskurs gehalten. Zehn Jahre Republik Makedonien", *Osteuropa* 51, 2001, 3, 299-315.

живеат припадници на националностите, во јавниот и општествениот живот, јазиците и писмата на националностите се еднакви со македонскиот јазик. Одлуките и важните акти мораат да се објавуваат на јазиците на малцинствата, а припадниците на националностите имаат право да го користат својот јазик и писмо при реализација на своите права и обврски, како и во процесите пред државните органи и организации овластени за вршење на јавни работи.[378]

Многу од Македонците се противат на концептот на цивилниот идентитет затоа што се плашат од губење на државата за чие признавање толку се бореле. У Македонији политичари и интелектуалци кои сметаат дека ако Македонците не се експлицитно споменати во преамбулата на Уставот, опстојувањето на македонската нација се доведува во прашање. Според нив Македонците како народ, со векови се бореле за опстојување на сопствената национална држава и не сакаат да ја делат.[379]

Во рамките на СФРЈ Македонија развиваше македонски национален идентитет, но државатаја втемелуваше и растечката бирократија и индустријализација запослувајќи најмногу Македонци. Тоа од една страна беше последица на напорот за воспоставување на македонски народ, но и поради тоа што Албанците и Турците заостануваа во образованието во однос на Македонците. Албанското малцинство остана во руралните делови на земјата, така што повеќето од нив заминуваа на работа во земјите на западна Европа. Покрај тоа, албанските интелектуалци и политичари не гравитираа кон Скопје, туку повеке кон Приштина каде што мнозинството Албанци студираше. Силната емотивна врзаност за Косово, се објаснува со зборовите: *„Албанците во Македонија можат да чувствуваат етничка врзаност за Албанија, но голема е емотивната врзаност за Косово. За нас Косово е културна и интелектуална основа. Писателите, новинарите, педагозите, сите тие доаѓаат од Косово, сè што вреди е таму“.*[380] Политички активните Албанци не се стремеле кон присоединување на албанските делови на Македонија, кон Косово, туку се

---

[378] Gjorgji J., *Freedoms and Rights of Man and Citizen in the Republic of Macedonija,* Skopje, NIO Studenski zbor, 1994, 234-237.
[379] Види Интервју со Блаже Ристовски, во Македонско сонце, 356 (20 Април 2001), 10.
[380] The Albanian Questions in Macedonia: Imlications of the Kosovo Conflict for Inter – Ethnic Relations in Macedonia, Извештај на меѓународна кризна група од 11.8.1998, 2.

стремеле кон остварување на своите права во Република Македонија.[381] Револтот на албанскиот национализам во Македонија од 1968 и 1981 година го виде Косово како слободно подрачје на своето делување.[382] Во текот на 80-тите години на XX век македонската Влада употребила репресивни мерки против албанската популација, така што го зголеми и зацврсти уверувањето на Албанците за дискриминација од страна на македонската држава.[383]

Работите радикално се менуваат кога Македонија добива независност во 1991 година, и кога Косово ја губи самостојноста во 1989/90 година. Албанците добиваат многу поголемо ниво на претставување во Македонија отколку порано, но почнуваат и да го оспоруваат ексклузивното право на Македонците на државата. Претставниците на албанското малцинство не ја прифаќаат положбата на малцинство, затоа што според нив сочинуваат помеѓу 30-40% од популацијата, иако според пописот од 1994 година имаат 22,9 %.[384] Потполно е јасно дека така големо малцинство не може да го прифати статусот каков што го има кое било друго малцинство, затоа што во односот на него сите останати малцинства се малубројни.[385] Албанското малцинство според пописот од 2004 година има 25,17 % од вкупното население во Македонија, што е зголемување за неколку проценти во однос на пописот од 1994 година.[386] Бројот на припадниците на албанското малцинство е во постојан пораст од 1961 година.[387]

---

[381] Palmer, S., and King, R., *Yugoslav Communism and Macedonian Question.* Hamdem, Conn, Archon Books, 1971, 181; Reuter J., *Die Albaner in Jugoslawien.* München: R. Oldenbourg Verlag, 1982, 93; Poulton H, *Who are the Macedonians?* London, Hurst, 1995, 126.

[382] Poulton H, *Who are the Macedonians?* London, Hurst, 1995,127-129.

[383] Poulton H, *Who are the Macedonians?* London, Hurst, 1995,.127; Mickey, R.W., Albion A.S. *„Succes in the Balkans?* A Case Study, 1998

[384] Попис од 1994 година. Попис за сегашноста и иднината: Први резултати (Скопје, Републички завод за статистика, 1994).

[385] Турци има 4%, Роми 2,3%, Срби 2%, Муслимани 0,8%, Власи 0,4%, според пописот од 1994.

[386] Според пописот од 2004 година, Албанци има 509.082 или 25,7% од вкупниот број на население (2.040.929) а според пописот од 1994 година од вкупниот број на население 1.288.330, Албанци има 442.914 или 22,7%, од Book I – Total population, houselends and dwelings, Republic of Macedonia State, Statistic Office, Skopje, Febrary, 2004, 137

[387] Според државниот попис од 1961 година, албанското малцинство сочинува 13% од населението, 17% во 1971 година, 19,8% во 1981, 21,7% во 1991 година, 22,7% во 1994, 25,17% 2004 година, Shadow Report on the Situation of National Minorities in the Republic of Macedonia, Prepared by the Working group for Minority Issus, March, 2004, 7.

Првенствена цел на политичките програми на Албанските странки е добивање и проширување на колективните права. Нивните дејности се насочени кон добивање на поинаков уставен статус за нивното малцинство (редефинирање на Македонија како двонационална држава), проширување на лингвистичките права (признавање на албанскиот јазик како втор службен јазик), образование на мајчиниот јазик на сите нивоа, пропорционална застапеност на Албанците во сите политички и јавни подрачја (особено во полицијата и војската), како и развој на поголема автономија на локалната управа. Странките се, како што наведува еден од извештаите на меѓународниот кризен штаб, поделени во поглед на начинот на кој треба да се подигне статусот на Албанците во Македонија.[388]

Во име на човечките права на малцинствата и заради постабилно решение на внатрешните конфликти, претставниците на меѓународната заедница им посветиле значајно внимание на правата на Албанците, посебно во Србија и во Македонија. Во текот на 1993 година меѓународната заедница тргнала од претпоставката дека меѓуетничкиот судир првенствено е извор на нестабилност која може да ескалира во вооружено непријателство и војна, па во центарот на своите активности ги имала човечките права на албанското малцинство. Во тоа време албанските политичари веќе посакуваат статус на државотворен народ и сите права кои произлегуваат од таквиот статус, вклувајќи ја гаранцијата дека човечките права ќе се засноваат на уставни, правни и политички одредби кои подеднакво важат за сите поединци и малцински групи. Издвојувањето на едно, најголемо малцинство спротивно е на овој принцип. Во почетокот на 1994 година меѓународната заедница одлучила дека Албанците треба да имаат некаков облик на територијална автономија во западните подрачја, а непризнавањето на ова право би можело да значи повреда на нивните човечки права. Сусан Вудвард на ваквата постапка гледа не само како стремеж кон амбивалентното толкување на легитимноста на српската власт на Косово, туку и како помош за соединувањето на Албанците во Македонија и Косово.[389]

[388] The Albanian Question in Macedonia: Implications of the Kosovo Conflict for Inter-Ethnic Relations in Macedonia, Извештај на меѓународниот кризен центар, 11.8.1998.
[389] Woodward S. L., *Balkan Tragedy,* Washington, Brookinig Institutions, 1995, 340-343.

За да ја спречат војната, меѓународната заедница се одлучила на спречување на поврзувањето на Албанците на Косово и Албанците во Македонија вршејќи притисок на македонската Влада за давање гаранции за малцинските права на Албанците во Македонија, како и спречување на внатрешната дестабилизација, и на меѓуетничките судири внатре во Македонија. Меѓународната заедница предизвикала спротивен ефект, ги поттикнала албанските радикали за истакнување на барањата за национални права по територијална основа. Како и во другите републики на СФРЈ, истурањето на издвоените етнички групи во прв план, место развивањето на стабилните демократски политички институции или помошта за економски реформи и развој, беше контрапродуктивно во Македонија.[390]

До 1997 година Република Албанија сé, непрекинато ги условувала своите односи со Македонија, со унапредувањето на статусот на албанското малцинство. Ситуацијата се менува по доаѓањето на новата влада на Фатос Нано во 1997 година. Тирана никогаш не се откажала од својата подршка кон Албанците кои живеат во Македонија и обврската на Република Македонија да го поддржува унапредување на нивната положба, но сметала дека малцинските права на Албанците треба да бидат задоволени според европските стандарди и внатре во институциите на системот, а не со нелојалност кон државата. Албанскиот премиер Фатос Нано во разговор со политичките партии на Албанците во Тетово ќе изјави дека службена Тирана „албанското прашање" на Балканот го гледа внатре во идната, соединета Европа.[391]

Во суштина, напредокот на албанско-македонските односи претставува чекор напред кон европските интеграции за двете земји кои несомнено имаат економски и политички интереси за блиска соработка и како заеднички стратешки интерес за регионална стабилност. Од осамостојувањето на Македонија до денес албанските политички партии

---

[390] Исто, 393-394.

[391] На состанокот со политичките странки на Албанците во Р М, истиот ден дал интервју за ББС и МТВ и изјавил: „...Положбата на Албанците во Македонија е добра, а вашата влада треба да добие пофалби поради својата политика кон Албанците... Уверен сум дека Албанците, каде и да се наоѓаат, ја гледаат својата иднина во обединетаа Европа...", Џамбазовски, П., *Порака од Нано*, Нова Македонија, 21.1.1998, 2.

редовно учествуваат во Владата, независно од резултатите на изборите. Тоа е знак дека во Македонија веќе подолго време се практикува консоцијална демократија т.е. соработка помеѓу политичките елити на македонскиот и албанскиот политички блок.

## 16.2. СПЕЦИФИЧНИ МАЛЦИНСКИ ПРАВА

Пред потпишувањето на Охридскиот договор во Македонија постоеле националности како синоним за национални малцинства. Националните малцинства немале конститутивен статус, но имале одредени колективни права (право на употреба на мајчиниот јазик и чување на малцинските културни традиции). Во преамбулата на Уставот од 1991 година се спомнуваат следните националности: Албанци, Турци, Власи, Роми. Ромите по прв пат станале уставна категорија во светот, како и Власите. Тоа е специфична вредност на македонското општество во однос на другите држави во Европа. Уставните амандмани од 2001 година воведуваат пет малцински заедници во Македонија: турска, албанска, српска, босанска и влашка. Тие имаат право на слобода на изразување на својот идентитет и слобода на употреба на симболите на својата заедница, како и право на создавање на културни, уметнички и образовни институции, како и научни и други здруженија за изразување, негување и развивање на идентитетот. Припадниците на малцинствата имаат право на употреба на својот јазик како службен на државно ниво - доколку се преку 20% од вкупното население, како и право на службен јазик на локално ниво - доколку се преку 20% од вкупното население во општината. Овие колективни права им овозможуваат на националните малцинства да партиципирање во политичкиот живот. Бидејќи албанското малцинство сочинува повеќе од 20% од вкупното население, то тоа има право на употреба на својот јазик на државно ниво, право на издавање на лични документи на албански, употреба на својот јазик во високото образование и право на финансирање на универзитети од средствата на државниот буџет. И покрај тоа, албанската страна е незадоволна со фактот дека албанскиот јазик е службен само во подрачјата каде што Албанците сочинуваат повеќе од 20%

од населението, па сметаат дека се изманипулирани бидејќи тоа право го имале и пред војната.[392]

Во подрачјето на образованието, освен еднаквоto право на пристап кон образовните институции за сите граѓани, припадниците на малцинствата имаат право на образование на свој мајчин јазик во основните и средните училишта. Во училишното и основното образование, образованието се изведува на албански, турски и српски јазик. Особено е забележлив порастот на бројот на албанските деца.[393] Наставата во средното образование се одвива на албански и на турски јазик. И тука е забележено зголемување на бројот на ученици од албанска националност. Исто така бројот и процентот на ученици кои учат на турски јазик, по осцилациите од претходните години, два пати е зголемен.[394]

Педагошкиот факултет во Скопје има насоли за училишно образување на кадри на македонски, албански и турски јазик, како и албански и турски за основно образование. Припадниците на националните малцинства, исто така, можат да студираат на мајчиниот јазик на Филолошкиот факултет во Скопје, на насоката за албански јазик и книжевност и насоката за турски јазик и книжевност. На факултетот за драмски уметности постои посебна група на студенти кои имаат главни предмети на албански и турски јазик. На тој начин припадниците на националните малцинства имаат можност за школување во подрачја кои се важни за зачувување на културниот и националниот идентитет. Во подрачјето на високото образование, припадниците на националните малцинства се пријавуваат под еднакви услови за студирање на еден од 29-те факултети на двата универзитети во Скопје и Битола. Уште, од 1992 година постои посебна квота за припадниците на националните малцинства, т.е. заради редовниот број на запишани, бројот на студенти може да се зголеми за 10% поради припадниците на националните

[392] Интервју со Мендух Тачи, заменик претседател на ДПА, ДУИ со војна дојде до политичка легитимација, Форум Плус, 11.2.2006, страна 16.

[393] Во 1993 година 2.592 деца посетувале училишна установа, а 1994 година 4.042, Ortakovski, V., „Nacionalne manjine u Republici Makedoniji", во *Demokratija i nacionalne manjine*, Centar za istraživanje etniciteta, Beograd, 2002, 214.

[394] 1991 година имало 4% албански деца, 1992, 5,9%, 1993, 7,4%, а 1994 година 9,8%, Исто, стр. 217.

малцинства. И во подрачјето на високото образование забележан е значителен пораст на припадниците на националните малцинства.[395]

Зголемениот интерес на албанските студенти за студирање на универзитетите во Македонија, врзан е со прекинот на наставата на албански јазик на Универзитетот во Приштина 1991 година. Кон крајот на 1994 година, албанското малцинство основало приватен универзитет во Тетово.[396] Тој универзитет е легализиран 2004 година со посебен закон на Собранието на Република Македонија и се финансира од државниот буџет.

За Албанците, универзитетското образование на мајчин јазик претставува клучен начин за остварување на социјалното и економското споредување со македонското мнозинство. Бидејќи претставниците на албанското малцинство го форсирале основањето на универзитетот, а Владата го прогласила за неуставно, прашањето за универзитетот се појавило како политичко, а не образовно. Високиот комесар за национални малцинства, Макс ван дер Штул, 1998 година предлага зголемување на застапеноста на албанското малцинство во јавната управа. Предложил, преку спогодба за соработка, оснвавање на посебен државен колеџ на албански јазик за обука на наставници, за Универзитетот во Скопје, а со што би се дополнила работата на Педагошкиот факултет. Тој исто така препорачал воспоставување на тројазичен (англиско-македонско-албански) образовен центар за високо образование, за работи од јавно и деловно управување, како и за приватни установи, а неговото финансирање би се одвивало преку меѓународна финансиска помош, Штулов универзитет, Универзитет за Југоисточна Европа во Тетово.

Македонската телевизија емитува програма на албански, турски, романски, ромски и српски јазик. Освен државната телевизија, има 250 приватни телевизиски станици од кои некои емитуваат програма исклучиво на јазиците на националните малцинства. Дневниот весник *Flaka e vellezerimit* излегува на албански, а *Fakti* излегува од 1998 година. Весникот *Birlik* излегува на турски јазик три пати неделно. Весникот *Prolog* излегува еднаш месечно, а се печати на неколку јазици на националностите, а

[395] 1992 година имало 3,4% студенти од албанска националност, а 1997, 7,7%. Турски студенти имало 0,8% во 1992, а 1997 година 1,2%, исто, 218.
[396] Финансирањето на универзитетот воглавно доаѓало од придонесот на големите албански иселенички заедници во Германија, Швајцарија, САД.

весникот *Phoenix* излегува на романски и на македонски. Во Македонија постојат многу културни институции на националните малцинства како што се Културното здружение на Ромите, *Pralipe*, Театори на националните малцинства, Театар на националните малцинства, со отсеци на албански јазик(Албанска драма) и на турски (Турска драма). Во Македонија постојат неколку културно уметнички друштва кои делумно ги финансира државата, мешовити друштва (две македонско-албански, едно македонско-турско, две македонско-ромски), театарски дружини и спортски клубови. Албанците дури имаат поголема културна предност во однос на Македонците бидејќи овие имаат само еден културен центар - Скопје, а Албанците имаат четири - Тетово, Приштина, Тирана и Скопје.[397]

Од својата независност Македонија прави значителни напори во поглед на подобрувањето на положбата на националните малцинства во сите подрачја на државната управа. Под влијание на охридскиот договор, бројот на вработените Албанци постепено се зголемува. Тој тренд ќе мора и понатаму да продолжи, бидејќи сеуште е голем дебалансот помеѓу бројот на вработените и бројот на припадниците на албанската заедница. Тоа е тежок и болен процес и за ДУИ и за Владата на Македонија, но и за ВМРО и ДПА.[398]

Така на пример во МВР има 8,7% на припадници на националните малцинства од вкупниот број на вработени, што е речиси двојно од периодот 1993-1996. Во Министерството за одбрана има 8,16% од припадниците на националните малцинства. Припадниците на националните малцинства се застапени и во судството: во Уставниот суд 3 од 9, а во правниот совет на Републиката со 2 од 9 членови. Во Врховниот суд на Република Македонија 4 од 25 судии се Албанци, а еден член е припадник на влашкото национално малцинство.[399]

Според одредбите на Собранието на Република Македонија од 2002 година пратениците од албанското малцинство можат да зборуваат на

[397] Види Саркањац, Б., *Моќното „котле" за Македонија*, интервју од „Македонско сонце" 27.2.2004, Клинчарова. С., *Дваесет и еден грам*, 181, Македонска ризница, Куманово.
[398] Види и спореди со: Џафери, Правичната застапеност на етникумите ќе биде болен процес и за ДУИ и за Владата, Дневник, 18.1.2003, 13. Бројот на вработените Албанци се зголемува од година во година 3,63% во 2001, 7,5% во 2002, до 22,4% во 2003.
[399] Facts About National Minoritities in the Republic of Macedonia, 23-31, Ortakovski, V., *Nacionalne manjine u Republici Makedoniji*

албански јазикза време на работата на парламентот. Тие го користат својот јазик, како на пленарните седници, така и на седниците на работните тела на парламентот.

Од другите заедници да ја спомeнеме само Турската. Турската заедница, со 3,85% од вкупното население, бележи одредени осцилации во негативна насока.[400] Таа заедница има тројца пратеници во Парламентот. Припадниците на турското малцинство имаат право на службена употреба на својот јазик во 4 општини.

Со законот за територијална организација на локалната самоуправа од 2004 година, албанскиот јазик станал службен јазик во сите општини во кои Албанците се повеќе од 20% од вкупниот број на населението во општината. Албанскиот јазик е службен јазик во 30% општини од вкупно 84.

## 16.3. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОХРИДСКИОТ ДОГОВОР

„Рамковниот договор"[401] содржи три дела: многу важни амандмани на македонскиот устав, промени на постоечкото законодавство и план за крај на непријателството. Главните промени преку имплементација на договорот се насочени кон промена на уставот преку кој Македонија станува држава на сите граѓани. Во Уставот веќе не се употребуваат термини како Македонци, националности, малцинства, туку се зборува за мнозинската популација и заедниците кои не се во мнозинство. Договорот ги усвои албанските барања за службениот статус на албанскиот јазик, што значи дека владата е должна да го осигура училишното образование за заедниците кои зборуваат на друг јазик од службениот во Македонија. Понатаму промените во законодавството насочени се кон бирања на судии, од редовите на малцинските заедници во Уставниот суд и омбудсманот. Генерално договорот бара побројна партиципација на малцинствата во

[400] Според пописот од 1953 година ги имале 9,4%, 1961 година 6,6%, 1971 година 4,5%, 1981, 4,5%, 1971 3,8% во 1994, т.е. 3,85% 2002. Голем број на припадници од турското малцинство замина во Турција во пеесеттите години на 20 век, врз основа на договорот помеѓу Република Турција и ФНРЈ.

[401] Англиската верзија на текстот Рамковен договор види на http://www.president.gov.mk/eng/info/dogovor.htm, 16.8.2001, а македонска верзија на http://www.president.gov.mk/mak/info/dogovor.htm

јавните институции, како „правична застапеност" која станува уставен принцип, како и децентрализација на државата.

Основна цел на Охридскиот договор е опстојување на македонската држава преку почитување на етничкиот идентитет на секој граѓанин на Македонија и развој на граѓанското општество како нејзина перспектива. Во тој контекст поширок простор добиваат малцинските права, посебно на албанското малцинство, но притоа не смее да се примени маргинализацијата на другите малцинства. Ширењето на малцинските права не е цел сама за себе, туку е во функција на постигнување на пошироки цели и интереси на македонската држава и меѓународната заедница. Тие цели се експлицитно наведени во Охридскиот договор: унапредување и развој на граѓанското општество, демократизација на Македонија, развој на локалната самоуправа и децентрализација на државната власт, неповредливост на суверенитетот и територијалниот интегритет и унитарниот карактер на Македонија, заштита и понатамошен развој на мултикултуалното општество, како и интеграција на Македонија во евроатланските структури (ЕУ и НАТО).

Може да се каже дека етничкиот идентитет добива на значење со јакнење на идентитетот на етничките заедници во Македонија, преку пошироко учество на нивните припадници во државната власт и јавниот живот на земјата, сразмерно со бројот на припадниците во вкупниот број на населението, и преку ширење на културните права на припадниците на националните малцинства.

Според некои аналитичари се работи за трансформација на Македонија од национална држава во мултиетничка држава.[402] Меѓутоа, Охридскиот договор не ги решава етничките прашања на територијална основа, не дозволува формирање на територијална автономија. Како основен принцип запишан во Охридскиот договор се наведува дека *„суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија, и унитарниот карактер на државата се неповредливи и дека истите мора да се зачуваат. Не постојат територијални решенија за етничките прашања".*[403]

[402] Škarić, S., *Macedonia – Amultiethnic and Corporativ State* (The Ohrid Framework Agrement of 13th August 2001), Brylant, Bruxelles, 2003, 157-176.
[403] http://www.president.gov.mk/mak/info/dogovor.htm

Охридскиот договор решението за етничките проблеми го гледа во интеграцијата на националнните малцинства во македонското општество, со зачувување на мултикултуралноста, не доведувајќи го во прашање унитарниот карактер на Македонија. Притоа унитарниот карактер подразбира повисок степен на децентрализација на власта и поширока локална самоуправа во однос на Уставот од 1991 година. Заштитата на малцинските права Охридскиот договор ја гледа и преку воведување на посебни процедури за донесување на закони кои бараат двојно мнозинство на гласови за донесување на закони од посебен интерес за националните малцинства. 15 уставни амандмани се донесени на 16. 11. 2001 година, три месеци по потпишувањето на Охридскиот договор.

Бо процесот на креирање на Охридскиот договор најголемите потешкотии биле врзани со промената на уставната преамбула од 1991 година според која Македонија е дефинирана како национална држава на македонскиот народ. Албанците во Уставот се споменати како малцинство. Албанското малцинство го сметало за неприфатливо прифаќањето на таквата формулација, ако се работи за мултинационално и мултикултурно општество какво што е македонското, што повеќе го сметале тоа за чекор наназад бидејќи се повикувале на Уставот од 1974 година, кој гарантирал еднаков статус на сите народи во федерацијата, а Албанците тоа и биле. Во преамбулата е прифатен концепт на граѓанско општество и концепт на индивидуалните права, а во останатите амандмани е задржан концептот на колективните права и концептот на мултинационалната држава. Под притисок на јавноста предложен е нов текст на преамбулата како компромисно решение. Вратен е македонскиот народ како *etnos*, а националните малцинства се дефинирани како делови од народот. Новата преамбула спомнува шест национални малцинства: Албанци, Турци, Власи, Срби, Роми и Босанци. Покрај нив во Македонија живеат и дваесет етнички заедници, така што Македонија со својот мнозински народ и дваесет и шест национални малцинства и етнички заедници претставува вистински пример на мултикултурално општество. Комитетот за односи помеѓу заедниците има задача да го штити и развива мултиетничкото општество во Македонија. Комитетот има 19 членови, 7 пратеници, кои се декларираат

како Македонци и Албанци, и по еден член од редовите на застапниците кои се декларираат како Турци, Власи, Срби, Роми и Босанци. Албанците имаат еднаков број на претставници како и Македонците, како принцип на рамноправност кој е воведен заради клучното значење на овие два народа за опстанок и понатамошен развој на Македонија.

Целиот процес наимплементација на Охридскиот договор е под мониторинг на меѓународната заедница, со подршка и повремена интервенција што е од круцијална важност за спроведување на реформите, бидејќи без меѓународно посредништво, политичките партии тешко можат да најдат компромис за тие важни прашања[404]. Постоеле неколку проблеми кои се однесувале на практичната имплементација на Охридскиот договор. Првиот се однесувал на широко распространетото сфаќање на етничките Македонци дека договорот настанал под притисок на „про-Албанските“ западни сили и како резултат на терористичките актвности, [405] а што негативно влијаело на ратификацијата на договорот во Собранието. Бидејќи имплементацијата на договорот барале серија на уставни и законодавни мерки, успехот или неуспехот во значителна мерка бил во рацете на Собранието. Другото важно прашање било насочено кон видот на државата која договорот сака да ја создаде. Се работи за тежнието за создавање на асиметрични државни власти помеѓу Македонците и Албанците, малку обрнувајќи внимание на останатите национални малцинства кои живеат во Македонија. Имплементацијата на договорот се движела кон создавање на де факто би-национална држава во која Македонците и Албанците создаваат две етно-политички елити, додека другите малцинства едвај да учествуваат во политичкиот живот.[406]

Честа је забелешка дека Охридскиот договор не успеал да го унапреди мултикултуралниот демократски систем, туку тежнеел кон промоција на само едно национално малцинство. Парадоксално, но договорот тежнеел кон развој на граѓанската држава преку етнички дефинирани мерки. Иако

[404] Brunnbauer, U., The Implementation of Ohrid Agreement: Ethnic Macedonian Resentments, *Journal of Ethnopolitics and Minority Issues in Europe,* 1/2002, 7, http://www.ecmi.de
[405] Damovski Aleksandar, urednik Dnevnika, South Slavic Report, 13.9.2001, .v 3, No 32.
[406] Engström, J., „Multi-ethnicity or Bi-nationalism? The Framework Agreement and The Future of the Macedonian State“, 1/2002, *Journal of Ethnopolitics and Minority Issues in Europe*, 3, http://www.ecmi.de

на пример, турското национално малцинство, како и останатите помали малцинства, барало партиципација во интер-етничкиот дијалог, дебатата била фокусирана околу прашањето дали Македонија е или би требала да биде моно национална или би национална држава, а не околу прашањето за мултинационална или мултиетничка држава.

И за Македонија по Охридски догогобовор држи ставот дека демократското општество е творба на три главни фактори: цивилното општество, државата и етницитетот. Имено дека кога цивилното општество и државата се слаби етницитетот доминира, така што договорот треба да пронајде начин за јакнење на државата и на цивилното општество.

## 16.4. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ОХРИДСКИ ДОГОВОР

Македонија ја илустрира тезата дека конечни и јасни уставни решенија, како и институционализација на европската перспектива се два инструмента кои заедно можат да доведат до извонредни резултати на Балканот. Излез од конфликтот е базиран на Охридски дoговoвор на која, во почеток, жестоко се спротивставуваа радикални националистички кругови во Македонија. Меѓутоа, неуспехот на референдумот за територијална реорганизација на земјата, во ноември 2004. година, кој de facto беше референдум за Охридски договор, демонстрираше дека поголемиот дел на етничките Албанци и Македонци се имаат помирено со Охридски договор, која дава најдобар начин за зачувување на земјата. Етничкиот идентитет добива на значење со јакнење на идентитетот на етничките заедници во Македонија, преку пошироко учество на нивните припадници во државната власт и јавниот живот.

Трагичната смрт на претседателот Трајковски, во февруари 2004. и случувањата на Косово, во март истата година, беа тест за зачувување на државата и за виталноста на Охридскиот процес. Македонските институции и македонско општество, од овие предизвици излегоа појаки и со поголем легитимитет. За разлика од искуствата на Република Хрватска важно е да се истакне дека Охридската спогодба е меѓународен договор и со тоа е и составен дел на внатрешно правниот поредок на Република Македонија и е надреден е на националното законодавство.

Во своето годишно обраќање 2006. година[407], македонскиот претседател Бранко Црвенковски, зборувајќи за прогрес назначи некои од темелните постигнувања на Република Македонија, при што посебно е акцептирано известувањето на ЕК и НАТО. Објективно и реалистично известување на ЕУ, како и многубројните заклучоци кои доаѓаат од Брисел нагласуваат дека во 2006. година се забележани одредени одлагања во некои сегменти и дури и комплетен застој во реформистичките процеси.

Новиот изборен систем, како и организацијата на слободни и правични парламентарни избори ги задоволи меѓународните норми и стандарди.

Реформата на законодавството зазема најголем приоритет во контекстот на ЕУ и НАТО препораките. Законот за полиција – е доказ за одлучност и што е уште поважно за широк консензус во реформите од тоа подрачје, а посебно од Охридски договор и општо децентрализацијата. Важно е да се наспомне дека успешната имплементација на Охридски договор не е единствениот, но беше клучен фактор за барање на статус на кандидат за ЕУ кон крајот на 2005. година. Македонија покажува ретко успешен пример во изнаоѓање на формула за функционирање на мултиетничка демократија во рок од 4 години.

Најголеми приоритети во известувањата на ЕК и НАТО се препораки за владеење на правото, подобра економија, човечки права и слободи, подобри меѓуетнички односи, промоција на единствен систем на вредности во македонското општество.

Во периодот од 2001. до 2006. година Охридски договор успеваше да ги увери граѓаните дека нејзината цел е интеграција, а не поделба на Македонија. Меѓутоа, челници на албански партии во Македонија, како на пример Али Ахмети, лидерот на Демократската унија за интеграција, неретко го отвораат прашањето за официјална употреба на албанскиот јазик и за статусот на припадниците на воени формации во конфликтот од 2001. (т.н. Ослободителна народна армија – ОНА).

Во позадина на овие прашања понекогаш се гледаат и барања за ревизија на Охридската спогодба, па и на самиот Устав на Република Македонија. Со проширување на барањата, ДУИ бара директно – 1. Измени и дополнувања на Законот за службена употреба на малцинскиот (албански!?) јазик, 2. Решавање

[407] Annual address of the President of the Republic of Macedonia, H.E. Mr. Branko Crvenkovski, Skopje, December 21, 2006, http: //president.gov.mk./eng.info.dogovor.htm

на статусот на некогашните припадници на ОНА (пензии, вработување и сл.), 3. Упатување во парламентарна процедура на новиот „сет„ на закони за правата на малцинските заедници („до исполнување на сите одредби од Охридската спогодба„), 4. Утврдување на содржина и број на закони кои ќе бидат донесени со Бадинтерово мнозинство и 5. Гласање во Владата на РМ со двојно мнозинство.

Известување за Македонија од страна на Одборот за надворешни работи на Европскиот парламент (ЕП) од 2007. година[408], утврдува дека Охридската спогодба осигури на населението кое припаѓа на две различни јазични групи заеднички живот во единство и мир преку општинска реорганизација и со средствата на квалифицираното мнозинство (Бадинтерово мнозинство) кои ја штитат положбата на етничкото малцинство во процесот на донесување на одлуки во Парламентот.

Препораки се дека треба да се учи од искуствата (од патот) на Белгија, Шпанија, Италија и Швајцарија кои успеале во изградба на систем на управување и образовен систем водејќи сметка за регионалните јазични разлики. Претставниците на ЕП се надеваат дека ќе биде постигнат идниот договор со кој двете најголеми националности и различни малцинства (вклучително Турци, Роми, Срби, Бошњаци и Власи) ќе живеат едни до други во еднаквост и хармонија и дека управата (власта) ќе биде рамноправна со членовите на разноликоста на населението.

[408] Draft Report on the 2006 Progress Report on the Former Yugoslav Republic of Macedonia (2006/2289(INI), European Parliament, Committee on Foreign Affairs, http://www.europarl.europa.eu./committees

# 17. МАЛЦИНСТВОТО ВО ХРВАТСКА

Во Хрватска, во времето на војна и нестабилниот мир за решение на правата на националните малцинства долго не постоела политичка волја за решавање на искрснатите проблеми. Меѓународната заедница брзо го идентификувала кршење на малцинските права, па постојано вршела притисок и давала различни форми на помош сé со цел за подобрување на состојбата. Бидејќи остварувањето на посебните права на малцинствата претставува важно мерило за демократизација на општеството, а успешното решавање, еден од условите за економска и политичка интеграција во европските интеграции, Хрватска започнала дефинирање на нов попримерен модел за остварување на малцинските права, кој би требало да ги опфати и „новите“ малцинства. Проблемите се јавиле околу дефинирањето на „новите национални малцинства“ и нивните права, а проблемот околу дефинирањето на статусот на Србите и нивните права, прераснал во отворен судир. Во почетокот на демократската транзиција, со промената на власта во 2000-та година направени се важни напредци во заштитата на човечките и малцинските права.

## 17.1. ДЕМОГРАФИЈА НА МАЛЦИНСТВАТА

Малцинските заедници постојат на целото подрачје на Хрватска со бројни заедници кои се концентрирани во Барања, Банија, северна Далмација, Истра, Кордун, Лика, источна и западна Славонија. Миграциите на малцинствата постоеле во многу периоди во текот на историјата и под различни услови. Со пописот на населението според народноставо 2001 година евидентирани се статистички податоци за 22 малцински заедници според етничката припадност.[409] Традиционално, најмногубројно малцинство во Хрватска е српското, со 201.631 припадник или 4,54% од вкупниот број на населението во Хрватска, потоа Босанците со 0,5%, Италијаните сочинуваат 0,4%, Унгарците 0,4%, Албанците 0,3%,

[409] Податоци од Државниот завод за статистика, http://www.dsz.hr

Словенците 0,3%, Чесите 0,3%, Роми 0,2%, Словаците 0,2%, Македонците 0,1%, Германците 0,1%.

Доколку се споредат резултатите од пописот на населението од 2001 година со неколку досегашни пописи на населението, кај сите национални малцинства, освен кај Албанците, Ромите и Германците се воочува е опаѓање на бројот на нивните припадници. Најдрастично намалување се забележува кај најбројните национални малцинства, српското, унгарското, чешкото и италијанското. Намалувањето на бројот на припадниците на националните малцинства во однос на резултатите од 1991 година, се евидентира кај Србите - 65%, кај Словенците - 41%, кај Русите - 28%, кај Унгарците - 25%, кај Украинците - 20%, кај Словаците - 15%, кај Италијаните - 7%, додека зголемување се забележува кај Ромите за 41%, Албанците за 25% и Германците за 10%. Ако се спореди периодот пред 1991 година и пописот од 2001 година, малцинската популација се намалила од 22% на 8%. Податоците за бројот на Хрватите помеѓу два пописа води кон заклучок дека голем број припадници на националните малцинства ја менувале својата национална припадност. Тоа донекаде може да се заклучи врз основа на порастот на бројот на Хрватите помеѓу два пописа[410], кој не може да се објасни само со зголемувањето на природниот прираст, бидејќи во тој период преовладувал негативен прираст.[411] Ова зголемување на етнички изјаснетите Хрвати може делумно да се објасни со доселувањето на Хрвати во текот на 90-те години на 20 век од Босна и Херцеговина и дијаспората; одреден број на граѓани од мешовитите бракови во пописот од 2001 година се изјаснувале како Хрвати; во пописот од 1991 година 106.141 граѓанин се изјаснил како Југословен, а таа можност не постоела во наредниот попис; одреден број на припадници од различни малцинства во пописот се изјасниле како Хрвати.

Причините за намалувањето на бројот на припадниците на националните малцинства можат да се најдат во: последиците од војната; миграцијата кон урбаните центри која резултирала со ослабеење на руралните комуникации, нарушувањето на традиционалните врски со

[410] Според пописот од 1991 година.

[411] Според приближнитедемографски проценки во тој период умреле околу 45.000 луѓе повеќе отколку што се родиле.

малцинското културно наследство; интеррегионалните и прекуморските миграции, особено за време и по војната 1991-1995 година; поголемиот степен на образование кој доведува до повисоки социјални придвижувања на припадниците на националните малцинства; зголемувањето на бројот на национално мешовитите бракови; слабеењето на кохезивните елементи на етницитетот, кој е заменет со идентификација со професионална или социјална група, или регионалната припадност. Една од главните причини за овој феномен се напѓа во проценката дека во хрватското општество во иднина ќе биде потешко да се живее како припадник на национално малцинство, отколку како припадник на мнозинскиот народ.[412]

Таквата значајна промена на демографската структура резултирала со други промени релевантни за малцинската проблематика. Денеска во Хрватска малцинствата се распраснати - не постои територијално хомогено национално малцинство. Ниту едно малцинство не може да бара партиципирање во власта *(power-sharing)* како начин за решавање на нивниот статус. Малцинствата за кои може да се каже дека имаат извесни нови територијални автономии, инсистираат на остварување на своите права, преферирајќи ја заштитата на идентитетот, а не учествувањето во власта.[413]

## 17.1.1.ПОГОЛЕМИ МАЛЦИНСКИ ЗАЕДНИЦИ

*Срйско малцинсйво.* Многубројните српски организации припремаат културни манифестации и припремаат многубројни публикации, а од 1997 година постојат и локални радиостаници во источна Славонија. Денес српските организации се насочени кон враќање на бегалците, обновување на имотот на бегалците настрадани во војната и обнова на заедниците во погодените подрачја од војната. Најголемата политичка организација, Српскиот национален Совет, ги претставува интересите на својата заедница пред органите на владата и меѓународната

[412] За етничките дистанци во хрватското општество види: Malenica, Z., „Etničke predrasude i socijalna distanca u hrvatskom društvu danas", *Nacionalne manjine II- zaštita manjinskih prava u Hrvatskoj*, STINA, Split, 2003, 46.

[413] Minority rights group international report, Minorities in Croatia, 2003, 12, www.minorityrights.org/adm./Croatia

заедница. Во источна Славонија постојат српски училишта со наставни кадар од редовите на српското малцинство. Во другите делови на Хрватска, српските ученици посетуваат хрватски училишта, а доколку има доволен интерес, постојат дополнителни програми за српски јазик, култура и историја. Постои и една гимназија со српска наставна програма во Загреб. Бидејќи српското малцинство е ново малцинство, тоа пред осамостојувањето на Хрватска немало свои институции.

*Босанскошо малцинсшво* е втора малцинска група по големина, но се уште е во процес на конституирање на својот идентитет и свои организации. Културните групи издаваат списанија со културна и верска тематика за деца и возрасни, организираат културни и религиозни собирања, традиционални верски прослави, како и изложби.[414]

*Иџалијанскошо малцинсшво* има многу добро организирани институции кои подготвуваат многу добри изданија за деца и возрасни, културни манифестации, а постојат и многу библиотеки, како и Центар за историски истражувања кои има своја библиотека со фонд од 87.000 книги. Италијанското малцинство во Истра и Ријека има 24 детски градинки. Во десет основни училишта наставата се одвива на италијански јазик, како и во четири средни училишта.

*Унгарскошо малцинсшво* покренува мошне различни културни активности: издавачка куќа, централна библиотека, како и дневен локален радио програм. Во Хрватска постојат две градинки и 18 основни училишта со билингвален програм, додека во три средни училишта во Барања наставата се одвива на унгарски јазик. Во целата земја 350 ученици посетуваат настава на унгарски, но не се сите ученици припадници на унгарското национално малцинство.

*Албанскошо малцинсшво* во Хрватска по потекло е од Косово, Македонија и од Албанија. Својата прва организација ја создале во 1991 година како Унија на Албанците во Хрватска. Албанското малцинство издава публикациии на албански и хрватски, а културната дејност е насочена кон промоција на традиционалните игри. Едно основно училиште дава

[414] Šimić, M, *Cultural Autonomy of Ethnic Minotities in the Republic of Croatia,* Zagreb, 1998, 34.

дополнителни часови на албански, а слични програми се припремаат во Ријека и во Загреб.

*Чешкото малцинство* во најголем бран дошло во Хрватска во 19 век како дел од вообичаената миграција која се случувала внатре во Хабсбуршката монархија. Доаѓале во добро организирани групи во руралните подрачја, и индивидуално во урбаните подрачја. Чешкото малцинство има издавачка куќа која издава различни видови на публикации, имаат неделен локален радио програм на чешки, и широко распространети културни активности од претстави до фестивали за песни. Чешкото малцинство има две градинки на чешки јазик како и 4 основни училишта.

## 17.2. ПОЛИТИЧКИ ПРАВА НА МАЛЦИНСТВАТА

### 17.2.1. ПРАВО И НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА

Законодавството и практичната имплементација на правата на националните малцинства била не само важен тест за Хрватска, туку и мерило за демократските достигнувања; тоа беше важен предуслов за европските економски и политички интеграции. Република Хрватска од законодавството на СФРЈ го наследила режимот на заштита на човечките права кој покриваше само некои малцинства. Хрватска ги признаал тие наследени права, но останал проблемот со ново настанатите малцинства. Еден од предусловите за меѓународно признавање било донесувањето на законодавни акти кои би се однесувале на заштитата на националните малцинства, посебно на српското, које во претходното законодавство имало статус на конститутивна нација.

За остварување на правата на националните малцинства од голема важност било усвојувањето на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства во 1998 година. Тоа е првиот повеќестран инструмент од законодавен карактер кој се однесува на заштитата на националните малцинства. Имплементацијата на Рамковната конвенција може да се согледа преку анализа на следниве прашања: борба против дискриминацијата, пристап кон медиумите; промоција на ефикасна

еднаквост, како и промоција на културата, религијата, јазикот и традицијата; слободата во собирањето, здружувањето, мислењето; слободата во печатот говорот и јавниот настап, образованието, учествувањето во стопанскиот, културниот и општествениот живот; забрана на насилна асимилација. Мислењето на Советодавниот одбор на Парламентот на Европа било од пресудна важност за донесувањето на Уставниот закон за правата на националните малцинства.[415] Советодавниот одбор искажал загриженост во врска со недоволното партиципирање на припадниците на националните малцинства во јавниот, а посебно во стопанскиот живот. Процентот на припадниците од српското национално малцинство во државната управа е загрижувачки, а на останатите малцинства мошне незадоволителен.[416] Советодавниот одбор бил свесен дека извонредно ниската претставеноста на националните малцинства во извршната и судската власт, делумно е резултат на праксата од минатото (врзано со војната 1991-1995), и да таквата состојба не е компатибилна со Рамковната конвенција. Препораката на Советодавниот одбор била да се пронајде ефикасна правна основа и да се воведат дополнителни позитивни мерки, со цел да се отстранат постоечните негативни последици од ваквата пракса. Критика за недоволната застапеност на националните малцинства во судството и државната управа дал и ОБСЕ.[417]

Како надополнување на Рамковната конвенција Хрватска ја прифатила *Европската повелба за регионалните и малцинските јазици*, врз основа на која е донесен *Законот за употреба на јазикот и писмата на националните малцинства.* Врз основа на Европската повелба договорените страни се обврзуваат дека во поглед на образованието, судството, управата и јавните служби, јавните медиуми, културните активности, стопанскиот и социјалниот живот на подрачјата во кои се користаат мајчините јазици (италијански, унгарски, српски, чешки,

[415] Мислење за Хрватска на Советодавниот одбор за Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства, Европски парламент, Стразбург, 6.04.2001.
[416] Проценти на запослени во органите на државната управа: Срби 2,87%, Италијани 0,16%, Унгарци 0,16%, Чеси 0,16%, Муслимани 0,39%, Словенци 0,30%, Македонци 0,10% наведено според, Tatalović, S., „Analiza položaja nacionalnih manjina u Hrvatskoj", во зборникот *Demokratija i multikulturalnost na Jugoistoku Evrope*, Centar za istraživanje etniteta, Belgrad, 2003.
[417] Status report no 16 on Cratia's progress in meeting international commitments since november 2004, July, 7, 2005, OESS, Mission to Croatia, http://www.osce.document/Mission to Cratia.

словачки, руски, украински) како службени, ќе им се овозможи остварување на правата на мајчиниот јазик.

Во 1991 година Парламентот го донесе *Уставниот закон за човечки права и правата на етничките и националните малцинства*. Прифаќајќи ги меѓународните стандарди, Хрватска вгради високо ниво на заштита на малцинствата во своето законодавство. Уставниот закон за правата на националните малцинства во Хрватска има централна улога во остварувањето на општа рамка на заштита на специфичните малцински права, вклучувајќи го и прашањето за партиципација на малцинствата во процесите на одлучување на локално, регионално и државно ниво. Правото на припадниците на националните малцинства за употреба на малционскиот јазик, како и образованието на мајчините јазици, елаборирани се во два специфични закони. Во 2002 година е донесен нов Уставен закон за правата на националните малцинства,[418] на чие донесување Република Хрватска се обврзала и со Спогодбата за стабилизација и приклучување кон ЕУ. Со неговото донесување е завршен процесот на создавање на целосната нормативна рамка за остварување на правата на националните малцинства. Според него, државата осигурава остварување на посебните права и слободи на припадниците на националните малцинства, низ остварување на индивидуалните и групните права. Неговите клучни елементи вклучуваат заштита од директна и индиректна дискриминација, и унапредување на следниве права на малцинствата: употреба на јазикот на малцинството во јавна или службена употреба; воспитание и образование на јазикот и писмото со кои се служат; употреба на своите знамиња и симболи; културна автономија - со одржување, развој и искажување на сопствената култура, како и зачувување и заштита на своите културни добра и традиции; право на објавување на својата вера; пристап кон средствата за јавно информирање; самоорганизирање и здружување заради остварување на заедничките интереси; застапеност во претставничките тела на државно и локално ниво, како и во управните и правосудните органи; заштита од

[418] Уставен закон за човечките права и слободи и за правата на етничките и националните заедници или малцинства во Република Хрватска, „*Narodne novine*"бр. 65/1991, 27/1992-прочистен текст, 51/2000.

секоја дејност која го загрозува или може да го загрози остварувањето на правата и слободите на националните малцинства.

Со овој закон е осигурано почитувањето на меѓународните стандарди за човечките права како и препораките од Лунд за учеството на националните малцинства во јавниот живот,[419] кое го промовирал Висок претставник на ОБСЕ за национални малцинства. ОБСЕ нагласил дека е потребна негова целосна имплеметнација, а решението го видел во клучното прашање на малцинското претставување во Парламентот.[420] Други важни елементи ОБСЕ видел осигурување на услови за партиципација на малцинствата во јавната управа на локално и регионално ниво, кои би биле постигнати преку Изборниот закон кој ќе обезбеди процедура за изборно представништво во Парламентот. За ОБСЕ Уставниот закон е позитивен придонес кон интер-етничките релации во Хрватска и поширокиот регион, но и за поширока заштита на националните малцинства во Хрватска. Прифаќањето на новиот Уставен закон е една од меѓународните обврски како чекор до пристапувањето кон ЕУ. Во 2003 година се усвоени амандмани на Законот за локални избори кој обезбедувал малцинско представништво во единиците на локалната самоуправа. Со изборниот закон српското малцинство добило три загарантирани места во Парламентот, е основан Совет за национални малцинства.

## 17.3. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА МАЛЦИНСТВАТА

Уставниот закон и билатералните договори[421] со соседните држави овозможуваат поврзување на малцинскиата група со нејзината матична земја, со цел да се обезбедило унапредување на заедничкото национално, културно и јазично наследство.

Претставување во Парламентот. Хрватска е една од ретките земји, како Словенија и Романија, кои на припадниците на националните

[419] http://www.osce.org/documents
[420] Види http://www.osce.org/news/show_news.php=2959
[421] Хрватска има пет склучени билатерални договори, со Унгарија, Италија, Србија, Црна Гора и Австрија.

малцинства не им обезбедуваат само заштита на националниот и културниот идентитет, туку и посебни места во Парламентот; значи имаат право на политичко претставување и усклађување на нивните специфични интереси. Претставувањето на малцинските заедници е важно за демократскиот развој, иако е лимитиран бројот на претставниците, и тие се уште имаат повеќе симболично влијание на државната политика. Членот 19 од Уставниот закон им гарантира на членовите на националните малцинства „право на претставување во Хрватскиот парламент". За српското малцинство се резервирани се три места, за Италијанското, едно, за Чесите и Словаците, едно, за Албанците, Босанците, Македонците, Црногорците и Словенците едно место, како и за Австриците и другите помали малцинства едно место.

*Парламентарни одбори.* Во Парламентот постои Одбор за човечки права, со Пододбор за правата на етничките и националните малцинства кој е детерминиран со имплементацијата на малцинската политика и нејзино имплеметирање во процедура на прифаќање на новите закони. Одборот е исто така авторизирано работно тело кое се занимава на подготовка на имплементацијата на меѓународната заштита на човечките права, меѓународните договори, правата на малцинствата и програмите за меѓународна културна соработка помеѓу меѓународните групи.

*Партиципирање во единиците на локалната управа и самоуправа.* За малцинствата е најважно успешното претставување на сите нивоа. Новиот Уставен закон предвидува пропорционална застапеност на сите нивоа во локалната управа. Со него се предвидува и воспоставување на Совет за национални малцинства на локално, регионално и државно ниво, како консултативни тела кои даваат мислења за релевантните прашања кои се однесуваат на националните малцинства и тежнеат кон подобрување на односите помеѓу малцинствата и владините тела на сите нивоа.

*Советот на национални малцинства* е основан во 1998 година како невладино, координациско и консултативно тело на сите регистрирани малцинства во Хрватска сè со цел за промовирање на сите малцински заедници. Ова тело се занимава со имплементација и промоција на малцинските права, со давање на законодавни предлози кои се однесуваат

на малцинската проблематика, пренесувајќи ги нивните ставови на Парламентот, владините тела и Владата со цел за решавање на специфичните проблеми. Важна е соработка соработка на ово тело со владините и меѓународните организации, посебно со Венецијанската Комисија.[422] Во 2003 година Советот за национални малцинства го усвоил *Моделот за остварување на етничките права на припадниците на националните малцинства* кој тргнува од критериумот на основните меѓународни документи, а со кои се уредуваат правата на припадниците на националните малцинства, Уставот и Уставниот закон за правата на националните малцинства. Моделот подразбира остварување на малцинските права преку овластените, редовни институции на Хрватска, кои се одговорни стручно и управно за поедините подрачја на општествениот живот. Со таквиот модел се обезбедува заштита и развој на културниот и етничкиот идентитет на припадниците на националните малцинства и нивна интеграција во хрватското општество.

Владината канцеларија за национални малцинства е одговорна за имплементација на Уставниот закон и за подготовка на законските регулативи кои се однесуваат на проблемите на малцинствата. Канцеларијата се занимава со анализа на меѓународните конвенции кои го покриваат подрачјето на малцинските права, со надгледување на ситуацијата во врска со малцинските права во Хрватска, со промовирање и имплементација на нова малцинска политика и нови програми, како и редистрибуција на државните средства за меѓународните асоцијации и институции.[423] Приоритет се дава на аматерските и културните институции, книжарниците, медиумите и издавачките куќи, истражувањето и театарските претстави, а распоредот на средствата од државниот буџет го утврдува Советот за национални малцинства.[424]

[422] Šimić, M, *Cultural Autonomy of Ethnic Minotities in the Republic of Croatia*, Zagreb, 1998, 9.
[423] Tatalović, S., *Nacionalne i etničke manjine*, Prosvjeta, Zagreb, 1997, 101.
[424] Во 2003 година врз основа на искажаните потреби и интерес Хрватска финансиски го помага остварувањето на програмот за работите на 35 невладини здруженија и установи на националните малцинства и за таа цел се издвоени 2.800.000 евра.

## 17.4. ОБРАЗОВАНИЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА

Хрватското законодавство им дозволува на припадниците на националните малцинства образование на малцинскиот јазик со наставен програм кој ги опфаќа малцинската култура, историја и јазик4.[425] Припадниците на малцинствата, индивидуално и групно имаат право да одберат образование и на мнозинскиот јазик. Васпитно образовниот наставнен план и програм на јазикот и писмото на националното малцинство покрај основниот општиот дел задолжително содржи и дел со чија содржина врзана за посебноста на националното малцинство. Тој дел од наставниот план и програм го утврдува и донесува Министерството за образование и спорт. Некои национални малцинства (Италијани) бираат само програми со комплетна настава на малцинскиот јазик, додека други бираат програм според кој се учи малцинскиот јазик, историја и култура (Руси и Украинци). Чешкото малцинство во некои училишта има организирано комплетна настава на мајчин јазик или двојазична настава или настава за мајчиниот јазик, историја и култура. Воспитно образовната работа во училишната установа на јазикот на националното малцинство ја вршат наставници од редовите на националното малцинство кои целосно го владеат јазикот на националното малцинство. Во издавањето на учебници на јазикот и писмото на националното малцинство се применуваат општи прописи за учебниците. Училишните установи со настава на јазикот и писмото на националното малцинство можат да ги користат учебниците од државата на матичниот народ, со одобрение на Министерството за образование и спорт. Средствата потребни за редовна работа на јавната училишна установа со настава на јазикот и писмото на националното малцинство се осигуруваат се во државната пресметка.

[425] Закон за правото на образование на припадниците на етничките и националните малцинства, Народни весници, но.51, 2000. член 6.

## 17.5. МИСЛЕЊЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА МАЛЦИНСТВАТА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Донесувањето на Уставниот закон за правата на националните малцинства била политичка обврска што Хрватска ја имала кон договорот за стабилизација и придружување, а дури по неговото усвојување се отворил патот за поднесување на кандидатурата за полноправно членство во ЕУ. Во мислењето за барањето на Хрватска за членство во ЕУ – avis-ом, кој Европската комисија го изработила врз основа на одговорите на хрватската влада на прашалникот, нагласена е важноста за усвојување на Уставниот закон како правна рамка за правата на националните малцинства во Хрватска[426]. За посебно важно претставниците на европската комисија го сметаат правото на малцинското претставување во хрватскиот парламент, како и правото на националните малцинства на застапеност во претставничките тела на локалната самоуправа, извршната власт како и во телата на судската власт. Правната рамка за заштита, на малцинствата ја гледаат во ратификацијата на сите конвенции на Советот на Европа, европската конвенција за човечки права и оцновни слободи, Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, Европската повелба за регионалните и малцинските јазици, Конвенцијата на УН за граѓанските и политичките права, како и билатералните договори за малцинската заштита.

Праксата за употреба на јазикот и писмото, како и школувањето на припадниците на малцинствата на нивното писмо е оценето е како коректно. Тие принципи се во склад со основните правила содржани во Рамковната конвенција на Советот на Европа за заштита на националните малцинства и во европската повелба за регионалните и малцинските јазици.[427]

Воочено е дека припадниците на националните малцинства се недоволно застапени во државната управа и правосудството. Се

[426] Мислење на Европската комисија за барањето на Република Хрватска за членство во ЕУ, Комисија на европските заедници, Брисел, 2004, 24-29.
[427] Исто, 25.

предупредува дека владата не создала посебен механизам кој би обезбедил долгорочно решение на овој проблем. Во бројните закони потребно е да се вградат елементи на позитивна дискриминација и да се ускладат со уставниот закон за правата на националните малцинства. Оваа забелешка е пред сѐ важна и ќе добие на значење кога ќе почне процесот *„screening"* на длабинското снимање на хрватските политички институции на ускладеноста на законодавството со законодавството на ЕУ.

Европската комисија е критички настројена кон медиумската слика за Хрватска, врзана за спроведување на Уставниот закон за правата на националните малцинства. Иако битно е подобрено претставувањето на малцинските интереси во медиумите, треба да се донесат одредби со кои јавните радиско и телевизиски станици се должни да произведуваат и емитираат програми за малцинствата на нивните јазици.

Ромското малцинство, според мислењето на Европската комисија, заслужува посебно внимание. Според пописот, Ромите сочинуваат 0,21% од населението, а се проценува дека на тоа малцинство им припаѓа значително поголем број на луѓе, помеѓу 30-40 илјади. Со таа заедница е врзан и проблемот на државјанство, бидејќи значителен број од припадниците на таа заедница нема државјанство, не уживаат основно право на заштита пред институциите на судската власт и лишени се од основните човечки права.

Српското национално малцинство, како најголемо малцинство има специфична положба. Европската комисија спомнува драстично намалување на припадниците на тоа малцинство[428]. Во *„avis"* се зборува за нарушените односи помеѓу државата и српското национално малцинство во текот на војната, промената на статусот српското малцинство (ја губи позицијата на конститутивен народ и станува национално малцинство), проблемите со бегалците, враќањето на имотите, како и прашањето на некогашните станарски права. Иако се констатира дека институциите на српското малцинство - од политичките странки, училиштата до културните друштва - можат слободно да делуваат. Општо е мислењето на Европската комисија дека е недоволна интегрираноста на српското малцинство во хрватското општество на сите нивоа.

[428] Според пописот од 1991 година и процентот од 12,1%, пописот од 2001 година процентот паѓа на 4,5%.

Последните години се забележува поинтензивен развој на цивилното општество.[429] Нагласена е важноста на делувањето на организациите кои се занимаваат со заштита на човечките права, посебно кога станува збор за правата на бегалците - припадниците на малцинствата.

Досегашното ниво на хрватското достигнување во малцинската заштита е добар почеток за усогласување на хрватското законодавство со европското, но и за домашните законодавни иницијативи заради унапредување на положбата на националните малцинства во Хрватска. Положбата на националните малцинства е подобрена со политичките, управните и општествените промени во Хрватска, но и заради прифаќањето на сѐ поголемата одговорност што за својата положба ја имаат националните малцинства, а тоа се активности насочени кон засилување на оптествената организираност и самоорганизираност на припадниците на националните малцинства во невладините организации и нивното се поголемо вклучување во работата на телата на власта на државно, локално и регионално ниво. Правото на културна автономија, поради организираноста, најпотполно го остваруваат припадниците на националните малцинства кои тие права ги имале во СФРЈ. Припадниците на народите на бившата држава кои живееле во Хрватска, кои по меѓународното признавање станале малцинства, се уште се во фаза на организација сѐ со цел за целосно остварување на своите малцински права. Локалната и регионалната самоуправа треба да осигура средства и простор за работа на советот и претставниците на националните малцинства. Сите досегашни анализи покажуваат дека медиумски недоволно се презентираат содржините врзани за националните малцинства, со оглед на тоа дека медијската презентација е од исклучително значење за вклучување на малцинствата во јавниот живот.[430] Со доследна примена на Уставниот закон за правата на националните малцинства и останатите релевантни закони на сите нивоа, како и преку делувањето на контролните механизми, на пример, Советот за национални малцинстви и со создавањето на

[429] До 1999 година имало регистрирано околку 15.000 невладини организации, а до 2003 нивниот број се зголемил на повеќе од 23.000.
[430] Tatalović, S., „Politika zaštite nacionalnih manjina u Hrvatskoj“, *Nacionalne manjine II – zaštita manjinskih prava u Hrvatskoj*, STINA, Split, 2003.

претпоставки за остварување на правата на националните малцинства, Хрватска прави важни претпоставки за јакнење на меѓународната положба. Преку националните малцинства можно е да се оствариси културна и општествена соработка со соседните држави.

# 18. ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОМЕНИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА КАКО УСЛОВ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ КОН ЕУ

ЕУ се темели на вредностите на почитување на човековите права, слободата, демократијата, еднаквоста, владеењето на законите и почитувањето на човековите права. Овие вредности се заеднички за сите држави-членки. Плурализмот, толеранцијата, владеењето на правото, солидарноста и недискриминацијата имаат важна улога, особено во два специфични случаи:во политички и безбедносни услови; во процедурата за придружување, дефинирана во членот 1-57, која било држава мора да ги почитува овие услови за да стане кандидат за членство. Неуспехот на државата-членка да ги почитувале овие вредности може да доведе до суспензија на правата на државата-членка.[431]

Денешна Европа е резултат на повеќе децениско планирања, напор и соработка на државите, кое одело во две основни подрачја: економско и културно, кои ги карактеризира разнобразност, но и консензус за основните вредности. Со текот на развојот ЕУ ги менувале некои од своите приоритетни цели во согласност со проширувањето на подрачјето на делување, економските и технолошките промени и промените во својата организација. За време на Студената војна, Советот на Европа ги промовираше одбраната на човековите права, демократијата и владеењето на правото, ги придвижуваше покрена и ги унапредуваше европските договори и стандарди за социјална и правна пракса на земјите-членки, го промовираше европскиот идентитет утемелен на заедничките вредности со спојувањето на различните култури. На состанокот во Виена 1993 г., поставени се нови политички цели и Советот на Европа стана чувар на демократската безбедност заснована врз човековите права, демократијата и почитувањето на правото. Во 1997 г., во Стразбург, е усвоен Акциски план со кој работата на Советот на Европа треба да биде зајакната во четири подрачја: демократија, човекови права, социјална кохезија, сигурност на граѓанинот, демократски вредности и културни разлики.[432]

[431] http://europa.eu.int/scadplus/european-convention/objectives-es.htm
[432] Види Fuchet, M., *Evropska republika,* Stubovi kulture, Beograd, 2000.

## 18.1. ПОЛИТИЧКИ УСЛОВИ

На Самитот во Копенхаген се утврдени економски, уставно-правни и политички услови за прием во ЕУ. Политичките услови произлегоа од концептот на либералната демократија како што ја формирал Роберт Дал.[433] Дал укажал на разликата меѓу формалната и супстанцијалната демократија. Формалната демократија ја прават збир од правила, институции и процедури за донесување на политички одлуки, за разлика од супстанцијалната, чија моќ ја прави влијанието на поединецот на условите на неговиот живот преку учество во процесот на одлучување.

Формалната политичка демократија се остварува преку принципот на граѓанство, владеење на правото, поделба на власта, слободните избори на носителите на власта, слободата на изразување и здружување, како и цивилната контрола на државен апарат. Брз основа на тоа утврдени се 6 услови кои државите треба да ги исполнат доколку сакаат да станат членки на ЕУ: создавање на стабилни демократски институции, остварување на владање со правото и правната држава; правно регулирање на пазарното стопанство; почитување на правата на малцинствата, заштита на човековите права; и подготвеност за соочување со конкуренцијата на пазарот на ЕУ. Во исполнувањето на политичките услови потребно е да се приспособат правните прописи на секоја држава со прописите на ЕУ, да се осигураат слободни избори, да се гарантира слобода на медиумите, да се конституира независно судство, да се намали корупцијата и стопанскиот криминал и да се укинат привилегиите на поединни општествени групи.[434] Силно мотивирани за прием во ЕУ, државите од југоисточна Европа во досегашните политички реформи воспоставиле некој вид на формална (процедурална демократија), со некои недостатоци поврзани со владеењето на правото, поделбата на власта, изборите, делувањето на опозицијата, здружувањата и граѓанската контрола врз силите на безбедноста. Најголем проблем на земјите од ова подрачје е достигнувањето на демократска политичка култура која ја бара ЕУ. Демократичноста на политичката култура некои држави од ЕУ ја проценуваат врз основа на уставната положба на

[433] Види Dahl, R., *Dileme pluralističke demokracije*, BIGZ, 1994.
[434] Види Vujačić, I., *Politička teorija*, Čigoja, Beograd, 2002.

демократските институции, остварувањето на човековите права, улогата на политичките партии во мобилизирање на граѓаните во политичката партиципација, улогата на медиумите во објективното прикажување на политичките расправии и случувања, трансформацијата на државната администрација во јавни сервиси на граѓаните, способностите на локалните самоуправи за исполнување на барањата на граѓаните, постоењето на граѓанското општество. Воспоставувањето на демократските системи не е можно без уставно-правни реформи кои ќе ја ограничуваат власта од можни злоупотреби на штета на граѓаните и ќе овозможат авторитативно, ефикасно, легално вршење на власта. Новите држави претежно донесоа устави втемелени на правата на нациите и заедниците, а не на правата на граѓаните. Со тоа, правото на заедницата е поставено над граѓанската правда, правото на малцинствата и човековите права.

Иако, еден од условите за пристапување кон ЕУ е исполнување на одредени стандарди во поглед на малцинските права, тие не се во потполност разјаснети. Запад има извршено притисок на бројни држави, како услов за пристапување во ЕУ. Почетната стратегија подразбираше пристап заснован на правдноста.[435] Тој пристап подразбира одредување ѕбир од „универзални" стандарди. Рамковниот нацрт е претставен во Декларацијата на ОБСЕ од Копенхаген 1990, и е потврден со Женевската декларација, иако двете декларации претставувале исказ на политичка приврзаност, а не обврзувачки договори од меѓународното право. Многу западни држави се противат на можното воспоставување на меѓународен надзор за тоа како тие постапуваат кон своите малцинства. Франција, Грција и Турција, не само што се противат на самата идејата за автономија на националните малцинства, туку и го негираат постоењето на национални малцинства.[436] Дури и оние западни земји кои го прифаќаат самиот прицип, не сакаат нивните закони и политика во поглед на националните малцинства, нужно да бидат подложени на меѓународен надзор.[437]

[435] Kymlicka, W., Zapadna politička teorija i etnički odnosi u Istočnoj Evropi, 32, во (ur) Kimlicka, W. & Opalski, M., Može li se izvoziti liberalni pluralizam?, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002.
[436] Brett, R., „*The Human Dimension of the OSCE and the CSCE Response to Minorities*" во M.R. Lucas (ed.) *The OSCE in the 1990s: Constructing European Security and Cooperation* (Nomos Verlagsgesellschaft, Baden-Baden) 143-60.
[437] Chandler, D., „*The OSCE and the internationalionalisation of national minority rights*" во Cordell (ed) *Ethnicity and Democratitisation in the New Europe, Routledge*, London, 1999, 66-68.

Иако, истовремено сакаат да инсистираат, државите кои сакаат да пристапат кон ЕУ, да бидат под надзор во поглед на постапувањето кон малцинствата, државите-членки на ЕУ не сакаат нивното постапување кон малцинствата да се подлегне на испрашување.

Овој вид на двојни стандарди бил составен дел од заштитата на малцинствата под Лигата на народите. Денес, западните држави постапуваат двојно, од една страна е задржана приврзаноста кон универзалните малцински права, утеметелени на правдата, а од друга страна, создаден е нов контекстуален правец кој се заснова на безбедноста.

Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, која Советот на Европа ја донесе 1995 г., го следи правецот на универзалните права, иако во Рамковната конвенција не се спомнуваат прашања за службен јазик, универзитети на мајчин јазик или консоцијација. Западот го отфрли секој обид Рамковната конвенција да се направи правно задолжителна. Истото важи и за нормите кои ги усогласи ОБСЕ; препораките од Хаг за јазичните права на националните малцинства, препораките од Осло за образовните права на националните малцинства и препораките од Лунд за правата на националните малцинствата на ефикасна застапеност. [438] Иако овие препораки разјаснуваат некои од прашања од Рамковната конвенција, тие не го разгледуваат прашањето на службениот јазик, територијалната автономија, консоцијацијата или образувањето на мајчин јазик. Сите видови на норми кои западните земји ги донеле од 1995, немаат никаква правна сила и можност за имплементација, и се сметаат како политички документи. Обврските на сите држави се ублажени за да им се удоволи на оние западни држави кои се противат на задолжителните малцински права.

## 18.2. БЕЗБЕДНОСНИ УСЛОВИ

Со цел решавање на судирот на југоисток на Европа, на западот му беше потребна поинаква основа со која би ги советувал и присилувал земјите-кандидатки да направат повеќе за малцинствата отколку што тоа го бара

[438] Види: The Hague Recommendations on Linguistic Rights of National Minorities (1996); Oslo Recommendations on Education Rights of National Minorities (1998) Lund Recommendations on Effective Participation Rights of National Minorities (1999)., www.osce.org/hcnm/documents

Рамковната конвенција. Формиран је нов правац, одреден со поимот „безбедност". На ОБСЕ му е даден мандат за надгледување на статусот на националните малцинства, но не кога се нарушени универзалните малцински права, туку кога етничкиот судир претставува закана за европската сигурност. Главен инструмент за спроведување на ваквиот сигурносен правец е Канцеларијата на Високиот комесар за прашањето на националните малцинства, во ОБСЕ, основана во 1992 г. Нивна цел е занимавање со прашања за националните малцинства, а не со националните малцинства. Мандатот на Високиот комесар за прашањето на националните малцинства пружа основа за различен третман и на земјите од ЕУ и земјите-кандидати.[439]

Првиот правец на универзалните малцински права важи истовремено за сите малцинства. Се темели на праведноста и ги обврзува сите држави на почитување на истите права кои се наоѓаат во Рамковната конвенција. Другиот сигурносен правец пружа оправдување и втемелување на различниот третман на земјите од ЕУ и земјите-кандидидати. Тој правец е концентриран исклучиво на земјите-кандидати и ги оформува нивоата за интервенција и надзор, кои не можат да се најдат во земјите-членки на ЕУ.

Една важна импликација на Високиот комесар за прашањето на националните малцинства се гледа во фактот дека, во рамките на мандатот, му е дозволенода препорачува форми на малцинските права кои одат преку оние што ги бара Рамковната конвенција, доколку тоа помага за осигурување на стабилноста. Тој може да препорача територијална автономија, статус на службен јазик, консоцијално право на вето или високо образование на мајчин јазик, иако ништо од ова не се бара во меѓународното право. Иако овие препораки не се правно обврзувачки, тие се исклучително значајни, бидејќи ЕУ повеќе пати има повторено дека од државите кои сакаат да пристапат кон ЕУ се очекува да постапуваат според советите на Високиот комесар за прашањето на националните малцинства. ЕУ и НАТО на некој начин одредиле Високиот

[439] Високиот комесар за прашањето на националните малцинства до сега не дал препорака ниту за едно прашање на малцинските права во западните земји. Оправдувањето за ваквиот пристап е дека овие спорови не претставуваат безбедносен проблем. (Chandler D., 1999, 67). На високиот комесар строго му е забрането да се бави со терористички групи, чија клаузула е придодадена на инсистирање на Шпанија, Велика Британија и Турција со што би се осигурале дека вискоиот комесар нема да се меша во нивните етнички проблеми.

комесар за прашањето на националните малцинства да ги оценува државите-кандидати дали доволно сториле по прашањето на малцинските права.[440]

Овој нов безбедносен правец стана преовладувачко средство со чија помош западните држави вршат притисок на земјите-кандидати. Сè е поочигледно дека приемот во ЕУ и НАТО не бара не само ратифицирање на Рамковната конвенција, туку и прифаќање на препораките на Високиот комесар. На тој начин ЕУ ги присилува земјите-кандидати да усвојат силни форми на малцинските права, но не третирајќи ги тие права како прашања на праведноста и обврска на земјите-членки на ЕУ. Како дел од својот безбедносен пристап, ОБСЕ ги обесхрабрува барањата за територијална автономија.[441] Ван дер Штул вели дека се спротиставува на изборот на територијална автономија доколку оваа формула води кон потенцијално опасни тензии. Врз основа на ваквото размислување тој го обесхрабри албанското малцинството во Македонија, во нивното барање за автономија, бидејќи тоа би влијало на стабилноста на овој регион. Без разлика на сè, постапките на ОБСЕ сè уште се доживуваат како примена на двојни стандарди за земјите-членки на ЕУ и останатите земји. Континуирани интервенции во земјите од источна и југоисточна Европа, ОБСЕ понекогаш го објаснува со смалувањето  на меѓудржавната напнатост. Континуирани интервенции сепак не можат да се применуваат само на ова подрачје бидејќи постојат слични примери во земјите на ЕУ.[442]

Понекогаш ОБСЕ објаснување на своите активности, наоѓа и во различното поимање на системот за безбедност кој подразбира отсутност на „човечка димензија“ демократија, правда и човекови права. Меѓутоа, ако се очекува универзална примена на таквото објаснување тогаш ОБСЕ би требало да интервенира и во западните земји.[443]

[440] Parker, J., „Making International Law Matter in Preventing Ethnic Conflict“, *New York University Journal of International Law and Politics*, no 32/3, 2000, 715-24.

[441] Van der Stoel, *Early Warning and Early Action: Preventing Inter-Ethnic Conflict.* Speech by High Commissioner on National Minorities at the Royal Institute of International Affairs, London. 9 July, 1999; Zaagman R.,"Commentary" во Wofgang Danspeckgruber, W,. and Watts, A., (eds) *Self-Detemination and Self-Adiministration:* A Sourcebooks, Lynne Reinner, Boulder, 1997, 248-54.

[442] Правата на католиците во северна Ирска се извор на напнатост помеѓу Ирска и Британија, јужен Тирол е извор на напнатост помеѓу Аустрија и Италија, Финска има жалби на постапувањето на финското малцинство во Норвешка, третманот Баска е извор на напнатост помеѓу Франција и Шпанија

[443] Против расизмот и дискриминацијата кон Афроамериканците во САД, кон Турците во Германија или Ромите во Шпанија.

Од сето ова може да се заклучи дека критериумите за сигурност различно се применуваат во земјите на ЕУ и во земјите од Источна и Југоисточна Европа. „Безбедноста" во примената на запад се толкува во тесно значење за отсуство на војна, па и западните земји се изземени од вплеткување на ОБСЕ. Во останатите земји прашањето на безбедност е проширено во различни правци како би се оправдала интервенцијата во државите со слаби или никакви изгледи за судир. Ваквиот став го зацврстува широко распространетото уверение дека запад на другите земји им го наметнува малцинското прашање како работа на политичка моќ, а не како работа на искрено уверување.[444] Недоследноста и двојните стандарди се јавуваат и внатре во земјите од источна и југоисточна Европа. Барањата кои ги поставува ОБСЕ во огромна мера се разликуваат од држава до држава. На повеќето држави не им е јасна логиката, или кои принципи лежат во основата на ваквото постапување затоа што барањата се разликуваат од држава до држава. *„Критиката на некоја држава ретко ја прати список на посебни и достижни цели, туку само нешто што мора да се направи".*[445] Променливите препораки би можеле да ја одразуваат чуствителната проценка на она што е најдобро да се стори заради унапредување на безбедноста. Високиот претставник за прашања за национални малцинства секогаш се обидува да пронајде универзални норми со цел да се оправдаат препораките засновани на сигурноста. Кога тоа не е можно, се наведуваат одредби од меѓународното право и норми кои би ги поддржале неговите препораки, а кога такви норми не постојат, тој настојува да ги развие.[446] Се нагласува дека безбедноста не е можна без праведноста, но проблемот настанува кога видот на правдата која некој ќе ја добие зависи од моќта која некој ја има. Кога малцинствата на сила ќе ја добијат власта, се вели дека федерализмот и консоцијацијата го подигаат нивото на

[444] Ratner S., „Does International Law Matter in Preventing Ethnic Conflicts?", *New York University Journal of International Law and Politics,* no. 23/3, 2000, 591-698; Cohen J., *Conflict Prevention Instruments in the Organization for Security and Cooperation in Europe,* Netherlands Institute of International Relations, Hague, 1998.
[445] Burgess, A., „Critical Reflections on the Return of National Minority Rights" во Cordel (ed) *Ethnicity and Democratisation in the New Europe,* Routledge, London, 1998, 61-76.
[446] Ratner, S., „*Does International Law Matter in Preventing Ethnic Conflicts*?" New York University Journal of International Law and Politics, no. 23/3, 2000., 640

праведност, а кога малцинствата се приврзани кон законот се размислува за нетериторијални форми на културна автономија.[447]
Како алтернатива на територијалната автономија се инсистира на целина од образовни и културни права ограничени по обем и со слаб правен статус.[448] Поголемиот дел на држави чека прием во ЕУ бидејќи сметаат дека кога еднаш ќе бидат примени нема да бидат подложни на понижувачкиот надзор на својата малцинска политика. Малцинствата, наспроти тоа сметаат дека ќе добијат исти права како западните малцинства, мислејќи притоа на Каталонците, Шкотите, Фламанците и јужните Тиролци.[449]

Безбедносниот правец не доби консензус запрашањето на праведноста на политиката на малцинските права. Тој е вид на притисок врз мнозинството без менување на гледиштe на мнозинството или малцинството во поглед на она на што оправдано имаат право. ОБСЕ не бара реформи во малцинскиот статус врз основа на праведноста, туку од потребата за разбивање на заканата на меѓународната сигурност. Тој аргумент го потврдува ставот дека малцинствата се пред сè сигурносен проблем.[450]

Бидејки се сега смета дека нема начин да се воспостави еден универзален и неприсрасно-административен збир на малцински права, кој би се занимавал со прашањата кои ги наметнува малцинскиот национализам, најдобро што може да се очекува е сегашниот пристап кој е заснован на безбедносниот правец, макар да важи само за спречување на насилните судзри.

---

[447] Kymlicka, W., Zapadna politička teorija i etnički odnosi u Istočnoj Evropi, 32, во (ur) Kimlicka, W. & Opalski, M., *Može li se izvoziti liberalni pluralizam*?, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002, 336.
[448] Види Wheatley, S., „Minority Rights and Political Accomondation in the New Europe, во *European Law Review*, vol. 22, 1997.
[449] Види Leiblich, A., *Ethnic Minorities and Long –Term Implications of EU Enlargement*, Robert Schuman Centre, European University Institute, Florence, 1998.
[450] Kymlicka, W., *Zapadna politička teorija i etnički odnosi u Istočnoj Evropi*, 32, во (ur) Kimlicka, W. & Opalski, M., *Može li se izvoziti liberalni pluralizam*?, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002, 337.

# 19. ЗАКЛУЧОК

Класичните либералните цели се: праведност, демократија, еднакви можности и економски развој. Еден од важните современи либерални цели е давање на исти можности на припадниците на различни култури во плуралните општества на државно ниво. Либералните принципи, дискурсот на либерализам го проширува на групни и колективни права.

Западот и сам по себе екстремно се разликува начиноте на кои и приоѓа на етнокултурната различност. Важна е разликата, на пример, меѓу канадската, аустралиската, австриската или германската политика кон емигрантските заедници кои во овие земји дошле во последните неколку десетлетја. Исто така, постои и разлика меѓу начинот на кој една Франција или пак скандинавските земји се однесуваат кон значењето на малцинствата. Ист вид на разлика постои и на исток и на југоисток од Европа.

Државите прифаќаат нови стандарди за заштита на малцинствата, понекогаш и преку своето уверување за да прилагодат на новото политичко окружување. НАТО и ЕУ го сметаат решението за малцинските прашање задолжителен услов за интеграција, иако барањата се разликуват од држава до држава. „Универзалните“ стандарди кои мораат да се задоволат, се претставени во Декларацијата на ОБСЕ од Копенхаген 1990 г., и потврдени со Женевската конвенција. Овие декларации се исказ на политичката приврзаност, а не законски задолжувачки договори од меѓународното право.

Формата на културната автономија може да биде либерално решение или барем форма на осмислување на решенија на моменталната ситуација на малцинстват на ова подрачје. Но, ова форма на автономија можеше да биде модел за решавање на малцинските прашања и во земјите на западна Европа. Суштината на културната автономија е право на граѓанско и политичко здружување, право на сопствени институции, право на користење на мајчиниот јазик, право на образование на сопствениот јазик, практични орудија на малцинствата замирно да го развилаат својот културен живот.

Најважните работи со кои треба да се снабдат во Хрватска и во Македонија е желбата за културна автономија на националните малцинства и територијалниот интегритет на националната држава. Како дел од својот

безбедносен пристап, ОБСЕ се спротиставува на изборот на територијална автономија доколку оваа формула води кон потенцијално опасни тензии. Врз основа на ваквото размислување ОБСЕ обесхрабри албанското малцинството во Македонија, во нивното барање за автономија, бидејќи тоа би влијало на стабилноста на овој регион. Иако тоа не е случај во Македонија, либерални аргументите за воведување на територијална автономија ќе бидат ограничени на услови во кои малцинската група е голема и територијално концентрирана, и таму каде што разликитете меѓу малцинството и мнозинството се важни.

Вредноста на либералната теорија на малцинските права не е во давањето само можност за формално учество во политичкиот домен, туку и во почитување на нивното барање за признвање, за еднаквост. Културните разлики го одредуват процесот на донесување политички одлуки на државни ниво, како и на локално ниво (правото на самоуправа).

Либерализам, сепак, преферира градење на граѓанска нација, градење на граѓанско општество со интеграција на малцинските заедници и надминување на примордијалното сфаќање на нацијата, по чиј концепт етницитетот се отчитува во објективните ентитети како што се територијата, јазикот, препознатливото членство и посебениот колективен „менталитет“. Либералните теоретичари, имплицитно, прифатиле дека културата или нацијата се основни единици на либералната политичка теорија. Притоа, културната и националната припадност се либерални вредности, и важат и за етничките групи и малцинства. Либералните цели се достижни кај либерализирана социјална култура или нација.

Земјите на југоисток од Европа, па така и Македонија и Хрватска, покажуваат отвореност кон либерално-плуралистичките принципи. Меѓутоа, иако облиците на либералниот плурализам не се новина на овие простори, овој простор на југоисток од Европа тежи кон етнокултурална неутралност, која не е во согласност со културниот плурализам. Сепак претстои тежок пат бидејќи демократските процеси не осигуруваат автоматски праведно усогласување на етничките и културните разлики. Новите „проевропски“ структури едноставно креираат нов собир на можности и ограничувања во процесот на воспоставување на обрасци на етничка рамнотежа во новото политичко опкружување. Иако овие земји ги прифаќаат западните либерални плуралистички принципи, како

предуслов за влез во ЕУ, тие принципи не осигуруваат автоматски праведно усогласување на етничките и културните разлики. Праведноста која ја бараат малцинските заедници може да значи и помрднување од моделот на националната држава кон моделот на повеќенационална држава, односно од моделот на исклучива надлежност на државата кон моделот на локална автономија.

Политичката пракса покажала дека на југоисток од Европа не може да се оствари некој општ западноевропски либерален вид на демократија како верна копија, туку тоа секогаш ќе биде специфичен тип на демократија условен од историско-политичкото и културно наследство, со сегашната структурна и културна состојба на општествата и разните меѓународни влијанија на таквата состојба. Поттикнувањата и помошта на реформите који доаѓаат од ЕУ, пропратени се со барања и притисоци кои ја загрозуваат нивната стабилност. Целта на либералната теорија е да се втемелат малцинските права кои ќе ги штитат малцинствата од подреденост која инаку би ја трпеле како последица на градење на нацијата. За да се осигура вистинската еднаквост на сите граѓани потребно е на малцинствата да им се дадатправа кои им осигурават надворешна заштита. На тој начин малцинствата имаат еднакви можности како и мнозинствата за работа и живот внатре во својата сопствена култура.

Сепак, може да се изводи еден генерални став да се сите малцинства соочуваат со извесна структурална ранливост внатре во системот на градење на нацијата, било да се работи за западните држави (во ЕУ) или земјите-кандидатки за членство во ЕУ.

ЕУ не е идеална заедница на држави. Во неа постојат спорови во многу подрачја, бавност во донесувањето на одлуките и нивно остварување, двојни стандарди во третирањето на правата и обврските на членките, бирократизам, нерамноправност на богатите и сиромашните држави. Според некои аналитичари со усвојувањето на европските вредности и правни стандарди на ЕУ се доведуваат во прашање етничките и културните интереси на малите земји во Унијата. Меѓутоа, преовладува ставот дека нема алтернатива бидејќи ЕУ на почетокот од преговорите бара исполнување на политичките демократски стандарди, економска успешност, политичка стабилност, сигурност, определување за модернизација и меѓународна мирољубива соработка во прв ред

со земјите од окружувањето. Исполнувањето на многу потешките економски стандарди доаѓа по приемот во ЕУ.

Малцинските права се политички права, а нивната исклученост од основните права не е иманентна само за земјите од источна и југоисточна Европа. Таа е поширока и треба да ги вклучи и старите западни демократии. Првата група на земји треба да научи дека правата мораат да се доделат на сите, а не да се третираат како привилегији кои се доделуваат на малцинствата, додека некои од земјите на либералната демократија не треба да се плашат од малцинските права ѕашто нивното унапредување води кон стабилност и прогрес на малцинствата, но, и на мнозинствата. Признавањето, заштитата и промоцијата на малцинските права е важно за избегнување на константни закани на меѓународната сигурност, како и за спречување на хуманитарна криза. Покрај строго правното изедначување на припадниците на малцинствата со мнозинското население (забрана за дискриминација на припадниците на малцинствата) неопходно е давање на одредени привилегии на припадниците на малцинствата на строго нормативен план тие можат да бидат во пракса еднакви, т.е., да не ги трпат практичните последици поради фактот што припаѓаат на малцинска заедница, односно поради нееднаквата ситуација во која тие се наоѓаат во однос на мнозинското население. Овие посебни „привилегии" (позитивна дискриминација) имаат за цел да им овозможат на припадниците на малцинствата уживање, негување и изразување на својата национална специфичност, на тој начин да ја избегнат асимилацијата во мнозинската заедница. Давањето на „удобностисти" е неопходно во државите кои имаат карактер на национални држави, кои имаат една водечка, државотворна национална традиција, но и во т.н. граѓански држави, кои во секој поглед подразбираат изедначеност на сите национални групи и кај кои државотворниот карактер има цел население како собир од рамноправни единки. Позитивната дискриминација има за цел да ги исправи и анулира нееднаквостите кои ги создаваат објективните животни околности

Положбата на малцинствата на овој простор е поврзана со фактот дека малцинското прашање е суштински проблем за организацијата на политичкиот, културниот ие кономскиот живот, а не спореден феномен кој може да се реши со технички доработки. Соочувајќи се со малцинските прашања, општеството се

соочува со суштинските прашања за својата структура. Положбата на малцинствата во Хрватска и Македонија треба да се анализира и во општоевропски контекст. Западот илузорно очекуваше дека демократијата, повеќепартискиот систем, ориентираноста кон пазарното уредување автоматски ќе го реши проблемот на југоистокот на Европа, а во склоп на тоа и малцинското прашање. Таквиот пристап се темели на мислењето дека образецот за настанување на држава може да се примени и во овој дел на Европа, и дека може да се создаде институционализиран систем во чии рамки етничките разлики можат слободно да постојат.

Во Македонија е присутна тенденцијата на зголемување на бројноста на едно малцинство, за разлика од Хрватска во која бројот на припадниците на малцинствата се смалува. Имплементацијата на Охридскиот договор, со промена на законодавството која тој ја наложува го прошири просторот на малцинските права, посебно на албанското малцинство. Охридскиот договор го промовира и влијае на развојот на граѓанското општество, влијае на развојот на локалната самоуправа, децентрализацијата на државната власт, и понатамошниот развој на мултикултуралното општество. Може да се каже дека со тоа националната држава се трансформира во мултинационална. Со имплементацијата на Охридскиот договор значајно е подобрено малцинското прашање, без давање на територијална автономија, но е опфатена само најголемото малцинство, а не сите.

Хрватска со донесувањето на бројнте законски акти даде високо ниво на заштита на припадниците на малцинствата, а државата учествува во развојот и зачувувањето на културната автономија на сите малцински заедници во Хрватска. Меѓутоа, иако е забележан поинтензивен развој на граѓанското опшстество, не е доволна интегрираноста на малцинствата во хрватското општество на сите нивоа.

Двете држави малцинското прашање го уредиле со посебни одредби кои произлезени од Уставот, (Хрватска со Уставниот закон за малцинските права, а Македонија со Охридскиот догоовор). Меѓутоа, најдобра форма за уредување на статусот на малцинствата осигурува билатерален договор. Така на пр. Хрватска има билатерални договори со 5 земји, Унгарија, Италија, Србија, Црна Гора и Австрија, а Македонија има потпишано само еден, со Србија, додека со Хрватска

е во припреми. Евидентно е дека со билатералниот договор се уредени две најзначајни прашања кои се однесуваат на статусот на малцинските заедници: културната автономија, употребата на мајчиниот јазик и писмо, правото на политичко претставување.

Западните политичари често настојуваат да го пренесат западниот модел на приликите на југоисток од Европа. Фактот дека не постои општоприфатен, артикулиран меѓународен систем за заштита на малцинства, пластично ги покажува тешкотиите за решавање на малцинското прашање на правно, политичко и општоевропско ниво. Иако државите од овој простор можат да профитираат со увидот во функционирањето на либералните принципи применети на меѓународната сцена, во поглед на малцинствата, се принудени да ги бараат сопствените, автохони решенија. Пренесувањето на западноевропската стварност, односно формата на нејзината модернизација се покажа како недоволно. Неопходни се исклучителни теоретски и практични напори за да можат поимите кои се дел од европската пракса да ја најдат својата имплементација на нашиот простор. Проблемот на малцинствата во една држава треба да се решава како нејзино внатрешно правно прашање, но исто така не може да се исклучи влијанието на меѓународните фактори.

Јасно е дека западот има моќ да наметнува многубројни услови кои сите земји-кандидати за прием во ЕУ мораат да ги исполнат. Правните и политичките реформи ќе бидат успешни единствено ако се успешно пратени со промената на сфаќањата, надежите и стравовите кои се однесуваат на односот на држава и националното малцинство. Круцијалната промена се однесува на промената на сфаќањата дека националната мобилизација на малцинската група е нормален и легитимен дел од секојдневниот политички живот во едно слободното демократско општество. Иако, меѓународната заедница имала успех во притисокот врз државите со цел прифаќање и одредени минимални стандарди во врска со малцинските права, таа не успела ефективно да ја смени доминантната идеологија која смета дека се нелегитимни барањата за територијална автономија и употреба на малцинскиот јазик како службен.

Мултикултуралните општества треба да пронајдат начин за да ги надминат разликите кои постојат внатре во различните групи на населението, без кршење на правата на малцинските групи на културен развој или парализирање

на можностите за управување и самоуправување. Демократијата не е едноставно желба на мнозинството, па така ниедна држава на смее да го лиши правото на политичката партиципација на граѓаните.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. Alejandro, R. „Rawls's Communitarianism", *Canadian Journal of Philosophy,* Volume 23, Number 1, March, 1993.
2. Altermatt, U., *Etnonacionalizam* во *Evropi,* Jež, Sarajevo, 1997.
3. Anderson, B., *Nacija: zamišljena zajednica,* Školska knjiga, Zagreb,1990.
4. Arendt, H., *The origins of totalitarianism,* New York, Harcourt,1951.
5. Armstrong, J., *Nations before Nationalism,* University of North Carolina Press, 1982.
6. Balandier, G., *Sociologija, etnologija i etnografija,* „Naprijed" Zagreb, 1966.
7. Banac, I., *The National Question in Yugoslavia,* Cornel University Press, 1984.
8. Bauer, O., *Die Nationalitätenfrage und die Sozialdemokratie,* Wien, 1907.
9. Bendix, R., *Nation – Building and Citizenchip- Studies of our Changing Social Order,* New York, 1964.
10. Benoa-Romer, F., Hardeman, H., *Manjinsko pitanje u Evropi: Ka stvaranju koherentnog evropskog režima,* CEPS Paper, br.55, Brisel: Centar za Evropske političke studije, 1994.
11. Benting, C., Kymlicka, W., „Multikulturalizam i država blagostanja", *Habitus,* Novi Sad, 16, 2003/4.
12. Bibo, I., *Beda malih naroda istočne Evrope,*Sremski Karlovci, Novi Sad, 1996.
13. Boden, M., *Nationalitäten, Minderheiten und etnische Konflikte in Europa,* Münich, 1993.
14. Božilović, N., „Kulturni, etnički i regionalni identiteti i odnosi na Balkanu", во zborniku radova *Kvalitet međuetničkih odnosa, svijest o regionalnom identitetu i mogućnost suradnje na balkanu,* Sven, Niš, 2004.
15. Brett, R., „The Human Dimension of the OSCE and the CSCE Response to Minorities" во M.R. Lucas (ed.) *The OSCE in the 1990s: Constructing European Security and Cooperation* (Nomos Verlagsgesellschaft, Baden-Baden) 143-60, 1990.
16. Brolman, C., Lefevre, R., *People and Minorities in the international Law,* Dordeher, Boston, 1992.
17. Bromley, X.V.: *Toward Typology of Ethnic Processes,* Vervielfältigtes Manuskript 8. Weltkongress für Soziologie. Toronto, 1974.

18. Brunnbauer, U., The Implementation of Ohrid Agreement: Ethnic Macedonian Resentments, *Journal of Ethnopolitics and Minority Issues in Europe,* 1/2002, 7, http://www.ecmi.de

19. Buchanan, M. J., *Granice slobode,* Između anarhije i Levijatana, Dereta, 2002.

20. Bugarski, R., *Jezička nejednakost u suvremenom svijetu,* Beograd, 1983.

21. Bunce, V., *„The Yugoslav Expirince in Comparative perspective"* во Bokovoy,M., *State-Society Relation in Yugoslavia 1945-1992,* New York, Martin Press, 1997.

22. Burgess, A., „Critical Reflections on the Return of National Minority Rights" во Cordel (ed) *Ethnicity and Democratisation in the New Europe,* Routledge, London, 1998.

23. Bzezinski, Z., „Post-Communist Nationalism", во *Foreign Affairs,* LXVIII, no.5, 1989-90

24. Capotorti, F., *Studija o pravima osoba koje pripadaju etničkim, vjerskim i jezičkim manjinama,* New York, Ujedinjene Nacije, 1991.

25. Ceating, M., Gary, J., *Minority nationalism and changing international order,* Oxford University Press, 2001.

26. Chabod, F., *L'idea di nazione,* „Editori Laterza", Bari, 1974.

27. Chandler, D., „The OSCE and the internationalionalisation of national minority rights" *во* Cordell (ed) *Ethnicity and Democratitisation in the New Europe,* Routledge, London, 1999.

*28.* Chossudovsky, M., *How did the IMF dismantled Yugoslavia, 1999*

29. Claude, I., *National Minotities: An International Problem,* Harvard University Press, 1955.

30. Cohen, J., *Conflict Prevention Instruments in the Organization for Security and Cooperation in Europe*, Netherlands Institute of International Relations, Hague,1998.

31. Connor, W., Ethnonationalism. *The request for Understanding, Princeton,* Princeton University Press, 1994.

32. Conrad, Y, Dossetto, F., Targozs, P., *Guide des sources documentaires sur les migrations et les relations ethniques en Europe,* Bruxelles,1995.

33. Čok, V., *Italija,* во grupa autora, Pravo i pravo na upotrebu jezika, Beograd,1990.

34. Dahl, R., *Dileme pluralističke demokracije,* BIGZ, 1994

35. Dahl, R., *Political Opposition in Western Democraties,* New Haven, Yale, University Press,1996.
36. De Vos, G., and Romanucci-Ross, L., (ed) *Ethnicity, Theory and Experience,* Chicago, Chicago University Press, 1974.
37. Denich, B., at Round Table on Nationalisam and Etnic Particularism Tikkun, Volume 7, Number 6, New York, November/December 1992.
38. Deren – Antoljak, Š., „Švedani u Finskoj", *Politička misao* 4/1990.
39. Deutsch, K., *Nation – Building and National Developement, in Nation – Building,* (ed) Deutch K. And Foltz W. New York, Atherton, 1966.
40. Deutsch, K., *Nationalism, and Its Alternatives,* New York, 1969.
41. Deutsch, W. K., *Nationalism and Social Coomunicatin – In Inquiry into Foundation of Nationality*, the M. I. T. Pess, London, 1972.
42. Devetak, S., *Manjine, ljudska prava, demokratija,* Oslobođenje, Sarajevo, 1989.
43. Dewey, J., *The Public and its Problems,* London, 1928.
44. Dimitras, P., Papanikolatos, „Refleksije o politici manjinskih prava za zemlje centralne Evrope",176 во (ur) Kimlicka, W., & Opalski, M., *Može li se izvoziti liberalni pluralizam?*, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002.
45. Dimitrijević, V., „Nationalities and minorities in the Yugoslav federation", во Dinstein, Y., *The protection of Minorities and Human Rights*, Dordrecht: Martinus, Nijhoff, 1992.
46. Dimitrijević, V., „Sukobi oko Ustava iz 1974", во (ur) Popov, N., *Srpska strana rata,* 447-71, Republika, Beograd, 1996.
47. Dimitrijević, V., Paunović, M., Đerić, V., *Ljudska prava,* Beograd,1997.
48. Димитров, Н., *Рамковна конвенција sa заштина на националните малцинства, Скопје,* 1999.
49. Dorff, R., „Federalism in Eastern Europe: Part of the Solution or Part of the Problem?" во *Publicus*, Vol. 24, 99-114, 1998.
50. Dworkin, R., *Taking Rights Seriously,* Duckworth, Lonon,1977.
51. Dworkin, R., „What is Equility? Equality of Resources", *Philosophy and Public Affairs* 10, 1981.
52. Dworkin, R., „In Defense of Equality", *Social Philosophy and Policy*, sv.1/1, 1983.
53. Dworkin, R., *A Metter of Principle,* Harvard University Press, London, 1985.
54. Džambazovski, P., *Nanova poruka,* Nova Makedonija, 1998.

55. Elazar, D., „Federalism and Consociational Regimes", *Publicus,* vol. 15, no. 2, 1985.
56. Engström, J., „Multi-ethnicity or Bi-nationalism? The Framework Agreement and The Future of the Macedonian State," 1/2002, *Journal of Ethnopolitics and Minority Issues in Europe*, 3, http://www.ecmi.de
57. Fisher, O., *Transition and Disruption: The Yugoslav Case in Comparative persective,* University of Strathclyde, Glasgow, Bacconi University, Milan, 2001.
58. Fuchet, M., *Evropska republika,* Stubovi kulture, Beograd, 2000
59. Hart, H.L.A., „Postoje li neka prirodna prava", во Matulović M., (ur), *Ljudska prava*, Rijeka,1992.
60. Habermas, J., *L'espace public*, Pariz, Payot, 1978
61. Habermas, J., Citizenship and National Identitty: Some Reflections on the Future of Europe, *Praxis International*, 12/1:
62. Habermas, J., „Struggle for Recognition in Constitutional States", *European Journal of Philosophy*, 1.No 2, 1993.
63. Hannum, H, *Autonomy, Sovereignity and Self-Determination: The Accommodation of Conflicting Rights*, Philadelphia, University of Pennsilvania Press,1990.
64. Hayden, R., „Constitutional Nationalism in the Formery Yugoslav Republics", *Slavic Review*, Stanford, CA, Winter 1992, pp. 654-656, 1992.
65. Hayden, R., *Blueprints for a house divided*, Ann Arbor, UMP, 1999.
66. Hegel, G. F., *Filozofija povijesti*, Naprijed, Zagreb, 1966.
67. Held, D., *Models of Democracy*, Polity Press, Cambridge, 1988.
68. Hertz, F., *Nationality in History and Politics,* London, 1944.
69. Hobhouse, L.T., *Social Development: Its Nature and Conditions,* London, 1966.
70. Hobsbawm, E., *Nations and Nationalism since 1780, programme, myth and reality,* Cambridge, 1990.
71. Horvat, B., *Politička ekonomija socijalizma,* Globus, Zagreb 1983.
72. Hroch, M., *Social Preconditiones of National Revival in Europe. A Comparative Analysis of the Social Composition of Patriotic Groups among Smaller European Nations,* Cambridge, 1985.
73. Huntington, S., *The Clashes of Civilisations and Remaking of the World Order*, New York: Simon and Schuster, 1996.
74. Hutchinson, J., *Modern nationalism*, London, Fontana, 1994.

75. Hutchinson, J., Smith, A., (ed) *Ethnicity*, Oxford University Press, 1996.
76. Gans, C.„„The Liberal Foundations of Cultural Nationalism", *Canadian Juornal of Philosophy*, Volume 30, Number 3, September 2000.
77. Gellner, E., *Thonght and Change*, London, 1965.
78. Gellner, E., *Nations and Nationalism*, Oxford, 1983.
79. Glazer, N., *Ethnic Dilemas: 1964-1982*, Harvard University Press, 1983.
80. Glenny, M., *The Fall of Yugoslavia*, Penguin Books, New York, 1993.
81. Gramši, A., *Historijski materijalizam i filozofija Benedeta Kročea*, Naprijed, Zagreb, 1958.
82. Green, T.H., *Lectures on the Principles of Political Obligation*, 1941.
83. Grines A. P., *Liberalism*, Oxford University Press, 1974.
84. Gomien D., *Kratak vodič kroz Evropsku konvenciju o ljudskim pravima*, Prometej, Beograd, 1994.
85. Goati, V., *Efekti većinske demokratije*, Saopštenje sa Evropske konferencije manjina „Manjine i demokratija", Otvoreni univerzitet, Subotica, 1992.
86. Goati V., „What if they will not give up?", *East European Politics and Society*, vol. 9, no 3, 1995.
87. Gutman, A., (ed), *Multiculturalism, Examing the politics of recognition*, Princeton University Press, Princeton, New Jersy, 1994.
88. Janjić, D., *Određenje nacije*, Beograd, 1986.
89. Kealas, J., *Politics of nationalism and etnicity*, London, 1998
90. Kerini, M., *Etničke manjine*, Kultura, 1987.
91. Kiš, J., *Suvremena politička filozofija*, Biblioteka Theoria, Novi Sad, 1998.
92. Kohn, H., *The idea of nationalism. A study of its origin and background*, New York, Macmillan, 1994.
93. Kolopčić, V. & Steregar, J. (ed), *Ethnic Minorities in Slovenia*, On the occasion of the 6 th European Conference of Border Regions in Ljubljana, 13-15 October 1994
94. Krivokapić, B., *Alandska ostrva – modela rješavanja manjinskog problema putem autonomije?*, Arhiva za pravne i društvene nauke 3/1993.
95. Križan, M., „Civil Society, a new paradigma in the Yugoslav teoretical discussion", *Praxis International*, vol 9, 152-63, 1989.
96. Kukathas, Ch., „Liberalism and Multiculturalism, Politic od Indifference", *Political Theory*, Vol. 26, No 5, 1996.

97. Kymlicka, W., *Multicultural Citizenship. Liberal Theory of Minority Rights*, Ckaredon Press, Oxford,1995.
98. Kymlicka, W., Opalski, M., (ed), *Can Liberal Pluralism Be Exported?*, Oxford University Press, 2001
99. Kymlicka, W., *Politic in the Vernacular: Nationalism, Multiculuralism and Citizenship*, Oxford University Press, Oxford, 2001.
100. Kymlicka, W., *Contemporaty Political Philosophy*, Oxford University Press, 2002.
101. Kymlicka, W., „Zapadna politička teorija i etnički odnosi u Istočnoj Evropi", 32, во (ur) Kimlicka, W. & Opalski, M., *Može li se izvoziti liberalni pluralizam?*, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002.
102. Kymlicka, W., „Multiculturalizam and Minority Right: West and East", *Journal of Ethnopolitics and Minority Issues in Europe*, Issue 4/2002.
103. Kymlicka, W., *Liberalizam, zajednica i kultura*, Deltakont, Zagreb, 2004.
104. Kopp, E., *Die Schweiz: Ein Modell für andere Staaten?*, во (ur), Macura, M., Stanovčić, V., *Položaj manjina u SRJ*, Zbornik radova sa naučnog skupa održanog 1995, 291 SANU, Beograd, 1996.
105. Korošić, M., *Jugoslovenska kriza*, Naprijed, Zagreb, 1988.
106. Lampe, J., *Yugoslavia as History*, Cambridge University Press, 2002.
107. Lapidoth, R., *Autonomy – Flexible Solutions to Ethnic Conflict*, Washington, United States Institute of Peace Press, 1996.
108. Laski, H., „The rise of Liberalism", *во Encyclopedia of the Social Sciences*, ed. Seligman's Tom I, Intr. VII, 1999.
109. Leiblich, A., *Ethnic Minorities and Long –Term Implications of EU Enlargement*, Robert Schuman Centre, European University Institute, Florence, 1998.
110. Leonard, D., *Vodič kroz EU*, Narodna knjiga Alfa, 2004.
111. Lerotić, Z., *Nacija: teorijska istraživanja društvenog temelja i izgradnje*, Zagreb, 1977.
112. Levi Stros, K., Eribon, D., *Izbliza i izdaleka*, Sarajevo, 1989.
113. Lijphart, A., *Democracy in Plural Societies*, New Haven, Yale University Press, 1977.
114. Linz J. J., Stephen, A., *Problems of Democratic Transition and Consolodation: Southern Europe, South America and Post-comunist Europe*, John Hopkins University Press, 1996.

115. Lošonc, A., „Multikulturalnost i etnokulturalni diverzitet", во Zborniku *Demokratija i multikulturalnost u jugoistočnoj Evropi*, Centar za istaživanje etniciteta, Beograd, 2003.
116. Lukic, R., Lynch, A., *Europe from the Balkans to the Urals*, Oxford: OUP, 1996.
117. Macartney, C.A., *National states and national minorities*, London, Oxford University Press, 1934.
118. Magaš, Branka (1993) The Destruction of Yugoslavia: Tracking the Break-up, Verso, London, 1993.
119. Malenica, Z., *Etničke predrasude i socijalna distanca u hrvatskom društvu danas*, Nacionalne manjine II- zaštita manjinskih prava u Hrvatskoj, STINA, Split, 2003.
120. Maliqi, S., *A Demand for a New Status: The Albanian Movement in Kosova*, 207-38. во Veremis, T., and Kofos, E., (ed): *Kosovo: Avoiding Another Balkan War*, Athene, 1998.
121. Manent, P., *Intelektualna istorija liberalizma*, Beograd, 1994.
122. Mangué, P., *Contre L'Etat- Nation*, „Edition's Denoël, Paris, 1979.
123. Margalit, A., Raz J., „National Self-Determination", *Journal of Philosophy*, 87/9, 439-61, 1990.
124. Marko, A. & Martinicky P., *Slovak-Magjar Relations* (History and present day in figures), Bratislava, 1995.
125. Marković, M., „Ljudska prava i zaštita manjina", *Jugoslovenska revija za međunarodna pravo*, br. 3, 1958.
126. Mickey, R.W., Albion A.S. „*Succes in the Balkans?* A Case Study, 1998.
127. Mill, J. S., *Considerations on Representative Government*, London, Longman, 1865.
128. Mill, J. S., *Representative Democracy*, London, J. M. Dent, 1951.
129. Mill, J. S., *Mill on Bentham and Coleridge*, ur. Leavis, Chatto and Windus, London, 1962.
130. Mill, J. S., *Izabrani politički spisi*, Biblioteka Politička misao, Zagreb, 1988.
131. Mill, J S., *O slobodi*, Filip Višnjić, Beograd, 1988.
132. Milinković, B., Milinković, S., *Nacionalne manjine u međunarodnom i jugoslovenskom pravnom poretku*, Službeni list SRJ, 1997.
133. Mitić, M., *Nacionalne manjine*, Službeni list SRJ, Beograd, 2001.

134. Mitrović, Lj., „Kulturna politika kao faktor razvoja i eurointegracijskih procesa na Balkanu", во *Modeli kulturne politike u uslovima multikulturalnih društva na Balkanu i evroatlanskih procesa*, Filozofski fakultet - Univerzitet u Nišu, 2004.

135. Moore, M., (ed), *National Self-dermination and secession*, Oxford,OUP, 1998.

136. Murray, R., „Liberalism, culture, aboriginal rights: in defence of Kymlicka", *Canadian Journal of Philosophy*, Volume 29, Number 1, 1999.

137. Mynitti, K., *Protection of Persons Belonging to National Minorities in Finland*, Helsinki, 1993.

138. Nozick, R., *Anarchy, State, and Utopia*, Oxford, 1974.

139. Offe, C., *Capitalism by Democratic design? Democratic Theory Facing Triple Transition in East Central Europe*, IPSA, Congress, Buenos Aires, 1991.

140. Ortakovski, V., „Nacionalne manjine u Republici Makedoniji", во *Demokratija i nacionalne manjine*, Centar za istraživanje etniciteta, Beograd, 2002.

141. Pajić, Lj., „Skandinavija – jezik i granice", во Зборник: *Granice – izazov interkulturalnosti*, Beograd, 1997.

142. Palmer, S., King, R., *Yugoslav Communism and Macedonian Question*. Hamdem, Conn, Archon Books, 1971.

143. Parekh, B., *Rethinking Multiculturalism: Cultural Diversity and Political Theory*, Harvard University Press, Cambridge, Massachusetts, 2000.

144. Parker, J., „Making International Law Matter in Preventing Ethnic Conflict", во, *Journal of International Law and Politics*, New York University, no 32/3, 2000.

145. Parsons, T., *Sociological Theory and Modern Society*, The Free Press, New York, 1967.

146. Pašić, N., *Nacionalno pitanje u suvremenoj epohi*, Beograd, 1973.

147. Pernathaler, P., *„Volsgruppe und Minderheit als Rechtsbegriffe"*, во Wittmann Bethlen, „Volksgruppenrecht", Wien, 1980.

148. Person, Y., *Jezički imperijalizam i kolonijalizam*, Marksizam u svetu, Beograd, 10, 1977.

149. Perović, L., (1993), *Yugoslavia was defeated from inseade*, *Praxis International*, Vol. 13, 422-427, 1993.

150. Petković, R., (ur) *Novi Ustavi na tlu bivše Jugoslavije*, Međunarodna politika, Beograd, 1995.

151. Petrič, E., *Međunarodno pravni status nacionalnih manjina*, Maribor, Založba, Obzorja, 1997.

152. Pleština, D., *From Democratic Centralism to Decentralised Democracy?* во Allock John, *Yugoslavia in Transition,* 125-68, New York and Oxford, 1992.
153. Podunavac, M., „Diskurzivna strategija liberalizma" *Kulturni radnik,* Zagreb, 4/90, 1990.
154. Ponting, J., Gibbins R., *Out of Irrelevance,* Toronto, 1980.
155. Popović, N., „Manjine, istorijat, problem i načini rješavanja", во *Prava manjina,* Ogi, Niš, 2005.
156. Porter, J., „Ethnic Pluralism in Canada", во Glazer N. I Moynihan D., *Ethnicity, Theory and Experience,* Harvard University Press, Cambridge, 1975.
157. Poulton, H., *The Balkans, Minorities and States in conflict,* Minority Rights Group, London, 1991.
158. Poulton, H., (1995) *Who are the Macedonians?* London, Hurst, 1995.
159. Poulter, S., „Ethnic Minority Customs, English Law and Human Rights", *International and Comparative Law Quarterly,* No. 3/1987.
160. Prpić, I., „O liberalističkom određenju slobode", *Naše teme,* 1978.
161. Pufferova, S., *Slovakia, our native land,* Bratislava, 1996
162. Ratner, S., „Does International Law Matter in Preventing Ethnic Conflicts?" *New York University Journal of International Law and Politics,* no. 23/3, 2000.
163. Raz, J.,*The morality of freedom,* Oxford University Press, 1986.
164. Raz, J.„Multiculturalism: A Liberal Perspective", *Dissent*, Winter, 1994.
165. Raz, J.„ *Ethnic in The Public Domain,* Oxford, Clarendon Press, 1995.
166. Raz, J., „Multiculturalism", *CSD Bulletin*, Vol. III, No 3, Summer, 1996.
167. Ramet, S., *Nationalism and Federalism in Yugoslavia,* 1962–1991, Bloongton, Indiana, University Press, 1992.
168. Ramet, S., Whose Democracy? Nationalism, *Religion, and the Doctrine of Collective Rights in Post-1989 Eastern Europe*, Lanham, 1997.
169. Ramet, S., *Balkan Babel, the Disintegration of Yugoslavia from the Death of Tito to the Fall of Milošević,* Boulder, Westview Press, 2002.
170. Rex, J., „The concept of a multicultural society", во *Etnicy Reader*, (ed) Guibernan, M., Nad R, J. Polity Press, Blackwell Publichers Ltd, UK, 1970.
171. Rawls, J., *A Theory of Justice,* Cambridge, 1971.
172. Rawls, J., „Kantian Constructivism in Moral Theory", *Journal of Philosophy,* sv 77, 1980.

173. Rawls, J., „The idea of an Overlapping Consensus", *Oxford Journal of Legal Studies,* Vol.7, No 1.Spring 1987.
174. Rawls, J., *Politički liberalizam*, Kruzak, Zagreb, 2000.
175. Rawls, J., *Pravo naroda,* Aleksandria Press, Beograd, 2003.
176. Renan, E. „Šta je nacija", *Kulturni radnik*, Zagreb, 6/1981.
177. Rener, K., Organisation der Welt, Der Kampf, III, 1909.
178. Reuter, J., *Die Albaner in Jugoslawien.* München: R. Oldenbourg Verlag, 1982.
179. Rex, J., „The concept of a multicultural society", во *Etnicy Reader*, (ed) Guibernan, M., Nad R, J. Polity Press, Blackwell Publichers Ltd, UK, 1970.
180. Rokkan, S., *Nation Building, Citizenship and political mobilization: Approaches and Models,* Oslo, 1970.
181. Roter, P., *Razvoj međunarodne zaštite manjina od 17. stoljeća do perioda Lige naroda,* Traktati i dokumenti, broj 29-30/1994-1995
182. Ruggiero, G., *Storia del liberalisimo europeo*, Bati,
183. Саркањац, Б., (уредник) *Комши-Капиџик: култура и политика (уметноста и дефицитот на сетилност),* Скопје: 359 Боокс, 2000.
184. Саркањац, Б., „Моќното "котле" за Македонија", интервју из „*Македонско сонце*" 27. 2. 2004, во Клинчарова, С., *Дваесет и еден грам*, 181, Македонска ризница, Куманово, 2004.
185. Schememhorn, R., *Ethnicity in the perspective of the sociology of knowledge,* Etnicity, I, 1974.
186. Schwartz, B., *First Principles, Second Thoughts: Aboriginal Peoples,* Constitutional Reform and Canadian Statecraft, Montreal, 1986.
187. Semprini, A., *Multikulturalizam,* Clio, 1999.
188. Seton Watson, H., *Nacije i države, ispitivanje porijekla nacije,* Zagreb, 1980.
189. Sieyes, *Qu'est-ce que le Tiers Etat,* Paris, 1789, во Mangué, P., Contre L'Etat-Nation, Edition's Denoël, Paris, 1979.
190. Sirotković, H, Margetić, L., *Povijeset država i prava naroda SFRJ*, Školska knjiga, Zagreb, 1988.
191. Smith, D. A., *Theories of Nationalism,* New York, 1972.
192. Smith, D. A., *Nacionalni identitet,* Beograd, 1998.
193. Smith, D. A. *Nacionalizam i modernizam,* FPZ, Zagreb, 2003.
194. Smith, M.G., *Social and cultural Plutalism,* Annals of the New York Academy of Science, 83, no. 5, 1957.

195. Spajić-Vrkaš V., Kukoč M., Bašić S., *Interdisciplinarni riječnik*, Hrvatsko povjerenstvo za UNESCO, Zagreb, 2001.

196. Starke, J.G.,*Uvod u međunarodni zakon*, London, Batervort,1989.

197. Stavenhagen, R., *Etničko pitanje:konflikti, razvoj i ljudska prava*, United Nations University Press, 1990.

198. Steiner, J., „Switzerland and the European Union", во Keating, M. and McGarry (ur) *Minority Nationalism and the Changing International Order*, Oxford University Press, 2001.

199. Strazzi, F., „Macedonia: State and Identity in an Unstable Regional Environment" во Opalski, M., (ed) *Managing Diversity in Plural Societies: Minorities, Migration and Nation Building in Post-Communist Europe*, Forum Eastern Europe, Otawa,1998.

200. Šimić, M., *Cultural Autonomy of Ethnic Minotities in the Republic of Croatia*, Zagreb, 1998.

201. Škarić, S., *Macedonia – A multiethnic and Corporativ State* (The Ohrid Framework Agrement of 13 [th] August 2001), Brylant, Bruxelles, 2003.

202. Tadić, Ljubo (1988) „Legitimnost i legalnost", во *Liberalizam i socijalizam, Centar za filozofiju i društvenu teoriju*, Beograd, 1988.

203. Tamir, Y., *Liberal Nationalism*, Princeton University Press, 1993.

204. Taras, R., „Nations nad Language-Building: Old Theories, Contemporary Cases", *Nationalism and Ethnic Politcs*, 4/3, 79-101, 1998.

205. Tatalović, S., *Manjinski narodi i manjine*, Prosvjeta, Zagreb, 1997.

206. Tatalović, S., *Nacionalne i etničke manjine*, Prosvjeta, Zagreb, 1997.

207. Tatalović, S., „Analiza položaja nacionalnih manjina u Hrvatskoj", во Zborniku *Demokratija i multikulturalnost u jugoistočnoj Evropi*, Centar za istraživanje etniciteta, Beograd, 2003.

208. Tatalović, S., *Politika zaštite nacionalnih manjina u Hrvatskoj*, Nacionalne manjine II – zaštita manjinskih prava u Hrvatskoj, STINA, Split, 2003.

209. Taylor, Ch., „Philosophical Papers", sv.2, *Philosophy and the Human Sciences*, Cambridge University Press, Cambridge, 1985.

210. Taylor, Ch., *The Sources of the Self*, Cambridge, Mass, 1989.

211. Taylor, Ch., „Shared and Divergent Values", во Watts, R., and Brown, D., (ed), *Options for Naw Canada*, University of Toronto Press, Toronto, 1991.

212. Taylor, Ch., *The politics of Recognition,* во „Milticulturalism and The politics of recognition" (ed.) Gutmann A, Princetone, Princetone University Press, 1992.
213. Taylor Ch. *„Nationalism and Modernity"* во McMahan, J., and R. McKim, R., (eds), *The Morality of Nationalism,* Oxford University Press, new York, 1997.
214. Tepavac, M., *Tito:1945-1980,* во (ur) Udovički, J., Ridgeway, J., *Burn this house,* 67-79, Durham and London, DUP, 1997.
215. Todorova, M., *Imagining the Balkans*, Oxford University Press, 1997.
216. Tomlinson, R., *The big breach,* Edinburgh, Cutting Edge, 2001.
217. Tripalo, M., *Hrvatsko proljeće,* Zagreb, Globus, 1991.
218. Troebst, S., *„Makedonische Antworten auf die 'Makedonische Frage' 1944-1992: Nationalismus, Republiksgründung, nation-building",* Südosteuropa 41, 1992.
219. Van der Stoel, M., (1999) *Early Warning and Early Action: preventing Inter-Ethnic Conflict.* Speech by High Commissioner on National Minorities at Royal Institute of International Affairs, London, 9 July, 1999.
220. Varady, T., „Majorities, Minorities, Law and Ethnicity: Reflections on the Yugoslav case" во *Human Rights Quaterly,* Vol 19, 9-54, 1998.
221. Varady, T., „O šansama za etnokulturalnu pravdu u centralnoj istočnoj Evropi –sa osvrtom na dejtonski sporatum", во (ur) Kimlicka, W., & Opalski, M., *Može li se izvoziti liberalni pluralizam?,* Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002.
222. Vejvoda, I., „Yugoslavia nad the empty space of power", *Praxis International,* vol 13, 64-79, 1993.
223. Vert, L., *Problem manjinskih grupa,* Teorije o društvu, Vuk Karadžić, Beograd, 1969.
224. Vlahović, P., *Narodi i etničke zajednice sveta,* „Vuk Karadžić", Beograd, 1984.
225. Vujačić, I., *Politička teorija*, Čigoja, Beograd, 2002.
226. Vukas, B., *Etničke manjine i međunarodni odnosi,* Školska knjiga, 1978.
227. Wachtel, A. B., *Making a Nation. Breaking a Nation,* Stanford, 1998.
228. Walzer, M., „Spheres of Justice: A defence of Pluralism", *Political Theory*, 18/1 Blackwell, Oxford, 1983.
229. Walzer, M., „States and Minorities", *Fred*, 219-227, 1983.
230. Walzer, M., „The comumunitraian Critique of Liberalism, *Political Theory,* 18/1,1990.
231. Walzer, M., „Multiculturalism and Individualism", *Dissent,* Spring, 1994.
232. Walzer, M., *Amerikanizam, što je to?,* CID, Podgorica, 2001.

233. Watts, R., and Brown, D., (ed), *Options for New Canada*, University of Toronto Press, Toronto, 1991.
234. Weber, M., *Esseys in Sociology*, H.H. Gerth and C.Wright Mills, New York, 1946.
235. Weber, M., *Privreda i društvo, I*, Prosveta, Beograd, 1977.
236. Weber, M., *Protestanska etika i duh kapitalizma,* 1989.
237. Weil, S., *The Need for Roots,* London, 1958
238. Wheatley, S., „Minority Rights and Political Accomondation in the New Europe", во *European Law Review*, vol. 22, 1997.
239. Willemsen, H., and Troebst, St. (2001) *„Transformationskurs gehalten. Zehn Jahre Republik Makedonien"*, Osteuropa 51, 2001.
240. Witacher, B., *Minorities- Question of the human rights?*, Oxford, Pergamon Press, 1984.
241. Woodword, S., *Balkan Tragedy. Chaos and Dissolution after the Cold War*, Washington, D.C., The Brookings Institution, 1995.
242. Young, M. I., *Justice and the Poltics of Difference,* Princetone, Princetone University press, 1990.
243. Young, M. I., „Together in Difference: Transforming the Logic of Group Poltical Conflict", in Judith Squires (ed), *Principled Positions: Postmodenism and the Rediscovery of Value,* London, 1993.
244. Zaagman, R., "Commentary" u Danspeckgruber, W., and Watts, W.,(eds) *Self-Detemination and Self-Adiministration:* A Sourcebooks, Lynne Reinner, Boulder, 1997.
245. Zimmerman, W., *Origins of Catastrophe – Yugoslavia and Its Destroyers*, New York, Random House, 1996/7.
246. Žagar, M.„ *Nationality, Citizenship and Protection of Etnic Minorities: The Case of Republic of Slovenia,* Prag, 1994.
247. Žagar, M., „Da li su Slovenci u Hrvatskoj nacionalna manjina?", во *Slovenci u Hrvatskoj*, Ljubljana, Institut za Etničke studije,1995.
248. Žagar, Mitja, Novak, A., „Ustavna i međunarodna zaštita nacionalnih manjina u centralnoj i istočnoj Evropi", во Žagar, M., „Ustavne i političke regulacije etničkih odnosa i konflikata", Odabrani radovi. *Etnicitet 2,* Ljubljana: Institut za etničke studije, 1999.
249. Županov, J., *Marginalije o društvenoj krizi*, Zagreb, Globus, 1983.

# ЗАКОНИ И МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ


1. Чл 1. Меѓународни конвенции ѕа укинување на сите облици на расна дискриминација, од 1968
2. Чл. 2. Конвенција за спречување и казнување на ѕлосторство геноцид, од 1948
3. Чл. 27. конвенција уа пактот за граѓанските и политичките
4. Чл.,1/1 нацрт на Европската конвенција ѕа ѕаштита на
5. Декларација на ООН ѕа правата на припадниците на националните или етничките, верските и јаѕичните малцинства, од 1992
6. Konvencija o zabrani diskriminacije u prosvjeti, iz 1960;
7. Konvencija o zaštiti ljudskih prava i sloboda iz 1950;
8. Završni akt iz Helsinkja, 1975 i
9. Zaključni dokument Madridskog sastanka OESS-a,
10. Završni dokument sa sastanka Konferencije o ljudskoj diminziji OESS-a u Kopenhagenu,
11. Pariska povelja za Novu Evropu;
12. Okvirna konvencija Savjeta Evrope za zaštitu nacionalnih manjina, 1995
13. The Constitution of the Slovac Republic, Issued by the National Council of the Slovak Republic
14. Bundesgesetz vom 7. Juli 1976 über die Rechstellung von Voksgruppen in Üsterreich (Volkgruppengesetz) BGD1. 118/1976
15. „The Statesman's Yearbook", 1997 - 98, London, 1997
16. The Report of the Committee of Inquiry into the Education of Children from Ethnic Minority Group (the Swann Report), 1985
17. Council of Europe, Human rights information bulletin, br. 41/1997, 42
18. Ustavni zakon o ljudskim pravima i slobodama i o pravima etničkim i nacionalnih zajednica ili manjina u Republici Hrvatskoj, „Narodne novine"br. 65/1991, 27/1992-pročišćeni tekst, 51/2000, 105/2000 – pročišćeni tekst
19. Zakon o pravu obrazovanja pripadnika etničkih i nacionmalnih manjina, Narodne Novine, no. 51, 2000. član 6
20. Mišljenje Evropske komisije o zahtjevu Republike Hrvatske za članstvo u Evropskoj uniji, Komisija europskih zajednica, Brussels, 2004,

21. Book I – Total population, houselends and dwelings, Republic of Macedonia State, Statistic Office, Skopje, Febrary, 2004, 137
22. Shadow Report on the Situation of National Minorities in the Republic of Macedonia, Prepared by the Working group for Minority Issus, March, 2004, 7
23. The Albanian Question in Macedonia: Implications of the Kosovo Conflict for Inter-Ethnic Relations in Macedonia, izvještaj međunarodnog kriznog štaba , 11. 8. 1998.
24. Office of the High Commissioner for Human Rights, *Note on the Sixth Sassion of the Working Group on the Minorities of the Sub-Commission on the Promotion and Protection of Human Rights* 22-26 May 2000, http://www.unhcr.ch./html/menu2/10/c/minor/minornote.
25. Unfinished Peace: Report of the International Commission on the Balkans, prepared by Leo Tindemans, Lloyd Cutler, Branislaw Geremec, John Roper, Simone Veil, David Anderson (Berlin, Aspen Institute, Carnegie Endowment for International Peace, 1996, str 16-17
26. Minority rights group international report, (2003) Minorities in Croatia, http://www.minorityrights.org/adm./Croatia
27. Mišljenje o Hrvatskoj Savjetodavnog odbora za Okvirnu konvenciju za zaštitu nacionalnih manjina, Vijeće Europe, Stasburg, 6.4. 2001.
28. South Slavic Report, 13.9. 2001, v. 3, No 32
29. The Hague Recommendations on Linguistic Rights of National Minorities (1996);
30. Oslo Recommendations on Education Rights of National Minorities (1998)
31. Lund Recommendations on Effective Participation Rights of National Minorities (1999)., http://www.osce.org/hcnm/documents
32. Generalna Skupština, Rezolucija 217 A (III) od 10. 12. 1948.
33. Generalna Skupština, Rezolucija 47/135 od 18.12. 1992.
34. Generalna Skupština, Rezolucija 2200 A (XXI) 16.12. 1966., stupio na snagu 23.3. 1976.
35. Konferencija o sigurnosti i suradnji u Evropi, Završni akt, Spoljno-politička dokumentacija, br.2/1975, str. 115
36. Dokument Konferencije o ljudskoj dimeneziji KEBS u Kopenhagenu, Međunarodna politika, br. 972, Beograd, 1. 10. 1990, 30

# ИНТЕРВЈУА И ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ


1. Интервју со Папандреу е достапно на радио станица „Flash", 29.06.1999, http://www.papandreou.ge/july99/synklik27799.hlml
2. http://www.dsz.hr.
3. Status report no 16 on Cratia's progress in meeting international commitments since november 2004, July, 7, 2005, OESS, Mission to Croatia, http://www.osce.document/Mission to Cratia
4. http://www.osce.org.documents.
5. Vidi http://www.osce.org/news/show_news.php=2959
6. „Македонско сонце", 356, (20 април 2001)
7. The Albanian Questions in Macedonia: Imlications of the Kosovo Conflict for Inter – Ethnic Relations in Macedonia, Izvještaj međunarodnog kriznog štaba od 11. 8. 1998,
8. „Форум плус", 11.02. 2006., страна 16.
9. „Дневник", 18. 1. 2003, 13.
10. Англиска верзија на Рамковен договор може да се види на http://www.president.gov.mk/eng/info/dogovor.htm, 16.8. 2001, а македонска верзија на http://www.president.gov.mk/mak/info/dogovor.hm
11. http://www.ecmi.de
12. „Македонско сонце", 365 (20 април 2001)
13. http://europa.eu.int/scadplus/european-convention/objectives-es.thm
14. Интервју со Киро Глигоров во „Весник", 20.01.1997 година
15. http://www.lse.ac.uk.
16. Annual address of the President of the Republic of Macedonia, H.E. Mr. Branko Crvenkovski, Skopje, December 21, 2006, http://president.gov.mk./eng.info.dogovor.htm
17. Draft Report on the 2006 Progress Report on the Former Yugoslav Republic of Macedonia (2006/2289(INI), European Parliament, Committee on Foreign Affairs, http://www.europarl.europa.eu./committees.